вон. проф. д-р Оливер Цацков, доц. д-р Анита Илиева Николовска

# БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА



Штип, 2022

Оливер Цацков, Анита Илиева Николовска
БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

**Автори:**
вон. проф. д-р Оливер Цацков, доц. д-р Анита Илиева Николовска

**Наслов на публикацијата:**
БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

**Рецензенти:**

д-р Александар Трајановски, редовен професор во пензија, Институт за национална историја при УКИМ, Скопје

д-р Јован Јанев, редовен професор во пензија, Институт за национална историја при УКИМ, Скопје

**Лектор:**

Жанет Ристоска

**Уредник:**

**Корица:** Авторот

**Техничко уредување:**
Анита Илиева Николовска

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**Објавено во е-библиотека:**
https://e-lib.ugd.edu.mk

**DOI: DOI https://www.doi.org/10.46763/9786082448930**

CIP – Каталогизација во публикација

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

355.48(497)"1912/1913"(075.8)
94(100)"1914/1918"(075.8)
94(497.7)"18/19"(075.8)

ЦАЦКОВ, Оливер
Балканските војни и Првата светска војна / Оливер Цацков, Анита Илиева Николовска. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки, 2022
ISBN 978-608-244-893-0

1. Илиева Николовска, Анита [автор]
а) Балкански војни -- 1912-1913 -- Високошколски учебници б) Прва светска војна -- 1914-1918 -- Високошколски учебници в) Македонија -- Историја -- 19-20 в. -- Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 57469957

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

вон. проф. д-р Оливер Цацков, доц. д-р Анита Илиева Николовска

# БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Штип, 2022

## ПРЕДГОВОР

Учебникот „Балканските војни и Првата светска војна“, поставен во историската рамка, опфаќа релативно краток период, од 1912 до 1918 година. Меѓутоа, она што треба да се има предвид не е времетраењето на опфатениот период туку неговото значење. Станува збор за исклучително динамични и турбулентни години во историјата на Македонија, на Балканот и пошироко, исполнети со бројни настани, кои имале решавачка и пресудна улога не само во определувањето на историската судбина на Македонија туку и за идниот развој на Европа. Оттука, периодот на Балканските војни и на Првата светска војна претставува една вонредно важна, но и сложена тема за историографска обработка, предизвик кој во овој учебник е пресретнат преку разгледувањето на најзначајните историски моменти од посочениот период и нивно разработување според логична методолошка структура.

Од содржински аспект, тематските целини во учебникот хронолошки ги следат сите важни историски настани во Македонија и на Балканот непосредно пред почетокот на Балканските војни, во прв ред меѓусебното поврзување и односите меѓу балканските држави пред започнувањето на Првата балканска војна. Значењето на Првата балканска војна е особено нагласено, не само заради пошироките и далекусежни последици кои таа ги предизвика, туку и од причина што оваа војна го означува и крајот на една цела епоха на османлиското владеење на овие простори. По овој настан, како на филмска лента, во Македонија се сменуваат бугарското и српско владеење. Втората балканска војна, односно Брегалничката битка, која е детално објаснета во учебникот, го отвора поглавјето за меѓусојузничката конфронтација помеѓу бугарските и српските војски концентрирани на просторот во источниот дел на Македонија. Целината која се однесува на периодот што ќе доведе до тектонски промени на овие простори е заокружена со поглавјата посветени на Букурешкиот мировен договор и последиците од Балканските војни.

Во историската наука, Првата светска војна недвосмислено се определува како глобален воен феномен кој го означи почетокот на 20 век, но и натамошниот тек на светската историја. Македонија не беше поштедена од воениот виор, па оттука, тематските содржини кои се однесуваат на овој период ги опфаќат состојбите на Балканот пред почетокот на Првата светска војна, како и трите најзначајни фронтови кои се развиле на територијата на Европа. Притоа, особен акцент е ставен на Македонскиот фронт, од причина што ’рбетот на Македонија, односно просторот од границата со Албанија до планината Беласица, е линијата каде што ќе се реши исходот на војната, со познатиот пробив на Македонскиот фронт. Во овој дел хронолошки е објаснето и учеството на Македонците во Првата светска војна, како и политичко-економските прилики во Македонија во тоа време. Последното поглавје од учебникот е посветено на состојбата на фронтовите во Европа, како завршила Првата светска војна и какви последици оставила.

*Првото поглавје* од учебникот е посветено на меѓународната политичка состојба во Европа непосредно пред избувнувањето на Првата балканска војна.Опишани се сложените односи помеѓу Големите сили и нивните стратегии кон Балканот. Со акцент на создавањето на двата антагонистички блока Антантата и Централните сили кои ќе бидат двигатели на процесите во Првата светска војна.Првото поглавје е заокружено со востанијата во Македонија кои избувнале непосредно пред избувнувањето на Блаканските војни.

*Второто поглавје* го отвара македонското национално движење пред избувнувањето на војната,поместени се ии случувањата  во Македонија за време на Младотурската револуција,како и расколот во Оргнизацијата.Повеќе простор е посветен на договорите за соработка помеѓу балканските земји..Имено,оваа меѓусебна соработка се

интензивирала непосредно пред Првата балканска војна со единствена цел да,така организирани, полесно се спротистават на Турската армија. Па,така организирани и обврзани со договори Црна Гора и објави војна на Османлиите.Понатаму,хронолошки се објаснети Првата односно Кумановската битка,разбивањето на Западната армија и низата од битки што следеле се до конечното разбивање на турската Западна армија со што завршило 512 годишно османлиско владеење на овие простори.
*Трето поглавје* се однесува на учеството на македонците во Првата балканска војна како и Лондонскиот мировен договор со кој мировен договор се направи обид да се решат новонастанатите состојби во Европа и Балканот.Од состојбите во Македонија опишано е Тиквешкото востание и детално објаснета Втората балканска војна позната и како Брегалничка битка. Оваа битка означи нова поделба на Македонија,која поделба е официјализирана со Букурешкиот мировен договор кој исто така е објаснет во третото поглавје.Со последиците од војната се заокружува ова поглавје.
*Четврто поглавје* всушност е завршното поглавје од учебникот во кое на почетокот се опишани состојбите на Балканот пред почетокот на Првата светска војна од моментот на Сараевскиот атентат се до моментот на објавувањето и започнувањето на војната.Низ текстот се опишани и главните фронтови во Европа за време на Првата светска војна. Најмногу простор разбирливо е посветен на Македонскиот фронт особено на пробивот на истиот во 1918 година.Низ оваа глава се опишани и начинот на војнување и состојбата во Македонија во перидот пред и по пробивот на фронтот.Четвртото поглавје, а со тоа и последниот дел од учебникот се однесува на крајот и последиците од првиот глобален светски конфликт во историјата на човештво

Се надеваме дека содржините на овој учебник ќе побудат интерес и ќе најдат практична примена кај студентите од групата Историја со Археологија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. За нас, како негови автори, тоа ќе претставува големо задоволство и особена привилегија.

Авторите

## СОДРЖИНА

Предговор........................................................................................................ 7

1. МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИЧКА СИТУАЦИЈА НА БАЛКАНОТ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ........................................................ 11

1.2 Востанијата во Македонија непосредно пред избувнувањето на Првата балканска војна........................................................................ 18

2. МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА ВО 1912 ГОДИНА.................. 27

2.1 Младотурската револуција и Македонија.................................................. 35
2.2 Расколот во ВМОРО пред Балканските војни............................................ 38
2.3 Балканскиот сојуз и почетокот на Првата балканска војна......................... 42
2.4 Кумановска битка.......................................................................................... 50
2.5 Битката кај Кичево......................................................................................... 55
2.6 Битолска битка.............................................................................................. 55
2.7 Паѓањето на Солун......................................................................................... 59
2.8 Повлекување кон Албанија и крај на турската Западна армија................... 60

3. МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА И ЛОНДОНСКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР.......................................................................................... 61

3.1 Тиквешко востание......................................................................................... 68
3.2 Втора балканска војна..................................................................................... 70
3.3 Брегалничка битка........................................................................................... 73
3.4 Букурешка мировна конференција.................................................................. 79
3.5 Последици од Балканските војни.................................................................... 83

4. СОСТОЈБИТЕ НА БАЛКАНОТ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА.............................................................................................. 85

4.1 Почетокот на војната........................................................................................ 89
4.2 Воено-политичкото дејствување на ВМОРО пред влегувањето на Бугарија во војна........................................................................................ 91
4.3 Учеството на Македонците во бугарската армија........................................ 96
4.4 Главните фронтови за време на Првата светска војна................................ 101
4.5 Пробивот на Македонскиот фронт и крајот на Првата светска војна........................................................................................................... 121
4.6 Последиците од Првата светска војна......................................................... 127

Литература........................................................................................................ 133
Биографски податоци за авторите.................................................................... 139

# 1. МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИЧКА СИТУАЦИЈА НА БАЛКАНОТ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

Во текот на 19 век, а особено во неговата втора половина, доаѓа до нов период во односите меѓу европските држави и Османлиската Империја, во кој посебно место зазема делувањето на тогашната царска Русија. Во меѓусебната борба за превласт на Балканскиот Полуостров, големите европски сили имале интерес на неговата територија да постојат повеќе мали и слаби држави, што било погубно за балканските народи кои тогаш влегувале во состав на Османлиската Империја и за остварувањето на нивните стремежи за национално ослободување.




Балканскиот Полуостров од 1878 до 1912 година
(Извор: https://in.pinterest.com/iqbalaliakbar/balkans-l/)

Мешањето на големите европски сили во балканските прилики било причина за бројни војни меѓу балканските народи, во што подеднаков удел имале и аспирациите на Австро-Унгарија за Солун и на Русија за Дарданелите. Востанието во Босна и Херцеговина во август 1875 г., Бугарското востание во април 1876 г., Разловечкото востание во Македонија од 1876 г., војната меѓу Србија и Црна Гора од една и Турција од друга страна во 1876 г., се настани кои ја иницирале Големата источна криза.[1] Јавното мислење во Европа, а особено во Англија, изразувало вџашеност од жестината на репресалиите на Турција против востаниците. Од таа причина, западноевропските сили се впуштиле во голема дипломатска акција за средување на приликите на Балканот, на кои им се придружила и Русија. Како резултат на таквиот ангажман, кон крајот на 1876 г., дошло до свикување на Конференција на амбасадорите на големите

[1] А. Илиев, *Воените операции на Османлиската војска во Македонија (1876 – 1909)*, Скопје 2010, 16–18.

сили (Англија, Русија, Австро-Унгарија, Германија, Франција и Италија) во Цариград, на која европските сили едногласно ѝ предложиле на Портата, Босна и Херцеговина, Македонија и Бугарија да бидат организирани како автономни области.

Непосредно пред почетокот на Првата светска војна (1914 – 1918), вреден настан кој треба да се спомене во современата историја е Берлинскиот конгрес, кој се одржал од 13 јуни до 13 јули 1878 г., како средба на државните претставници на европските сили и на Османлиската Империја. Во фондот на документите од Политичкиот архив – XII, Турција 1902 – 1909 година, даден е јасен приказ на ставот на големите европски сили кон земјите кои биле под османлиска управа, како и заштитничкиот став на Русија кон овие земји. Документите за одлуките на Берлинскиот договор во истоимениот фонд се среќаваат под сигнатура број LXXXV/1021. На Конгресот учествувале следниве големи европски сили: Британија, Австро-Унгарија, Русија, Франција, Германија, Италија и Османлиската Империја. Исто така учествувале и делегати од Кралството Грција, Кралството Романија, Србија и Црна Гора. Конгресот се одржал најмногу заради ревидирање на Сан-Стефанскиот мировен договор од 3 март 1878 г., со кој се предвидувало создавање на „Голема Бугарија“ под директива на Русија. Крајна цел на овој договор било согледување на состојбата со Империјата и нејзиното повлекување од Балканот, што било пречка за остварување на интересите на големите европски сили[2].

На Конгресот, Сан-Стефанскиот мировен договор бил детално разгледан и била направена негова целосна ревизија, при што биле избришани дури 18 членови од вкупно 29. На Конгресот биле донесени следниве заклучоци:

- на Османлиската Империја ѝ е вратена во владение Македонија и други територии кои ѝ биле доделени на Бугарија со Сан-Стефанскиот мировен договор;
- Србија, Црна Гора и Романија станале независни држави;
- Бугарија добила статус на трибутарно кнежество;
- Кипар ѝ бил доделен на Велика Британија, а Босна и Херцеговина на Австро-Унгарија.

Во решавањето на Источното прашање и Берлинскиот конгрес од 1878 г., европските сили се раководеле согласно законите од Парискиот мировен договор од 1856 г. и Вашингтонскиот од 1871 г.[3]

Една недела пред Берлинскиот конгрес, министерот за надворешни работи на Велика Британија, Бенџамин Дисраели, склучил таен договор со Османлиската Империја против Русија, со која на Велика Британија ѝ било дозволено да го окупира стратешкото место на Портата, Кипарските острови.[4] Овој договор, меѓу другото, предвидувал поддршка на ставовите на Портата од страна на Велика Британија. На почетокот на Конгресот, со силен притисок на Русија кон останатите членови, Романија, Србија и Црна Гора станале независни држави, а Бугарија станала трибутарно кнежество.[5] На Црна Гора ѝ биле доделени и Никшиќ, Подгорица и Бар, а Босна и Херцеговина ѝ била доделена на Австро-Унгарија. Источна Румелија станала автономна провинција, а подоцна и бугарска држава. Англија уште одамна имала став дека автономијата на Македонија е клучно решение за смирување на страстите на Балканот, што е потврдено со последната декларација на Лондонскиот балкански комитет за поделба на Империјата.[6] За Македонија и за останатите земји под владение на Империјата, според членот 23 од Берлинскиот договор, се предвидувало воведување

---

[2] Political archive XII, Turkey 1902 – 1909: sig. LXXXV/1016, 1877 – 1880.
[3] Political archive XII, Turkey 1902 – 1909: sig. LXXXV/1014, 1877 – 1880.
[4] Ѓ. Абаџиев, „За односот на Македонската колонија во Петроград кон македонското прашање“, *Гласник на ИНИ*, год. III, бр. 1, Скопје 1959, 115–121.
[5] С. Димевски, *Туѓите пропаганди во Македонија*, Скопје 1968, 15–19.
[6] M. Mazower, *The Balkans: A Short History*, New York 2000, 70–74.

на Статут сличен на Критскиот,[7] со кој на овие земји им се доделува автономија во рамките на Империјата.[8]

Ако се проучат австриските, англиските, руските, француските, како и извештаите на другите европски сили, ќе се дојде до заклучок дека овие земји по Берлинскиот конгрес будно ја следеле состојбата во балканските земји под османлиска власт.

Таков еден документиран извештај од 18 ноември 1884 г., испратил амбасадорот на Англија во Константинопол, Вајндхам, до грофот Гранвил, државен секретар за надворешни работи во Лондон. Во извештајот, Вајндхам известува дека во јули 1884 г., биле извршени 52 убиства од страна на османлиските власти во Велес и Битола.[9] Во бугарските извештаи се наведува дека единствен заштитник за Македонија била бугарската политика.[10] На крајот од извештајот, Вајндхам го подвлекол зборот „член 23“, со што сакал да им стави на знаење на европските сили за спроведување на реформите согласно членот 23, односно воведување на автономија за Македонија во рамките на Империјата, слична на Органскиот статут во Крит,[11] бидејќи, во спротивно, теророт врз македонскиот народ ќе добива сѐ поголем интензитет.

Забрзаното јакнење на воената и економската моќ на Германија во периодот од 1900 г. па сѐ до почетокот на Првата светска војна во 1914 г., полека но сигурно ја направила помалку зависна во однос на нејзиниот сојузник Австрија. Во текот на 1880 г., Австрија имала околу 9 % од вкупните воени ресурси на големите европски сили, определено според нејзиниот удел во индустријата за челик и железо, потрошувачката на енергија, популацијата на народот и одбранбените ресурси.[12] Нејзиниот најголем противник, Русија, имала околу 20,4 % од вкупните воени и индустриски ресурси, Германците 18,6 %, Франција 18,1 %, а со најмногу, односно 33,8 %, располагала Велика Британија. Непосредно пред почетокот на Првата светска војна, уделот во вкупните воено-индустриски ресурси на Германско-Австрискиот сојуз бил околу 40,3 %, од што Германија имала 30,1 %, а Австрија 10,2 %. Нивните противници, Руско-Францускиот сојуз, заедно имале нешто помалку, односно 39,3 % од вкупните воено-индустриски ресурси на големите европски сили, а поединечно, Русија имала околу 24,9 % и Франција 14,4 %.

Бројната состојба на големите европски сили, Русија и САД, непосредно пред почетокот на Првата светска војна, биле следниве: Русија имала 1 352 000 војници, Франција 910 000, Германија 891 000, Британија 532 000, Австро-Унгарија 444 000, Италија 345 000, Јапонија 306 000 и САД 164 000.[13] Во деценијата која следувала, од 1880 до 1890 г., Австрија во однос на својот сојузник Германија била позависна, што експлицитно го покажува и воено-индустрискиот потенцијал на Австрија во овој временски период. Германската доминација во однос на Австро-Германскиот сојуз привидно изгледала намалена, бидејќи Германија како воено помоќна држава била обврзана постојано да ги следи и по потреба да ги спречи намерите на Русија, да ја искористи воената слабост на Австрија во однос на неа и да ѝ ги присвои воено-индустриските ресурси. Во оваа ситуација, германската обврзаност во Австро-Германскиот сојуз била поголема, бидејќи Австрија била воено послаба.

Во текот на 1880 г., настанува првата поголема промена во однос на неформалниот сојуз на Велика Британија со Австрија. Во овој период Велика Британија ги подобрила односите со Русија, што создало основа за оформување на сојуз со неа. Во ваква констелација на односите, се јавила двојна зависност на сојузот меѓу Австрија

[7] К. П. Мисирков, *За македонските работи* (реиздание), Скопје 2007, 10–12.
[8] М. Пандевска, *Присилни миграции во Македонија 1875 – 1881*, Скопје 1993, 20–22.
[9] *Британските конзули во Македонија 1797 – 1915 година: документи*, Скопје 2002, 218–220.
[10] М. Арнаудовь, *Константинь Стоиловь и Бьлгарската Егзархия вя 1882 година*, Sofiя 1941, 22.
[11] М. Пандевска, цит. дело, 22.
[12] M. Mazower, цит. дело, 74–78.
[13] *Military Balance* (1998), 232–237.

и Германија, а таа зависност била особено нагласена за Австрија, со оглед на тоа што Русија била нејзин примарен противник, поради заедничките интереси на Балканот. Овој временски период Австрија воедно ќе го искористи и за склучување на билатерални договори со Србија и со Романија во текот на 1883 г.[14]

Во текот на 1883 и 1884 г., настанале големи промени во констелацијата на балансот на силите. Германија и Русија потпишале неформален договор за балканските владенија, со кој Германија ѝ гарантирала на Русија дека ќе биде посредник и страна која ќе го неутрализира конфликтот на интереси кој е можно да се појави помеѓу Австрија и Русија околу идентичните интереси на Балканот. Од друга страна, Германија ѝ подала рака на Италија, двојниот сојуз со Австрија да се прошири во Троен сојуз. Од страна на Австрија прво се јавил голем сомнеж во врска со вклучувањето на Италија во формалното сојузништво што таа веќе го имала со Германија, од причини што во тој временски период Италија сè уште ги премерувала работите за тоа во кој формален сојуз да стане полноправен член. Германската стратегија за формирање неформален сојуз со Русија, првенствено се базирала на спречувањето на руско-францускиот формален сојуз. Апетитите на Русија биле во континуиран подем, па така руската поддршка во неформалниот сојуз со Германија се засновала на поддршката која Русија ја очекувала од Германија во врска со нејзините аспирации на Блискиот Исток. Во овој случај, моќта на склучувањето билатерални неформални договори била правопропорционална со засегнатите интереси на двете страни, а обратно пропорционална со нивната зависност и обврзаност. Поддршката која Русија ја добила во неформалниот договор со Германија околу балканските владенија, се конфронтирала со интересите на Австрија. Руската агенда на „промовирање мега балкански држави – Сан Стефанска Бугарија“, го остварувала своето влијание и интерес на Балканот преку своите „сателити“ – Бугарија и Србија.[15]

Истовремено, руското влијание во двете балкански држави се засновало врз целосна контрола на источниот дел на Балканот кој територијално гравитирал кон Русија, а таа воедно го ширела својот интерес и кон премините на Босфорот. Австрија, знаејќи ја играта за „Голема Бугарија“, како и поддршката која Русија ѝ ја давала на Србија, протежирала крајно негативен став.

Мотивот заради кој Германија, преку својот истакнат канцелар Ото фон Бизмарк, ја предложила Италија во сојузништво на двојниот сојуз меѓу Германија и Австрија, не е доволно истражен, но тој, во секој случај, се базирал на интересот на Германија во односите на Балканот Италија да биде на некој начин втор посредник меѓу Австрија и Русија.

Првичните согледувања на Австрија во предложеното сојузништво од страна на Германија за Италија бил умерено негативен, од причина што во минатото интересите на Австрија и Италија за балканските владенија биле во судир на интереси.

Во текот на 1885 г., настанал пад на француската влада раководена од Фери, а по назначувањето на генералот Буланжер на чело на француските вооружени сили, а подоцна и за министер за одбрана на Франција, започнува период на подобрување на Француско-Руската алијанса.[16]

Со реконструкцијата на француската политичка власт настанал период на француско-германска трка во вооружувањето. Во овој период, Германија, покрај рапидното француско вооружување, била загрижена и за константното руско напредување во истиот домен. Новонастанатата состојба го зголемила чувството на зависност на Германија од нејзиниот формален сојузник Австрија. Погрешните потези на германскиот канцелар Бизмарк се согледувале и со поддржувањето на руските претензии за Блискиот Исток од една страна, и обврзаноста да го брани својот сојузник Австрија доколку се доведе во војна со Русија. Британија во констелација на наведеното, имала исти интереси во однос на Блискиот Исток како и Австрија, а воедно

[14] Political archive XII, Turkey 1902 – 1909: sig. LXXXV/1014, 1877 – 1880.
[15] Исто.
[16] *Military Balance* (2004), 334–339.

и британските интереси на западниот Медитеран биле слични како и на Италија. Во овој сегмент, формирањето на Австриско-Британско-Италијански сојуз со голема веројатност можел да ги реши интересите за балканските владенија, но воедно и да ја локализира, а делумно и неутрализира, германската поддршка на италијанските претензии против Франција во западните африкански колонии.[17]

Додека Германија мудро стоела по страна, на 24 март 1887 г., бил постигнат Првиот медитерански договор помеѓу Австрија, Италија и Велика Британија. Со овој договор се предвидувало дека каква било промена во врска со Егејското, Јадранското и Црното Море, може да се направи само со претходна согласност на страните кои го потпишале. Во овој период, Италија ѝ ветила поддршка на Британија за нејзините претензии во северна Африка. Во текот на декември 1887 г., бил ратификуван и Вториот медитерански договор, во кој се нагласувала италијанско-англиската поддршка на Австрија на Блискиот Исток. Одредбите од овој договор особено биле посветени на спречување на рускиот притисок кон Османлиската Империја, во кои било нагласено дека доколку Османлиската Империја потклекне, Русија ќе ја оствари својата доминација на премините во Босфорот.

Двата медитерански договори имале имале двоен ефект. Од една страна, Австрија и Италија како нивни потписнички станале помалку зависни од својот формален сојузник Германија, бидејќи со овие договори добиле поддршка од Британија, а од друга, Германија била делумно блокирана во сегментот на неформалните сојузи, кои ги развивала, пред сè, со Русија, односно, во оваа ситуација таа била повеќе зависна од нејзините сојузници, а воедно станала и крајно будна да не дојде до непредвидени погрешни потези, кои дополнително би можело да го разнишаат формалниот сојуз со Австрија.

Во текот на 1887 г., кога дошло до формирање на Медитеранскиот договор, требало да биде обновен и Тројниот сојуз (Германија – Австрија – Италија). Иницирањето за обновување на Тројниот сојуз било од страна на Италија, која увидела дека борбата за Триполи со Франција може да ја добие само ако има добра поддршка од своите формални сојузници.[18] Во таа насока, Италија на своите сојузници им предложила поддршка за Триполи, а за возврат се обврзала дека ќе ја поддржи Австрија во однос на балканските владенија. Воедно, покрај истакнатата поддршка, Италија нагласила дека доколку во однос на нејзините барања не се најде соодветно решение, тогаш е подготвена да стапи во сојуз со Франција. Германија, увидувајќи ја опасноста доколку Италија премине од страната на француско-рускиот сојуз, ги прифатила нејзините барања. Австрија, и покрај тоа што одредено време ги негирала овие остапки на Германија, најпосле увидела дека сојузништвото со Италија ќе ѝ помогне полесно да ги реализира своите интереси на Балканот во однос на Русија.

Навлегувањето на Австро-Унгарија во внатрешноста на Балканот се засилило по Берлинскиот конгрес во 1878 г., кога ѝ било дадено правото да ја окупира Босна и Херцеговина. Потоа навлегувањето продолжува со економско потчинување на Србија, со настојувањето на изградбата на Санџачката железница, со сузбивањето на Италија од бреговите на Јадранското Море, со пенетрација во Албанија, со царинската војна во Србија, со анексијата на Босна и Херцеговина и со упорното настојување за задржувањето на статус квото на Турција.[19]

Русија на почетокот го поддржувала Хабсбургшкото анектирање на Босна и Херцеговина, со противуслуга за помош од Австро-Унгарија за отварање на протоците за воените бродови. Подоцна околу ова прашање имало многу расправии, Изволски бил крајно изненаден кога на 6 октомври 1908 г., дознал дека Монархијата претходно го

[17] Political archive XII, Turkey 1902 – 1909: sig. LXXXV/1014, 1877 – 1880.
[18] Б. Ратковић, *Први Балкански рат 1912 – 1913*, Београд 1975, 452–457.
[19] П. Стојанов, *Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912 – 1913*, Скопје 1979, 25.

најавила анектирањето на османлиската територија. Во исто време била објавена и бугарската независност.[20]

Преку анексијата, Австро-Унгарија и активно почнала да ја спроведува експанзијата кон југ, со што се влошила и без тоа тешката криза во која западнал Балканскиот Полуостров, исправен пред тешкиот заплет. Австро-Унгарија не ја криела намерата војнички да ја казни Србија поради нејзините протести и ставови, како и поради сè поголемото незадоволство кое се чувствувало и зголемувало во југословенските покраини на двојната монархија. Кризата заврши со тоа што Русија, а зад неа и Србија, биле принудени да попуштат, во името на германското пријателство. Србија дала изјава за својата “незаинтересираност“, а Австро-Унгарија ѝ платила оштета на Турција од 52 000 000 круни и се евакуирала до Новопазарскиот санџак. Покрај тоа, Австро-Унгарија се откажала и од правото утврдено со Берлинскиот договор, да ја води полицијата во црногорските територијални води.[21]

Токму оваа потреба да се зачува територијалниот интегритет на Османлиската Империја, проследено со желбата за взаемно зближување, предизвикувало големи тешкотии во утврдувањето на британската балканска политика.[22] Целта на Велика Британија било осигурувањето на слободниот проток низ Дарданелите и целосна контрола на медитеранскиот басен, па од таа причина во Грција и Турција бил натрупан најголемиот дел од британскиот капитал.

Меѓутоа, издигнувањето на Германија станувало сè поголемо, а со тоа растела и загриженоста во британските владејачки кругови. Основите на германските стратешки планови биле морската и континентална варијанта. Континенталната стратегија била насочена кон Балканот, со намера во Мала Азија да се создадат германски колонии. Германија успешно продирала во Турција и настојувала таму да ги одржи стекнатите позиции и статус кво; на Балканот бидејќи патот на идните колонии водел низ Србија, Бугарија, Македонија – Солун, Турција – Медитеранот, на Блискиот Исток.[23]

На самиот почеток на 20 век, Германија речиси и успеала во тоа, затоа што обезбедила значајни позиции во Високата Порта, преку реорганизирање на турската војска и со концесија за градење на багдадската железница. Германските владеачки кругови сонувале за создавање голема трговска област што би се простирала од Егејското Море до Персискиот Залив. Истовремено, со ова германската влада сметала дека ќе добие сојузник во борбата против Велика Британија, која од своја страна не можела да дозволи некоја друга држава да има пристаниште или железница во областа на Заливот.[24]

Интересот на Германија за нејзините позиции на Балканот може да се согледаат и во навлегувањето во Србија и во Бугарија, не само како во држави кои биле важни во алката „Продор кон исток“, туку и преку вложувањето на капитал во разни претпријатија во овие две држави. Меѓутоа, со Младотурскиот преврат во јули 1908 г., Турција го напуштила германскиот курс во политиката и се ориентирала, во лицето на Великиот везир, англофилот Ќамил-паша, кон Англија.[25]

За Австро-Унгарија, Балканскиот Полуостров имал сè поголемо значење. Соочена со воените порази на север и на запад, во првата половина на 19 век Австро-Унгарија морала да се ориентира кон експанзијата на југ.

Реорганизацијата на германската војска во голема мера била остварена додека Франција и Русија не биле подготвени за војна. Затоа, кога на 15 март 1909 г., бил објавен указот за мобилизирање на австроунгарската војска и кога германската влада ѝ предала еден вид ултиматум на Русија, силите на Антантата ја советувале Србија да

---

[20] А. Јелачич, *Младотурците до почетокот на Првата светска војна*, Русија и Балканот, Белград 1940.
[21] Б. Јелавич, *Историја на Балканот – 20-ти век*, Скопје 1999, 112.
[22] Исто, 36.
[23] П. Стојанов, цит. дело, 22.
[24] Ј. Донев, *Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна*, Скопје 1988, 16.
[25] Ѓ. Абаџиев, *Балканските војни и Македонија*, Скопје 1972, 10.

попушти, па оттука, српската влада на 31 март 1909 г., морала да даде изјава дека новонастанатата ситуација создадена во Босна и Херцеговина не навлегува во нејзините интереси.[26]

Русија исто така не била рамнодушна кон она што се случува на Балканот. Поради тешката состојба во која се нашла по нејзиното ширење речиси до бреговите на Тихиот Океан на далечниот исток, таа со особено внимание морала да ја спроведува својата нова политика кон Балканот, па така, Николај II и Фрањо Јосиф, во името на Русија и Австро-Унгарија, уште во 1903 г. потпишале договор во Мирцштег, со кој ќе ги поделат своите сфери на влијание на Балканот. Овој клучен период ја затекнал Русија во состојба на внатрешно консолидирање, а особено на вооружените сили по Руско-Јапонската војна. Откако Англија и Франција се здружиле во неочекуваната „Entante cirdiale“, како круна на сè дошло кога Англија и Русија се согласиле за ограничување на нивните сфери на интерес во Персија, Авганистан и Тибет. Договорот од Санкт Петербург од 1907 г., претставувал мајсторско дело што ѝ успеало на англо-францускага дипломатија, со цел да се ограничи империјалистичка Русија.[27] Овој потег, освен што ќе ја спречи Русија интензивно да настапува во своите планови за експанзија, довел до приближување на Русија кон Италија. Италија, и покрај тоа што била членка на Тројниот сојуз, имала резерви во однос на навлегувањето на Австро-Унгарија на Балканот. Од таа причина, по анексионата криза, основниот интерес на руската балканска политика билда ги избегнат заплетите и компликациите на Балканот, од една страна, а од друга, да не ѝ се даде повод на Австро-Унгарија за експанзија, односно, да се спречи таа експанзија преку здружување на балканските држави.[28] Во овој период, на иста линија со Русија се нашла Италија, на што укажува и средбата на рускиот и италијанскиот цар во 1909 г. Двете држави нашле заеднички јазик за Либија и Протоците, а Италија почнала сè повеќе да се одвојува од комбинациите во Тројниот сојуз.

За разлика од останатите капиталистички држави, италијанскиот капитал на Балканот влегол со извесно задоцнување. Причините за тоа се наоѓале во нејзиното задоцнето државничко обединување и конституирање и во заостанатата економија и недостатоците од суровински капитал. Таа се издигнала како голема држава во моментот кога другите, посилни капиталистички држави, веќе го зазеле светскиот пазар.[29] За да може и Италија што побрзо да влезе во чекор со останатите капиталистички држави, нејзините погледи биле насочени кон Африка и Балканот, со надеж дека поради поволната географска поставеност, ќе има поголемо влијание на Медитеранот. Што се однесува до нејзините формални сојузнички, Германија и Австро-Унгарија, италијанската дипломатија сметала дека тие нема да се спротивстават на една ваква акција од нејзина страна, затоа што би се појавила опасност Италија да премине во спротивниот блок.[30]

Уште една од големите европски сили имала свое влијание и интерес на Балканот. Тоа била Франција, чиј капитал, за разлика од англискиот, не бил ангажиран во стопански претпријатија туку „бил оставен на приплод“, односно имал лихварски карактер. Франција позајмувала огромни суми пари на други држави, од кои секоја година влечела исто толкави суми во вид на камати и амортизација.[31] Турција, Србија, а особено Грција, биле земјите каде што францускиот капитал бил доминантен, не само во банкарството туку и во железницата и во рударството.

Во една таква сложена констелација на односи меѓу европските земји, се затекнал Балканот во првата деценија на 20 век. Големите сили од сигурна дистанца го

---

[26] Bozić, Ivan i dr., *Istorija Jugoslavije*, Beograd 1973, 341.
[27] Х.-Л. Штепан, „Македонскиот јазол, Идентитетот на Македонците прикажан на примерите на Балканскиот сојуз“, *Утрински весник*, бр. 1756, Скопје, 29 април 2005, 27.
[28] Б. Перовић, *Први балкански рат 1912 – 1913 (операције српске војске)*, Београд 1959, 61.
[29] Ј. Донев, цит. дело, 28.
[30] П. Стојанов, цит. дело, 24.
[31] Исто, 18.

набљудувале развојот на настаните на Балканот, во кој приоритет биле економските позиции и интереси.

Зимата 1908/1909 г., ја одбележале два значајни настани: анексионата криза и очекувањето да се затвори едно од последните отворени прашања за иднината на Османлиската Империја, некогаш распространета речиси до Виена, а сега во остатоци на периферијата на Балканскиот Полуостров. Речиси сите биле во исчекување на импулсот кој и де факто ќе го означи она што тогаш постоело само во политичко-дипломатските планови.

## 1.2 Востанијата во Македонија непосредно пред избувнувањето на Првата балканска војна

### *Кресненското востание од 1878 година*

Кресненското (македонско) востание од 5 октомври (стар стил) 1878 г., избувнало во услови на крајно тешка внатрешна состојба во Македонија и особено сложена надворешна воено-политичка ситуација на Балканот по поразите на Турција во Српско-Турската војна од 1876 г., Руско-Турската војна од 1877/78 г.,[32] како и војната помеѓу Романија и Османлиската Империја во овој период и конечно одбиениот член 23 и одредбата 62 за решавање на македонското прашање на Берлинскиот конгрес.[33] Оттука, една од основните карактеристики на востанието се аспирациите за рушење на постојниот полуфеудален поредок на Османлиската Империја и изградување на самостојна и независна македонска држава која требало да биде заснована врз модерниот капиталистички поредок.[34]

Востаничкото движење за кратко време исфрлило сопствен раководен кадар во кој особено се истакнале Димитар Поп Георгиев Беровски и Стојан Карастоилов. При крајот на месец септември 1878 г., четите на Карастоилов и на останатите пирински војводи, по повикот на Џумајскиот комитет „Единство“ се префрлиле на ослободената македонска територија во Горно Џумајско,[35] во согласност со договорот постигнат на состанокот во Рилскиот манастир, на кој, покрај другите, учествувале и Димитар Поп Георгиев, митрополитот Натанаил, Иљо Малешевски, како и руските управители во Ќустендил и Дупница, Овсјаниј и Шевченко.

Од друга страна, политичкото раководство на македонските востаници знаело дека претстои конференција на претставниците на големите европски сили во Цариград, а потоа и во Пловдив, на која врз одредбите на Берлинскиот конгрес требало да биде изработен „Органски устав“, односно Статут за автономија на Источна Румелија. Овој факт влевал надеж за измена на политичкиот статус и на Македонија, дотолку повеќе што тоа го предвидувал членот 23 и одредбата 62 од Берлинскиот договор.[36] Раководството на македонските востаници сметало дека нема поефикасно средство од кренатото оружје за да се натераат европските сили на договор меѓу себе и да ѝ дадат автономија на Македонија.

По извршените подготовки, на 5/17 октомври 1878 г., околу 400 востаници и селани од Џумајско, под команда на Карастоилов и Беровски, го нападнале аскерот во кресненските анови и по 18-часовна борба го принудиле безусловно да се предаде, при

---

[32] А. Трајановски, *Димитар Поп Георгиев Беровски, 1840–1907*, Штип 1990, 105–107.

[33] М. Пандевски, „Кресненското востание од 1878–1879 година“, *Гласник на ИНИ*, бр. 1-2, Скопје 1978, 3–7.

[34] Исто, 14.

[35] Д. Дойнов, „Нови документи за Кресненско-разлошкото востание“, *Известия на Националния военно-исторически музей*, т. 1, София 1973, 174–178.

[36] Х. Андонов Полјански, *Македонското прашање*, Скопје 1990, 20–24.

што бил ликвидиран и османлискиот воен гарнизон во селото Кресна. Македонските востаници потоа го продолжиле своето напредување по течението на реката Струма. Останати војводи на востаничките чети биле Коста Кукото од Серско, Стојо Торолинко од пределот на Каршијак, Петричко и Крсто Аризанов од село Свети Врач (денешен град Сандански). Во извештајот што Димитар Беровски истиот ден го испратил во Горна Џумаја, се вели дека во нападот на османлиската војска учествувале и селаните од месноста Кресна, Влахи и Оштава. Притоа Беровски неодложно барал многу пушки и 10 товари фишеци.[37]

Бугарските комитети уште на самиот почеток се мешале во текот и организацијата на востанието, обидувајќи се да наметнат своја тактика и стратегија на војување со османлиската војска, со крајна цел востанието да се потчини на нивните намери за хегемонија на Балканот. Политичката цел на востанието била изложена во документот „Правила на македонскиот востанички комитет“ од декември 1878 г., во кој, покрај другото, се изразувала силна верба и стремеж за ослободување на Македонија од османлиско владеење и за нејзино конституирање како автономна држава во рамките на Османлиската Империја или како независна држава вон границите на Империјата.

Првиот бугарски комитет „Единство“ бил формиран на 29 август 1878 г., во Велико Трново.[38] Наоѓајќи се далеку од Македонија, тој немал активно влијание врз востанието. Раководна функција во Софискиот комитет имал митрополитот Мелетиј, родум од Струмица, кој бил помаган и од македонскиот митрополит Натанаил Кучевишки. Врската со раководните органи на востанието софиските комитети ја одржувале по писмен пат, а како најактивен во улогата на координатор за потребите на софиските комитети се покажал митрополитот Натанаил, кој воедно претендирал и за првото раководно место во востанието.

Бугарските комитети, не можејќи да најдат соодветни лица за спроведување на својата политика од бугарскиот народ, а уште помалку од страна на Македонците, ги ангажирале рускиот козак Адам Калмиков и полјакот Луис Војткевич. Четата на Војткевич која броела 300 борци, целосно била оформена кон крајот на септември 1878 г., и веднаш упатена за Ќустендил. Движејќи се кон османлиската страна, четата ненадејно била разбиена, а нејзиниот раководител се вратил во Софија за натамошни инструкции. Нешто подоцна и Адам Калмиков се упатил со вооружена чета, но и тој, како Војткевич, ја доживеал истата судбина.

Како што стои во извештајот од 20 октомври 1878 г., востаниците го избрале Адам Калмиков за атаман, Димитар Беровски за началник на Штабот на востаничкото движење и Георги Михајлов за помошник на Штабот, воедно и за благајник и одговорен за оружјето. Стојан Карастоилов бил назначен за прв војвода на чета. Адам Калмиков протестирал во Горна Џумаја до комитетот „Единство“, затоа што во официјалните документи кои ги добивале од комитетот не се спомнувало македонското име и народ, додека пак Беровски побарал 8 аршина платно за изработка на македонско востаничко знаме. Штабот бил сместен во пиринското село Влахи кое се наоѓало јужно од демаркациската линија.[39]

По успехот кај Кресна, востанието се раширило во внатрешноста, развивајќи се паралелно во две насоки: по долината на реката Струма кон Мелник и западно од реката Струма кон областа Каршијак. Освен во пределот на Кресна, Влахи и Оштава, ослободената територија се проширила и кон селата Ново Село, Брезница, Мораска, Будилци, Сливница и др., така што, по една недела, Беровски и Калмиков го известиле комитетот дека османлиската војска без никаква борба се повлекува кон Серес и Петрич.[40]

[37] А. Трајановски, цит. дело, 115–120.
[38] Д. Дојнов, цит. дело, 164–169.
[39] А. Трајановски, цит. дело, 129.
[40] Исто, 125.

По првите успеси на востанието, востаничкото раководство се зафатило со организирање на полициско началство, кое добило задача да го чува редот во селата и да мобилизира нови востаници, како и материјално да ги снабдува востаничките чети.[41] Една од главните причини за запирање на востаничката офанзива бил недостигот на оружје. Османлиската војска го искористила овој погоден момент за реорганизирање на сопствените сили и за изведување на противнапад. Нејзиното напредување било манифестирано со опожарување на 12 села од Кресненскиот крај со околу 1200 куќи.




Македонското Кресненско востание, октомври 1878 година
(Извор: https://issuu.com/)




Кресненското востание во Македонија од 17 октомври 1878 година
(Извор: Андреј Илиев)

[41] Х. Андонов Полјански, „Некои прашања од воената организација на македонското национално-револуционерно движење во предилинденскиот период“, *Гласник на ИНИ*, год. IV, бр. 1–2, Скопје 1960, 85–89.

Според изворните документи, собирањето на оружје во Бугарија не било многу сложено. Сепак, во првите три недели од почетокот на востанието, македонските востаници добиле само шеесетина пушки, иако Беровски побарал околу 3000. Притоа, наместо во Џумаја, оружјето и доброволците Софискиот комитет ги испраќал во Ќустендил, каде се наоѓале четите на Војткевич и на митрополитот Натанаил. Најверојатно Софискиот комитет оценил дека одредот на Адам Калмиков, кој се наоѓал во Кресна, можел лесно да се претопи во големата маса македонски востаници. Наместо оружје и муниција, комитетот во Горна Џумаја и Штабот на македонското востание во село Влахи, добиле инструкции кон каква тактика да се придржуваат за време на востанието.

Првите разидувања во македонската востаничка организација настанале во врска со командантската функција во Штабот, помеѓу Адам Калмиков и Стојан Карастоилов,[42] што не треба да се сфати само како борба за превласт, туку и како внатрешна борба на две личности со крајно спротивставена тактика за македонското востание. Откако при крајот на месец октомври 1878 г., во селото Влахи дошол и Луис Војткевич со својата единица, се разгорел огнот помеѓу него и Калмиков за превласт на командантската функција во Штабот.[43] Бидејќи ривалството се заканувало да премине во физичка пресметка, месните раководители на Штабот ги протерале Калмиков и Војткевич во Горна Џумаја, а според изворните документи, Стојан Карастоилов бил поставен за времен командант на востанието, односно водач на македонското востание. Според белешките на Димитар Беровски, во тој момент востаничката команда поминала во рацете на вистинските македонски востаници, при што тој забележува дека: „Македонското востаничко движење може и да успее само ако провејува нескриена намера за натамошен самостоен развиток“.

На 11 ноември Софискиот комитет ги соопштил своите одлуки во Горна Џумаја: прво било наредено да се затвори и да се отстрани од челната позиција на македонското востание Димитар Поп Георгиев Беровски, а како второ, била формирана трочлена комисија на чело со Димитар Стателов, која во име на Централниот комитет требало да раководи со сите работи на востанието во веќе ослободената македонска територија. Комисијата веднаш го отстранила Димитар Беровски од челната функција на востанието, додека на Адам Калмиков и Луис Војткевич им биле вратени функциите во рамките на востаничкото движење, при што Калмиков делувал во Кресненскиот, а Војткевич во Разлошкиот крај. Исто така, на најсвиреп начин бил остранет од командната функција и војводата Стојан Карастоилов. Ноќта на 25 ноември 1878 г., тој бил застрелан додека спиел, а заедно со него загинале уште двајца најблиски соработници, додека други двајца биле тешко ранети.

Во текот на 17 ноември 1878 г., османлиската војска ја вратила својата власт во Банско. Тактиката која овде ја употребиле бугарските комитети го чинеле Разлошкиот крај пет ограбени села, околу 120 изгубени човечки животи и повеќе илјади македонски бегалци.[44] Навремената вест за османлиското напредување, го натерало Штабот на македонското востание да се пресели во с. Србиново, бидејќи не можел понатаму да опстане на востаничката територија, а одовде, во ноќни услови, Штабот се повлекол за Горна Џумаја и понатаму во Софија.[45] По настаните во раководството, Адам Калмиков повеќе не се јавува во рамките на востаничкото движење, а истото се случило и со Војткевич. Борците на Стојан Карастоилов повторно се вклучиле во востанието, при што востаничката организација била реорганизирана.

[42] А. Трајановски, цит. дело, 137.
[43] М. Пандевски, цит. дело, 10–12.
[44] Исто, 10.
[45] Д. Дойнов, цит. дело, 177–182.




Печат на Кресненското востание
(Извор: https://issuu.com/)

Втората фаза на востанието започнува од декември 1878 и трае до април 1879 г. Тука треба да се нагласат два значајни моменти кои настанале во рамките на македонското ослободително движење. Прво, центарот на востаничката активност бил преместен во рамките на огражденските села во областа на Каршијакот, што било дело на Димитар Беровски. Ослободувањето на Беровски од затвор имало за цел да се искористи неговиот авторитет за повторно организирање на востанието. Во текот на 1 декември 1878 г., Беровски се нашол во огражденското село Сушица.[46] Неговата активност во овој период била насочена кон создавање на востаничка војска за одбрана на реонот на Каршијак од нападите на османлиската војска. Веднаш по доаѓањето на Беровски, во областа Каршијак дошле и борците на војводата Стојан Карастоилов. Притоа, Димитар Беровски повторно ги мобилизирал сите оние востаници кои го имале напуштено Кресненскиот крај по судирите со софискиот комитет „Единство" и притисокот на османлиската војска. Беровски вовел нова организација во востаничките редови, создавајќи од нив три одреди од по 100 борци како регуларни војници. Приливот на нови востаници мошне бргу растел и за кратко време нараснал на околу 600 нови борци. На 13 декември 1878 г., македонските востаници на реката Лебница, кај село Ѓурѓево разбиле османлиски баталјон од 400 души кој ги нападнал.[47] Меѓутоа, ниту овојпат Беровски не бил оставен да го прошири и темелно да го реорганизира востанието. Кон средината на јануари 1879 г., повторно бил повлечен и затворен во областа на Горна Џумаја.

46 Исто, 181–185.
47 М. Пандевски, цит. дело, 13.

Османлиските единици кои биле упатени од гарнизонот во Петрич, кон 20 февруари 1879 г., ги зазеле селата Игралиште и Цапарево. За да не се случи истото и во областа Каршијак, дошол митрополитот Натанаил, кој до македонското население испратил пропагандно известие со цел да го мобилизира во востаничката војска.[48] Меѓутоа, по повторно затворање на Димитар Беровски, народот дефинитивно ја отфрлил соработката со уфрлените чети од Бугарија. Во меѓувреме, Хусни бег Петрички навлегол во Каршијакот со 800 души редовна турска војска и башибозук и ги ликвидирал уфрлените чети.[49] Со повторната окупацијата на османлиската војска во пределот на Каршијак кон крајот на април и во Горна Џумаја во текот на месец јули 1879 г., македонското востаничко движење во Пиринскиот дел на Македонија конечно завршило.

За време на Кресненското востание низ цела Македонија дејствувале околу 3000 вооружени востаници против кои османлиската власт ангажирала 40 000 војска засилена со коњица, артилерија и башибозучки одреди. Бројот на изгорените христијански села се проценува на 73, а во борбите загинале околу 4000 луѓе, најмногуе заклани мажи, жени и деца, а толкава била и бројката на оние кои умреле од глад и беда. Неуспехот на Кресненското востание бил проследен со емигрирање на голема иселеничка маса од Горна Џумаја и Разлошкиот крај. Според еден податок на софискиот губернатор од 19 јули 1879 г., бројот на бегалските семејства бил околу 690. Структурата на бегалците била 852 мажи, 807 жени и преку 2000 деца.[50]

### *Брсјачката буна од 1881 година*

Брсјачката буна претставува заговор кој индиректно се рефлектира како востаничко ослободително движење во југозападниот дел на Македонија, кој се јавува кон крајот на Источната криза во Македонија од 1875 до 1881 г. Во историографијата најчесто се сретнува под името Брсјачка буна, затоа што се јавува во југозападниот дел од територијата на Македонија, место каде што во древните времиња живеело познатото македонско племе Брсјаци.[51] Друг синоним под кој пошироката историографија ја препознава оваа буна од почетокот на осумдесеттите години на 19 век е Демирхисарска буна, затоа што раскошните планински предели на Демирхисарскиот крај претставувале главно упориште, односно централен дел на буната.[52]

Напоредно со македонското Кресненско востание од 17 октомври 1878 г., кое избувнало во североисточниот дел од Македонија, а чија основна цел било стихијно да се прошири на целата територија на Македонија, во западниот и во јужниот дел од Македонија, или, поточно, во пределот на Лерин, Костур, Воден, Меглен, Мариово, Прилеп и Велес, дошло до забележително движење на повеќе македонски револуционерни чети предводени од војводите: Диме Чакре, кој дејствувал во Прилепскиот крај заедно со неговиот брат Мијајле, потоа Ѓорѓи Лажот, Мицко Мариовчето, Тоде Бочварчето и други.[53]

---

[48] Во едно писмо од 8 јануари 1879 г., адресирано до деспотот Баџовиќ, еден од истакнатите војводи во македонското востание, Георгија Пулевски, напишал дека „Бугарите си играат со македонските востаници заедно со митрополитот Натанаил, при што ја вртат водата на својата воденица“.

[49] М. Пандевски, цит. дело, 14.

[50] И. Катарџиев, *Македонија и Македонците во светот*, Скопје 1996, 25–27.

[51] *Војни лексикон*, Београд 1981, 816.

[52] *Енциклопедија на Југославија*, Загреб 1985, 549–550.

[53] А. Трајановски, *Историја на Македонија: краток преглед на историјата на Македонија и на македонскиот народ од антиката до денес*, Скопје 2005, 288–289.

Во Охридскиот крај активно дејствувал Илија Делија; во Кичевскиот војводата Ангел Атанасов; во пределот на Копачка Насте Ластовецот, Мицко Крстев и други војводи. Горенаведениве војводи, чиј број бил околу 65, биле активни војводи и учесници најпрвин во Српско-Турската војна од 1876/77 г., а веднаш потоа и во Руско-Турската војна од 1877 г. Тоа укажува дека тие имале долгогодишно воjничко искуство и знаење, кое сега требало да го покажат во практиката и во својата татковина. Притоа, македонските војводи враќајќи се од Руско-Турската војна, во своите родни места наишле на целосно анархична положба. Имено, османлиските разбојнички банди се оддале на зачестени грабежи, масовни убиства и безмилосно малтретирање на македонскиот народ, така што секојдневниот живот на населението претставувал вистинско измачување и бил крајно неизвесен и несигурен. Од друга страна, османлиската власт речиси воопшто не ги користела државните механизми за одржување пристоен живот на потчинетиот македонски народ, туку напротив, власта се покажала крајно неефикасна да ја подобри состојбата со македонското население. Ваквата анархична состојба активно ги иницирала локалните македонски жители во југозападниот дел на Македонија на лична одбрана и заштита од неподносливите тортури на османлиските разбојнички банди и османлиската власт. Сето ова на крајот резултирало со основање на месни чети за самоодбрана и заштита, со цел југозападниот дел на Македонија да се исчисти од разбојници, насилници и узурпатори над локалното македонско население. Во овој контекст, македонското население почнало редовно да ги собира државните даноци и да ги предава на османлиските власти, со цел да го скрие сомнежот кај нив и да ја затскрие востаничката организираност кај македонските револуционери и војводи. На тој начин, овие илегални форми и облици на дејствување на македонските војводи, постепено и потајно резултирале со оформување на заговор, кој сам по себе ги надминал границите на обична самозаштита на македонското население и индиректно добил бунтовнички димензии, што во основа претставувало претходница на солидно организирано востаничко ослободително движење на македонскиот народ.

Заговорничките кружоци кои дејствувале во повеќето југозападни предели на Македонија, а особено во околината на Прилеп, Охрид, Битола, Ресен, Кичево, Македонски Брод и Демир Хисар, постепено се централизирале и се поврзале во своите бунтовнички планови и активности. Како матичен, или подобро кажано централен дел на бунтовничките активности, биле планинските предели на градот Демир Хисар, поради што, како што е погоре споменато, оваа буна во историографијата често се именува и како Демирхисарска буна или заговор.[54] Во Брсјачката буна биле инволвирани повеќе градски и селски авторитативни личности. Бунтовниците делумно ги поддржувал и симпатизирал и рускиот конзул во Битола, Њага.[55] Заговорниците на бунтовничкото движење, со континуирани воени активности, за кратко време успеале да формираат тактички единици на ниво на чети, со кои се спроведувала воена обука за офанзивни и дефанзивни борбени дејства на ниво на чета. Откако ќе се спроведела воената обука, следниот чекор бил единиците кои потајно биле испраќани во планина да бидат и добро логистички потковани, а пред сè, добро вооружени. Резултат на ова било во текот на 1880 г. и во почетокот на 1881 г., активните македонски војводи со своите единици постапно и етапно да го исчистат теренот од насилничките и разбојнички османлиски банди кои го тероризирале и малтретирале локалното македонско население. Со тоа прилично се поткренал духот на македонското население, кое почнало да ја поддржува оваа бунтовничко револуционерна организација на македонскиот народ во нејзините воени активности и воедно активно да се приклучува во нејзините борбени редови и борбени акции.

Во повеќето погоре наведени градски населени места, активностите претежно се манифестирале со повремени т. н. герилски акции, со кои на османлиската власт јасно ѝ се давало до знаење дека поробениот и угнетениот македонски народ, кога му е

[54] *Македонија во Источната криза 1875 – 1881*, Скопје 1978, 31.
[55] А. Трајановски, *Историја на Македонија...*, 289.

најтешко, сепак има свој личен заштитник на кој може да се потпре со сигурност. Од друга страна, континуираните бунтовнички активности несомнено добиле размер на буни, како што било случај во Поречкиот предел, каде активно дејствувале и ги координирале сите воени планови војводите Стефан и Кузман Петревски, кои воедно биле и браќа. Војводите Стефан и Кузман мошне активно дејствувале во Поречието, така што во нивните бунтовнички активности биле вклучени дури 36 села од околината на овој крај. Герилските акции кои повремено биле вршени кон османлиските угнетувачи и разбојнички банди, самозаштитата на месното македонско население и перманентната воена активност на македонските војводи која имала оформено своја заговорничка мрежа како еден вид месна народно-востаничка власт, придонеле овој бунт со право да се издигне на повисоко ниво, до степен на предвостаничка и парамилитантна активност.

Поради големата мрежа заговорници и големото пространство што во текот на месец април, мај и јуни 1881 г. сеопфатно го зафатиле, османлиските власти успеале целосно, најпрвин да ја парализираат активноста на широката заговорничка мрежа, заедно со нејзиното тежиште во Демирхисарскиот крај. Притоа, тактиката која ја употребиле османлиските власти, во целост се покажала како успешна. Имено, откако дознале дека централното место преку кое се координираат сите заговорнички активности е токму Демирхисарскиот крај, османлиските власти започнале со силна офанзива, детално, педа по педа, да ја претресуваат околината и самиот град Демир Хисар.

Откако комплетно го завршиле претресувањето и апсењето на челниците на заговорничката мрежа лоцирана во Демир Хисар, продолжиле со натамошно активно пребарување и претресување и на останатите места во Македонија, давајќи им притоа најголемо тежиште на главните упоришта во кои заговорничката мрежа била силна, како Прилеп, Битола, Ресен, Охрид, Кичево, Македонски Брод и Крушево. Успешните акции резултирале со тоа што османлиската власт за кратко време успеала да притвори преку 700 заговорници.[56] Дел од храбрите македонски војводи загинале во борбите со османлиската власт, како што е случајот со браќата Чакревци од Прилеп.

Успешните оперативни акции на османлиската власт успеале во целост да го задушат бунтот, како и да ги фатат и затворат неговите главни иницијатори. Коста Лимончев, Зафир Белчев и Златан Бојкикев, судот во Битола ги осудил на 101 година затвор, а со наредба на битолскиот кадија тие биле префрлени во Подрум Кале во Мала Азија.[57] Останатите учесници во овој бунт биле затворени во Битолскиот затвор, од каде по неколку години биле ослободени. Меѓу лицата кои биле затворени во Битолскиот затвор бил и Мицко војводата од Порече, кој во заточение поминал 20 години.[58] Резиме и главната порака на овој бунт, во периодот по завршувањето на македонското Кресненско востание од 17 октомври 1878 г., па до неговото задушување кон крајот на месец јуни 1881 г., е дека македонското население било крајно разочарано од одлуките донесени на Берлинскиот конгрес од 1878 г., на кој македонскиот народ барал права кои биле предвидени согласно Органскиот статут во Крит од 1868 г.

Имено, македонскиот претставник Димитар Робев јасно им сигнализирал на османлиските власти и на останатите европски големи сили дека Македонија, согласно членот 23 и одредбата 62, треба да стане независна држава, или, во крајна линија, да добие автономија во рамките на Османлиската Империја.

Ако силното напредување на европските сили во периодот на Источната криза во рамките на европската и светската констелација од 1875 – 1878 г., било поткрепа на Разловечкото востание во Македонија од 20 мај 1876 г., тогаш Кресненското востание, Брсјачката буна, како и Илинденското востание, го рефлектираат крајното незадоволство од донесените одлуки на големите европски сили за време на

---

[56] *Македонски историски речник*, Скопје 2000, 91.
[57] М. В. Веселиновић, *Брсјачка буна 1880. у Битољском вилајету и војвода Мицко*, Београд 1905, 34–37.
[58] *Енциклопедија на Југославија*, 550.

Берлинскиот конгрес од 1878 г. Македонскиот непокор натаму се манифестирал и со активното учество на одредот на истакнатиот македонски револуционер и војвода Јане Сандански кој броел околу 1200 борци, а кој активно се вклучил во редовите на Младотурското движење од 1908 г., со цел да го урне апсолутистичкото владеење на султанот Абдулхамид II и да се избори за независност или автономија на Македонија во рамките на Османлиската Империја.[59]

Рамнотежата на односите помеѓу големите сили што била воспоставена со Берлинскиот конгрес во 1878 г., почнала да се изместува во почетокот на 20 век. Експанзијата на капитализмот и сè поголемата потреба за суровини, барале неминовно освојување на нови простори, што довело до тоа во овој период речиси и да нема слободна колонија. Оваа промена на односи резултирала со создавање на нови коалиции. Германија сè повеќе ја загрозувала доминацијата на Британија како тогашна владејачка сила, па во една таква констелација на меѓусебните односи, се создале два блока на империјалистички држави: силите на Антантата (Британија, Франција и Русија) и силите на Тројниот пакт (Германија, Австро-Унгарија, Италија). Помалите се врзувале или за едниот или за другиот сојуз. До целосно созревање на овие коалиции дошло непосредно пред почетокот на Првата светска војна, а во меѓувреме, раководени од заедничките интереси, помеѓу членките на сојузите доаѓало до судири за одделни подрачја.

Балканскиот Полуостров, во чии природни граници се наоѓа и Македонија, во воено-политичките и дипломатско-економските планови на големите сили имал особено значење, бидејќи поволната географска конфигурација овозможувала низ неговата територија да се создаде главната комуникациска линија што ја поврзувала Западна и Централна Европа со Солун, а преку еден нејзин крак, кој се делел до Ниш и Цариград, било овозможено и поврзувањето со земјите околу Персискиот Залив. Не помало значење имал и античкиот пат Via Ignatia, кој преку Јадранското Море ја поврзувал Италија со Солунскиот и Персискиот Залив, а кој во еден дел поминува низ територијата на Балканот.[60]

Во првите години од 20 век, балканските држави, без оглед на различните политичко-економски уредувања, имале заедничка основа во бавниот, но континуиран индустриски развој. Големите градови сè повеќе се ширеле, не само по бројот на жители туку и територијално, а се интензивирале и меѓусебните трговски врски и се издигнувало образованието. Темната страна на ваквиот подем биле големите заеми, кои предизвикувале сè поголеми долгови на балканските држави. Ваквата состојба била вешто искористена од страна на големите сили, кои успешно ги пласирале своите производи и капитал на 40-милионскиот пазар, кој, меѓу другото, располагал и со евтина работна сила. Тоа подоцна ќе доведе до судир на интересите меѓу големите сили и до нивно сериозно несогласување. Посебен интерес за пробив и зголемено влијание на Балканскиот Полуостров пројавила Велика Британија, со својата политика на статус кво и урамнотеженост на силите. Во суштина, ова значело продолжување на турскиот опстанок и тампонирање на милитаристичкото зајакнување на балканските држави, преку кои требало да се спроведе поделбата на турските остатоци на Балканот и изградбата на железничката пруга на оваа територија. Русија се обидувала да го наметне своето влијание на помалите словенските балкански народи со нејзиното залагање за нивно што поскорешно национално осамостојување. Во една таква ситуација на сложени и искомплицирани односи, Австро-Унгарија, исто така се обидувала да се наметне како партнер во идната поделба на Балканот, за што имала поддршка единствено од Германија.

---

[59] А. Илиев, цит. дело, 200.
[60] Ј. Донев, цит. дело, 12.

## 2. МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА ВО 1912 ГОДИНА

Кон крајот на 19 век, во Македонија постепено почнало да се јавува едно струење за ослободување од стегите на османлиското господство и отпор кон пропагандната активност на соседните држави.[61] Од тајно и неорганизирано, македонското револуционерно движење постепено добило форма на организирана самоодбрана, која се состоела од тајни револуционерни и училишни кружоци кои прераснале во револуционерни комитети и вооружени групи. На чело на овие револуционерни движења во Македонија застанала главно македонската учителска интелигенција, која го повела македонскиот народ и потиснатите народни маси да ја извојуваат својата слобода по пат на сенародно вооружено и организирано востание.

На 23 октомври (стар стил) 1893 г., група напредни македонски интелектуалци во Солун, во куќата на солунскиот книжар Иван Хаџи Николов ги поставиле темелите на Македонската револуционерна организација (МРО).[62] На првиот состанок присуствувале: Дамјан (Даме) Груев (1871 – 1906), професор по историја, родум од с. Смилево, Битолско; д-р Христо Татарчев (1869 – 1952), лекар од Ресенскиот крај; Петар Поп Арсов (1872 – 1941), професор по книжевност, родум од велешкото село Богомила; Иван Хаџи Николов (1861 – 1934), книжар, родум од Кукуш; Андон Димитров (1868 – 1933), учител, родум од солунското село Ајватово и Христо Батанџиев, професор, родум од селото Гуменџе, Ениџевардарско.[63] Основна тема на првиот конститутивен состанок била идната политичка активност во Македонија и неопходноста од организирана општествена дејност во неа.[64]

Било договорено Организацијата строго да се придржува кон следниве принципи и начела: Организацијата била револуционерна; револуционерната дејност се спроведувала строго конспиративно; Организацијата дејствувала исклучиво на територијата на Македонија (во нејзините природни и етнички граници); во Организацијата имале право да се зачленуваат само лица родени и кои живееле во Македонија (независно од нивната вера и народност). За стапување во Организацијата било воведено полагање заклетва.

Тежишната задача на МРО била со оружена борба да се извојува политичка автономија на Македонија. Во почетокот на 1894 г., бил усвоен Уставот на Организацијата кој се состоел од четири дела, образложени преку 14 членови. Во првото поглавје јасно биле истакнати целите и задачите, при што особено внимание било посветено на ширењето на слободарскиот дух кај населението и сознанието дека за сопствената слобода треба самото да се избори.[65] Во второто поглавје било опфатено уредувањето на Организацијата, каде што посебно се нагласува дека член на Организацијата може да биде секое лице без разлика на полот, верата и народноста, доколку ги прифаќа задачите и целите на Организацијата и доколку положи заклетва дека верно ќе ѝ служи на Организацијата.[66] Третото поглавје ги содржело одредбите за материјалните средства на Организацијата, изворите за снабдување и финансирање, претставувајќи ги логистичките начела. Во четвртото и последно поглавје биле опфатени санкциите и дисциплинските мерки кои се однесуваат за сите оние кои ќе ги повредат основните принципи и начела на Организацијата.

---

[61] С. Димевски, цит. дело, 4–5.

[62] Во текот на својот развој Македонската револуционерна организација носела најразновидни имиња – МРО, МЦРК, БМОРК, ВМРО, ТМОРО, ВМОРО, ВМРО (Об.) и други називи.

[63] А. Трајановски, *Историја на Македонија...*, 317.

[64] И. Катарџиев, *Создавање и активноста на ВМРО до Илинденското востание*, Скопје 1968, 10–11.

[65] Според зборовите на Гоце Делчев: „Делото за ослободување на еден народ, е пред сѐ негово сопствено дело, на неговите сопствени раце“.

[66] В. Стојчев, *Воена историја на Македонија*, Скопје 2000, 407.

По долга дискусија, македонските интелектуалци се договориле седиштето за состаноци на МРО да биде градот Солун. Благодарение на условите што ги овозможувал Солун како централно место на некогашна Македонија, во кој се собирале учители, еснафи, трговци, свештеници, за кратко време во Организацијата се вклучиле голем број луѓе, пред сè, од редовите на интелигенцијата и економски позајакната граѓанска средина. На вториот состанок, кој се одржал на почетокот од 1894 г., основоположниците на МРО ги поставиле основите на организациското уредување на Организацијата, која тогаш го променила своето име во Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО). На истиот состанок се конституирал и Централниот комитет на ВМРО на чело со д-р Христо Татарчев како претседател и Дамјан Груев како секретар и благајник.[67]

Развојот на Организацијата надвор од реонот на Солун, во внатрешноста на Македонија (Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Кавадарци и во други градови), покажал дека интересот за нејзината активност бил голем и дека има потреба од проширување на кругот на луѓе од кои се регрутирале нејзините членови.[68] Кон крајот на 1894 г., кон Организацијата се приклучиле Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Во текот на 1896 г., Организацијата одржала Конгрес во Солун, на кој присуствувале 15-16 делегати, меѓу кои, покрај основачите, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Христо Матов и други. Според новиот Устав и Правилник на Организацијата, изработени од Гоце Делчев и Ѓорче Петров, највисок орган на Организацијата бил конгресот. На Конгресот во Солун Организацијата го сменила своето име од ВМРО во Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО), бидејќи нејзината дејност се проширила и во Одринско. Бил избран и нов ЦК на Организацијата со седиште во Солун.




Гоце Делчев Даме Груев
(Извор: https://www.kulart.mk/)

За полесно раководење и командување, територијата на Македонија била поделена на седум револуционерни окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Штипски, Струмички, Серски и Одрински. Окрузите биле поделени на околиски и селски комитети на Организацијата. Покрај ова, биле формирани и тајна полиција и револуционерни судови за разрешување на споровите меѓу населението. За поефикасна координација и соработка со Бугарија било избрано Задгранично претставништво, чии први

[67] А. Трајановски, *Историја на Македонија...*, 319.
[68] И. Катарџиев, *Создавање и активноста на ВМРО…*, 11.

претставници станале Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Организацијата располагала со своја тајна пошта, шифри, курири и администрација. Според истакнатите членови на Организацијата, за секоја борба биле неопходни срце, воља, совест и разум за остварување на историското сознание. Гоце Делчев бил срцето на револуционерната Организација, Даме Груев вољата, Пере Тошев совеста и Ѓорче Петров разумот.[69]

Сите оние кои сакале да пристапат во редовите на Организацијата најпрвин морале да дадат свечена заклетва која гласела: *„Се колнам во името на Бога, честа и татковината дека ќе служам чесно и верно за слободата на Македонија. Ќе ги исполнувам сите наредби на организацијата за доброто на татковината, а ако и напакостам со нешто на организацијата или ако ги предадам доверените тајни, готов сум да бидам казнет со кама или со револвер за потврда на коешто ги бакнувам. Амин!“*[70]



Полагање заклетва на Организацијата
(Извор: https://www.kulart.mk)

За навремена информираност на своите членови, Организацијата издавала свои весници, меѓу кои поважни биле „На ор’жие“ (Битола, 1895 – 1902); „Бунтовник“ (Софија, 1898 – 1899); „Дело“ (Софија, 1901 – 1902); „Свобода или смрт“; „Освобождение“ и „Весник“.

Сето ова дало извонредни можности за омасовување на мрежата на Организацијата, најпрвин во големите градови, а потоа и во селата. Македонската револуционерна организација била масовно прифаќана од интелигенцијата, а подоцна и од широките народни маси. Во нејзините редови доброволно се обединувале и се самовооружувале сите независни елементи во Македонија, без оглед на нивната националност и вера, коишто имале основна цел да се борат за ослободување на земјата од османлиската власт и пропагандите на соседните држави, сè до конечно ослободување и создавање на македонска самостојна држава.[71]

Првичниот предлог за кревање на оружено востание на македонскиот народ против османлиската власт бил донесен за време на јануарскиот Конгрес одржан во Солун 1903 г., на кој присуствувале 17 делегати, од кои повеќето не биле клучните луѓе на ТМОРО. Гоце Делчев и Ѓорче Петров остро се спротивставиле на предлогот за кревање востание, алудирајќи дека со герилски акции, рушење на мостови, железнички

[69] Г. Тодоровски, *Даме Груев*, Скопје 1968, 3.
[70] И. Катарџиев, *Создавање и активноста на ВМРО...*, 1–3.
[71] А. Трајановски, *Историја на Македонија...*, 325.

пруги и телефонски централи, побрзо ќе се разбуди европската јавност за да го види незадоволството на македонскиот народ. Во текот на месец април 1903 г., македонските гемиџии веќе правеле обиди со индивидуални акции да ја заинтересираат европската јавност за состојбите во Македонија, извршувајќи низа атентати во Солун: на францускиот брод „Гвадалкивир“, на зградата на Отоманската банка, на гасоводната инсталација за осветлување на градот, на австриската пошта и на телеграфската станица. Непосредно по овие диверзии, Гоце Делчев, кој по отфрлувањето на решението на Солунскиот конгрес во јануари со чета заминал во внатрешноста на Македонија, со раководните кадри да издејствува повлекување на решението, бил предаден и убиен во селото Баница на 4 мај 1903 г. Со неговата смрт, Организацијата го загубила неприкосновениот авторитет и стратег на оружените сили, а македонскиот народ бескомпромисниот борец за самостојна македонска држава.[72]

Конечната одлука за кревање на востанието и утврдувањето на неговиот датум била донесена со одлука на Главниот штаб на ВМРО на 26 јули 1903 г., на врвот Победоносец во битолското село Смилево. Востанието имало најсилен интензитет во Битолскиот револуционерен округ, а првичните напади биле врз беговските кули и поседи, прекинување на телефонски линии итн. На 3 август 1903 г., бил ослободен градот Крушево, со напад на османлиската касарна во која се наоѓале околу 100 војници. Веднаш по ослободувањето била формирана Привремена влада на чело со претседателот Вангел Дину.

Востанието се интензивирало и во другите реони на Битолскиот округ. Во Костурскиот реон востаничките акции биле интензивни во Пополе, Корешта и Клисурско. Во овој предел востаниците на 4 август ја заземале Клисура, која била слободна до 27 август. Во текот на 12 август, еден востанички одред од 700 души го освоил и гратчето Невеска. Заземањето на Клисура и Невеска претставувале голема победа на востанието во Костурскиот крај. Не помалку биле успешни востаничките акции и во Леринската околија, каде еден востанички одред од 2000 борци на 2 август ја нападнал железничката линија кај Екши-су и ја разрушил.

Во Охридската околија, најсилни востанички акции се развиле во Малесија, Горна и Долна Дебарца и во Ортакол. Во Кичевскиот реон, востаниците на 2 август го опседнале градот и формирале збегови. Првиот збег бил формиран во Копачка, по иницијатива на тамошниот војвода Лука Ѓеров. Во Прилеп, под водството на Ѓорче Петров, било извршено прекинување на телефонските врски помеѓу Прилеп, Битола и Велес, како и рушење на мостови во Градско, Кичево и Велес. Најголемата битка се одиграла во мариовското село Чаништа, водена со здружени сили на Прилепската и Костурската чета. За разлика од Битолскиот револуционерен округ, интензитетот на востаничките акции во останатите револуционерни окрузи во Македонија – Солунскиот, Серскиот, Скопскиот и Одринскиот, кој бил надвор од границите на Македонија, бил со многу послаб интензитет.[73]

Непосредно пред почетокот на Илинденското востание, османлиските владини кругови се нашле воjнички неподготвени да го совладаат неочекуваниот востанички удар. Османлиската воjничка неподготвеност се изразила во две линии – преку недостаток на воени сили и немање на разработен оперативен план за совладување и уништување на востаничките сили. Во овој период македонската востаничка војска располагала со над 20 000 востаници, а во Битола, како вилаетски центар, непосредно пред почетокот на востанието, биле распоредени три османлиски баталјони. Особено критични за османлиската власт се покажале првите десет дена од востанието, кога османлиската војска била распоредувана по градовите.

При крајот на 1902 г., османлиската војска во европскиот дел од Империјата имала 146 пешадиски баталјони, 103 коњички ескадрони, 57 полски, 19 планински и 82

[72] D. M. Perry, *The Politics of Terror: The Macedonian Liberation Movements, 1893 – 1903*, Durham and London 1988, 124–125.
[73] *Историја на македонскиот народ*, Скопје 1972, 185–190.

артилериски батерии.[74] Според планот на борбените дејствија, во случај на војна можеле да се мобилизираат уште два корпуси во редовниот состав и една пешадиска дивизија за одбрана на грчката граница, два корпуси во резерва и два корпуси со доброволци. Знаејќи за подготовките на востание во Македонија, Империјата се подготвувала истото да го задуши веднаш по неговото објавување. Поради ова, османлиската власт започнала со распоредување на воените сили кон бугарската граница, при што во текот на месец јули 1903 г., османлиските воени сили во Македонија и Тракија биле распоредени по следниов редослед: 26 000 војници биле распоредени од Горна Џумаја до Родопите, 20 000 по границата на источна Тракија и 150 000 во внатрешноста по гарнизоните со појака концентрација по востаничките окрузи.[75]

Ситуацијата во корист на османлиските воени сили почнала да се менува кон 10–11 август 1903 г., кога започнале да пристигнуваат османлиски воени сили, најпрвин од Косово, а по една недела и од другите предели на Империјата. Но, и покрај концентрацијата на повеќеилјадни воени сили и паѓањето на Крушево, поради недостаток на организација и оперативен план не биле преземани систематски мерки за потиснување на востаниците. Неспособниот генерал Омер Ружди-паша, кој бил дојден од Косово, само се залажувал дека со испраќањето на големи воени сили кон една или друга страна ќе го задуши востанието, така што османлиската војска која ја праќал, честопати се враќала разбиена од македонските востаници. Од овие причини, султанот Абдулхамид II го сменил Омер Ружди-паша, а на неговото место го поставил енергичниот Наз'р-паша. Веднаш бил сменет и битолскиот валија Али Риза-паша, а неговата должност до доаѓањето на нов валија ја вршел Хилми-паша.[76]

Новиот битолски командант за неколку дена подготвил план за систематско задушување на востанието, така што востаничката територија ја поделил на сектори, при што во однос на релјефот и концентрацијата на востаничките сили, испратил големи воени сили кои тргнувале од разни правци, а требало да се состанат на определен востанички пункт.[77] Османлиската офанзива предвидувала опкружување на востаничките подрачја со големи воени кордони, при што со нивното стеснување и со решителен удар во центарот, би се разбиле востаничките сили. Со цел да ги концентрираат востаничките сили на едно место, османлиската војска ја пребарувала секоја планина и шума настојувајќи ниту едно место да не остане непребарано. И покрај тоа што авторите на овој план мислеле дека со пет-шест дневни офанзиви ќе бидат ликвидирани востаничките сили, резултатите покажуваат дека освен нанесувањето на силен удар на востаничките сили во некои места, планот во целост завршил без поголеми успеси. Во овој план било предвидено систематско опожарување на селата, грабежи, колежи, ѕверства над македонското население. Османлиската војска за ваквите постапки била инспирирана од германскиот офицер и воен специјалист за герилско војување, фон Гебен, кој се борел против Англичаните во познатата Англо-Бугарска војна (1899 – 1902) во Јужна Африка,[78] а за време на Илинденското востание престојувал во Битола.

При нападот на Крушево, најпрвин пристигнал командантот на османлиските воени сили Бахтијар-паша, а по ден-два од кај Велес, преку Бабуна, пристигнала 10 000 војска повлечена од Косово. Главнината на силите, односно пешадијата придружена со коњица и артилерија, настапила од селото Кривогаштани. Друг одред на османлиска војска настапил од селото Прибилци, а трет одред од 5000 војска, придружен со коњица и брдска артилерија, доаѓајќи од Кичево, настапиле од западната страна. На тој начин, османлиската војска во Крушево достигнала бројка од 18 000 војници, наспроти 1200 востаници.[79]

---

[74] ЦДА, ф. 335, оп. 1, а. е. 135, l. 117–121, София 1995.
[75] М. Пандевски. *Илинденското востание во Македонија 1903*, Скопје 1978, 315–320.
[76] Н. Киров Мајски, *Крушево и Крушевската Република*, Крушево 2003, 74–79.
[77] Х. Андонов Полјански, *Некои прашања од воената организација....*, 5–9.
[78] R. H. Davison, *Reform in the Ottoman Empire 1856 – 1876*, Princeton 1963, 57–62.
[79] М. Пандевски, *Илинденското востание во Македонија 1903*, 331–337.

Утрината на 12 август 1903 г., Бахтијар-паша го испратил до востаниците фатениот крушевчанец од Кривогаштани, Коста Ник, во својство на арбитер, со порака да се предадат на „милоста на султанот“, што тие не го прифатиле. Тогаш, османлиската пешадија, поддржана од артилеријата и коњицата, жестоко ги нападнала востаничките позиции, како и самото Крушево.

Се цени дека во времето на избувнувањето на Илинденското востание во Македонија имало околу 150 000 османлиски војници, а додека при неговото задушување учество зеле дури 350 000 османлиски војници, башибозуци и други воени и полувоени османлиски формации.[80] Од друга страна, бројната состојба на македонските востанички сили броела околу 26 000 борци.[81] Притоа, материјалните и моралните жртви кои ги поднел македонскиот народ за време на Илинденското востание, биле навистина големи. Во 203 вооружени судири помеѓу македонските востаници и османлиската војска биле убиени 8816 лица, околу 30 000 побегнале од своите огништа во соседните балкански земји, 70 836 останале без своите домови и биле изгорени 12 400 куќи, односно опожарени над 200 населени места.[82]

Ако се сумираат настаните во Крушевската околија за време на Илинденската епопеја, ќе се констатира дека се одвиле вкупно 23 борби со учество на 1898 востаници наспроти 32 608 османлиски војници. Борбите траеле 46,5 часа, при што вкупните жртви од страна на востаниците биле 128 убиени, а од страна на османлиската војска имало познати 129 убиени војници.[83] Целокупната материјална штета се проценувала на 80 000 турски лири.

За време на Илинденското востание османлиските сили броеле околу 132 600 војници и старешини.[84] По задушувањето на востанието бројот на османлиските војници изнесувал околу 41 600, при што годишниот данок се намалил за 600 000 лири.[85] Илинденското востание кое избувнало на 2 август 1903 г., целосно било задушено кон крајот на октомври 1903 г.

На 25 август, четири баталјони од Битола и по два од Ресен, Охрид и Прибилци, или 12 000 османлиска војска, тргнале кон реонот Ѓавато – Смилево, каде со јака артилериска поддршка противникот ги принудил востаниците да се повлечат кон Смилево. По наредба на Даме Груев, населението било згрижено во збегот „Голем Гар“, каде со своите 600 востаници Груев формирал одбранбен обрач кој лесно бил ослабнат од силниот артилериски оган на османлиската војска, која потоа завладеала со збегот и вршела убивање, силување и ограбување на невиното население.

Костурскиот реон се разликувал по својата тактика на дејствување од останатите околии на Битолскиот револуционерен округ за време на Илинденското востание. Костурчани најчесто дејствувале во големи формации, чети и одреди преку кои постигнувале забележлива борбена предност над бројно и технички помоќниот противник. Понатаму, тие не прифатиле фронтална одбрана на територијата, туку борбените дејствија ги развивале на поширок терен, односно од Долна Преспа до Мариово.

Во Скопскиот револуционерен округ, непосредно пред востанието биле распоредени 27 300 османлиски војници, наспроти 1050 македонски востаници.[86] Османлиската власт при задушувањето на Илинденското востание ангажирала 167 000 пешадија, 3700 коњица и 440 артилериски топови. Вкупно се воделе 150 поединечни боеви и борби, во кои востаниците имале 746 убиени, а османлиската војска неколку пати повеќе.

---

[80] G. Tokay, *Makedonya sorunu. Jön Türk Ihtilalinin Kökenleri (1903 – 1908)*, Istanbul 1996, 104–109.
[81] М. Треневски, *Илинден 1903 во австралискиот печат*, Скопје 1998, 54–59.
[82] Х. Андонов Полјански, „Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштешките реформи“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје*, 1955, 12.
[83] Н. Киров Мајски, цит. дело, 82–83.
[84] Исто, 81–82.
[85] G. Tokay, цит. дело, 105–107.
[86] М. Пандевски, *Илинденското востание во Македонија 1903*, 338–340.

Во Битолскиот револуционерен округ, непосредно пред востанието биле распоредени 25 000 османлиски војници, а за време на востанието генералот Омер Ружди паша располагал со дополнителни 60 000 војници, а исто така дополнителни османлиски воени сили доаѓале од Солун и од Цариград. При непосредна подготовка на османлиските воени сили, најпрвин биле мобилизирани резервните османлиски единици. Бројната состојба на Првата и Третата царска армија изнесувала 265 000 војници и старешини.[87]




Тактика на османлиските сили за време на Илинденското востание
од 2 август 1903 година
(Извор: Андреј Илиев)

Илинденското востание претставува своевидна кулминација на вековните стремежи на македонскиот народ за национално ослободување и формирање на сопствена држава на Балканот. Добивајќи голема поддршка од народот, востанието предизвикало будење на свеста и кај меѓународната јавност, која пројавила најголем интерес за обемот на операциите и нивниот успех, поддршката на востанието од народот, ангажирањето на големите турски сили за негово задушување, невидениот злостор од страна на турскиот аскер врз македонскиот народ, последиците од востанието итн. Од тие причини, Илинденското востание, а воедно и македонското прашање, станале една од водечките теми на надворешната политика на речиси сите позначајни политички дневници ширум светот. Огромен придонес за актуелизирање на Илинденското востание, како еден од најзначајните медиумски настани во текот на 1903 г., дале некои од најголемите светски новински агенции: британската „Ројтер“ (*Reyters*) и француската „Авас“ (*Avas*), како и австралиските весници *The Sudney Morning Herald*, *The age* и *Daily Telegraf.*[88] Овие новинарски агенции имале воспоставено широка мрежа на специјални известувачи ширум Македонија, а главно се наоѓале во поголемите

[87] В. Стојчев, цит. дело, 472.
[88] Н. Киров Мајски, цит. дело, 79–81.

градови во Македонија и во соседните држави.[89] Виенскиот весник *Ди Цајт* со негодување пишувал дека Османлиската Империја, и покрај масовната мобилизација на 200 000 војници во однос на неколку илјади востаници, не била во состојба да воведе ред во Империјата по избувнувањето на Илинденското востание.[90]

Улогата на светскиот печат во ширењето на вистината за Македонија е несомнена. Американскиот печат со големо внимание го следел пишувањето на познатите дописници, Мур од *Њујоршка трибина*, и Линч, кој бил дописник на повеќе американски весници, кои со своите дописки и статии објавувани во други печати, придонеле американската јавност да се запознае со вистинската состојба во Македонија во времето и по завршувањето на Илинденското востание. Британскиот печат во детали се осврнувал на настаните во Македонија во времето на Илинденското востание.[91] Во овој период, со своите дописки особено се истакнале: Хон Макдоналд, политички дописник на *Daily News*, А. Г. Хелс, воен дописник на истиот весник и учесник во востанието, Хемс Баучер, специјален дописник на *Times*, Х. Брејлсфорд, известувач на *Manchester Guardian* и други.[92] Во најголемиот дел написи во печатот се чувствуваат симпатиите и солидарноста со ослободителната борба на македонскиот народ. Повеќето од горенаведените весници Илинденското востание го окарактеризирале како *„сеопшта револуција"*. Најголемо внимание за Македонија посветил познатиот социјалистички весник *La Petit Republique*, со кој соработувале високи француски дописници и коментатори, меѓу кои и Жан Жорес. Не помал интерес пројавил и познатиот италијански социјалистички весник *Аванти*, кој се залагал за праведно решавање на македонското прашање. Од руските весници и печати особено се истакнувал *Искра*, орган на руските болшевици и уредуван од В. И. Ленин.

Особено внимание за Македонија предизвикале статиите на познатиот пролетерски водач Димитар Благоев, објавени во *Искра*. Во една негова статија од 15 септември 1903 г., тој остро ја напаѓа руската политика и нејзиното влијание врз внатрешната и надворешната политика на Бугарија, истакнувајќи дека ослободувањето на Македонија би претставувало пораз за руската влада и рускиот монархизам. Според неговите зборови, со давањето полна автономија на Македонија, би се овозможил мирен развиток на балканските држави, а тоа би претставувало поттик за нејзин натамошен развиток.[93] За Илинденското востание мошне изразито внимание било посветено и во британскиот Парламент. На заседанието на Долниот дом на Парламентот на 14 август 1903 г., еден либерален пратеник изјавил дека „симпатиите на оваа земја се со угнетените, а не со угнетувачите".[94] Британскиот журналист Хенри Ноел Браилсфорд, кој во 1903/4 г. престојувал во Македонија, рекол дека „речиси не постои село во Битолскиот вилает кое масовно не се приклучило на македонската револуционерна организација".[95] Одзивот на Илинденското востание придонело за уште поголемо запознавање на светската јавност со македонското ослободително дело, кое во крајна линија значело ново афирмирање на македонското прашање во меѓународните рамки.

Иако било задушено, Илинденското востание во голема мера економски ја истоштило Османлиската Империја, која во овој период потрошила големи средства од буџетот потребни да ангажира војска од 350 000 души, која требало да се униформира, опреми со оружје и транспотира во Македонија од различни краеви на Империјата. Од друга страна, неспорен факт е дека Илинденското востание многу ги забрзало процесите на општествено-социјалните промени во Империјата, што подоцна, на некој начин ја предизвикало и Младотурската револуција, доведувајќи непосредно и до

---

[89] М. Треневски, цит. дело, 5–8.
[90] М. Пандевски, *Илинденското востание во Македонија 1903*, 85.
[91] Х. Андонов Полјански, *Одзивот на Илинденското востание во светот*, 3–5.
[92] Н. Киров Мајски, цит. дело, 80–82.
[93] Х. Андонов Полјански, *Одзивот на Илинденското востание во светот*, 4–6.
[94] Исто, 11–12.
[95] H. N. Brailsford, *Macedonia: Its Races and Their Future,* London 1906, 112–113.

распаѓање на Империјата. Со поразот на востанието започнало масовно иселување на македонскиот народ кон соседните земји, Бугарија, Австро-Унгарија и Централна Европа, но исто така и кон Соединетите Американски Држави и Канада.[96]

## 2.1 Младотурската револуција и Македонија

Во периодот од 1903 до 1908 г., голем дел од македонските револуционери биле убиени или затворени во османлиските затвори. Дел од нив, за да не бидат откриени, својата револуционерна дејност ја остварувале во странски земји. Мала искра на надеж за ослободување од Османлиите или за добивање на автономија во рамките на Османлиската Империја, се јавува за време на Младотурската револуција од 1908 г., која се кренала против деспотскиот режим на султанот Абдулхамид II,[97] кој бил присилен да ја возобнови конституционалната форма на владата формирана во текот на 1876 г., и суспендирана од него во 1878 г.[98]

Прекумерната експлоатација, апсолутистичкиот деспотизам, отсуството на елементарни демократски права и слободи, деградирањето на Османлиската Империја во полуколонија на европскиот капитализам, лошата финансиска состојба, корумпираноста на бирократијата и нарушувањето на дисциплината во војничките редови, биле главните причини за неодложна преобразба на Османлиската Империја, која е позната под терминот „Младотурска револуција“.[99]

Незадоволството во војничките редови на османлиската војска било предизвикано од повеќе причини, како долгото времетраење на службата во краишта кои биле далеку од родните места, нередовно добивање на плати, лоша исхрана, крајно нечовечки однос кон војниците итн. При отпуштањето на војниците во текот на пролетта 1908 г., избувнала побуна во битолскиот гарнизон, која се ширела со големи закани, бидејќи воените дезертери ги зеле со себе своите пушки и муницијата. Младотурското влијание и идеи сè повеќе се ширеле во гарнизоните на Скопскиот вилает (Скопје, Велес, Штип, Крива Паланка и во други градови).

Во македонските народни манифестации, 24 јули 1908 г., е одбележан како почеток на слободата, на „хуриетот“, односно воспоставување на уставно-парламентарниот режим во Македонија. Еден ден по прогласувањето на Уставот, на 25 јули 1908 г., од солунските затвори биле ослободени сите политички затвореници, кои се вратиле во своите домови ширум Македонија. Неколку дена пред тоа, командантот на османлискиот гарнизон во Ресен, Ахмед Нијази-беј, го кренал овој гарнизон на востание започнувајќи вооружена борба, а нешто подоцна му се приклучил и офицерот Енвер-беј со својата воена единица од солунскиот гарнизон.[100]

Таткото на модерна Турција, Мустафа Кемал (Ататурк), учествувал во Младотурската револуција од 1908 г., но како второстепена личност. Додека работел во Сирија (1905 – 1907), во оној судбоносен момент на неговото отсуство од Македонија, каде што најмногу се експонирала Младотурската револуција, тој не само што не успеал да го заживее основаниот од него комитет „Татковина и слобода“ во 1906 г., туку ги изгубил и шансите да фати клучни позиции во младотурското движење и во комитетот „Единство и напредок“. Дел од младотурските лидери со доминантни позиции во младотурската конспирација биле Енвер-беј, Џемал-беј, Талат-беј и др., во кои Кемал Ататурк гледал личности кои се бореле да го урнат султанскиот апсолутизам и

[96] И. Катарџиев, *Македонија и Македонците во светот*, 22.
[97] G. Dyer, „The Origins of the ’Nationalist‘ group of officers in Turkey 1908–1918“, *Journal of Contemporary History*, no. 8, 1973, 121.
[98] Y. M. Choueiri, „Nationalisms in the Middle East: The Case of Pan-Arabism“, *A Companion to the History of the Middle East*, Oxford 2005, 303.
[99] M. Şükrü Hanioğlu, *A Brief History of the Late Ottoman Empire*, Princeton 2008, 147.
[100] G. Dyer, цит. дело, 122–125.

деспотизам, да воведат парламентарна демократија во Империјата, но веднаш потоа се застапувале за неделивоста на огромната Империја, на чиешто чело повторно бил султанот. Нивните залагања биле да се задржи бројниот конгломерат на народности и конфесионалното шаренило, а муслиманско-христијанските целини да се слеат во единствена отоманска нација. За Ататурк тоа било нереална и изживеана илузија, прегазена од времето, сметајќи дека идеологијата треба да се реализира со револуција и преобразба на Турско-османската Империја. Своите начела и идеи за реформи и преобразба на Империјата, Ататурк ги искажал и пред избувнувањето на јулската Младотурска револуција, во разговорот со претставникот на македонското национално-ослободително движење, кукушанецот Иван Манолев, во 1907 г., како и во Солун пред насобраните истомисленици: „Ве повикувам на овој апсолутистички режим да одговориме со револуција, да го собориме, за да ја ослободиме татковината, а народот да го направиме господар на својата судбина“.

Младотурската револуција најпрвин се одвивала во градовите ширум Македонија, а Солун и Цариград иницијално ја играле улогата на главен играч во однос на останатиот дел од Османлиската Империја.[101] Нијази-беј за кратко време успеал да воспостави востаничка власт во поголемиот дел од западна Македонија (Дебарско, Струшко, Охридско, Преспа), како и во делови од Албанија. Ноќта на 22 јуни 1908 г., востаничките сили, кои броеле близу 3000 војници, влегле во Битола каде ја превземале власта и ги ослободиле политичките затвореници, од кои повеќето биле Македонци. Во Кичево бил формиран одред од востаничка милиција составена од Македонци, Албанци и младотурци, кои преку Прилеп се упатиле кон Битола.

Јане Сандански, со својот одред, искрено ја прифатил подадената рака на младотурците, останувајќи, меѓутоа, на ставот дека не треба да се дозволи претопување во младотурското движење.[102] Истовремено, тој настапил со низа барања за разрешување на актуелните проблеми во Македонија.[103]

Султанот Абдулхамид II, уште на самиот почеток се обидел да ја задуши младотурската револуција, но испратените војски во Македонија ја откажале својата послушност. Наоѓајќи се во безизлезна ситуација, Абдулхамид II бил принуден да го одобри Уставот на Османлиската Империја, изработен во првите денови на неговото владеење во 1876 г., кој пред триесет години лично го суспендирал. Уставот свечено стапил на сила на 24 јули 1908 г., а овој ден бил прогласен за ден на „хуриетот“, односно ден на слободата, со кој и МРО сметала дека ќе се стекнат одредени услови за добивање на посакуваната автономија на Македонија.

Во фондот „Турција 156“, кој се наоѓа во Националниот архив на Република Германија, опфатени се документи кои се однесуваат на соопштенијата на ВМРО до Младотурскиот комитет, Програмата на Младотурскиот комитет од 13 точки, Програмата на Јане Сандански од 14 точки, изборите во Османлиската империја и други документи.[104] Младотурското раководство не се покажало докрај реално во своите цели за зајакнување на придобивките од револуцијата и нејзиното натамошно водење и со своите ставови не ги заштитило националните интереси на македонскиот народ, оставајќи го и понатаму да биде жртва на апетитите на балканските народи. Освен тоа, на парламентарните избори кои се одржале во декември 1908 г., младотурците не ја развластиле наполно позицијата на султанот, кој и натаму останал на престолот како „уставен владетел“. Користејќи ја оваа поволна позиција, султанот Абдулхамид II, во текот на 13 и 14 април 1909 г., со помош на активирањето на цариградските воени единици под команда на реакционерните офицери, успеал за кратко време да ги

[101] T. Ramavarma Ravindranathan, „The Young Turk Revolution – July 1908 to April 1909: Its Immediate Effects“, Utah State University 1965, 8.

[102] К. Битоски, *Дејноста на Пелагониската митрополија (1878 – 1912)*, Скопје 1968, 270–271.

[103] М. Пандевски, „Јане Сандански – политички стратег и организатор на македонското револуционерно ослободително движење“, *Историја*, год. XXI, бр. 1, Скопје 1985, 44.

[104] Република Германија, Фонд: Турција 156; Акти кои се однесуваат на ситуацијата во Македонија /1878 – 1942/, сигнатура: LXXXVII/1043, 10. 1908.

протера Владата и Парламентот.[105] Уставот го укинал, а дел од истакнатите младотурски водачи падналe како жртви во Цариград. Во ваква неповолна ситуација, младотурските сили, помогнати од доброволните одреди составени од Македонци, Турци и Албанци, по тридневни жестоки борби, го скршиле отпорот на османлиската војска. Со ова бил одбранет уставниот режим на Османлиската Империја, а Абдулхамид II бил детрониран. На местото на султанот Абдулхамид II бил устоличен неговиот брат Мехмед V, како резултат на огромниот притисок и желба од страна на младотурците. Остварувајќи ја својата основна цел, младотурците се насочиле кон модернизација на општеството, што практично било посветено на урбанизација, индустријализација, земјоделството и секуларизација на државата.[106]

Во задушувањето на дејствијата на османлиската војска, младотурците побарале помош и од Народната федеративна партија во Македонија, предводена од Петар Поп Арсов, Јане Сандански, Тодор Паница, и Христо Чернопеев. Како предводник на доброволните македонски одреди се истакнал Јане Сандански,[107] кој во контекст на ова, во ноември 1907 г., изјавил: „Јас не очекувам скорешно ослободување на Македонија. Тоа може и да не дојде во моите дни, но јас сакам да го зачувам народот и да го организирам, и ако тоа така остане, тогаш тој и без мене ќе си ја извојува слободата“.[108]

За време на Контрареволуцијата од 1909 г., Мустафа Кемал Ататурк инсистирал да се формира армија за брза акција, за да не се мешаат никакви други сили и контрареволуцијата да се ограничи само во Истанбул. Во својство на началник на Штабот на контрареволуционерната армија, предводејќи ја резервната (редифска) дивизија, заедно со македонските 1200 доброволци предводени од Јане Сандански (Сандан-паша), откако ја изработил „Прокламацијата до војската во Истанбул“, активно учествувал во борбите за ликвидирање на султанската контрареволуција. По успешната контрареволуција, младотурските лидери секогаш го држеле понастрана „опасниот човек“, Мустафа Кемал, кој им давал бројни забелешки за обесправената положба на поробените народи, укажувајќи им дека тие еден ден ќе ја извојуваат својата слобода, како и тоа дека Османлиската Империја ќе го симне „фереџето“ и ќе стане модерна европска држава.

Македонската левица, предводена од нејзиниот лидер Јане Сандански, поднела нова програма, чија основна идеја било барањето за обласна самоуправа во Македонија, во рамките на реформираната Османлиска Империја.[109] Движењето кое го предводел Јане Сандански не се задоволувало со постојниот османлиски Устав, кој бил застарен и конзервативен. Сандански барал враќање на одземените шуми и земји на нивните македонски сопственици, како и решавање на чифлигарското прашање. Сите овие барања, според горенаведената програма, Сандански му ги поставил на османлискиот воен министер Махмуд Шефкет-паша и големиот везир Хусеин Хилми-паша, од кои добил и соодветни позитивни решенија и ветувања, кои, меѓутоа, не се реализирале.[110]

Учеството на македонските доброволни одреди во борбата за симнување на апсолутистичкиот режим на султанот Абдулхамид II биле директно насочени против османлиската власт, а нивната крајна цел било извојување на македонската независност. Напорите на раководството на МРО за време на Младотурската револуција биле насочени кон создавање на автономна Македонија. Но, од друга страна, акциите на младотурците за разоружување, силно ја погодило и без тоа

[105] F. Ahmad, *The Young Turks: The Committee of Union and Progress in Turkish Politics, 1908 – 1914*, Oxford 1969, 7–8.
[106] M. Şükrü Hanioğlu, *The Young Turks in Opposition*, New York 1995, 7.
[107] М. Пандевски, *Јане Сандански*, Скопје 1968, 3–5.
[108] Ibid., „Јане Сандански – политички стратег и организатор...“, 47–48.
[109] Ibid., *Јане Сандански*, 23–25.
[110] F. Ahmad, цит. дело, 1–13.

кревката структура на Народната федеративна партија, која поради ова, во текот на 1910 г., конечно згаснала.[111]

### 2.2 Расколот во ВМОРО пред Балканските војни

Младотурската револуција од 1908 г., иако ограничена на националното, ослободителното и работничкото движење, претставувала историски пресврт кој отворил нови перспективи и можности за демократско решавање на македонското национално прашање во рамките на реформираната и демократизирана Османлиска Империја. Меѓутоа, отвореното агресивно мешање и притисок на големите сили и балканската буржоазија, го спречиле успешното довршување на самата револуција. Внатрешните сили, особено младотурците, не биле доволно силни да се спротивстават на надворешните притисоци и мешање. Во тие судбоносни моменти за Македонија, и македонското национално-ослободително движење било изложено на напади од бугарскиот двор и буржоазија.

Најдоследните македонски револуционери за самостојност и ослободителната борба, предводени од Народната федеративна партија, воспоставиле корисна соработка со младотурците. Заради надворешното мешање и негативното влијание на соседните социјалдемократски партии, а особено на бугарската, македонските социјалисти уште повеќе биле подвоени околу поддршката на македонското ослободително движење. Само групата социјалисти околу Димо Хаџи Димов, продолжила да учествува во движењето, и преку Народната федеративна партија развивала интензивна активност за демократско решавање на македонското прашање. Во почетокот, оваа соработка довела до издејствување на нови привилегии. Така, прв пат во историјата на отоманскиот Парламент, македонските социјалисти земале учество во младотурскиот Парламент, во кој ги застапувале правата на отоманскиот пролетаријат и на целиот народ и народности. Во одбрана на извојуваните привилегии, тие, и покрај тоа што не биле сосема задоволни со младотурците, земале активно учество во загушувањето на турската контрареволуција во 1909 г.[112] Меѓутоа, во понатамошните извојувања на нови придобивки, биле спречени со избувнувањето на Балканските војни.

Македонските социјалисти не ги одобрувале започнатите војни како средство за решавање на македонското прашање, и воопшто, на спорните прашања. Наместо тоа, тие се залагале за признавање на Македонија како слободна држава, или во рамки на идната балканска федерација.[113] Со делбата на Македонија помеѓу балканските буржоазии, македонскиот народ, наместо долго очекуваното ослободување, доживеал ново, уште полошо ропство, и најголема национална трагедија во својата историја, чии последици се чувствуваат до денес.

Во натамошните метаморфози на терористичкото крило на ВМОРО, тоа продолжило во сè да ја следи политиката на бугарската држава спрема Македонија и пошироко, кон Османлиската Империја. Врховизираната десница ќе го узурпира и безочно ќе го експлоатира името на ВМОРО, но повремено и ќе го изостава, барем формално, во зависност од конкретните политички околности. Во текот на 1910 – 1911 г., стануваат значајни политичките поместувања во Македонија, во Турција и на Балканот, кои се рефлектираат и врз организацијата нарекувана ВМОРО, а со деградација на младотурскиот режим по 1910 г., предизвикала ново разочарување, особено кај селанските маси на македонскиот народ, кое било дотолку поопасно што

---

[111] М. Пандевски, *Младотурската револуција и Македонија*, Скопје 1968, 15–16.
[112] Ibid., „Јане Сандански – политички стратег и организатор...“, 41–44.
[113] О. Иваноски, „Раднички покрет Македоније према македонском ослободилачком покрету 1893 – 1918“, *Ослободилачки покрет југословенских народа од XVI века до почетка Првог светског рата*, књ. 1, Београд 1976, 341–342.

доаѓало по силно разбудените надежи во хуриетските денови. Таквите надежи посебно биле погодени од аскерските блокади, во акциите за насилно одземање на скриеното оружје во летото 1910 г. Јане Сандански, кој уживал авторитет и кај Турците, применувајќи комбинирани средства на одбрана, успеал да го спаси Серскиот округ од новите аскерски зулуми, додека насилствата најтешко го погодиле Битолскиот и особено, Скопскиот округ, што не било случајно.

На почетокот на октомври 1911 г., Италија отворила војна против Турција во Триполис и Киренаика (денешна Либија), која потоа се проширила и на Додеканеските Острови спроти Малоазискиот брег, додека албанските патриоти, во борбата за автономија во Северна Албанија и на Косово по 1909 г., секоја пролет одново се фаќале за оружјето. Сето тоа ги поттикнало четирите балкански кралства интензивно да се подготвуваат за претстојната војна.[114] Поместување на силите се случило и во редовите на левицата. Во почетокот на јануари 1910 г., Христо Чернопеев се одметнал во спротивниот табор, внесувајќи нов раскол и узурпирајќи си го правото да го застапува Струмичкиот округ на ВМОРО. Во меѓувреме, веќе остарениот Христо Матов му го отстапил првото место на помладиот и динамичен Тодор Александров. Меѓутоа, обединувањето на десницата не одело сосема лесно. Недовербата кон група офицери од некогашниот ВМК на чело со Александар Протогеров, барала време за да се надмине. Најпосле, во март 1910 г., на еден поширок собир во Софија, било донесено решение да се обнови Централниот комитет, што ќе се нарече „новото ВМОРО" и да се обнови четничката активност во Македонија. Потоа, по пат на допишување, во ЦК се нашле Тодор Александров, Христо Чернопеев и Петар Чаулев (подоцна, ова самоназначување од некои кадри, ќе биде остро оспорувано). Александар Протогеров подоцна добил место на резервен член. Меѓутоа, до активирањето на ВМОРО дошло по есента 1911 г. Во октомври истата година, Централниот комитет, со посебен мемоар, ги известил конзулите на шесте европски сили дека ВМОРО е обновена, по што уследиле терористичко-субверзивни дејствија во Македонија. Во исто време, како рефлексија на бугарско-грчкото државно зближување, се јавило координирање на акциите со грчко-андартските чети во јужниот појас на Македонија.[115]

Во периодот од октомври 1911 г., па сè до отворањето на воените операции, четите на ВМОРО извршиле серија атентати со бомби, динамит и други темпирани направи врз железници, мостови, седишта на државни органи, џамии, пазаришни мегдани и сл. Градот Штип прв ги искусил ударите на двете повторно конфронтирани страни. Тој доживеал два атентати – во февруари и во декември 1911 г. Во вториот напад се нашла на удар една џамија, а загинале и биле ранети повеќемина Турци, меѓу кои и едно дете. Во одмаздата биле убиени 20 и ранети 309 штипјани, а подоцна десетмина биле обесени во Штип и во Кочани. Во текот на 1912 г., биле извршени повеќе атентати во Битола, Кичево, Крушево, Ресен, Прилеп, Охрид, Кавадарци и на други места. Бомби биле откриени и во Солун.[116] Експлозијата на темпирана бомба на пазарен ден во Дојран, предизвикала тешки последици, кога загинале повеќемина Турци и неколкумина Македонци. Масакрот што се случил во Кочани, на 1 август 1912 г., ги надминал сите. Војници од месниот гарнизон убиле 38 Македонци, меѓу кои и неколку деца, а раниле 466 луѓе, главно пазарџии од околните села. Од двете бомби загинале и петмина Турци. Потресни се сведоштвата на очевидците за кочанската крвава бања. Со кочанскиот случај, како наводна причина за објавување на војната, и денес манипулираат бугарски и српски автори, кои ја осудуваат само османлиската страна, а ги амнестираат моралните виновници. Кочани и Штип нашле место и во

---

[114] *Историја на македонскиот народ*, 221.

[115] О. Ивановски, цит. дело, 341–342.

[116] М. Пандевски, „Македонската револуционерна организација меѓу 1893 и 1918 година: формирање и развој", *Прилози на МАНУ* – Одделение за општествени науки, XXIV/2 (1993), 37–38.

Манифестот на цар Фердинанд, со кој го повикувал бугарскиот народ во божемна ослободителна војна.[117]

Атентатите имале повеќенаменска цел и на внатрешен и на меѓународен план. Ќе се задржиме на само една од нив, која, како по правило, се изостава. Се ценело дека со доведувањето на македонскиот народ во положба на незаштитена жртва, гонета од сите и од секаде, смртно исплашена, збркана, ќе биде парализирана и неговата волја за одбрана; дека тоа ќе предизвика да ги прифати како свои „ослободители“ новите балкански освојувачи, а вниманието ќе му биде свртено исклучиво против непосредниот османлиски угнетувач, зад чиј грб се криеле претстојните поробувачи. Упропастените народни маси само така можело да станат плен за освојување, па дури и да бидат ангажирани во антиосманлиската војна што забрзано се подготвувала.

Со цел за натамошно обезглавување и заплашување на луѓето, продолжените раце на антимакедонскиот заговор продолжиле да посегаат по животот на народните првенци од редовите на левицата. Во август 1909 г., во Солун, терористи на ВМОРО го раниле Јане Сандански (по втор пат), Стојо Хаџиев и малешевскиот војвода Герасим Огњанов од групата на „Струмичаните“. Кај Струмица паднале две жртви, Костадин Самарџиев-Џемото и Атанас Караманов, при одметнувањето на Чернопеев. Спроти војната, терористите го убиле Добри Даскалов, на прагот на татковата куќа во Кавадарци, а потоа и видните сanдaнисти, Стојан Пашкулев и Костадин Алакушев, во Неврокопско, илинденскиот доброволец од Црна Гора во четата на Ѓорче Петров, Јово Јовановиќ во Битола и многу други. Пере Тошев бил протеран од егзархиските лакеи од Солун и загинал од турски раце на пат за Прилеп, во мај 1912 г. Од рацете на муслимански злосторници во тие години загинале војводата Васил Аџиларски во Скопје, Глигор Љаме (Соколовиќ) во Прилепско, кој одамна бил во служба на српската пропаганда; потоа стариот поречки бунтивник Мицко, кого го намамила истата српска пропаганда, и други. Само Јане Сандански, со големи напори, по 1910 г. успеал колку-толку да ги зачува кадрите и народот од ударите на терористите и од неизбежните османлиски противудари на своето акционо подрачје, но и Серскиот округ не можел да биде мирна оаза во зовриениот македонски казан.[118]

Најкусо речено, подалекусежната улога на „постхуриетската ВМОРО“ беше да се испровоцира турското и друго муслиманско население; да се дезорганизира власта; да се создаде една неподносливо хаотична состојба за однатре, па и на меѓународен план, да ги подготви нужните предуслови за отворање на освојувачката Прва балканска војна. Со тоа се отворија вратите и се расчистија патиштата кон Македонија на сојузените балкански армии.

До истиов заклучок се доаѓа и кога активистите на ВМОРО се осветлуваат од аспект на меѓународните реперкусии. Амбициозните челници на ВМОРО се впуштиле и во водите на високата политика. Тодор Александров, во Мемоарот до европските влади, ја споменува автономијата на Македонија како барање, но, истовремено, тројца членови на Централниот комитет, во меѓусебните писма, се поздравуваат со „целокупна Бугарија“. Тие ги отфрлаат границите на Турција, кои сѐ уште биле гаранција за територијалниот интегритет на Македонија, погазувајќи ги заветите на Гоце Делчев и предупредувањата на Јане Сандански, дека македонското прашање никогаш нема да се разреши, ако се поставува како „прашање на бугарското обединување“. Тие се креваат и против одредбите на меѓународниот Берлински договор од 1878 г., застанувајќи на позициите на тогаш анулираниот Санстефански мировен договор, и се впуштаат во матните води на претстојната војна, поттикнати од Италијанско-Турската војна, од албанските востанија, и од воените подготовки на балканските сојузници. Тие во сѐ ја прифаќаат бугарската опција за разрешување на македонското прашање, со што дефинитивно раскинуваат со идејното и борбено наследство на „старото ВМОРО“.

---

[117] Забележлив е и фактот што атентатите биле извршени во акционите подрачја на „новата ВМОРО“, во Скопскиот и во Битолскиот округ. Новите „револуционери“ се покажале на дело.

[118] М. Пандевски, „Македонската револуционерна организација меѓу 1893 и 1918 година: формирање и развој“, 37–39.

Започнувањето на Првата балканска војна, на 18 октомври 1912 г., од корен ги изменило условите за формите и активностите на кадрите на ВМОРО. За Бугарија настапил период на војни и нови воени подготовки, чиишто фази сукцесивно се менувале, исполнувајќи ги наредните шест години. За време на Балканските војни, врховистичката струја на ВМОРО, во чекор ќе ја следи освојувачката политика на бугарската држава. Притоа, како примарна се поставила задачата за што помасовно ангажирање на добоволци од средината на македонската емиграција, во петнаесетината одреди (дружини) на познатото Македонско-одринско ополчение, кое ја надминувало бројката од 16 000 души.

Напоредно со тоа, во првите денови на февруари 1912 г., во Софија бил формиран т. н. „Бугарски народен сојуз“, со цел да ги раздвижи и да ги подготви бугарските граѓани и емигрантските маси за поддршка и учество во војната. Десет дена по кочанскиот колеж, овој Сојуз организирал повеќеилјаден општограѓански собир, со повици за отворање на „крвавата борба со Османлиската Империја“. Во јули истата година, бил одржан Општ конгрес на т. н. македонски благотворни братства, од кој произлегол „Комитетот на македонските братства“, на чие чело застанал Александар Протогеров. Потоа, во текот на неколку месеци, ополчението било органзирано, вооружено и набрзина обучено. Со ополченските единици командувал бугарскиот генерал-мајор од резервата, Никола Генев, а началник на Штабот станал мајорот Петар Дрвингов. Значајна улога во организирањето на ополчението имал Александар Протогеров, зашто и самиот бил офицер со висок чин (во 1918 г. станал генерал). Во ополченските дружини се влеале доброволци со најразлични идејни определби, делумно вклучени во Македонија или дојдени од македонските колонии во други земји, поради што некои можеле и да се спротивстават на освојувањето на Македонија од грчките и српските сојузници. За да се одбегне ваквата евентуалност, уште на почетокот на војната, со посебна наредба, тие биле испратени на тракискиот фронт, каде што добиле неколку битки. Со други зборови, биле бездушно изманипулирани. Подоцна, во 1919 г., печатениот орган на Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО (на Ѓорче Петров и Д. Хаџи Димов), ќе одбележи дека ополченците „беа одведени да си ја пролеваат крвта по крџалиските чукари и тракиските полиња со перфидната цел Македонија да остане без сведоци на она што ’сојузниците‘ го правеа во неа“.[119] Тројца членови на ЦК на ВМОРО – Александров, Чаулев и Чернопеев – сесрдно се ангажирале во организирање и раководење на четите, а тоа и дотогаш го правеле. Но сега четништвото било неспоредливо помасовно и претставувало значителна воена сила. Еден дел од четите, при започнувањето на војната, се нашол на османлиска територија и дејствувал во заднината на османлиската војска, а друг настапувал како претходница, и преку Тодор Александров бил потчинет на бугарската воена команда. Нивниот боречки и војводски состав бил изграден во пазувите на ВМОРО, особено во повостаничките години, па, оттука, командните позиции им биле доделени на раководители со врховистичка идеологија. Кон тоа може да се додаде дека во услови на војната, четите битно го менувале карактерот на своите дејствувања: дотогаш биле само предизвикувачи на војната, но сега, наоѓајќи се во заднината на османлиската армија, станале македонски учесници во војната, но без регулиран статус на петти балкански сојузник.[120]

По силата на околностите, во војната се вклучил и Јане Сандански, со самостоен одред од околу 500 доброволци од Серскиот округ.[121] За дејствувањето на Сандански во претходниот период, располагаме само со неколку податоци: прво, сè додека не бил загрозен од османлиската опасност по бугарската мобилизација, живеел во Роженскиот

[119] Ова изразило револт кај илјадници чесни и подмамени македонски доброволци во војната против Османлиската Империја, што многу подоцна го тврди и Ангел Динев, секретар на чета на ВМОРО, како и други учесници во тие настани.
[120] М. Пандевски, „Македонската револуционерна организација меѓу 1893 и 1918 година: формирање и развој“, 36–40.
[121] *Историја на македонскиот народ*, 223.

манастир и бил лојален граѓанин на Османлиската Империја; второ, тој одбил да се постави под команда на Тодор Александров, иако бил принуден да соработува со бугарската дивизија која настапувала по долината на Струма и трето, во Солун, во кругот на високи бугарски офицери, Сандански наздравил за самостојна Македонија. Во јуни 1913 г., тој самостојно се ангажирал да го брани народот од грчките окупатори, кои се приближувале кон „неговите“ реони. Со врховистичката струја на ВМОРО и со нејзиниот четнички тероризам дефинитивно раскинал уште во 1908 г., поради што во април 1915 г., бил конечно ликвидиран, после неколку претходни неуспешни атентати врз него.

### 2.3 Балканскиот сојуз и почетокот на Првата балканска војна

Двата антагонистички блока, Антантата и Тројниот сојуз, имале силно и постојано влијание врз балканските земји, што силно влијаело и на нивните меѓусебни врски. Истовремено, овие држави својот развој и проширување го гледале исклучиво преку територијални проширувања кон соседите, односно, првенствено кон Македонија.

Токму овој заеднички интерес на балканските антагонистички политики, нужно иницирал владите на овие држави интензивно да работат, како во јавната, така и во тајната дипломатија, за градење на што подобри позиции и договори за идната поделба на остатоците од Отоманската Империја.

Градењето сојузи меѓу балканските држави не било нова практика. Имено, Бугарија и Србија, уште во 1889 г., склучиле договор за заедничко дејствување против Турција, кој бил обновен во 1897 г. и во 1904 г. Овие договори биле основата, односно темелот врз кој подоцна ќе се гради стратегијата за конечното разнебитување на Отоманската Империја. Всушност, тие договори повеќе биле резултат на моменталната политичка и безбедносна потреба на двете влади, отколку израз на заеднички утврдена политика. Двете влади, и покрај постоењето на заеднички утврден договор, продолжувале да спроведуват дивергентни, а на моменти и антагонистички политики.[122]

Уште во почетокот на 1911 г., започнала да се чувствува сè поголема неизвесност и состојба на напнато исчекување, како и нескриена надеж, дека токму една од балканските држави ќе биде таа што ќе го добие највредниот дел од наследството – територијата на Македонија

Првата Балканска војна била подготвена преку воени конвенции и преговори меѓу Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора, кога овие држави, со потпишување на двострани договори во текот на 1912 г., го формирале т. н. Балкански сојуз за војна против Османлиската Империја, за освојување на нејзините балкански владенија. Сојузот бил создаден со залагање и со помош на Русија,[123] а поинтензивни преговори започнале есента 1911 г., во време кога Османлиската Империја била во воен кофликт со Италија (29 септември 1911 – 18 октомври 1912 г.). Особено компликувани биле преговорите меѓу Бугарија и Србија, заради несогласувањата околу идната поделба на територијата на Македонија. Под силен притисок на Русија, двете страни биле принудени на разни отстапувања. Еден од условите за потпишување на спогодбата со Србија, бил Бугарија да се откаже од решенијата на прелиминарниот Санстефански мировен договор, и да ѝ го признае правото на Србија на дел од македонската територија.[124] Договорот за сојуз и пријателство меѓу Бугарија и Србија, бил потпишан

---

[122] Ј. Донев, цит. дело, 51.

[123] R. C. Hall, *The Balkan Wars 1912 – 1913: Prelude to the First World War*, London and New York 2000, 11.

[124] Тоа во време на интензивната пропаганда и подготовките за војната, бугарската влада максимално ќе го искористи. Договорот со кој Бугарија се откажала од решенијата на прелиминарниот Санстефански мировен договор и алтернативата дека на Македонија ќе ѝ се

на 13 март 1912 г., со кој двете страни заемно си гарантирале државна независност и територијален интегритет.[125] Овој Договор бил придружен со Таен анекс, според кој, Бугарија го задржува правото на јужниот дел од Македонија, вклучувајќи ги Охрид, Прилеп и Битола, додека територијата на северниот дел од Македонија, вклучувајќи го и градот Скопје, била прогласена за „спорна“, за која, како арбитер, требало да реши руският цар, во случај двете страни да не можат да дојдат до заемен договор за поделба.[126]

„ТАЕН АНЕКС

Кон Договорот за пријателство и сојуз меѓу Царството Бугарија
и Кралството Србија
Софија, 29 април/13 март 1912 година

Во случај на внатрешни немири во Турција кои би ги довеле во опасност националните или државните интереси на договорните страни, или на една од нив, како и во случај на внатрешни или надворешни тешкотии, во кои би се нашла Турција, а со тоа би се довело во прашање зачувувањето на status quo-то на Балканскиот Полуостров, онаа од двете договорни страни што прва би се убедила дека заради тоа ќе треба да се преземе воена кација, ќе треба да ѝ се обрати на другата страна со мотивиран предлог, а таа е должна веднаш да стапи во размена на мислења, и, ако не е согласна со својата сојузничка, да ѝ даде мотивиран одговор.

Ако се постигне согласност за акција, таа согласност ќе треба да ѝ се соопшти на Русија, и во случај таа да не се спротивстави, акцијата ќе биде преземена, сообразно со постигнатата спогодба, раководејќи се во сѐ од чувствата на солидарност и заедништво на интересите. Во спротивен случај, ако не се постигне спогодба – и двете страни ќе се обратат за мислење на Русија, чиешто мислење, ако и доколку Русија се произнесе, ќе биде задолжително за двете страни. Во случај Русија да се воздржи од давање на мислење и ако согласност меѓу двете договорни страни, дури и по тоа, не може да се постигне, тогаш онаа од двете страни, која е за акција ќе се ангажира на сопствен ризик, а другата страна ќе треба да сочува пријателска неутралност во однос на својата сојузничка, да спроведе веднаш мобилизација во рамките предвидени со воената конвенција и да ѝ пружи со сите свои сили помош на својата сојузничка, ако некоја трета страна застане на страната на Турција.

Член 2

Сите територијални зголемувања, што би се реализирале преку една заедничка акција во смисла на член 1 и член 2 од Договорот и според член 1 од овој Таен анекс, ќе се најдат под condominium на двете сојузни сили. Нивното ликвидирање ќе стане, без одлагање, во рок од максимум три месеци по склучувањето на мирот и врз основа на следниве основи: Србија ѝ го признава на Бугарија правото на териториите на исток од Родопите и на реката Струма; Бугарија ѝ го признава на Србија правото на оние територии што се наоѓаат на север и запад од Шар Планина. Што се однесува на териториите меѓу Шар, Родопите, Егејското Море и Охридското Езеро, ако двете страни се уверат дека нивното организирање во една одделна автономна област е невозможно поради други причини од надворешен или внатрешен вид, тогаш со тие територии

---

даде автономија, било решавачко македонската емиграција, интелигенцијата и речиси сето население, да се определи во Првата балканска војна да учествува на страната на Бугарија.

[125] Основата на сите црковно-просветни, дипломатско-политички и оружени акции на Србија и на Бугарија во Македонија, кои најпосле ќе доведат до потпишување на Сојузниот српско-бугарски договор од 13 март 1912 г. , бил нивниот претходно склучен Заклучен договор од 12 април 1904 г. , кој станал база за позабрзано подготвување на договорните страни за воена интервенција против Турција, за освојување на нејзините области, посебно Македонија. Истовремено, тој бил и насока во настојувањата да се уништат македонските национални сили кои во тој период се бореле против српската и бугарската надворешна интервенција во Македонија, а за создавање на независна македонска држава. В.: П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, Скопје 1969, 25.

[126] R. C. Hall, цит. дело, 11.

ќе се постапи според подолниве одредби: Србија се обврзува да не формулира никакви барања на териториите што се наоѓаат од другата страна на линијата означена на овде приложената карта, која откако ќе излезе од турско-бугарската граница од Голем Врв (северно од Крива Паланка) оди по општа насока – југозападно до Охридското Езеро, минувајќи преку врвот Китка, меѓу селата Метеово и Подржикоњ, преку врвот на исток од с. Нерав , следејќи ја вододелната линија до врвот 1000, северно од селото Баштево, помеѓу селата Љубенци и Петрлица, преку врвот Острич 2000 (Лисец Планина), врвот 1050 меѓу селата Драч и Опила, преку селата Талисманци и Живалево, врвот 1050, врвот 1000, преку селото Кишали, по главната вододелна линија Градиште Планина до врвот Гориште, кон врвот 1023 следејќи ја потоа вододелната линија меѓу селата Иванковци и Логинци, преку Ветерско и Сопот на Вардар. Пресечувајќи го Вардар, таа оди по ртовите кон врвот 2550 и до планината Петро-Поле по вододелната линија на таа планина, меѓу селата Крапа и Барбарес до врвот 1200 меѓу селата Еркеново и Дреново, до врвот Чешма (1254) по вододелната линија на планината Баба и Крушка Тепеси, помеѓу селата Салп и Церско, до врвот на Протојска Планина, источно од селото Берица, преку Брежани до врвот 1200 (Илинска Планина) по вододелната линија преку врвот 1330 до врвот 1217 и меѓу селата Ливоишта и Горенци до Охридското Езеро, близу до манастирот Габовци. Бугарија се обврзува да ја пда ја прифати таа граница, ако Н. В. рускиот император, кој ќе биде замолен да биде арбитер за ова прашање, се изјасни за оваа линија позитивно. Се разбира, само по себе, дека двете договорни страни се задолжуваат да ја прифатат како дефинитивна граница линијата што Неговото Императорско Величество рускиот цар, во гореозначените граници би нашол дека најмногу одговара на правата и интересите на двата народа.

Член 3

Препис од Договорот и од овој Таен анекс заеднички ќе се достави на руската Влада, која истовремено ќе биде замолена да го прифати како акт на наклоност, земајќи ги предвид целите што се сака да се постигнат и да го моли Н. И. В. рускиот цар да повели да ги прифати и одобри со клаузулите на овие два акта, за него и за неговата влада, одредените атрибуции.

Член 4

Сите недоразбирања што би се појавиле во текот на толкувањето и извршувањето на некоја од клаузулите на Договорот и овој Таен анекс и на Воената конвенција ќе бидат подложени на крајно решение на Русија, ако една од двете страни декларира оти смета дека е невозможна спогодба преку директни разговори.

Член 5

Ниедна одредба од овој Таен анекс не може да биде објавена или соопштена на друга држава без претходна согласност на двете страни и без одобрување на Русија.

Фердинанд I, с. р. Петар I, с. р. Гешов, с. р. Миловановиќ, с. р.“

Подоцна, во декември 1911 г., Неклъудов ја испратил следната телеграма до Ст. Петербург, со содржина: „Положбата е следна, цар Фердинанд го повтори своето учество во сојузот. Гешов – Сталајковиќ постигнале полна согласност по сите точки, освен разграничувањето на Македонија, макар што целото разногласие се сведе на педа земја близу до самата бугарско-турска граница, имено кон градчето Кратово и Крива Паланка со околината, но отстапиле значаен дел од Санстефанската граница, т. е. Скопје со Куманово, Дебар со околината до Охридското Езеро, исполнувајќи го со тоа, што го добиле во полза на Србија минатата година, Бугарите стигнале, по мое убедување, до крајните граници на отстапките и повеќе нема да одат“.[127]

Во следните месеци била потпишана и бугарско-српска воена конвенција (2 јуни 1912 г.), со која, меѓу другото, било предвидено во случај на офанзивна војна против Турција, двете земји да нападнат на противникот со воена сила од околу 200 000

[127] Ѓ. Абаџиев, цит. дело, 28.

војници, од кои половината требало да бидат упатени на Вардарското боиште. Со потпишувањето на Договорот за одбранбен сојуз меѓу Бугарија и Грција (29 мај 1912 г.), и на Политичката и Воена конвенција за заедничка воена акција меѓу Србија и Бугарија (6 октомври 1912 г.), Балканскиот сојуз бил комплетиран.[128]

Додека балканските држави се подготвувале за пресметка со османлиските воени сили, големите европски држави, особено Русија и Австро-Унгарија, настојувале да го спречат вооружениот конфликт, со тоа што безбедноста на регионот требало да се одржи преку ограничени реформи што требало да ги спроведе Османлиската Империја. Сојузените балкански сили упатиле определени барања до Високата Порта (давање на административна автономија на балканските земји под османлиска власт, воведување на локално уредување, воспоставување на локална полиција итн.), за кои однапред се знаело дека ќе бидат отфрлени како неприфатливи. Вистинската цел на овие барања, била да се изнајде оправдување за посакуваниот воен исход, официјално поттикнат од ослободувачките намери на државите членки на Сојузот за протерување на Османлиите од Балканот, но кој всушност претставувал можност за енормно проширување на нивните територии, а со тоа и зголемување на нивната моќ, преку формирање на нов баланс на силите во нивна корист, а на штета на Османлиската Империја.[129]

Според Извештајот на Карнегиевата комисија,[130] причините за започнување на Првата балканска војна биле воeното и политичкото ослабнување на Османлиската Империја, угнетувањето на христијанското население во Македонија, неуспешната борба на Македонската револуционерна организација, противречностите меѓу големите сили и стремежот на балканските држави за завладување на нови територии.

На 30 септември 1912 г., балканските сојузници извршиле целосна мобилизација на своите воени сили и притоа успеале да мобилизираат околу 668 000 војници: Србија 10 пешадиски дивизии и една коњичка дивизија или околу 286 000 оперативни воени сили; Бугарија 7 пешадиски дивизии од по 6 полка, 4 пешадиски дивизии од по 4 полка и една коњичка дивизија или вкупно околу 269 000 оперативни воени сили; Грција 8 пешадиски дивизии и една коњичка бригада или околу 78 000 војници и Црна Гора 3 пешадиски одреди со околу 33 000 војници. Веќе наредниот ден била извршена целосна мобилизација и на османлиските воени сили, при што османлиската власт успеала да мобилизира 18 непотполни пешадиски дивизии или околу 300 000 оперативни воени сили.[131] Мобилизацијата на воените сили на балканските сојузници била лесна, бидејќи била изведена според однапред утврден оперативен план, додека кај османлиските сили мобилизицијата одела прилично тешко, поради лошата организација, проблемите во транспортот и слабиот одѕив на резервните воени сили во европскиот дел на Османлиската Империја.

Воените операции прва ги започнала Црна Гора (8 октомври 1912 г.), а потоа Србија и Бугарија (17 октомври) и Грција (18 октомври). Уште во почетокот на борбените дејства за време на Првата балканска војна, се создале северноалбанско, тракиско и македонско боиште. Од ова може да се заклучи дека територијата на Македонија била претворена во единствено боиште, при што основната цел на Врховните команди на

---

[128] М. Миноски, „Балкански сојуз (1912)“, *Македонска енциклопедија*, том 1, Скопје 2009, 127.

[129] Д. Маролов, „Балканските војни низ призмата на пошироката теоретска рамка на концептот на ’безбедносна дилема‘“, *Сто години од Балканските војни*, Скопје, 2012.

[130] Карнегиевата фондација за меѓународен мир (основана во 1910 г.), во јули 1913 г. ја формирала Карнегиевата комисија за испитување на причините кои довеле до избувнувањето на двете Балкански војни. Комисијата во состав: д-р Самјуел Т. Датон (САД), Жистен Годар (Франција), Павел Милјуков (Русија), д-р Хенри Н. Брејсфорд (Велика Британија), под претседателство на барон Д’Естурнел де Констан (Франција), во 1914 г. ги објавила резултатите од истражувањата на теренот како „Извештај на меѓународната комисија за испитување на причините и водењето на Балканските војни“, во кој се евидентирани сите злосторства над македонското население во текот на двете војни. В.: *Поранешните балкански војни (1912 – 1913)*, Скопје 2000.

[131] G. Miljanić i dr., *Vojna istorija – udžbenik za vojne akademije*, knj. I, Beograd 1980, 53–54.

српската, грчката и на бугарската армија, според усогласениот заеднички оперативен план за дејство против османлиските единици, била заокружување и разбивање на османлиските војски во Македонија и прогонување на нејзините остатоци на исток во Тракија кон Цариград.[132]

Според воениот план на балканските сојузници, српските воени сили на 19 октомври 1912 г., биле распоредени по следниов редослед: Првата српска армија, со јачина од 126 000 војници, била стационирана во Врање, со задача да настапува кон Овче Поле, со цел фронтално да ги напаѓа османлиските главни сили; Втората српска армија, со јачина од околу 60 000 војници, била распоредена на потегот Ќустендил – Дупница, со задача со дел од силите да настапува преку Крива Паланка и Кратово кон Овче Поле, а со дел од силите преку Делчево (Царево Село) и Кочани, кон Овче Поле и Штип, поради опкружување на десната страна и крило на османлиските сили; Третата српска армија, со јачина од 63 000 војници, била распоредена на потегот Пријепоље до Медвеѓе и Тупалскиот Вис, со задача по заземањето на Приштина и Косово, со дел од своите сили да настапи преку Скопска Црна Гора, за опкружување на османлиското лево крило, оставајќи една пешадиска дивизија во Приштина за заднинско обезбедување. Ибарската единица, која броела 25 000 војници, била распоредена во реонот на Рашка, со задача да настапува кон Нови Пазар и Косовска Митровица и да врши странично обезбедување на главните сили.[133] Јаворската бригада, со бројна состојба од околу 12 000 војници, била распоредена во реонот на Јавор, со задача да продре во областа на Санџак и да ја набљудува Босна.

Договор за пријателство и сојуз меѓу
Бугарија и Србија
Софија, 29 февруари/13 март 1912 година

Н. В. Фердинанд I цар на Бугарите и Н. В. Петар I српски крал обземени и убедени во општоста на интересите и од еднаквоста на судбините на своите држави и на двата братски народа, бугарскиот и српскиот, и решени да ги заштитуваат солидарно, со општи сили тие интереси и да вложат напори тие интереси да ги доведат до крај, се согласија за следново:

Член 1

Царството Бугарија и Кралството Србија си ги гарантираат заемно политичката независност и територијалната целина, обврзувајќи се на апсолутен начин и без задршка да си помагаат заемно со сите сили, во случај една од двете држави да биде нападната од една или повеќе држави.

Член 2

Двете договорни страни се обврзуваат исто така да си помагаат заемно со сите свои сили, во случај ако некоја од Великите сили се обиде да анектира или окупира или да заземе со своите војски, дури и привремено, кој и да било територијален дел на Балканскиот Полуостров, кој се наоѓа сега под турско владеење, ако една од договорните страни најде дека тоа е спротивно на нејзините животни интереси и како casus beli.

Член 3

Двете договорни страни се обврзуваат да склучуваат мир само заедно и по претходна спогодба.

Член 4

Една воена конвенција ќе биде склучена, со цел да се осигура полно и подобро остварување на овој договор, за да се постигне саканата цел. Оваа конвенција ќе го утврди и сето она што ќе

---

[132] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 149.
[133] G. Miljanić i dr., цит. дело, 54–55.

треба да се преземе, од едната и од другата страна во случај на војна, и сето она што би имало врска со воената организација, дислокацијата и мобилизацијата на воените единици, однесувањето на повисоките команди, кои ќе треба да се воспостават уште од мирно време за подготвување на добро раководство на војната. Воената конвенција ќе претставува неразделен дел од овој договор. Нејзиното изработување треба да започне најдоцна во рок од 15 дена по потпишувањето на овој договор и ќе треба да биде готова во рок од два месеца.

Член 5

Овој договор и воената конвенција ќе бидат во сила од денот на нивното потпишување, заклучно до 31 декември 1920 година. Тие ќе можат да бидат продолжувани по тој рок само со една дополнителна спогодба на двете договорни страни. Во секој случај, по истекот на договорот и на воената конвенција, ако двете страни се наоѓаат уште во војна и да не ги регулирале резултатите од воената состојба, договорот и конвенцијата ќе бидат на сила до потпишувањето на мирот и до ликвидација на состојбата предизвикана од војната.

Член 6

Овој договор е составен во два еднакви примерока, редактирани, и двата, на српски и бугарски јазик. Тој ќе биде потпишан од шефовите на државите и од министрите за надворешни работи на двете страни. Воената конвенција, идентична во двата примерока, редактирана на српски и бугарски, ќе биде потпишана од шефовите на државите, од министрите за надворешни работи и од специјални воени полномошници.

Член 7

Овој договор и воената конвенција не можат да бидат објавени или соопштени на други држави освен по претходна спогодба на двете договорни страни и тоа заедно и истовремено. За примање на трета држава во Сојузов исто така ќе биде нужна претходна спогодба.

Направено во Софија (13 март) 29 февруари 1912 година.

Фердинанд I, с. р. Петар I, с. р.
Гешов, с. р. Миловановиќ, с. р

Во Србија мобилизацијата била извршена на време и според планот: пешадијата за четири, а коњицата и артилеријата за шест дена. Се пријавиле 20 000 според планот непредвидени обврзници, од кои биле формирани неколку прекубројни полкови. Вкупно биле мобилизирани 356 000 луѓе, од кои 286 000 ѝ припаѓале на оперативната војска (од I и од II повик). Концентрацијата започнала на 7 октомври, а била завршена според планот за 12 дена. Истовремено со концентрирањето бил извршен и стратегискиот развој. Врховен командант бил кралот Петар I Караѓорѓевиќ, началник на Штабот на Врховната команда – генерал Радомир Путник. На Првата армија командант бил престолонаследникот Александар (подоцнежниот крал), а началник на Штабот полковник Петар Бојовиќ. Во составот на Првата армија влегувале следните дивизии: Моравската од I повик, Дринската од I повик, Дунавската од I повик, Тимочката од II повик, Дунавската од II повик и една коњичка дивизија. Вкупно 126 000 луѓе. Таа била групирана околу Врање, со задача да настапува на правецот Врање – Куманово – Овче Поле, со цел да ги разбие османлиските сили на Вардарското војувалиште.

Втората српска армија, командант генерал Степа Степановиќ, началник на Штабот потполковник Воислав Живановиќ, била составена од следните дивизии: Тимочката од II повик и бугарската 7 Рилска дивизија (командант генерал Георги Тодоров), со вкупно 60 000 луѓе. Таа армија била групирана во реонот Ќустендил – Дупница, со задача да настапува во правецот Крива Паланка – Кратово – Овче Поле и да дејствува на десната страна на главните османлиски сили. Третата армија, командант генерал Божа Јанковиќ, началник на Штабот потполковник Душан Пешиќ, била поделена во две групи: Топличката група, во состав од Шумадиската дивизија од I повик и Моравската дивизија од II повик, била групирана кон Преполец и Мердари, а

Медвеѓската група (Дринска II и Моравска бригада), била разместена во реонот Медвеѓе и Тупалскиот Вис. Вкупно 63 000 луѓе. Нејзина задача била да настапува кон Косово и да дејствува на левата страна на османлиските сили. Ибарската војска и Шумадиската дивизија од II повик, вкупно 23 000 војници, биле собрани во реонот на Рашка, со задача да извршат продор кон Нови Пазар и кон Косовска Митровица и да ја обезбедуваат десната страна на српските сили. Јаворската бригада, со вкупно 12 000 луѓе, собрана во реонот Јавор – Нова Варош, имала задача да продира кон Санџак.[134]

Црна Гора ја извршила концентрацијата и мобилизацијата за кратко време. На 8 октомври црногорската војска била подготвена за операции. Врховен командант бил кралот Никола Петровиќ - Његош. Зетскиот одред, командант престолонаследникот Данило, во состав од 2 дивизија и од 3 дивизија, со вкупно 15 000 луѓе, бил разместен во реонот на Подгорица, со задача да го освои утврдувањето Тузи, а потоа да продолжи кон Скадар и да го освои. Приморскиот одред, командант бригадир Митар Мартиновиќ, со 8000 луѓе, во реонот Бар и во Вирпазар, имал задача да дејствува преку Тарабош и да содејствува со Зетскиот одред во заземањето на Скадар. Источниот одред, командант сердар Јанко Вукотиќ, во состав од четири дивизии, вкупно 33 000 луѓе, бил разместен во три групи: кај Андриевица, кај Колашин и кај Жабљак, со задача да се подготви за офанзива со Санџак.[135]

Бугарија ја извршила мобилизацијата и концентрацијата на силите според планот. Врховен командант бил царот Фердинанд I Кобуршки, негов помошник генерал Михаил Савов, а началник на Штабот генерал Иван Фичев. Армијата на 18 октомври била групирана на следниот начин: Првата армија, командант генерал Васил Кутинчев, во состав 1, 6 и 10 дивизија, со 100 000 луѓе, била стационирана во поширокиот реон на Елхово, со задача да ги нападне османлиските сили меѓу Одрин и Киркилис, во содејство со Третата армија. Втората армија, командант генерал Никола Иванов, во состав од 1 бригада на 2 дивизија, од 2 бригада на 3 дивизија, од 8 и 9 пешадиска и коњичката дивизија, со вкупно 65 000 луѓе, во реонот Хасково – Кавакли (Тополов град), со задача да го заземе Одрин. Третата армија, командант генерал Ратко Димитриев, во состав 3, 4 и 5 дивизија, со вкупно 75 000 луѓе, стационирана во реонот Јамбол, со задача да го нападне Киркларели (Киркилис) и да го опфати десното крило на османлиската Источна армија. Родопскиот одред од две бригади во реонот Фотиново, Батак, Чепелари, со задача да завладее со централните Родопи и да содејствува со 7 Рилска дивизија во заземањето на Кресненската Клисура, а со дел од силите да ја пресече железничката пруга Солун – Дедеагач – Александрополис. 7 Рилска дивизија била во состав на српската Втора армија, а 11 дивизија била во формирање. Вкупно, бугарската војска имала 294 000 луѓе.

Грчките воени сили, чиј врховен командант бил престолонаследникот Константин, началник на Штабот генерал П. Данглис, по завршената мобилизација, што се вршела според планот, биле концентрирани на следниот начин: Тесалиската армија, командант престолонаследникот Константин, во состав од 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 дивизија, со вкупно 93 000 луѓе, била на просторот Лариса – Трикала – Каламбака, со задача да го заземе Солун. Епирската војска, командант генерал К. Сапунџакис, со 8 дивизија од 15 000 луѓе, била сконцентрирана кај реката Арта и била подготвена за напад врз Јанина. Грчката војска имала вкупно 108 000 луѓе.[136]

Османлиската војска вршела мобилизација речиси цел месец. На тоа влијаело македонското и другото христијанско население кое не сакало да се мобилизира во османлиската војска и албанското население кое не сакало да ги напушти своите домови. Поради тоа, османлиска Турција успеала да мобилизира само половина од предвидените 600 000 војници. Концентрирањето започнало со непотполно мобилизираните единици. Османлиската војска, пред почетокот на операциите го зазела следниот распоред: врховен командант и министер на војната бил Назим-паша, а

[134] Исто.
[135] Исто.
[136] Исто.

началник на Штабот Пертев-паша. Источната армија, командант Абдулах-паша, се состоела од четири корпуси и од една коњичка дивизија. Вкупно 74 000 луѓе групирани на просторот Кирклaрели – Одрин – Бабаески, со задача да дејствуваат против бугарската војска. Во Цариград биле формирани 17 и 18 корпус. Под команда на Источната армија била и опсадата на Одрин, со 10 и 11 дивизија, 3 Редифска дивизија, тврдинската група и 15 корпус, односно вкупно 60 000 луѓе. Западната армија, командант Али Риза-паша, била составена од раздвоени групи што имале задача да дејствуваат против српската, грчката и црногорската војска: Вардарската армија, командант Зеки-паша, во состав: 5 корпус (15 Низамска и Штипската редифска дивизија), 6 корпус (16, 17 и 18 Низамска и Битолската редифска дивизија), 7 корпус (19 Низамска, Скопската редифска и Коњичката дивизија), била концентрирана на просторот Скопје – Велес – Штип. Од непотполно мобилизираните дивизии биле формирани одредите во Приштина, во Нови Пазар и во Сјеница. Вардарската армија вкупно имала 104 000 луѓе, со задача да дејствува против српската војска. Струмскиот корпус со 14 Низамска, Серската, Драмската и Солунската редифска дивизија, со 28 000 луѓе, бил разместен во реонот на Струмица, со задача да ги затвори патиштата по долината на Струма кон Солун, Сер и Кавала; Северноалбанската група со 24 Низамска, со Елбасанската и со Скадарската редифска дивизија и со Албанскиот доброволен одред, со вкупно 24 000 луѓе, имала задача да ја штити северна Албанија од упаѓањето на црногорските и на српските трупи и да ја брани тврдината Скадар. Јужномакедонската група со 22 и со 23 Низамска, со Јанинската и со Населичката редифска дивизија, вкупно 27 000 луѓе, била поделена во два дела: кај Кожани имало 14 000 луѓе, а кај Јанина 13 000 луѓе, со задача да го спречат продирањето на грчката војска кон Солун, односно во Епир. Дивизијата кај Крџалија била распоредена во долината на реката Арта, со 10 000 луѓе, со задача да ја штити железничката пруга Димотика – Сер и да одржува врски меѓу Источната армија и Струмскиот корпус. Вкупно османлиските сили имале 307 000 луѓе.[137]

Според основниот оперативен план на српската војска, со систематски и координирани борбени дејствија на главните сили од Првата, Втората и Третата армија од Косовскиот, Јужноморавскиот и Криворечкиот правец, требало да се изврши опфаќање и уништување на османлиските главни воени сили, за кои се претпоставувало дека ќе бидат концентрирани во Овчеполската област, а помошните сили на Балканскиот сојуз (Ибарската единица и Јаворската бригада), било планирано странично да ги обезбедуваат главните сили. Според оперативниот план на црногорската војска, главните сили во чиј состав биле планирани Зетскиот и Приморскиот одред, требало да дејствуваат западно и источно од Скадарското Езеро и со брз напад да го заземат Скадар, а со помошните сили составени од Источниот одред да дејствуваат во правец на Косово. Тежиштето на воените операции на бугарската сојузничка војска било насочено кон Тракија, а на грчката во јужна Македонија и Епирската област.[138]

Турскиот одбранбен корпус во Македонија, со излезна база од Солун и по правецот низ Повардарието на север кон турско-српската граница, командуван од Али Риза-паша, бил составен од: Вардарската армија под команда на Зеки-паша, составена од 5 и 6 корпус; самостојниот Струмички корпус на Али Надир-паша; Северно-албанската група на Хасан Риза-паша; Јужномакедонската група на Хасан Таксим-паша; и помали гарнизонски единици низ цела Македонија.[139] За воените операции кон Србија била определена Вардарската армија со јачина од 85 000 војници и тоа: 5. корпус во реонот на Штип и Свети Николе, 6. корпус во реонот на Велес, 7. корпус во Скопје и Куманово и пешадиски одреди во Приштина, Сјеница и Нови Пазар. Османлискиот воен план најпрвин предвидувал дефанзивни воени операции насочени кон српските и

[137] Исто, 521.
[138] Б. Ратковић, цит. дело, 452–457.
[139] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 149.

бугарските воени сили, а потоа, откако ќе се соберат доволно воени сили, дефанзивните воени операции требало да се пренасочат во офанзивни. Меѓутоа, непосредно пред војната, сакајќи да ја преземе иницијативата, османлиската војска уште пред да биде завршена мобилизацијата на воените сили, преземала офанзивни борбени дејствија на Вардарското и Тракиското војувалиште.

Најважните воени судири на сојузничките сили со османлиската војска за време на Првата балканска војна на територијата на Македонија, кои претставувале и решавачки моменти за крајот на османлиското владеење на Балканскиот Полуостров, се случиле на 23 и 24 октомври кај Куманово и на 16–19 ноември на Бакарно гумно кај Битола.

### 2.4 Кумановска битка

На 21 октомври 1912 г., Првата, Втората и Третата армија започнале настапување кон Овчеполската област, претпоставувајќи дека таму ќе бидат концентрирани главните османлиски воени сили. Третата армија, разбивајќи ги послабите османлиски воени сили, на 22 октомври навлегла во Приштина, каде во текот на 23 октомври извршила одморање на единиците, иако според директивите на Врховната команда требало да продолжи со движење со цел да се спои со Првата армија.[140] Втората армија настапувала од Ќустендил и тоа: Тимочката дивизија I покана во две колони десно кон Страцин, а од левиот правец кон Кратово, каде до 22 октомври стигнале и челните колони; бугарската 7. рилска дивизија настапувала со дел од силите кон Кочани, а со дел во долината на Струма. Првата армија, настапувајќи во два ешалони ги протерала турските гранични делови и истурени одреди од Руен и Козјак и вечерта на 22 октомври избила на позициите пред Куманово, каде се задржала и преноќила по следниов распоред: на десното крило на позициите с. Ваксинци – с. Табановци – с. Четирци се наоѓала Моравската дивизија I покана; во центар кај с. Сушево била главницата на Дринската дивизија I покана, со еден полк на Карабичанскиот Рид; на левото крило Дунавската дивизија I покана со 9. и 18. полк на претстражна позиција кај с. Младо Нагоричане и 7. и 8. полк во с. Нагоричане, а на Сртевци четничкиот одред на војводата Вук; зад претстражата на Дунавската дивизија I покана Коњичката дивизија; а дивизиите во вториот ешалон; Дунавската II покана кај с. Бугариња, Тимочката II покана кај с. Мамалара, а зад неа армиската артилерија.

Според планот на Штабот на Првата армија, на овие позиции требало да останат и во текот на 23 октомври, за да стигне и Третата армија, а потоа да продолжат со настапување кон Овче Поле, каде се очекувала битка со главните турски сили. Заради тоа не биле преземени мерки за фортификациско уредување на позициите. Помеѓу дивизиите на Првата армија не биле поставени ниту телефонски врски, а штабовите на дивизиите не биле во врска со Штабот на Првата армија. Очекувајќи ја главната битка на Овче Поле, Штабот на Првата армија не ја упатил Коњичката дивизија во извидување, туку таа преноќила зад пешадиските делови, подготвувајќи се да тргне во извидување на 23 октомври, кога веќе било доцна.[141]

[140] G. Miljanić i dr., цит. дело, 55–57.
[141] Б. Ратковић и др., *Србија и Црна Гора у Балканским ратовима 1912 – 1913*, Београд 1972, 70–71.



Кумановска битка, 24 ноември 1912 г.
(Извор: Милић Миличевић, *Балкански ратови*)

На противничката страна, командантот на Вардарската армија Зеки-паша, одлучил со главните сили да премине во офанзива и српската Прва армија да ја бие кај Куманово, а не да ја дочека на Овче Поле.[142] Во духот на таа одлука, турскиот 7 корпус ги запоседнал позициите северно од Куманово, и тоа: 19. низамска дивизија Решановачкото Брдо, а со Скопската редифска дивизија источно од Бањска Река, на Црно Поле. 5. и 6. корпус, во текот на 21 и 22 октомври, од реонот на Штип и Велес извршиле движење преку Овче Поле кон реката Пчиња и на 22 октомври преноќиле по следниот распоред: 13. низамска дивизија кај с. Мургас и Новоселани, Штипската редифска дивизија кај с. Кутлибег, 17. низамска дивизија во околината на Шупли Камен, а Битолската редифска дивизија кај с. Орашец каде бил Штабот на Вардарската армија; 15. и 16. низамска дивизија го затвориле правецот кон Кочани и Кратово.

[142] R. C. Hall, цит. дело, 47.




Кумановска битка
(Извор: архива на авторот)

Кога Зеки-паша стигнал на Пчиња и дознал за распоредот на српската Прва армија и за избивањето на Втората армија на Страцин, наредил 7. корпус да остане во одбрана на поранешните позиции, а 6. корпус и претходницата на 13. низамска дивизија од 5. корпус, во текот на ноќта на 22/23 октомври, да преминат преку Пчиња и во раните утрински часови да поседнат позиции на десниот брег на реката. Остатокот од 5. корпус го задржал во армиска резерва на левиот брег на Пчиња. Ноќта на 22/23 октомври, додека српските трупи се одмораpermanent под заштита на предстража, Турците ја преминале реката Пчиња, а потоа настапувале: 6. корпус со 17. низамска дивизија кон североисточните, а Битолската редифска дивизија кон северозападните падини на Зебрњак заради поседнување на појдовните позиции; претходницата на 13. низамска дивизија кон појдовните позиции на Голубица. Главнината на 13. низамска дивизија се задржала на левиот брег на Пчиња кај с. Клечовце, а Штипската редифска дивизија се префрлила во с. Новоселани каде оформила армиска резерва. Утрото на 23 октомври, командантот на 18. полк го упатил 2. баталјон кон Зебрњак да ги зароби видените турски делови; командантот на Коњичката дивизија 3. коњички полк кон Зебрњак, а подоцна и 2. коњички полк кон Голубица да ја испитаат состојбата пред Дунавската дивизија I покана. Меѓутоа, коњачките полкови набрзо се судриле со силни турски сили, заради што се повлекле зад претстражата на Дунавската дивизија I покана, додека 2. баталјон на 18. полк ненадејно во магла се судрил со претходницата на 17. низамска дивизија и

бил потполно разбиен. Командантот на 4. баталјон на 18. полк во движење кон позициите кои требало да ги поседне, гледајќи го растројството на 2. баталјон, бил нападнат од претходницата на 13. низамска дивизија и растроен. Заради тоа левото крило на Дунавската дивизија I покана западнало во тешка криза, бидејќи на младонагоричанските позиции јужно од патот Куманово – Страцин останал само еден баталјон кон кого биле ориентирани скоро две турски дивизии. Меѓутоа, испадите на 2. и 4. баталјон кај Турците предизвикале уверување дека на младонагоричанските позиции се наоѓаат многу поголеми сили отколку што се мислело, па Зеки паша ги прекинал натамошните напади и наредил Штипската редифска дивизија да ја премине реката Пчиња и да направи опфат на српското лево крило преку Сртевица, а 7. корпус да изврши притисок кон десното крило на српската Прва армија.[143]

Командантот на Дунавската дивизија I покана го упатил 7. полк од с. Старо Нагоричане зад позициите на 18. полк, а еден артилериски дивизион на десниот дивизиски отсек, кај 9. полк. 7. полк стигнал во моментот кога остатоците на 2. и 4. баталјон се повлекувале од позициите и кога Турците после застојот почнале општ напад па командантот на 7 полк веднаш упатил два баталјона на напуштените позици на 18 полк.



Српска артилерија за време на Кумановската битка
(Извор: www.serbia.com)

Во текот на поседнувањето на позициите се случил ненадеен судир со турските сили, во кој српските единици ги отфрлиле Турците благодарение на снаодливоста, полетот и иницијативата на пониските старешински кадар. Командантот на 7. полк со преостанатите два баталјони побрзал кон Сртевица, каде Штипската редифска дивизија во намера да го опколи левото крило на Дунавската дивизија I покана, го нападнала четничкиот одред. Баталјоните избиле на Сртевица од северната страна, ненадејно се судриле со Турците и во општата борба ги одбиле, заробиле една батерија и ја поседнале Сртевица. На десното крило Дунавската дивизија I покана со силен оган на 9. пешадиски полк и еден артилериски дивизион ги задржале Турците на 400-500 м пред позициите.[144]

---

143 Б. Ратковић и др., цит. дело, 72–74.
144 Исто, 73–75.

На десното крило на Првата армија дури околу 11 часот било наредено единиците да го преземат борбениот распоред. Околу пладне, кога левото крило на 6. корпус избило во линија со Моравската дивизија I покана, 7 корпус со десното крило почнал напад на отсекот на оваа српска дивизија. Бидејќи Турците се движеле забавено, увидувајќи дека левото армиско крило е сериозно загрозено, командантот на 2. баталјон од 1 полк, мајорот Маринковиќ, самоиницијативно околу 16 часот со својот баталјон преминал во противнапад. По 2. баталјон еден по друг во напад тргнале уште четири баталјона на Моравската дивизија I покана. Во општата борба тие во долината на Коњарска Река со загуби на двете страни ги разбиле Турците и ги принудиле на повлекување на појдовните позиции.[145] Коњичката дивизија во текот на целиот ден останала зад Дунавската дивизија I покана, додека Дринската дивизија I покана еден полк упатила во Моравската дивизија I покана, а останатите нејзини сили цел ден биле неактивни кај с. Сушево. Дивизиите од вториот ешелон (Дунавска и Тимочка II покана), како и армиската артилерија, останале на местата каде што преноќиле на 22 октомври. Не знаејќи ја стварната ситуација и постапувајќи во духот на директивата на Врховната команда, штабот на Првата армија издал заповед на 24 октомври во 6 часот дивизиите да продолжат со движење, да го заземат Куманово и да избијат на линијата с. Буланчани – с. Ново Село – с. Бињановце – с. Слатина. Кога во текот на ноќта ги добиле известувањата од Дунавската дивизија I покана за стварната состојба било предоцна било што да се промени.[146] Додека штабот на Првата српска армија воопшто не сфатил дека битката започнала, Зеки паша имал впечаток дека таа се одвива поволно и наредил корпусите да продолжат со напад и на 24 октомври. Така бил завршен првиот ден на битката во која Турците ангажирале 50 000 војници и 150 топови, а Србите 26 000 војници и 60 топови.[147]

Меѓутоа, движењето на Првата армија на 24 октомври всушност било преминување во противнапад, што со оглед на околностите одговарало на тактичката ситуација на боиштето. Дринската дивизија I покана преминала во настапување во 6 часот: 4 и 5 полк во првиот и 6 и 17 полк во вториот ешелон на правецот Зебрњак – с. Бизлим. Турскиот 6. корпус се обидел со оган да го запре настапувањето, но Дринската дивизија енергично настапувала со целиот борбен поредок и со предниот дел избила до с. Бињановци принудувајќи ја Битолската редифска дивизија да отстапи оставајќи на позиции 8 топови. Моравската дивизија I покана изутрината го одбила нападот на турскиот 7. корпус, преминала во содејство со Тимочката дивизија II покана и околу 10 часот во напад, приморувајќи го 7. корпус на постепено повлекување на утврдените позиции северно од Куманово. Тука 7. корпус се обидел да пружи отпор, но под силен притисок на Моравската дивизија I покана и на Тимочката дивизија II покана, околу 13 часот бил принуден да отстапи во правец на Скопје. На левото српско крило турските 5 и 6 корпус, околу 6:30 часот ја нападнале Дунавската дивизија I покана. Стремејќи се да го опколат нејзиното лево крило ја довеле во тешка состојба. Кризата била отстранета дури околу 10:30 часот, со пристигнувањето на Дунавската дивизија II покана. Дринската дивизија I покана продолжувајќи го настапувањето, со силна поддршка на артилериски оган ја приморала 17 низамска дивизија на одстапување и околу 12:30 часот го заземала Зебрњак, со што бил пробиен фронтот на Вардарската армија. Продолжувајќи со настапување кон Голем рид, Дринската дивизија I покана ја загрозила левата страна од 5. корпус принудувајќи го на отстапување. Околу 15 часот во настапување преминала и Дунавската дивизија I покана. Коњичката дивизија со дел од силите содејствувала со Дунавската дивизија I покана и околу 11 часот преминала на левиот брег на Пчиња, каде водела борба со делови од Штипската редифска дивизија.

Поради слабата извидувачка и разузнавачка служба, српската врховна команда не сфатила дека турската Вардарска армија е разбиена, а Кумановската битка добиена, па наместо српските сили да продолжат со енергично гонење, тие се задржале на

---

[145] *Vojna enciklopedija*, knj. IV, Beograd 1972, 758–760.
[146] Исто, 761.
[147] В. Стојчев, цит. дело, 538–539.

освоените позиции, сѐ уште претпоставувајќи дека на Овче Поле предстои судир со главните турски сили. Заради тоа Турците можеле да отстапуваат преку Скопје и Велес кон Битола.[148]

Кумановската битка на српската страна била настан во текот на движењето кон Овче Поле, каде се очекувале главните турски сили, додека Турците истата ја предвиделе и воделе според утврден воен план. Првиот ден од битката го поднела Дунавската дивизија I покана, која и покрај изненадувањата и неизвесноста успеала да го одбие нападот на четири турски дивизии и да се задржи на позициите. Вториот ден на битката Дринската дивизија I покана со заземањето на Зебрњак ја пробила турската одбрана на најчувствителното место, со што практично ја решила битката.

Во Кумановската битка Србите имале 723 загинати војници, 3441 ранети и 603 исчезнати. Турските загуби не се познати. Српската војска заробила околу 2000 турски војници, а запленила 61 топ, 6 митралези, големо количество муниција и друг воен материјал.[149]

На 11 октомври доцна попладне, односно вториот ден по Кумановската битка, командантот на VII от корпус Фетхи-паша, пробивајќи се низ хаосот кој настапил по губењето на битката, меѓу првите пристигнал во Скопје. Иако се обидел да организира одбрана на Скопје, во депешата која ја добил од Али Риза, командантот на Западната војска, добил насока за повлекување. Плетвар била насоката кон која се упатиле растурените и веќе деморализирани трупи на Фетхи-паша.

Овде требало да се ѝ се даде силен отпор на српската војска. Во раните утрински часови, турската војска отстапила од овие позиции и се повлекла кон селото Алинци.

### 2.5 Битката кај Кичево

Два дена подоцна, малку повеќе на запад, кај Кичево, започнала битката на 7. корпус со кој командувал Фетхи паша, со дел од силите на Третата српска армија, под команда на генерал Јанкович. И покрај сите неволји како и кај Прилеп, 7. корпус кој имал 6000 војници, успеал да се одржи на позициите два дена. Меѓутоа, бидејќи по повлекувањето на 5. корпус од Прилеп било доведно во опасност источното крило на турската војска, командантот на Вардарската армија, Зеки паша, му наредил на Фетхи-паша да започне со повлекување, по што и двата корпуса тргнале кон Битола, каде што ќе се одигра последната битка во Македонија.[150]

### 2.6 Битолска битка

По Кумановската битка, Вардарската армија отстапила кон Битола, заради нејзина одбрана. За да добие време за прибирање на силите и организирање на своите позиции, Зеки-паша со 5. корпус го затворил правецот Велес – Прилеп на превојот Присад и правецот Градско – Прилеп на превојот Плетвар, а со 7. корпус кој отстапувал од Скопје, го затворил правецот Кичево – Битола.

По победата во Кумановската битка и заземањето на Скопје и Велес, српската војска создала поволна оперативна основа за понатамошно војување со османлиските воени сили. Утврдувајќи дека османлиската Вардарска армија се повлекува кон градот Битола, српската врховна команда заклучила дека во овој реон може да се очекува решавачка битка, па така во правецот Велес – Прилеп – Битола ги упатила своите главни борбени сили по следниов редослед и распоред на борбени дејства: Првата

[148] Ж. Мишић, *Моје успомене,* Београд 1985, 235–236.
[149] *Vojna enciklopedija*, knj. IV, 761–762.
[150] И. Кочан, *Битка за Македонија*, Скопје 2010, 116.

српска армија токму на правецот Велес – Прилеп – Битола, со Моравската дивизија како помошна ударна сила на правецот Тетово – Кичево – Битола. Откако овие ударни единици на српската војска го скршиле отпорот на османлиските сили на гребенот на планината Бабуна, како и во борбите кај градот Кичево и с. Алинци, успеле да се приближат до градот Битола, каде што османлиската Вардарска армија ги имала распоредено 5., 6. и 7. корпус. Дознавајќи за напредувањето на српската војска, османлиската врховна команда пристапила кон фортификациско уредување на борбените позиции во градот Битола и во неговата непосредна близина, како и кон повлекување на своите единици и нивна подготовка за одбрана на градот.




Борбени позиции за време на Битолската битка
(Извор: www.serbia.com)

Замислата на командантот на Првата српска армија била 1. и 2. Моравска дивизија, 1. дринска дивизија и 2. тимочка дивизија да ги искористи како ударни единици при изведувањето на нападот за освојување на градот Битола. Тие требало да извршат пробив на предниот фронт на османлиската одбрана во правецот Киромарица, кој топографски бил најсилниот дел на битолските борбени позиции и каде што Штабот на Првата армија оценил дека се наоѓа османлиска воена сила. Натаму, со помош на левото крило од 1. дунавска дивизија, овие единици требало да го напаѓаат источниот дел од фронтот преку Црна Река, а Коњичката дивизија од левото армиско крило да дејствува кон десната страна и задницата на османлиската Вардарска армија. Реонот на Облаковскиот Масив во оваа борбена одлука бил запоставен.[151]

[151] *Енциклопедија на Југославија*, кн. 2, 10–12.

Нападот требало да започне во раните утрински часови или поточно во 6 часот наутро на 17 ноември, но 2. моравската дивизија на 16 ноември самоиницијативно преминала во напад, при што за кратко време го заземала стратешкиот превој Ѓавато, изненадувајќи ја османлиската претходница која се движела кон градот Ресен. Со ненадеен ноќен напад, 2. моравска дивизија го заземала и Облаковскиот Врв, кој освен стратешки бил и најзначајниот топографски објект на битолските борбени позиции. На 17 ноември Првата српска армија започнала со општ напад. Најжестоки фронтални борби биле водени на Облаковскиот Масив каде што Османлиите, изненадени од молскавичното дејство на 2. моравска дивизија, се прегрупирале повлекувајќи ги своите главни сили од просторот Српци – Доленци – Рамно со цел да се прегрупираат и со противнапад да го запрат и разбијат десното крило на српската војска, а по запоседнувањето на борбените позиции и организирањето на одбраната да им го препуштат на послабо организираните османлиски воени сили. Со тоа Облаковскиот Масив добил пресудно значење, поради што моќните османлиски сили организирале повеќе противнапади, но без успех. Трупите на 2. моравска дивизија успеале да ги задржат борбените позиции на Облаковскиот Врв и така успеале да создадат поволни услови за организирање на напад на останатите сили од составот на Првата српска армија.[152]

Војниците од составот на 1. моравска и 1. дринска дивизија преминале во непосреден борбен допир и блиски борби со османлиските сили стационирани долж течението на реката Шемница и за кратко време успеале да ги потиснат и разбијат кон планинскиот масив на Киромарица – Кочиште. 1. дунавска дивизија со дел од своите сили преминала преку неразурнатите мостови на Црна Река и Шемница и го зазела с. Трн, но нејзината главнина, која била упатена кон османлиската десна страна, не успела да ја премине надојдената Црна Река кај с. Новак. Од друга страна, Коњичката дивизија упатила еден полк кон селата Брод и Скочивир, каде што за кратко време успеала да ги заземе премините на Црна Река. 2. тимочка дивизија останала во резерва за време на овие борбени дејства.

На 19 ноември, Првата српска армија делумно ја променила својата тактика на војување, користејќи го своето десно крило исклучиво за одбрана, а центарот и левото крило за напад. Османлиските главни сили го засилиле општиот напад врз 2. моравска дивизија, која била развлечена на фронт од 16 км, држејќи ги превојот Ѓавато и Облаковскиот Масив, како главно тежиште на битката.[153] Тука за кратко време дошле на помош и два полка од составот на 1. моравска дивизија. Битките за освојување на Облаковскиот Врв се воделе во услови на густа магла, а слабо облечените и уморни војници од петте полкови во составот на 1. и 2. моравска дивизија, често ги одбивале непрестаните јуриши на надмоќните османлиски сили. На останатиот дел на фронтот српските трупи изутрината го продолжиле нападот. 1. дринска дивизија и еден полк на 1. моравска дивизија успеале да ги заземат Киромарица и Кочиште и со тоа да го пробијат фронтот на османлиската Вардарска армија во широчина од 5 км, но не преминале кон гонење на османлиските воени сили. По освојувањето на Киромарица и Кочиште и по неуспешниот противнапад на Облаковскиот Врв, османлиската Вардарска армија ја прекинала битката околу 15 часот и користејќи ја густата и непроодна магла незабележително се повлекла. Иако ја загубила оваа битка, османлиската војска го избегнала своето целосно уништување и се повлекла кон Ресен и Лерин. Утрото на 19 ноември, 1. дринска дивизија со своите пешадиски сили влегла во ослободена Битола, а Коњичката дивизија во Лерин. Моравската дивизија го продолжила своето движење и навлегла во Охрид.

Битолската битка била трета голема битка која ја водела српската војска против османлиската Вардарска армија. Својот успех Првата српска армија го постигнала благодарение на високиот борбен морал, но и на поповолниот однос на воените сили. Во оваа битка биле ангажирани околу 68 000 војници и старешини од српската страна,

---

[152] R. C. Hall, цит. дело, 51.
[153] *Енциклопедија на Југославија*, кн. 2, 13.

наспроти 35 000 османлиска војска. Во Битолската битка од борбениот строј биле исфрлени вкупно 13 600 османлиски војници, а биле запленети 56 топови. Од составот на Првата српска армија загинале вкупно 2989 војници.

Голем придонес во Битолската битка дале и македонските чети. Непосредно пред и за време на Битолската битка, една македонска чета од 150 борци ја протерала османлиската војска од височините околу с. Лознани. Исто така, повеќе месни чети ја преминале Црна Река, го заземале с. Могила и ја известиле српската војска со точни извидувачки податоци за распоредот на целокупната османлиска војска при одбраната на Битолскиот фронт, според кои српската војска го планирала нападот на градот Битола.[154] Огромна помош српската војска добивала и од месната милиција и особено народот кој верувајќи во сопственото ослободување давал секаква помош, со единствена цел да се протераат Османлиите од Македонија.

Со победата во Битолската битка српската врховна команда ја остварила својата крајна цел – разбивање на османлиската Вардарска армија, нејзино протерување од територијата на Македонија и отфрлање на османлиските воени сили во Епир и јужна Албанија. Од тие причини, Битолската битка има големо воено и политичко значење не само за успешното завршување на борбата на Вардарското боиште, туку и воопшто за текот на Првата балканска војна. По завршувањето на Битолската битка, османлиската војска во Македонија се нашла во тешка и анархична состојба, поради што најпосле и се распаднала. Еден нејзин дел се повлекол кон Албанија, а другите остатоци кон Солун и Цариград.



Српски војници во ослободена Битола
(Извор: https://ucionicaistorije.wordpress.com/category)

Прогонувајќи ги остатоците од османлиската војска во Македонија, српската војска на запад допрела до бреговите на албанскиот дел на Јадранското Море, а на југ низ Македонија до Гевгелија и Лерин, каде се сретнала со грчките и бугарските сојузнички сили. На тој начин, при крајот на ноември 1912 г., односно еден месец од почетокот на Првата балканска војна, српската војска успеала да окупира поголем дел

[154] В. Стојчев, цит. дело, 537–545.

од Вардарска Македонија.[155] Бугарската војска ја окупирала источна Македонија по линијата Горна Џумаја – Штип – Гевгелија – Кукуш – Солун – Кавала и голем дел од Тракија. Останатиот дел од Македонија, заедно со Лерин, го окупирала Грција, чија војска, исто како и бугарската, навлегла до Солун. За неполни пет месеци од почетокот на Првата балканска војна, османлиската војска била поразена. На 4 декември 1912 г., двете страни потпишале мировен договор, со кој најголемиот дел од дотогашните османлиски владенија на Балканот биле поделени меѓу сојузниците.

### 2.7 Паѓањето на Солун

За подобро да се разбере вистинската состојба на турската војска спроти одлучувачката битка кај Битола, треба да се вратиме неколку дена наназад и на југоисток на Македонија, каде што се одвивал жесток натпревар помеѓу грчките и бугарските сили за тоа кој прв ќе стаса до најголемиот македонски град Солун.

По „барање на главната турска команда, за одбрана на Солун биле задолжени 8 корпус на Хасан Таксин паша и дел од единиците на Струмичкиот корпус. Од овие причини, Западната армија се поделила на два дела: еден во околината на Солун и друг во околината на Битола. Врската помеѓу тие две групи била трајно прекината, откако единиците што се наоѓале на југоисток една по друга претрпувале порази од грчката војска, кај Серфиче, на 23 октомври, и кај Еници Вардарско, на 1 и 2 ноември. При таква состојба, командантот на 8. корпус, Таксим-паша, по загубената битка кај Еници Вардарско, кога силите му се намалиле на 20 000 војници, заедно со една дивизија на Струмичкиот корпус од 5000 војници се повлекол кон Солун. Притоа добил наредба од командантот на Западната Армија по секоја цена да го одбрани градот.

Меѓутоа, источно од Солун го чекала четирипати побројната армија на грчкиот престолонаследник Константин, со 80 000 војници, кои се доближиле до градот пред бугарските и српските единици. Откако на 5 ноември Грците започнале да го притискаат градот, а нивните бродови да вршат бомбардирање на солунското пристаниште, со што било попречено доставување на каква било помош за градот од море, солунскиот валија Назим паша му доставил на Таксим-паша писмено барање потпишано од 17 претставници на локалната самоуправа и членовите на општината, во кое се соопштувало дека не сакаат војна во околината на градот. По ова, Таксим-паша им ги соопштил на странските конзули условите за предавање на градот. По договорот што го склучил на 8 ноември со Константин, било предвидено османлиската војска да се смести надвор од градот, а офицерите и службениците да имаат слобода на движење. Оружјето требало да се складира во магацин и по завршувањето на војната да се испрати во Турција. Меѓутоа, Грците не се придржувале на договорот.[156]

Опишувајќи го заземањето на Солун, Арам Андонјан наведува дека грчките војници влегле во градот без да испукат ниту еден куршум, а откако ги претвориле двете најголеми солунски џамии во цркви, заедно со локалното грчко население започнале со злосторства врз турското и еврејското население во градот и околината и ограбување на нивните дуќани. На Бугарите и Србите кои со мало задоцнување стигнале пред Солун, Грците им дозволиле да влезат во градот само со симболични единици, додека бугарската 7. дивизија по море била испратена кон Тракија. На чело на бугарската претходница на 7. рилска дивизија во Солун влегол и Јане Сандански со своите четници.

---

[155] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 152.
[156] Исто, 129.

## 2.8 Повлекување кон Албанија и крај на турската Западна армија

Битолската битка била последна голема битка за Македонија. Откако ја загубила, Западната армија со 44 500 луѓе се повлекла долж бреговите на Преспанското Езеро кон јужна Албанија, која во меѓувреме прогласила независност. Иако била соочена со недостиг на храна, Западната армија ги одбила уценувачките услови на претседателот на привремената албанска влада, кој во замена за храна и сместување на војниците по селата, барал разоружување на војската и складирање на нивното оружје во магацини. Од север ѝ се заканувала опасност од српската војска која ја окупирала Албанија, а од југ од активностите на грчките единици.

Западната армија останала во јужна Албанија сè од јуни 1913 г. По потпишувањето на Мировниот договор во Лондон, било договорено транспортот на нејзините војници кон Истанбул да започне на 4 јуни. За тие моменти, кога и последниот турски војник ја напуштил територијата на Румелија, забележано е сеќавањето на еден од патниците од бродот „Ѓул Џемал“, потполковникот Чакмак: „Се збогувавме со петстогодишниот турски суверенитет во западна Румелија. Додека заоѓаше сонцето, албанските брегови полека ни се губеа од видот. Го оставивме делот од татковината, за кој нашите предци пролеваа крв и каде што погребавме нови јунаци.“[157]

[157] И. Кочан, цит. дело, 125–126.

## 3. МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА И ЛОНДОНСКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР

Во перидот на Балканските војни, македонско население во бројност од околу 100 000 лица, било присилно мобилизирано во војските на двете завојувани страни – османлиската војска, од една и војските на балканските сојузници, од друга страна. Повеќе од една третина загинале во војните.[158]

Во турскиот аскер, во духот на прокламираната „рамноправност" на сите поданици на султанот без оглед на верата и народноста, имало и многу Македонци, мобилизирани како турски војници.[159] Регрутирањето на христијаните, првпат од постоењето на Османлиската Империја, се спроведувало со измена на прописите кои почнале да се применуваат во 1910 г., 1911 г. и 1912 г., според кои, за секоја каза (околија), според пописот на христијанското население, бил одреден бројот на регрути – војници кои годишно ќе ги дава. Војниците служеле редовен рок од три години, а по отслужувањето на воениот рок, од 23 до 40 годишна возраст биле „редифи" (постојани војници), од 40 до 45 годишна возраст имале статус на „чувари", а преку 45 годишна возраст имале можност да се зачленат во башибозучките дружини.[160] Регрутираните христијани биле испраќани да служат воен рок во подалечни места од нивното родното место, за на тој начин да се врши постепено отоманизирање на христијаните.

Против таквите прописи остро се спротивставила ВМОРО која на разни начини го попречувала регрутирањето и мобилизацијата. Делувањето на ВМОРО го охрабрувало христијанското население да го избегнува регрутирањето и мобилизацијата во аскерот, заради што турските власти преземале низа репресивни мерки (убиства, потурчување, осакатување со сечење на рацете или нозете и сл.), чијашто цел била заплашување и онеспособување на христијаните. Спроведувањето на наведените репресалии имало и спротивен ефект, предизвикувајќи и ВМОРО да применува слични репресивни мерки.

Голем број Македонци учествувале и во составот на воените сили на државите од Балканскиот сојуз, со надеж дека христијанските соседни држави ќе им ја дозволат очекуваната слобода. Во редовите на т. н. Македонско-одринско ополчение во рамките на бугарската армија, војувале околу 15 000 Македонци, но пратени на Тракискиот фронт. И во редовите на српската и грчката војска активно учествувале голем број Македонци, а дејствувале и 78 организирани македонски чети со 2000 комити, кои ги помагале сојузничките војски во Македонија.[161]

Организирањето на македонската емиграција и нејзиното активирање во подготовките за војна на Бугарија против Турција, започнало во септември 1912 г., под раководство на отпадниците од македонската национално-революционерна борба на чело со Александар Протогеров и Тодор Александров и други нивни соидејници и соработници диригирани од владата и бугарскиот дворец.[162] Во Бугарија, споменатите организатори формирале 44 чети составени од Македонци – доброволци, додека во Македонија постоеле 34 такви чети кои биле раководени од Централниот комитет на Т. Александров, кои се приклучиле во составот на новосоздадениот Штаб раководен од Протогеров и Александров. Освен македонската емиграција во Бугарија, готовност за учество во војната изразиле и голем број македонски емигранти од Америка, Романија, Русија и од други странски земји, како и голем број бегалци од Македонија, односно

---

[158] В. Стојчев, „Балкански војни", *Македонска енциклопедија*, кн. 1, 125.
[159] П. Стојанов, *Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912 – 1913*, 149.
[160] Д. Галев, *Белиот терор во Југоисточна Македонија 1910 – 1941*, кн. 1, Штип 1991, 91–92.
[161] С. Младеновски, „Прва балканска војна", *Македонска енциклопедија*, кн. 2, 1208.
[162] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 68.

Турција. Организирањето и собирањето на доброволците го извеле Александар Протогеров и Петар Дрвингов.

Посебно треба да се нагласи дека во Македонија постоеле и чети кои заради својот антибугарски став и борбата за независна македонска држава, дејствувале самостојно и не биле вклучени во составот на четите раководени од Штабот на Протогеров и Александров, но зеле активно учество во војната против Турција. Особено активен бил одредот на Јане Сандански составен од околу 500 четници, кој дејствувал во Пиринска Македонија.[163] Сите овие чети уште пред почетокот на Првата балканска војна, извршиле бројни акции од разновиден карактер, со што ја попречиле мобилизацијата и концентрацијата на турската војска и полиција. Со почетокот на војната, тие стапиле во јавно дејство против турската војска, ослободувајќи многу села и мали градови и воспоставувајќи своја привремена власт. На овој начин тие многу им помогнале на сојузничките војски во нивните борби против турските трупи.[164]

Со Заповед бр. 5 од 8 октомври 1912 г., на началникот на Штабот на бугарската армија, генералот Иван Фичев, Штабот на Партизанските одреди се претворил во Штаб на Ополченските дружини. Со истата Заповед, за командант на Штабот на Македонско-одринското ополчение бил поставен бугарскиот генерал-мајор Генев, а за негов заменик резервниот потполковник Александар Протогеров и за началник на Штабот мајорот Петар Дрвингов. Од бугарската армија биле вклучени 250 офицери и 2500 помали чинови. Така устроен, Штабот на Ополчението дејствувал под полно раководство на началникот на Штабот на бугарската армија. Бројниот состав на Ополчението изнесувал околу 14 000 лица, од кои околу 12 000 биле Македонци.[165]



Војници од Македонско-одринското ополчение
(Извор: https://www.reefertography.com)

Македонските Ополченци биле испратени на Тракискиот фронт, а не на Македонскиот заради стравот на бугарската Врховна команда да се судрат со српските и грчките сојузници. На Тракискиот фронт Ополченците учествувале во сите битки со

[163] Сандански со својата чета го ослободил Мелник и како претходница на бугарската армија дејствувал при заземањето на Рупелската Теснина. Со својата придружба влегол во Солун (во 1912 г. ). На приемот во заземениот Солун, наздравил за автономна и независна Македонија, што предизвикало голем револт и закани од бугарските офицери.
[164] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 77.
[165] Исто, 78–81.

турските трупи и многу помогнале во одбивањето на турскиот десант, заробувајќи притоа околу 12 000 турски војници. Многу македонски ополченци во битките на фронтот во Тракија ги оставиле своите животи.[166]


Македонски ополченици
(Извор: https://www.reefertography.com)

Како бугарската влада и буржоазија, така и српската буржоазија го искористила воодушевувањето на македонскиот народ за војна против Турција. И во Србија биле создадени оружени чети за учество во војната, во кои имало и Македонци. На теренот во Македонија, пред почетокот на војната во 1912 г., постоеле и српски чети. Во српската армија, исто така, биле формирани одреди составени од Македонци. Најпрво биле формирани Козјачкиот одред (од Скопска Црна Гора до Крива Паланка) и Прекувардарскиот одред (на потегот Азот – Поречје – Кичево – Дебар). Подоцна, српската Врховна команда, во пролетта 1913 г., формирала поголема воена единица, т. н. Доброволечки полк, составен од Македонци собрани од територијата на српската окупациона зона, односно од Вардарска Македонија.[167]

Бројот на Македонците, Турците и Албанците од Македонија што биле припадници на чети и единици во составот на бугарските и српските воени сили во времето од 18 октомври 1912 г. до почетокот на Втората балканска војна бил: на бугарска страна вкупно 14 000, а на српска страна 2700, или вкупно 16 700 Македонци (меѓу кои мал број Турци и Албанци), кои активно учествувале во составот и под командата на бугарскиот и српскиот воен штаб во воените дејствија во есента 1912 г., а во нивниот состав биле и во пролетта на 1913 г.[168]

Засега нема доволно податоци за учеството на Македонците на страната на грчката војска. Познато е дека во грчките андартски чети учествувале и голем број

[166] С. Младеновски, цит. дело,1209–1210.
[167] R. C. Hall, цит. дело, 70.
[168] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 100–110.

Македонци од Егејска Македонија, главно од Кожанско, од околината на Сјатиста, селата Конско и Царушево и Воденско-Леринскиот реон.

Брзата победа на сојузените балкански држави против Турција (од 18 октомври до склучувањето на примирјето на 4 декември 1912 г.), за Европа претставувала неочекувано изненадување. Имајќи ги предвид последиците од новата распределба на силите, големите европски држави биле принудени новонастанатата ситуација на Балканскиот Полуостров да ја решаваат на мировна конференција, која се одржала во Лондон, од 16 декември 1912 г. до 27 мај 1913 г.

Прво со работа почнала Конференцијата на амбасадорите на шесте големи сили (Русија, Франција, Австро-Унгарија, Германија, Италија и Англија), а паралелно со неа и Конференцијата на мирот (позната и како Балканска конференција), на делегатите на Србија, Бугарија, Грција, Црна Гора и на Турција, кои требало да ги изработат условите за потпишување на мирот меѓу балканските сојузници и победена Турција. Меѓутоа, уште од почетокот било јасно дека крајните одлуки и решенија за окончувањето на Првата балканска војна ќе ги имаат големите европски сили, истите што во 1878 г. биле потписници на Берлинскиот мировен договор.[169]

За да го сочува европскиот мир како основна цел, Конференцијата на амбасадорите на големите сили работела на следните главни проблеми произлезени по поразот на Турција во Првата балканска војна:

- определување на крајната западна гранична линија на Турција на Балканот и идната припадност на Одрин;
- решавање на прашањето за Цариград, односно статусот на Босфорот и Дарданелите, статусот на Егејските Острови и на Атос (Света Гора) на Халкидикот, односно иднината на Источниот Басен на Медитеранот;
- решавање на статусот на Албанија и во врска со тоа излезот на Србија на Јадранското Море.

Сите останати проблеми, меѓу кои и решавањето на македонското прашање, односно судбината и иднината на македонските територии под српска, бугарска и грчка окупација, не биле предмет на разгледување.[170]

Големите сили на Лондонската конференција најмногу ги застапувале сопствените интереси на Балканскиот Полуостров. Балканските држави исто така ги застапувале интересите на своите влади, настојувајќи, секоја одделно, да добијат поддршка и заштита од големите сили во реализацијата на своите претензии кон Македонија. Во зависност од својот однос и политика спрема Балканскиот сојуз во целина, или поединечно спрема секоја членка од него, тие предлагале разновидни решенија и „компензации“ врз делови или целината на македонската територија.[171] Наметнувајќи ги проблемите околу поделбата и иднината на освоените делови на поранешните турски провинции како приоритетни, балканските сојузници предизвикале двете конференции да работат во атмосфера на долги преговори, кои завршувале без донесување конкретни заклучоци.

Најпосле, на 27 мај 1913 г., бил потпишан Мировниот договор помеѓу Турција и балканските сојузници, со што Првата балканска војна била и формално завршена. Според решенијата содржани во Договорот, поразената Османлиска држава била принудена да им ги отстапи на балканските сојузници сите области на Балканот западно од линијата од Енос на Егејското Море до Мидија на Црното Море, освен Албанија.[172]

---

[169] R. C. Hall, цит. дело, 72.
[170] П. Стојанов, *Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912 – 1913*, 170–171.
[171] Исто, 172.
[172] R. C. Hall, цит. дело, 101.




Линија на разграничување  Енос – Мидија
(Извор: http://yavix.ru/)

Во настојувањето да сочува макар нешто од своите балкански позиции, Турција во текот на Мировната конференција во Лондон дала предлог на Македонија да ѝ се даде автономија под нејзин суверенитет, како и за Албанија. Балканските држави решително го одбиле предлогот за создавање на самостојна Македонија, не отстапувајќи од својот план за поделба на нејзината територија. По овој предлог, за Македонија не се донело никакво решение, додека Албанија на 27 декември 1912 г., на барање на Австро-Унгарија, била признаена за автономна држава. Одлуката за независност на Албанија ја поддржале сите големи сили и покрај острото противење на Србија и Грција, како и на Турција. Судбината на Македонија, меѓутоа, била препуштена на нејзините нови господари. Големите сили немале интерес за решавање на македонското прашање во услови кога балканските сојузници со оружје ја држеле нејзината територија под окупација. Нивната единствена грижа било како да се надминат спротивностите меѓу балканските држави, кои би можело да доведат до нивна

меѓусебна воена пресметка, што евентуално би го загрозило и европскиот мир и соодносот меѓу големите сили.[173]

Околу поделбата на Македонија посебно се вжештил српско-бугарскиот спор. Србија и Грција уште пред војната тајно се договориле дека нема да дозволат постоење на бугарско-албанска граница меѓу своите државни граници. Од друга страна, сложените односи меѓу Бугарија и Грција особено се заостриле по грчките предлози за решавање на прашањето на границата од ноември 1912 и април 1913 г., кои Бугарија ги отфрлила како претерани. По потпишувањето на Лондонскиот мировен договор, балканските држави ги окупирале оние територии што ги зазеле во војната против Турција, концентрирајќи ги силите на привремените демаркациски линии. Со тоа започнале сите подготовки за нов, овојпат меѓусојузнички воен судир.

За да го спречи избувнувањето на нова војна, Русија ги повикала сојузниците да го решат спорот по мирен пат и ги предупредила Србија и Бугарија на руската арбитража предвидена со српско-бугарскиот договор од март 1912 г. Меѓутоа, на рускиот апел двете страни одговориле условно: Србија барала ревизија на договорот, а Бугарија да се почитува воспоставената поделба на територијата. Со оглед на тоа што и двете влади не отстапувале од своите барања, Русија се откажала од натамошна арбитража.[174] Тоа го забрзало почетокот на Втората балканска војна и воспоставувањето на нови граници на Балканот по пат на сила.

Македонците кои се бореле во составот на војските на трите балкански држави за време на Првата балканска војна, се бореле за ослободување и за самостојна држава Македонија. Но, наместо признавање на придонесот на македонскиот народ како војувачка страна и сојузник во војната против Османлиската Империја, на Мировната конференција во Лондон окупацијата на територијата на Македонија од страна на Србија, Бугарија и Грција добила неофицијален легитимитет од големите сили, кои повторно, во рамките на нивните глобални односи кон Турција и воопшто кон балканските држави, ја занемариле важноста од решавање на македонското прашање за иднината на Балканскиот Полуостров. Ниту една официјална дипломатија на големите сили не ја прифаќала како реална и актуелна самобитноста и борбата на македонскиот народ за создавање независна македонска држава.[175] Ваквиот однос, во крајна линија, користел на освојувачките акции на српската, бугарската и грчката буржоазија, кои веднаш по завршувањето на Првата балканска војна започнале со систематска асимилација и денационализација на сè што било македонско.

Иако во овој период македонскиот народ не повел некоја организирана борба против новите поробувачи, не може да се каже дека тој без отпор го прифаќал новото ропство.[176] Најзначајно место во борбата против поделбата и поробувањето зазема акцијата на група Македонци во руската престолнина, кои непосредно пред објавувањето на Првата балканска војна, чувствувајќи ја опасноста за делба на татковината од балканските соседи и неопходноста за легитимен легален колективен фактор за настап пред руската и светската јавност, формирале неформална асоцијација под името Македонска колонија во Петроград.[177] Нејзини најистакнати претставници биле Димитрија Чуповски, Наце Димов и Гаврил Константинович.

Во декември 1912 г., Д. Чуповски пристигнал во Македонија, каде заедно со П. Попарсов, Р. Ризов, А. Мартулков и други претставници од разни краишта на земјата, организирал Општомакедонска конференција во Велес за судбината на Македонија. Откако била разгледана настанатата состојба и неопходните патишта за зачувување на

---

[173] П. Стојанов, *Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912 – 1913*, 172–174.
[174] Исто, 177.
[175] Исто, 185.
[176] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 117–118.
[177] Асоцијацијата дејствувала под тоа име до Октомвриската револуција во 1917 г. В.: Б. Ристовски, „Македонската колонија во Петроград (1912 – 1917)“, *Македонска енциклопедија*, кн. 2, 848–849.

целоста и обезбедување на слободата и државноста на Македонија, Конференцијата му дала полномошно на Д. Чуповски преку Македонската колонија во Петроград да го застапува македонскиот народ и македонските интереси пред меѓународната јавност. Било предвидено Д. Чуповски и П. Попарсов да заминат во Париз и Лондон.

Бидејќи нивното заминување пред меѓународните фактори не се реализирало, а официјална Русија имала улога на договорен арбитар, биле искористени сите средства за да се дејствува пред руската јавност. На 1 март 1913 г., бил објавен првиот официјален акт, „Меморандум на Македонците за независноста на Македонија", упатен до министерот за надворешни работи на Велика Британија и до амбасадорите на големите сили во Лондон. Во Меморандумот, меѓу другото, било истакнато и барањето „Македонија во нејзините географски, етнографски, економски и историско-културни граници да остане единствена, неделива, независна балканска држава".[178] Истовремено, Чуповски ја објавил првата карта на целокупна Македонија на македонски јазик, а бил потпишан и „Втор меморандум на Македонците до владите и општествената јавност на сојузните балкански држави". Исто така, биле објавени повеќе статии во печатот, со бројни настапи на Македонците на масовни јавни собири, во одбрана на слободата, целоста и независноста на Македонија и македонскиот народ. Од 9 јуни почнало да излегува и списанието „Македонскій голосъ" („Македонски глас"),[179] а била напечатена и книшката на Н. Димов „Македонија во минатото, сегашноста и иднината".

Како победничка страна во војната, балканските сојузници уште со првите победи против османлиската војска во Македонија, започнале со воспоставување на сопствена воена и цивилна управа на заземената територија. Меѓутоа, границите меѓу сојузниците не биле прецизно дефинирани и стабилни, па околу припадноста на одделни реони се воделе долготрајни дипломатски борби во српските, бугарските и грчките официјални кругови. Неодреденоста на границите била причина и за жестоки оружени судири меѓу локалните воени и цивилни власти на сојузниците,[180] при што најмногу страдало цивилното население.

Самоволието и корупцијата станале закон за окупаторските воени команданти, окружните и околиски началници, полициските комесари и други чиновници на режимот. Во зацврстувањето на своите позиции во Македонија, воените власти и особено злогласните „крстаречки одреди" од т. н. „Народна одбрана" во Македонија под Србија, андарти, скаути и критски џандари во Македонија под Грција и врховистичките чети во Македонија под Бугарија, извршиле низа погроми над македонското, албанското и турското население во разни краишта ширум Македонија, при што стотина села и градови биле урнати и изгорени до темел.[181] Во оваа смисла, посебно настрадало муслиманското население во Јужна Македонија, како од грчката, така и од бугарската војска. Но, не било поштедено ниту македонското население. Истакнувајќи ги, секоја одделно, своите историски права врз територијата на Македонија, Србија, Грција и Бугарија започнале со политика на национална и верска асимилација на македонскиот народ. Многу сурови постапки станале „законски норми за Македонците", кои биле масовно затворани, прогонувани и тероризирани. Први на ударот биле активистите на ВМОРО, а со нив и свештениците, учителите и други интелектуалци. Со цел да ја обезличат македонската национална самобитност, новите власти извршиле систематско ограбување и оттуѓување на културното и историското богатство на

---

[178] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 123.

[179] Со 11 броја (до 20 ноември 1914 г.), „Македонски глас" претставува најзначаен и единствен историски архив на македонската национална мисла и за борбата на Македонците за зачувување на територијалната целост и за извојување на националната слобода до ослободувањето во 1945 г.

[180] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 134–136.

[181] Исто, 148–149.

македонскиот народ, а искористувањето на економските придобивки и на трудот добиле размери на колонијална експлоатација.[182]

Народните маси давале пасивен отпор против различните мерки и наредби на новите власти (непризнавање на институциите, невклучување во училиштата и органите на власта, одбегнување и дезертирање од војската, сокривање на оружјето при разоружувањето и сл.). Но, немале сили за организирана борба. Македонските револуционери и социјалисти биле деморализирани, десеткувани и во поголем дел пребегнати во емиграција.

На теренот, последиците од војната оставиле пустош. Сите поголеми места во „новоослободените“ краишта биле полни со бедно, голо и гладно цивилно население. Репресиите што биле вршени и од двете завојувани страни, довеле до масовен егзодус на десетици илјади бегалци кон поголемите градови (Скопје, Битола, Солун)[183] и кон Мала Азија. Прекинот на трговијата предизвикал масовна глад во текот на зимата и пролетта 1913 г. Во Извештајот на Карнегиевата комисија,[184] кој претставува една автентична приказна и документација како е делена македонската територија меѓу нејзините соседи и како притоа не е правена воздршка од ниту едно политичко и воено злосторство, страшните последици и уништувачките резултати од воените дејствија се опишани со следните зборови: „Народните песни, историјата и усната традиција на Балканот, за жал, зборуваат за војната како за процес кој вклучува силување и грабеж, пустошење и масакр. Во Македонија сето тоа не е далечно сеќавање туку неодамнешно искуство...“.[185]

### 3.1 Тиквешко востание

Непосредно пред почетокот на Втората балканска војна, во Тиквешкиот регион избувнало организирано оружено востание предизвикано од насилствата што ги вршеле српските окупаторски власти при обидите за асимилација на населението. Тиквешкото востание претставува прв и најмасовен оружен отпор на населението против новиот српски окупатор и неговите асимилаторски и денационализаторски методи.[186] До позасилени конфронтации меѓу месното население и српските власти дошло по 17 декември 1912 г., кога со указ била воспоставена српска полициска власт во Тиквешкиот округ, која почнала да функционира од 1 јануари 1913 г.[187] Сомнежот на голем број Тиквешани дека и покрај сојузништвото на Србија со Бугарија, Србите немаат намера да се повлечат од овој дел на Македонија, се покажал како реален.

---

[182] Исто, 147–149.

[183] Документ бр. 224, во: *Британските конзули во Македонија 1797 – 1915 година: документи*, 424–426.

[184] Види бел. 100.

[185] В.: *Поранешните балкански војни (1912 – 1913).*

[186] За Тиквешкото востание постојат различни гледања во македонската историографија. Историчарите се согласуваат дека востанието имало македонски карактер и дека било предизвикано поради насилството на српските сили по повлекувањето на турската војска, меѓутоа, според едни, востанието го исцениралe структурите на ВМОРО што биле во функција на бугарската војска, односно тоа било своевидна „врховистичка провокација“ за бугарските национални интереси, додека други сметаат дека востанието било спонтан израз на народен отпор против политиката на новиот окупатор. Како поткрепа на мислењето дека организаторите на востанието не дејствувале за бугарските интереси, се посочува фактот што на востаниците не им помогнала бугарската војска, која во тој период била стационирана крај Криволак. В.: З. Тодоровски, „Тиквешкото востание во 1913 година“, *Тиквешкото востание во 1913 година*, Кавадарци 1999, 39–42.

[187] П. Камчевски, „Причините за Тиквешкото востание“, *Тиквешкото востание во 1913 година*, Кавадарци 1999, 29–30.

Процесот на асимилација српските власти го започнале со масовно прогонување на учителите и свештениците. Околу 50 училишта биле затворени, а во новоотворените, како и во црквите, бил воведен српскиот јазик. Животот на населението уште повеќе се влошил со новите такси, давачки и насилната реквизиција на прехранбените производи која ја спроведувала српската војска. Освен носителите на власта, сè почести и поголеми насилства и провокации врз населението правеле и четниците од т. н. „Народна одбрана“. Теророт уште повеќе се засилил во мај, кога српските власти, служејќи се со отворени закани и репресалии, почнале да спроведуваат попис на населението.

Незадоволството на населението и отворениот конфликт против новите „ослободители“ достигнале степен на неизбежен оружен судир. Со поддршка на ВМОРО било свикано собрание со делегати од речиси сите места во Тиквешијата, на кое едногласно било решено да се крене востание. Подготовките траеле неколку месеци. За раководење на востанието бил формиран Револуционерен штаб во кој влегле истакнатите тиквешки војводи Мишо Шкартов, Дончо Лазаров, Тодор Камчев, Димитар Пинџуров и др. Околу М. Шкартов, кој уживал голем авторитет кај населението во Тиквешијата, се собрале сите видни револуционери и активисти, припадници на разни политички движења и идејни струи на ВМОРО, кои и покрај различните интереси, несогласувања и борба за престиж, во новонастаната состојба се обединиле во единствен револуционерен фронт.[188]

За организаторите на востанието посебно охрабрувачки бил фактот што околиското раководство на Кавадарци било известено дека четите на ВМОРО на Васил Чакаларов, Ѓакон Евстати, Панајот Каранфилов, Ефтим Спространов, Петар Чаулев и Милан Ѓурулков се наоѓале на десниот брег на Вардар, подготвувајќи се да се префрлат во Тиквешкиот регион. Големата чета на Христо Чернопеев била стационирана во близина на Неготино. Овие чети на ВМОРО во согласност со Штабот на Македонско-одринското ополчение, во квечерието на Втората балканска војна добиле задача да се префрлат во Тиквешкиот регион и да внесуваат забуна во задницата на српската војска.

Востанието започнало на 19 јуни 1913 г. и траело седум дена. Вкупно биле вооружени околу 1000 востаници, од кои 200 биле обични граѓани, а останатите комити од четите на ВМОРО. Првите денови востаниците постигнале голем успех, ослободувајќи ги Кавадарци, Неготино и околу 50 села во Тиквешката околија кои се наоѓале на десната страна на Вардар: од с. Паликура на север до Демир Капија на југ, и од Криволак на исток до Радња, Рожен и Мрзен Ораовец на југозапад.[189] Градот Кавадарци шест дена бил под власта на револуционерната управа и под заштита на востаниците. На општинската зграда се веело тиквешкото револуционерно знаме. Градот Неготино бил ослободен на 22 јуни. Српските власти биле протерани и била воспоставена востаничка управа.

Со оглед на тоа што оружените судири меѓу тиквешките востаници и српските воени единици се одвивале во квечерието пред почнувањето на меѓусојузничката војна, Револуционерниот штаб на востанието очекувал помош од Четвртата бугарска армија која се наоѓала на левата страна на Вардар. Меѓутоа, во екот на најжестоките борби и храброто опстојување на востаниците на борбените позиции, пристигнала веста за отстапување на Четвртата бугарска армија, која под притисок на сојузничките – српските, грчките и романските армии, била принудена да се повлече од демаркациската линија.[190] Покрај тоа, на четите на ВМОРО им било наредено да се повлечат кон Радовиш, а некои кон своите реони на дејствување.

Така, тиквешките востаници останале осамени против српските воени единици кои почнале да се прегрупираат и да ги засилуваат своите редови со државните чети – доброволци на Василие Трбиќ, командант на крстосувачкиот, т. н. „Вардарски одред“, под чија команда биле и четите на војводите Јован Бабунски и Јован Долгачот, познати

---

[188] З. Тодоровски, цит. дело, 53–54.
[189] Исто, 65.
[190] Исто, 67–68.

по теророт над македонското население. По наредба на началникот на Кавадаречкиот округ, Душан Николиќ, потурчениот Албанец Јаја ага Малиќ, наоружал 250 Турци-четници за да му се стави на располагање на Василие Трбиќ. Навлегувајќи во тиквешките села, четниците и башибозуците на Јаја ага извршиле невидени ѕверства. Во таква ситуација, востаниците биле принудени да ги напуштат позициите на ослободената Тиквешка област и да се повлечат, најпрвин во Неготино и Кавадарци, а потоа кон планинските предели на Тиквешијата. Населението на Неготино и другите околни села, и покрај организираниот отпор, по наредба на месниот раководител Пано Измирлиев, се префрлило преку Вардар, кон Радовиш и Штип. Во подрачјето околу Криволак, населението било подложено на брутални репресалии и жесток терор од страна на српските воени единици и четниците. Крвавиот пат на Јаја ага продолжил низ селата на Неготинската околија и завршил со опожарување на Неготино.[191] Со тоа Тиквешкото востание било крваво задушено. Жртвите биле огромни. Во востанието загинале повеќе од 1000 луѓе, биле запалени над 1000 куќи, а околу 2700 лица биле затворени.



Тиквешкото востание од 1913 г.
(Извор: https://www.macedonia-news.com)

### 3.2 Втора балканска војна

По потпишувањето на Лондонскиот мировен договор спротивностите меѓу балканските сојузници околу поделбата на Македонија влегле во акутна фаза. Србија, Бугарија и Грција почнале со забрзани подготовки за нова меѓусебна војна, која требало да го реши прашањето на која од овие држави ќе ѝ припадне територијата на Македонија, а со тоа и хегемонијата на Балканскиот Полуостров.[192]

[191] К. Андонов и П. Емишов, „Неготино во пламен (1912 – 1913)“, *Тиквешкото востание во 1913 година*, Кавадарци 1999, 105.
[192] С. Скоко, *Други балкански рат 1913*, књига прва, Београд 1968, 208.

Со завршувањето на Првата балканска војна, Србија завладеала со западна и средна Македонија, Косово, Метохија и Санџак; Грција ја добила јужна Македонија заедно со Солун; Црна Гора дел од Санџак и Метохија, а Бугарија подрачјето на Тракија до линијата Енос – Мидија и источниот дел на Македонија. По губењето на териториите во Албанија, а со тоа и излезот на Јадранско Море, Србија побарала ревизија на Договорот за сојуз и пријателство со Бугарија (13 март 1912 г.), сметајќи на отстапки од бугарска страна за т. н. „спорна зона“. Грција исто така во неколку наврати се обидувала да го реши прашањето за границите со Бугарија, барајќи делови од југоисточна Македонија и специјално признавање на нејзиното право на Солун.[193] Категорично отфрлајќи ги барањата на своите довчерашни сојузници како претерани, Бугарија кон средината на мај 1913 г., започнала со групирање на своите воени сили на привремената демаркациска линија за разграничување со Србија и кон Грција. Таквите придвижувања на бугарската војска предизвикале Србија и Грција на 1 јуни 1913 г. да потпишат таен Договор за заедничка воена акција против Бугарија, со кој наедно било решено и прашањето за границите меѓу тие две држави во Македонија.




„Спорната зона“ помеѓу Бугарија и Србија
(Извор: Архива на авторот)

[193] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (191 2– 1918)*, 55.

Србија и Грција се обиделе во својот сојуз да вклучат и други земји, пред сè Романија, која исто така имала нерешени гранични прашања со Бугарија, околу тврдината Силистрија на Дунав и територијата на Јужна Добруџа. Иако формално не се приклучила кон сојузот, романската влада заземала јасен став дека во случај на воен судир меѓу сојузниците нема да остане воздржана.[194] Во заострувањето на односите меѓу балканските сојузници и Турција видела можност за враќање на дел од загубените територии, пред сè, Одринскиот вилает, па од таа причина во текот на јуни и турската влада започнала со одделни тајни преговори со Србија и Грција за сојуз против Бугарија.

Водени од сопствените интереси, големите сили имале различни ставови во врска со недоразбирањата меѓу балканските сојузници. Русија, на која не ѝ било во интерес растурањето на Балканскиот сојуз, во неколку наврати се обидела по дипломатски пат да ја намали напнатоста меѓу државите, во што ја поддржувале Франција и Англија. Меѓутоа, Австро-Унгарија и Германија продолжиле со активно мешање во односите меѓу балканските сојузници, поттикнувајќи ја Бугарија на агресија против Србија и Грција. Со оглед на тоа што и балканските држави не отстапувале од стекнатите позиции, преговорите напредувале споро и без изгледи дека кризата ќе може да се реши по мирен пат и со дипломатски средства. Всушност, подготовките за војна меѓу спротивставените страни во Сојузот биле завршени и било прашање на време и проценка која од страните ќе го започне нападот.

Нападот на Бугарија на Србија и Грција на 29/30 јуни 1913 г., без формално објавување на војна, се случил токму во моментот кога под раководство на руската дипломатија требало да отпочне конференцијата на четворицата балкански премиери (на Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора) во Петроград и во ситуација кога постоеле реални шанси да се сочува Балканскиот сојуз.[195] Три дена потоа и Романија објавила мобилизација, преминувајќи ја границата со Бугарија на 13 јули. Во исто време и Турција се вклучила во меѓусојузничката војна. Прекршувајќи го Лондонскиот договор, на 13 јули турските сили ја преминале линијата Енос – Мидија и започнале со брзо настапување кон Одрин. Со тоа Балканскиот Полуостров повторно станал средиште на нова војна, која во најголем дел се водела на територијата на Македонија.

Македонското боиште во Втората балканска војна ја зафаќало територијата од Солун по Вардар до Скопје, на североисток преку Куманово до Голем Врв на старата турско-српска граница и на југоисток до Ќустендил – Царево Село (Делчево) – Пехчево, Берово, Струмица, источно од Дојран кон Серес и Кавала. На оваа територија биле распоредени српските и грчките од една страна и бугарските војски од друга.[196] На фронтот од Крива Паланка до Серес дошло до крвави борби, од кои најзначајни и одлучувачки биле борбите што се воделе долж Брегалница и Злетовска Река. Тешки борби се воделе и на Овче Поле и во долината на реките Струма и Места и меѓу Гевгелија и Дојран, и посебно кај Кукуш.

---

[194] С. Скоко, цит. дело, 222.
[195] Исто, 218–223.
[196] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 56–58.




Прва балканска војна, општ преглед на воените дејства
(Извор: Милиќ Миличевиќ, *Балкански ратови*)

### 3.3 Брегалничка битка

Битката на Брегалница, со која започнала Втората балканска војна, се водела од 30 јуни до 9 јули 1913 г., на фронт од Царев Врв на Осоговските Планини до устието на Злетовска Река во Вардар. Во битката учествувале Првата и Третата српска армија, седум пешадиски и една коњичка дивизија, односно околу 176 000 војници, а од бугарска страна Четвртата армија, Македонско-одринското ополчение, четири дивизии и три бригади или околу 130 000 војници.

Според воениот план на бугарската војска, со концентриран и ненадеен напад Четвртата армија требало да изврши офанзива врз српските сили, со цел заземање на спорните територии, а потоа, на фронт од Вардар долж Брегалница и Злетовска Река до Царев Врв, да се победи српската војска и да се застане на Овче Поле, каде требало да се реши исходот на војната. Српскиот воен план за битката се засновал на стратегиски пречек на бугарскиот напад и по неговото одбивање, настапување на Третата српска армија и нејзино поврзување со грчките сили.

Ноќта на 29/30 јуни, бугарската Четврта армија ненадејно ја нападнала Третата српска армија на реката Брегалница. Нападот го започнала 8. бугарска дивизија преку реката Брегалница на центарот на десното крило на Дринската дивизија, а потоа и 7. рилска дивизија преку Злетовска Река тргнала во напад на левото крило на истата српска дивизија. Под притисокот на бугарските единици, претстражните одреди на Дринската дивизија се повлекле на главните позиции. Во 2:30 часот, српските полкови на левото крило и на центарот ги зазеле позициите. На десното крило претстражниот баталјон наместо да ја прифати борбата со предните делови и да создаде време на својата главнина, преминал во противнапад и бил разбиен, по што српските сили биле принудени да се повлечат на дополнителните позиции на 2,5 км зад главните.




Настапување на бугарската армија преку Брегалница на 17 јуни 1913 г.
(Извор: Милутин Лазаревић, *Српско-бугарски рат*)

Бугарските напади на Лозјанскиот Рид и на Ежово Поле биле одбиени. На Средниот Рид избиле бугарски трупи и заплениле шест топа на две српски батерии. Со противнапад на српската резерва повторно бил освоен Средниот Рид и вратени шест топа, а бугарските сили биле одбиени на левиот брег на Брегалница. Нападите на 7. рилска дивизија на Шаренковец и на Руен биле одбиени од 5 пешадиски полк. Поради тешката состојба кај Дринската дивизија од I повик, командантот на Третата армија ја упатил на помош Моравската дивизија од I повик од армиската резерва: еден полк да изврши напад преку село Богословец, еден од правецот на село Врсаково и еден преку село Мустафино кон Судиќ, за да ѝ помогнат на Дринската дивизија повторно да ги заземе загубените позиции.

Полковите на Моравската дивизија пристигнале околу 10 часот и веднаш биле ангажирани. Настанала жестока битка во која се вршеле три до четири последователни јуриши. Артилеријата од двете страни била масовно употребувана, но без некои позначајни успеси. Во предвечерието борбата стивнала на целиот фронт. Поради големите загуби и преморeноста, ноќта не биле вршени напади. На крајното десно крило бугарската војска со две бригади ги зазела Удово и Гевгелија и ја пресекла железничката пруга Солун – Скопје.

Бугарските единици ја поминале Злетовската Река, ги одбиле претстражните одреди на Шумадиската од I и на Моравската од II повик и во текот на денот ја зазеле линијата село Дренак – Кала (кота 798). За тоа време, Шумадиската прва ги запоседнала позициите: село Барбарево – Горни Стубел – Црн Врв, а Моравската

дивизија од II повик: Пониква – с. Близнаци – Мушково. На Осоговските Планини, третиот баталјон на Македонско-одринското ополчение ги зазел Ретки Буки.[197]

Во меѓувреме, бугарската Врховна команда решила битката да се засили во правецот на Третата српска армија, а не на порано утврдените позиции на Светиниколската Река. Поради тоа, српската Врховна команда наредила Првата српска армија да премине во напад во правецот на Рајчански Рид – Кочани, обезбедувајќи ја левата страна кон Ќустендил; Третата армија да остане во одбрана на достигнатите позиции, а во противнапад да помине кога Првата армија ќе ги започне дејствата; Црногорската дивизија да се префрли од Скопје во Куманово, а Шумадиската дивизија од I повик да се упати како засилување на Третата армија.

Едно од најстратешките места – Ежов Рид, сè уште бил под контрола на српската војска, каде што се наоѓала и нивната команда. Овде Бугарите имале големи загуби. Меѓутоа, Сушевската Височина и Трогерските Ливади биле под контрола на бугарската армија. Бугарите очекувале дека набргу ќе го освојат Ежов Врв заедно со српските топови и коњи. Овој оптимизам се должел и на доаѓањето на 6 Бугарска дивизија по поразот на српската војска на Криволак. Во Командата на бугарската армија било планирано тие да го продолжат победоносниот поход кон Овче Поле, Велес и Скопје. Но, по прегрупирањето на српските воени единици и воспоставувањето на прекинатите врски, добиле наредба за контранапад. Бугарските напади на Лојзански Рид и на Ежово Поле биле одбиени.

На 1 јули, бугарските единици го продолжиле нападот на Третата српска армија. Десното крило на Дринската прва дивизија се повлекло кон Богословец, а нападот кај Ежово Поле и на Лозјанскиот Рид биле одбиени. Околу 16 часот, борбата продолжила и траела до вечерта. На левото крило на Моравската дивизија се развила блиска борба со наизменични јуриши од двете страни. Бугарите имале поголеми успеси на Руен. Околу пладне, српската војска извршила јуриш, по што бугарските сили биле одбиени источно од Руен. Притоа имало бројни жртви на двете страни, а бугарските единици се повлекле кон Злетовска Река. На десното крило, бугарската 2. дивизија го продолжила нападот од Штип кон Пепелиште и го зазела Драгоево. Со тоа ја принудила Тимочката дивизија од II повик на повлекување и ја одвоила од Третата армија. Првата армија ги отфрлила деловите на 7 бугарска дивизија на левиот брег на Злетовска Река[198].

На 2 јули, во 6 часот, српската Врховна команда издала наредба Третата армија да настапува кон Штип.[199] До 13 часот таа избила на Брегалница од Штип до Крупиште, а истовремено и Првата армија заземала позиции кај Рајчанскиот Рид. Поради силната одбрана на бугарските сили нападот бил одложен. Бугарската 8. дивизија, продолжила со нападите врз 2. тимочка дивизија без промена на позициите. Бугарската Врховна команда извршила засилувања на Четвртата армија со еден полк од Петтата армија. Србите ја засилиле Третата армија со Доброволната бригада на десното крило и со Првата коњичка дивизија и Црногорската бригада на централниот дел.

Наредните денови се развила жестока борба на целиот фронт. До 4 јули бугарските и српските воени сили имале променливи успеси, а на 5 јули српските воени сили презеле поголеми воени дејства кои Бугарите успешно ги одбиле. Во меѓувреме, на српската војска ѝ пристигнала нова помош со оглед на тоа што во јули била извршена повторна мобилизација. Собраните околу 30 000 регрути, главно од Македонија, веднаш биле испратени на фронт без каква и да било обука.

На 3 јули српската коњица го зазела Кочани и се пробила до реката Брегалница, по што Бугарите почнале да се повлекуваат од позициите околу Штип. Тоа било причина српската војска да продолжи со позасилено навлегување кон Штип и неговата околина. Меѓутоа, бугарските единици веќе биле повлечени, со оглед на опасноста од грчките

---

[197] M. Mazover, цит. дело, 68–72.
[198] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*, 57–60.
[199] В. Стојчев, *Воена историја на Македонија*, 567.

сили што настапувале кон север за да им ја пресечат отстапницата кон Бугарија. Со тоа битката на Брегалница била решена.

На 8 јули, во раните утрински часови, Врховната команда на српската војска издала наредба Третата армија да изврши напад на целиот фронт кај Штип. Моравската дивизија, од составот на Првата српска армија, започнала со напад на Кочани, од каде, во меѓувреме, бугарските единици добиле наредба да се повлечат.[200] За овие настани, еден од тогашните современици, Јаша Томиќ, кој во тоа време заедно со српската војска се приближувал кон Штип, меѓу другото го запишал следново: „Се наоѓам на два часа од градот Штип. Целиот ден нема борби. Насекаде се забележуваат траги од повлекувањето на Бугарите. Лежат расфрлани, пушки, торби, шинели. Стигна и една сигурна вест – Штип падна, а Брегалничката битка заврши."[201]

Во текот на овие воени дејствија и двете страни имале огромни загуби. Многу ранети војници барале помош од своите санитетски единици, а водите на Брегалница со себе понеле многу лелеци и болка. Во српската војска имало околу 20 000 мртви и ранети, а кај бугарската околу 30 000.

Кога се зборува за Втората балканска војна, треба да се спомене и сеќавањето на Станко Панев од с. Сарчиево, кој, според кажувањата на неговиот татко, раскажувал дека во село Сарчиево и неговата околина, каде што се наоѓала демаркационата линија, на селаните не им било дозволено да ја пасат и напојуваат стоката.

Во оваа војна најмногу настрадал македонскиот народ, мобилизиран во двете спротивставени војски. Учествувајќи во првите редови на завојуваните страни, Македонците меѓусебно се бореле и убивале во полза на бугарските и на српските команди на позициите на Осоговските Планини, наизменично освојувајќи ги во постепени јуриши Царев Врв, Ретки Буки, Дервишица и Банков Чукар.

Заклучокот дека таа била една од најкрвавите, најподлите и најпогубните војни токму за Македонците, го поткрепуваат многубројни примери, а еден од најкарактеристичните е на Јордан Авукатов (роден во 1876 г.), чиишто сеќавања ги запишал неговиот внук Ристо Авукатов. Според кажувањата на Ј. Авукатов, тој уште на млади години стапил во редовите на ВМРО и учествувал во ослободувањето на Едрене, каде што бил тешко ранет. По враќањето од Едрене, веднаш бил мобилизиран од бугарските власти за напад на српската војска на реката Брегалница, односно бил учесник во подмолниот напад, во близината на местото Каленица, а пред с. Чардаклија. Во хаосот кај Ежов Рид, Јордан се сретнал со својот брат, кој бил мобилизиран во српската војска. По пресвртот во борбите и повлекувањето на бугарската војска преку реката Брегалница, Јордан со себе го повлекол и брат му. Дома се вратил дури по завршувањето на Првата светска војна. Неговото семејство, кое сите претходни години живеело многу тежок живот, било десеткувано, а од неговите четири деца, живо останало само едно.

За тешките последици од Втората балканска војна пишувал и дописникот на весникот „Политика", кој за овие настани, меѓу другото, го забележал и следново: „Шест дена како што се наоѓаме на котата 256 (место на кое денес е лоцирана фабриката „Астибо"), сонцето пече. Вода нема. Неа од далеку ја носат и тоа по две маторки дневно. Со двогледот се гледа како граѓаните во Штип се вознемирени. Се забележуват коли кои го напуштаат градот и се упатуваат кон Радовиш. Војната беше кратка но многу крвава".[202]

За овие настани во своите сеќавања пишувал и Тодор Мановиќ, кој своите записи ги базирал врз кажувањата на негови блиски, постари Штипјани, кои педантно ги бележел секојдневно. Во врска со тоа, Мановиќ го забележал следново: „На Пребег и на Мерите, по стивнувањето на акциите, сè уште се слушале пискотници и офкања на

---

[200] Исто.
[201] Ј. Томић, *Рат у Маћедонији и Старој Србији 1913. године*, Нови Сад 1914, 126.
[202] Дописникот пишува дека кога српските војски влегле во градот, заробиле и разоружале бугарски жандарми и целата интендантска група, која не забележала дека бугарската војска заминала. В.: *Политика* (од 23 мај до 7 јули 1933 г.).

ранетите, на кој никој не им приоѓал на помош. И, навистина, ретко која војна била толку кратка, а толку многу крвава. На вака брзиот крај на битката на Брегалница, никој не се надевал. Но, и покрај тоа, загубите биле огромни. Точниот број на загинатите во Брегалничката битка во различни извори е различен.“

Втората балканска војна оставила тешки последици и врз здравјето на месното население и војниците. Најтешката болест која се појавила во тоа време била колерата, пренесена од турските војници од Мала Азија, кои за време на судирите дошле во контакт со бугарските војници. Со трансферот на овие сили во Македонија, колерата земала замав и во редовите на српската војска. Друга болест била маларијата, а борбата со неа, како што наведува В. Станојевиќ, била вршена на примитивен начин, бидејќи српската војска не располагала со никакви модерни средства за тоа. Заштитната мерка против колерата, т. е имунизацијата на трупите со помош на вакцина, не се применувала. Кога се појавила колерата, српскиот санитет бил целосно неподготвен да се справи со неа. Дијагнозата се поставувала „од око“, бидејќи немало ниту бактериолошка лабораторија ниту бактериолог.[203] За колерата како болест и последиците од неа пишувале сите тогашни весници, во кои се апелирало за помош и спас на многубројните заболени. Во еден извештај од крајот на јули 1913 г., Љуба Грковиќ, окружен началник на градот Штип, во врска со оваа болест го забележал следново: „Кога дојдов во Штип, градот го најдов речиси празен. Многу куќи се разуранти од гранатите. Населението го нема, дали го напуштило градот или се крие по куќите, во градот владее вистинско мртвило. Нема ниту една отворена работилница, освен аптеката. Нема каде да се најде стан, каква било услуга или удобност, нема каде кафе да се напиеш...“.[204]



(Извор: Архива на авторот)

[203] В. Станојевић, *Колера у Балканском рату 1912 – 1913*, Београд 1925, 331.
[204] Ј. Јосимовски и В. Јосимовска, „Колерата во 1913 година во Брегалничкиот регион“, *Зборник на трудови од прв македонски конгрес за историја на медицината (МАИМ)*, Штип 2001, 95.




Позициите на српската, на бугарската и на грчката војска за време на Втората балканска војна

(Извор: Милић Миличевић, *Балкански ратови*)

Увидувајќи го сломот на бугарската армија во битката кај Брегалница, како и во битките кај Кукуш, Калиново, Лахне и Дојран, Романија и Турција започнале со отворени подготовки за војна.[205] И покрај предупредувањата од големите сили, особено Австро-Унгарија, романската војска на 13 јули ја преминала границата со Бугарија, заземајќи ја спорната територија на Добруџа. Согледувајќи ја можноста за враќање на загубените територии во Источна Тракија, вклучувајќи го и Одрин, на 13 јули и турската војска ја преминала границата Енос – Мидија. Растерувајќи ги слабите бугарски сили, Турција на 22 јули го заземала Одрин. Опколена од сите страни со надмоќните противнички сили – српските на запад, грчките на југ, романските на север и турските на исток – катастрофалниот пораз на бугарската војска бил неминовен. Сите обиди на бугарската влада да го избегне поразот во војната останале без резултат. Губејќи ја поддршката на големите европски сили, Бугарија била принудена да побара примирје. На 31 јули биле запрени сите воени операции, а новонастанатите услови на Балканот продолжиле да се разгледуваат на Мировната конференција во Букурешт.

Освен на фронтот кај Видин, Бугарите насекаде успеале да ја одбранат својата државна територија од Србите и Грците, кон кои биле сконцентрирани сите свои сили. Но, сепак Турците лесно го зазеле Едрене, а Романците речиси без борби дошле до Софија, во нивна позадина. Единствено нешто што Бугарија можело да направи е да побара примирје и да побара мир.[206]

### 3.4 Букурешка мировна конференција

Мировната конференција во Букурешт започнала со работа на 30 јули 1913 г., под претседателство на Титус Мајореску, претседател на владата и министер за надворешни работи на Романија. На Конференцијата учествувале делегации на државите победнички во Втората балканска војна: Србија, Црна Гора, Грција и Романија од една и поразената Бугарија од друга страна, со асистенција на делегатите на шесте големи сили. Турција, која исто така учествувала во војната, не била вклучена во работата на Конференцијата.[207]

На првата седница била усвоена одлука за запирање на непријателствата, за воспоставување на цврст мир и правична рамнотежа на силите на Балканот. Воените делегати договориле еднostран прекин на воените дејства и повлекување на силите на демаркациската линија на еднакво растојание од позициите на претстражите. Секое потешко прекршување на примирјето ѝ давало право на другата страна да ги обнови воените дејства.

Натамошната работа на Конференцијата минувала во исклучително заострена работна атмосфера, во прв ред заради мешањето на големите сили. Околу прашањата за разграничувањето, било одлучено бугарската делегација да преговара одделно со романската, српската, грчката и црногорската делегација, а на пленарните седници да се разгледуваат само спорните прашања. Најголемите тешкотии во работата на Конференцијата биле околу поделбата на Македонија меѓу Бугарија, Србија и Грција, во врска со што уште од првата седница се јавиле два проекти: на Русија, која и натаму се обидувала да остане можноста за евентуално обновување на Балканскиот сојуз и на Австро-Унгарија, која настојувала да ја врзе Бугарија за австро-германскиот блок.[208]

По долги преговори, на седницата која се одржала на 6 август, биле усвоени новите граници меѓу Србија и Бугарија. Новата гранична линија тргнувала од врвот Патарица и следејќи ја старата турско-бугарска граница и вододелницата меѓу Вардар и Струма (освен горниот дел на Струмичката Долина кој останал на српска територија),

[205] С. Скоко, цит. дело, 220–225.
[206] М. Лазаревић, *Српско-бугарски рат 1913 године*, књ. 4, Београд 2019.
[207] Political archive XII, Turkey 1902 – 1909: sig. LXXXV/1016, 1877 – 1880.
[208] С. Скоко, цит. дело, 319–323.

излегувала на планината Беласица каде се спојувала со грчко-бугарската граница. Дискусијата за спорните прашања била водена до 9 август, кога било одлучено во рок од три години двете страни да ја обележат целата гранична линија, а во случај на евентуални недоразбирања, била предвидена арбитражата на Белгија, Швајцарија и на Холандија. Многу потешко одело утврдувањето на границите меѓу Бугарија и Грција. Според одлуките донесени на седницата од 7 август, новата граница меѓу Бугарија и Грција тргнувала од новата српско-бугарска граница на Беласица и излегувала на устието на реката Марица во Егејското Море.

На Конференцијата биле разгледувани и прашања во врска со демобилизацијата на бугарската армија и нејзино преведување во мирновременска положба, размена на заробениците, евакуација на окупираните територии (старите и новите) и начинот на ратификација на договорот за мир. Освен тоа, биле разгледувани и барањата на Србија и на Грција за воена отштета, како и прашањето за образовните и верските слободи на населението на присоединетите области, но тие, со оглед на тоа што за нив не била постигната согласност, не влегле во конечниот текст на Мировниот договор.[209]

Букурешката конференција завршила со потпишување на Мировен договор на 10 август 1913 г., меѓу Грција, Србија, Црна Гора и Романија од една и Бугарија од друга страна. Со овој Договор била извршена конечна поделба на териториите по промените создадени со Првата балканска војна и биле утврдени новите граници меѓу балканските држави. Поделената територија на Македонија со окупацијата на српските, бугарските и на грчките војски од есента 1912 г., по одлуките на победниците во Букурешт уште еднаш била поделена меѓу Грција, Србија и Бугарија. Во името на „воспоставување на праведна рамнотежа на Балканот“, како што е наведено во Договорот, поголемиот дел од територијата што бил под бугарска окупација сега бил приклучен кон Србија и Грција, при што целата неспорна зона во Македонија ѝ припаднала на Србија, а Грција ја добила југоисточна Македонија и дефинитивно се утврдила во Солун. Бугарија ги загубила скоро сите свои територии заземени од Турција, а од Македонија го задржала Пиринскиот дел.

Веднаш по потпишувањето на Мировниот договор во Букурешт, на 11 август 1913 г., Австро-Унгарија, Русија и Бугарија упатиле официјални барања за негова ревизија. Меѓутоа, под притисок на Франција, Русија брзо се откажала од намерите за ревизија, па со такво барање останале само Австро-Унгарија и Бугарија. Со оглед на противењето на Франција и Англија, како и на Италија и Германија, големите сили го усвоиле ставот дека ревизијата на Букурешкиот мировен договор е непотребна и опасна и дека во дадените околности Европа треба да ја прими на знаење поделбата на териториите така како што ја извршиле балканските држави. Од таа причина, Букурешкиот мировен договор претставува единствен меѓународен договор што не го потпишале сите големи сили.

На Букурешката мировна конференција, европските држави не ги зеле предвид барањата на македонскиот народ, чиишто претставници од повеќе асоцијации, особено од Русија и од Швајцарија, интервенирале да се зачува единството и целината на македонската територија. Граничните линии меѓу Србија, Бугарија и Грција, утврдени со Букурешкиот мировен договор, значеле и државни гранични линии. Македонија, чијашто територија во рамките на Османлиската Империја до Балканските војни зафаќала површина од 67 741,2 км$^2$ и се граничела на север со Шар Планина, Скопска Црна Гора, Козјак и Рила; на запад со планините Кораб, Јабланица, Грамос и Пинд; на југ по реката Бистрица до Егејското Море и на исток до сливот на реката Места, опфаќајќи го централниот дел на Балканскиот Полуостров, според одлуките во Букурешкиот мировен договор станала периферија на балканските држави. Поделеното македонско население и натаму останало национално угнетено, бидејќи балканските монархии не ја признавале неговата посебност. На македонскиот народ не му биле признати оние

---

[209] Документ бр. 224, во: *Британските конзули во Македонија 1797 – 1915 година – документи*, 425.

политички права кои ги имале народите на Србија, Бугарија и Грција, во чиј состав влегле одделни делови од Македонија.

Втората балканска војна не само што не ги решила, туку уште повеќе ги заострила постојните и создала нови спротивности меѓу балканските држави. По Балканските војни регионот останал опасно нестабилен – поразените сакале одмазда, победниците имале преголема самодоверба, а големите сили продолжиле активно да се мешаат во балканските прилики.

Овие тензии набргу го добиле својот епилог. Во јуни 1914 г., австрискиот престолонаследник Франц Фердинанд бил убиен во Сараево од младиот босански Србин Гаврило Принцип. За неколку недели Балканот влегол во уште една војна, повлекувајќи го овојпат и останатиот дел од Европа со себе. Македонското прашање, за кое големите сили верувале дека го решиле во неговиот „нормален израз“, повторно избило со сета сила во 1915 г., станувајќи акутен дипломатско-политички и воено-стратегиски проблем, како за малите балкански држави така и за двата завојувани блока од Антантата и од Централните сили.

Оттука, Балканските војни претставуваат само почеток на една епоха во европската историја, во која ќе доминираат национализмот и воените конфликти. Војната што започнала во октомври 1912 г., за балканските народи практично не била завршена до 1918 г., а настојувањата на балканските држави за воспоставување на големи национални држави започнати во Балканските војни, продолжиле и во текот на Првата и во Втората светска војна.[210] По речиси педесетгодишниот мирен период за време на социјалистичкиот режим, прашањата покренати во Балканските војни повторно оживеаја со распаѓањето на некогашна Југославија, внесувајќи го Балканскиот Полуостров во уште една војна, која според карактерот и последиците се смета за една од најкрвавите во историјата на човештвото.

---

[210] Political archive XII, Turkey 1902 – 1909: sig. LXXXV/1015, 1877 – 1880.




Приказ на границите меѓу балканските држави по Балканските војни
(Извор: http://www.macedonium.org)

### 3.5 Последиците од Балканските војни

Во Првата балканска војна бугарските загуби се проценуват на 14 000 загинати, 50 000 ранети и 19 000 починати од болести. Ова значи дека само во Првата балканска војна има вкупна стапка на жртви од 21 %, во Втората балканска војна или Меѓусојузничка војна, бугарските загуби се 18 000 загинати, 60 000 ранети и 15 000

починати од болест. Големите загуби во Втората балканска војна се случуваат во текот на жестоките борби во времетраење од само шест недели. Грчките загуби во Првата балканска војна се 5170 загинати и над 20 000 ранети или болни, а 2500 загинати и 19 000 ранети или болни во Втората балканска војна. Првата балканска војна ја чини Црна Гора 2800 загинати и 6600 ранети војници. Поголем дел од овие загуби се последици на воените операции кај Скадар. Црногорците имаат дополнителни 240 загинати и 960 ранет војник во Втората балканска војна, што е висока стапка на жртви за една мала земја. Според една неодамнешна проценка, која ги претставува српските загуби во двете Балкански војни како 36 000 загинати и 55 000 ранети, иако вистинскиот број би можел да изнесува дури 91 000, други бројки за српските загуби покажуваат дека во војната против Бугарија Србите имале 9000 загинати, 5000 починати од колера и 36 000 ранети. Сосема е веројатно дека Србите имале поголеми човечки загуби во војната со Бугарија отколку во војната со Османлиската Империја.[211]

Во рамките на Османлиската Империја Македонија претставувала компактна целина и како таква се развивала. Македонскиот народ живеел под исти услови и се борел за исти цели, за национално и социјално ослободување и за своја државност. Македонците, преку формирањето на национално-револуционерното движење, започнале да водат жестока борба за своја самостојност, егзистенција и самобитност. Се бореле да го зачуват својот јазик, своето национално и духовно богатство, од обидите на сите надворешни европски и балкански сили за нивно присвојување. Во таа борба наидувале на огромни пречки, не само од турската власт, туку уште повеќе од младите, штотуку формирани држави на Балканот, кои сакале да ја избришат неговата етногенеза и да ја претопат како сопствена.

Веднаш станало јасно дека едно владеење ќе биде заменето со друго, уште потешко и уште поцрно. Настапиле денови полни со страв и неизвесност. Во зависност од окупаторот, македонското население било прогласувано за бугарско или за српско. Во тоа време биле присутни многу чети од обете страни на завојувачите, кои внесувале дополнителен страв кај населението. Започнал сеопшт и безобзирен грабеж на населението. Економски, овој регион бил целосно уништен, а многу села и куќи биле изгорени и опустошени. Била вршена принудна мобилизација, заради која многу млади Штипјани загинале во војните или умреле од болести. Имајќи предвид дека војната била водена во лето, големи последици претрпела и летината: житариците биле опустошени, плодовите несобрани, градинарските растенија уништени. За потребите на интендантската служба војската ги собирала и домашните животни, живината, овци, говеда, магариња и др., а, што е битно, многу од оваа се носело во Србија. Исто така, од артилериски гранати биле уништени големи површини шуми, а се правела и масовна сеча за фортификациски објекти, за готвење храна и огрев.

Крајниот резултат на сите овие страдања, Букурешкиот мир од август 1913 г., всушност го означи почетокот на најкобните страници во историјата на македонскиот народ. Овој мир има фатални последици за Македонија, затоа што со него македонскиот национален интегритет е распарчен меѓу трите држави – Србија, Бугарија и Грција, а траумите од овој мир биле такви што се чувствуваат до денес.

Грција, Турција, Романија и Србија, сите биле големи победници во Втората Балканска војна. Грчката армија забележала голем воен успех, невиден во Првата балканска војна. Сепак, грчката армија за кратко време ги исцрпила своите логистички и комуникациски ресурси. Ова, како и недостигот на усогласеност меѓу командите на здружените српски армии, придонело за грчкиот пораз и за катастрофата кај Кресненската Клисура на крајот од војната. Букурешкиот мировен договор не само што ѝ ги доделил на Грција важните делови од Источна Македонија, вклучувајќи ги Серес, Драма и Кавала, туку ја одредил и значајната граница со Србија. Со ова, дури и силна Бугарија, не би можела да ја отстрани Грција од Балканот. За време на Втората балканска војна Османлиската Империја вратила значаен дел од изгубената територија. Османлиите ја пробиле апсурдната линија Енос – Мидија и уште еднаш ја подобриле

[211] Исто, 134.

одбраната на Константинопол. Повторно го освоиле Одрин, со што Тракија станала важна османлиска провинција. Доколку во Одрин останеа Бугарите, тогаш ќе имаше мали шанси Османлиите да издржат толку долго кај Галиполе во 1915 г.

Романските акции во Втората балканска војна биле одлучни и ограничени, и во голема мера водени од свеста дека важните национални цели се наоѓаат во Трансилванија и во Бесарабија. Букурешт ја користел својата армија само за да ја окупира посакуваната Јужна Добруџа и да се осигура дека Бугарија ќе се согласи со ваквата окупација. Романија ги избегнувала другите искушенија, како, на пример, окупација на Варна или влегување во Софија. Откако ја остварувала својата цел, Романија се трудела да го реши конфликтот, но без желба моќната Бугарија да ја замени со моќна Србија.

Со победата во Втората балканска војна, Србија станала доминантна јужнословенска сила. Војната предизвикала повеќето Македонци да живеат под директна српска власт. До потпишувањето на Букурешкиот мировен договор, Црна Гора станала српски придружник. Победата им донела на Србите и голем престиж помеѓу Јужните Словени во дуалистичката монархија. Всушност, Белград се натпреварувал со Белград и со Будимпешта за добивање лојалност од Србите, Хрватите, Словенците и од Босанците што живееле во Империјата.

Освен тоа, со победата над Бугарија, Србија всушност останала единствениот сојузник на Русија. Заради непридржувањето кон Мартовскиот договор од 1912 г., а уште повеќе поради неуспехот да ја спаси од катастрофа, Бугарија била гневна на Русија. Треба да се нагласи дека и пред Букурешкиот мировен договор, на власт во Софија дошла проавстриска влада ориентирана кон Тројниот сојуз. Со тоа, загубата на Бугарија направила руското влијание на Балканот да зависи исклучиво од Србија, а доколку таа се оддалечи или потпадне под австриско влијание или владеење, постоела реална можност Русија целосно да биде исклучена од Балканот. Ваквата ситуација направила драстични промени во традиционалната зависност на словенските балкански држави од Русија, свртувајќи ја во обратна насока. Со цел да ја задржи својата улога на Балканот, Русија сега морала суштински да се потпира на Србија, а последиците од ваквата руска зависност, се манифестирале кон крајот на месец јули следната година.

## 4. СОСТОЈБИТЕ НА БАЛКАНОТ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Првата светска војна, или според зборовите на Јан Паточка „тој страшен и во одредена смисла космички настан", претставува вододелница во историјата на Западот со далеку најголемо влијание на нашиот век. Земајќи ги предвид нејзините причини, речиси сета историска дискусија се сведува на утврдувањето на степенот на одговорност на разните влади во услови на систем на алијанси (тројната Антанта на Англија, Франција и Русија и тројната Алијанса на Австро-Унгарија, Германија и Италија), што, како се тврди, морало да резултира со светска војна.[212] Другиот главен фокус е марксистичката теорија на империјализам, според која меѓународниот ривалитет предизвикан од потребата за нови пазари и нови извори на суровини, ја направил светската војна неизбежна. Неодминлив е впечатокот дека на внатрешните причини им е посветено многу малку внимание, а дури и тогаш кога внатрешната или општествената динамика биле истражувани, таквите истражувања само промовирале повеќе или помалку погрешни претстави.

Генезата на војната тука е проучена во светлината на општествените прашања и нивната динамика; се изнесува тезата дека наглото зголемување на заканите упатени кон системот на доминација било прекинато со почетокот на војната, најзначајниот контрареволуционерен удар во модерната светска историја. Доколку во август 1914 г., вистинското движење доживеало пресврт, јасно е дека вообичаеното укажување (во овој случај на Дебор) кон „длабокиот општествен бунт што се појавил со почетокот на Првата светска војна",[213] е погрешно. Наместо анализа и разјаснување на оваа заднина, започнувањето на војната типично се тривијализира, насочувајќи го вниманието на убиството на австрискиот принц Франц Фердинанд од страна на Гаврило Принцип,[214] додека природата и траењето на колежот кој следувал потоа, се прикажуваат како ненадеен развој на настаните. Всушност, ниту еден од овие приоди кон толкувањето на значењето на војната, не може да издржи некоја построга анализа. Напротив, српскиот милитант кој го застрелал хабсбуршкиот принц, не ја втурнал тукутака Европа во војна; ова може да се согледа, пред сè, преку фактот што поминале шест недели помеѓу јунскиот атентат и августовските мобилизации. За ова Земан пишува: „Навистина, во сите европски метрополи, реакцијата во врска со убиството на наследникот на хабсбуршкиот трон, беше млака и се граничеше со рамнодушност. Луѓето обрнуваа малку внимание на тоа; на берзата едвај да беше забележан некој потрес."[215]

Чинот што го елиминира идниот император на Австро-Унгарија, во никој случај не е атипичен: рускиот премиер Столипин бил убиен во 1911 г., шпанскиот премиер Каналехас во 1912 г., а грчкиот крал Јоргос во 1913 г., да наведеме само неколку

---

[212] J. Patočka, „Wars of the 20[th] century and 20[th] Century as War", *Telos*, no. 30 (Winter 1976–77), 116.
[213] G. Debord, *Society of the Spectacle*, Detroit 1977, теза 97.
[214] Босанскиот Србин, Гаврило Принцип, бил син на поштар, роден во 1894 г. во Обљај, Босна и Херцеговина, која во 1908 г. била анексирана од страна на Австро-Унгарија. Откако се преселил во Белград, се приклучил на милитантната група наречена „Млада Босна", која верувала дека насилството може да помогне во ослободувањето на регионот од австроунгарското владеење и во обединувањето на Јужните Словени. „Јас сум југословенски националист, сакам сите Југословени да бидат обединети, во каква било политичка форма, сакам да бидат ослободени од Австријците", изјавил Принцип на неговото судење. Револуционерната ќелија решила да го убие надвојводата Франц Фердинанд од Австрија, на 28 јуни 2014 г., кога со својата сопруга Софија пристигнал во Сараево, во посета на австроунгарските вооружени сили. Еден од членовите на оваа група, фрлил бомба кон нивниот автомобил, но промашил. Подоцна истиот ден, Принцип ги застрелал и двајцата, чин поради кој Австрија, еден месец подоцна, ѝ објавила војна на Србија. Принцип бил обвинет за предавство и за убиство, но, според австроунгарскиот закон, не можело да биде егзекутиран, бидејќи сè уште немал 20 години. Затоа бил осуден на 20 години затвор. Починал од туберкулоза во затвор во Австрија, во април 1918 г.
[215] Z. A. B. Zeman, *The Gentleman Negotiators: A Diplomatic History of the First World War*, New York 1971, 46.

позабележителни атентати. Всушност, во годините пред војната, веќе имало неколку обиди врз животите на припадниците на кралското семејство Хабсбург, а барем уште еден врз Франц Фердинанд, пред оној од озлогласеното летно попладне во 1914 г. Уште повпечатливо е тоа што принцот својата посета ја направил на денот на чествувањето на годишнината од Косовската битка, национален празник во таа немирна земја-вазал на Хабсбурговците. Слична провокација би претставувало, да речеме, посетата на некој член на британското кралско семејство на Даблин, за време на велигденските празници во 1916 г. Патем, вреди да се спомене и тоа дека општата согласност во врска со ликот од оваа и од други балкански драми – младиот националист (или, поточно, студентот националист), укажува на многу предвидливо клише. Валијани го забележал оживувањето на анархистичките врски и влијанија во Србија и Босна,[216] а веќе е докажано дека убиството на Франц Фердинанд не било само националистички мотивирано. Се разбира, за војна секогаш е потребен добар изговор, особено кога вистинските непријатели на државата се нејзините сопствени граѓани. Оттука, насилството во Сараево дошло како порачано за разнишаниот режим.

По завршувањето на Балканските војни, Србија и Бугарија се наоѓале во состојба на крајно заострени односи. Бугарија била незадоволна од решенијата содржани во Букурешкиот договор од 1913 г., бидејќи во споредба со Србија и Грција, го добила најмалиот дел од поделбата на Македонија. Димитар Тончев, предводникот на бугарската делегација на Конференцијата, не случајно забележал: „Или големите сили ќе го изменат или ние самите ќе го поништиме“. Ова незадоволство на Бугарија многу им одговарало на Германија и на Австро-Унгарија. Со влегувањето на Вардарскиот дел од Македонија во состав на српската држава, плановите на овие две држави значително се промениле. Со оваа поделба бил спречен планот за излегување на Австро-Унгарија, преку Моравско-Вардарската долина, на Егејско Море, поточно во Солун. Не случајно германскиот канцелар Ото фон Бизмарк, во една прилика истакнал дека „оној што ќе ја има долината на Вардар, ќе го поседува Балканот и излезот на Средоземно Море“. Оваа долина, која претставува главна врска помеѓу Северна Европа со Балканот и понатаму, кон Блискиот и Далечниот Исток, сега влегувала во состав на српската држава. За ова, генералот Михајло Апостолски пишува: „Овде се појавува страв, ако таа комуникација падне под една словенска земја, тоа би можело да доведе до доминација на Царска Русија на Балканот, која имала големо влијание и авторитет врз балканските држави“.

Од овие причини, Австро-Унгарија ги интензивирала подготовките за војна, сакајќи да ја искористи исцрпеноста на Кралството Србија, кое сè уште не било ниту економски ниту политички и воено зајакнато од последиците на Балканските војни. Србија, освен тоа, била исправена и пред друг, уште поголем предизвик – како да ја воспостави и организира својата власт во новоосвоените територии. За тоа како изгледало Кралството Србија во тоа време, можеби најилустративни се зборовите на еден од најпознатите српски писатели и литературни критичари, Јован Скерлиќ, кој пишува: „Во разговорот во возот, на сите станици во тие денови, се гледаа само намуртени лица на стари и преплашени жени. Се слушаа само зборовите, ранет, убиен...“.

Современите историчари, проучувајќи ги причините и поводот за Првата светска војна, добиле впечаток дека Првата и Втората балканска војна биле само вовед во светскиот воен конфликт. Но, сепак, како главни причини се наведуваат политичката и економската криза, честите воени конфликти на локално ниво и националните претензии за територијални проширувања, кои го зафатиле светот при крајот на 19 и почетокот на 20 век. Нема сомнение дека Првата светска војна била империјалистичка, односно дека била водена за воспоставување на капиталистичка контрола врз важните области на индустрискиот и банкарскиот капитал. Народот не ја сакал војната; многу држави со сета сила настојувале да ја спречат, но, од друга страна, имало и држави кои сакале да дојде до воен судир. Така, на пример, Британија предложила прашањето да се реши по мирен пат, преку организирање на конференција, меѓутоа таквата идеја не

[216] L. Valiani, *The End of Austria-Hungary*, New York 1973.

била прифатена од страна на Австро-Унгарија и Германија. Всушност, државите кои биле вклучени во војната, преку нивните влади, агитирале кај своите народи дека се води праведна и оправдана војна, која ги брани врвните интереси на земјата.

Непосредно пред 1914 г., Балканот бил подрачје каде често имало кризни состојби, а констелацијата на силите темелно се променила со распаѓањето на Отоманската Империја. Честите провокации на Србија претставувале голема опасност за државниците во Виена, па оттука, атентатот во Сараево се покажал како добра можност за пресметка на Австро-Унгарија со Србија. Познатиот српски историчар, Васа Чубриловиќ, во една пригода истакнал дека „во виорот на овие збиднувања била вклучена и Македонија, па така Балканскиот Полуостров со своите држави станал главно упориште за пресметка помеѓу големите сили во Првата светска војна“. Германците биле подготвени да ризикуваат, затоа што биле охрабрени од германскиот воен врв дека се доволно подготвени и добро вооружени за да почнат војна. Од таа причина, вината за почетокот на Првата светска војна многу историчари ја префрлуваат на Централните сили, а посебно на Германија. Во врска со Првата светска војна, германскиот историчар Гвидо Кноп пишува: „Никој не претпоставуваше дека на 1 август 1914 г., заврши 19 век, кој им подари на Европјаните еден долг период на мир и никој не забележа дека дури тогаш започна 20 век, со период на војна која траеше четири години и која покажа што може човек да направи на други луѓе. Суровоста и човечката бруталност ги надминаа и најлошите очекувања. Во рововите беше посеано семето на една ера во која луѓето се сметале за материја, а не за личности“. Од сето ова, сосема е разбирливо зошто *The New Encyclopedia Britanica* ги означува Првата и Втората светска војна како најголеми пресвртници во геополитичката историја на 20 век. Доколку атентатот во Сараево беше неуспешен и доколку претседателот на српската влада Пашиќ го прифатеше ултиматумот испорачан од страна на Виена, иднината на историјата во 1914 г., ќе имаше сосема поинаков тек.

Хабсбуршката династија ја согледала опасноста од Србија во зачувувањето на своите јужни покраини. Интересите на Монархијата биле загрозени и само се чекал моментот кој ќе доведе до меѓусебен воен судир. И, навистина, не се чекало долго. Атентатот врз престолонаследникот Франц Фердинанд на 28 јуни 1914 г. во Сараево, била иницијалната каписла, настан кој конечно ќе ја наруши меѓусебната доверба на двата блока, која и дотогаш била исклучително напрегната. Повторно, ниту една личност, влада, воена управа, не можеле да претпостават како ќе се шири веќе разгорениот оган. Атентатот го извршил Гаврило Принцип, член на српската организација „Млада Босна“, а како организатор била обвинета српската влада. Во своето сведочење, Принцип вака го објаснил момент непосредно пред атентатот: „Кога ја видов госпоѓата покрај него, за момент се премислив дали да пукам. Истовремено, ме обзеде личното чувство“. Тој се сеќава и на тоа како „седел во автомобилот не мрдајќи и гледајќи го убиецот во лице додека пукал. Не видел ниту чад ниту блесок, слушнал придушен истрел, како да е пукано од далечина. Во почетокот изгледало дека стрелецот ја промашил целта, бидејќи Фердинанд и неговата сопруга и понатаму седеле исправени на своите седишта, но тие само што умреле.“




Локацијата во Сараево каде бил извршен атентатот
врз престолонаследникот Франц Фердинанд
(Извор: http://wikimapia.org/6898832/bs/Muzej-Sarajevskog-atentata#/photo/5047656)

Австро-Унгарија и Германија биле решителни во намерата да ја искористат можноста со сараевскиот атентат и преку воено ангажирање да го затворат српското прашање. Но, за тоа морало да добијат поддршка, како од сопствениот народ, така и од неутралните земји. Војната требало да биде претставена како изнудена, како војна со која треба да се одбранат најважните национални интереси. Проучувајќи го овој настан, голем број историчари се согласуваат дека државниците кои донесувале важни одлуки во Берлин, биле под силно влијание на Виена, која по секоја цена барала војна со Србија. Германија ја поддржувала Австро-Унгарија во сè, дури и во случај на војна која би се проширила и би станала европска. Ако се земе предвид настојувањето на Австро-Унгарија по секоја цена да ја обвини Србија како виновна за атентатот во Сараево, вклучително и за нејзиниот проект „Голема Србија“, кој дефинитивно бил опасен по Монархијата, денес постојат одреден број историчари во светот кои сакаат да го засилат ова гледиште, истакнувајќи дека Австро-Унгарија имала морално право на војна. Тие нагласуваат дека српската влада, да сакала, можела да стори многу за европскиот мир, со тоа што би го прифатила австроунгарскиот ултиматум во целост. На 23 јули 1914 г., Австро-Унгарија испратила ултиматум, а два дена подоцна, на 25 јули, и писмо за прекин на дипломатските односи со Србија. Сите обвиненија изнесени од страна на Австро-Унгарија, во врска со тоа дека атентатот се подготвувал во Белград, Србија ги негирала и ги отфрлила, тврдејќи дека нема никакво учество во оваа трагедија. Србија била обвинета и за тоа дека претставува центар на сите негативни движења вперени против Монархијата надвор од границите на Србија, односно кон Босна и Херцеговина. Ултиматумот кој ѝ бил упатен на Србија на 23 јули, претставувал директно мешање во српската држава. Тој бил понижувачки. Од сите понудени 10 точки во ултиматумот,

Србија ги прифатила речиси сите, освен една, во која стоело дека доколку Австро-Унгарија не биде задоволна од одговорот на српската влада, конечната одлука ќе ја донесе Хашкиот суд или големите сили. Всушност, содржината на текстот била конципирана така, за тој да биде неприфатлив за српската влада, што било доволен повод Австро-Унгарија да ѝ објави војна на Србија.

Истиот ден, регентот, принцот Александар Караѓорѓевиќ, објавил воен проглас во кој пишувало: „Нашата Србија ја нападна големо зло. Австро-Унгарија ни објави војна. Мојата Влада, одговарајќи на барањата на народот и потребата за мир, кој го сака не само Србија, туку и цела Европа, која сакајќи да го избегне овој судир ѝ излезе во пресрет на Австро-Унгарија со максимално толерирање, преку што не може да помине ниту една држава..“.

На 28 јули 1914 г., во претпладневните часови, министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија испратил телеграма до Белград, во која на претседателот на српската влада, Пашиќ, му соопштил дека Австро-Унгарија е во воена состојба со Србија. Во телеграмата пишувало:

„До Врховната команда
Крагуевац

Бр. 3523. Предадено во Виена, 28 јули, во 11.10 часот претпладне.

Со оглед на тоа што кралската Влада на Србија не одговори на начин кој ќе ги задоволеше нашите барања од нотата предадена на 23. 7. 1914 година... Австро-Унгарија, во контекст на горенаведното, се смета дека е во воена состојба со Србија.

Министер за надворешни работи
на Австро-Унгарија
гроф. Берхолд“

Претстојната ноќ, Белград веќе бил бомбардиран. Веднаш потоа австриската војска навлегла на територијата на Србија. Србија побарала помош од Русија и од Црна Гора. Русија, која била против ширењето на влијанието на Австро-Унгарија на Балканот, веднаш пристапила кон мобилизција на сопствената војска.

Првата светска војна започнала на Балканот, со напад на Србија. Веднаш по започнувањето на војната, Германија ѝ објавила војна на Русија, на 1 август 1914 г., а на 3 август и на Франција. Следниот ден, Велика Британија ѝ објавила војна на Германија. Во почетокот, во воениот виор биле вклучени Франција, Русија, Британија, Србија, Црна Гора, Белгија и Луксембург на страна на Антантата, додека Централните сили ги сочинувале Германија и Австро-Унгарија. На тој начин започнала Првата светска војна, која ги надминала сите дотогашни војни, не само по размерите каде се проширила и каде се водела туку особено по бруталноста.

### 4.1 Почетокот на војната

По објавувањето војна на Србија, многубројната австроунгарска војска навлегла на нејзината територија. Со оглед на тоа што била голема сила и добро вооружена, сметала дека лесно ќе ја совлада српската војска. Српската војска, иако сѐ уште не била закрепната од Балканските војни, а освен тоа и помалубројна и послабо вооружена, сепак храбро ѝ се спротивставила на австроунгарската, особено во Церската и во Колубарска битка.

Церската битка, која се водела од 16 до 24 август 1914 г., претставува прва австроунгарска офанзива против Србија. Истовремено, ова е и првиот воен судир во глобалната Прва светска војна, во кој австроунгарската војска претрпела голем пораз и била принудена да се повлече, а српската војска доживеала еден од најславните успеси. По тримесечното опоравување од овој пораз, австроунгарската војска, овој пат

помогната од Германија, преземала нова офанзива против Србија, која во историјата е позната како Колубарска битка. Но, повторно претпрела пораз. По овој пораз, Австро-Унгарија и Германија, зафатени со војната на Источниот фронт со Русија, речиси цела година ја оставиле Србија на мир, сè до есента 1915 г., кога над Србија повторно надвиснале заканувачки облаци, а на Балканот повторно се претчувствувало невреме, овој пат многу пострашно.

Новата бура на Балканот во најголема мера била предизвикана од вмешувањето на Бугарија во големиот светски конфликт. Незадоволна од Букурешкиот мир од 1913 г. и од решенијата за нова поделба на Македонија, бугарската држава не се откажувала од своите аспирации за приграбување на целата нејзина територија. Ваквата ориентација била причина и основа за реваншистичка политика на Бугарија спрема Србија.

Во Бугарија во тоа време доминирала личната политика на царот Фердинанд Сакс-Кобург (поранешен унгарски офицер и внук на последниот француски крал Луј-Филип). Во Собранието на Царството Бугарија, политичката состојба била составена од партии кои биле претставувани како напредни, либерални или демократски. Помеѓу нив царот го избирал претседателот на Владата, а во случај партиите да му се спротивстават, тој го распуштал Собранието. Со лична доверба управувал со министерската криза и не дозволувал ниту еден политичар да стане премногу моќен во земјата. Од друга страна, српскиот политички живот бил со значително различно милје. Кралот Петар I Карађорѓевиќ, свикувајќи ја Народната Скупштина, одлучил да управува според Уставот, а потпирајќи се на Радикалната партија, која имала апсолутно мнозинство.

Бугарија долго време била убедувана од двете главни сили, Антантата и Тројниот сојуз, да се вклучи во војната, но, заради економската и демографската деградација од претходните две Балкански војни, таа одбила да учествува во Големата војна на европските народи, прогласувајќи неутралност. Таквиот став на бугарската влада наишол на симпатиии и кај позицијата и кај опозицијата. Првобитната реакција на двата спротивставени воени блока била слична. И едните и другите не ѝ придавале важност на одлуката на Бугарија, бидејќи биле убедени дека војната ќе трае многу кратко. Сепак, заради нејзината стратешко-географска положба и добро подготвена армија, Бугарија била посакуван сојузник и за двата воени блока и покрај тоа што било многу тешко да се задоволат нејзините аспирации, кои вклучувале територијални претензии кон сите соседни држави.

Берлин, а особено Виена, добро процениле дека Бугарија, без оглед на сè, била подготвена да интервенира против Србија, па оттука, Централните сили се нашле во поволна позиција да ги исполнат нејзините барања и да ја придобијат да се вклучи во војната во 1915 г.[217] За да ја придобие, Антантата ѝ ветила на Бугарија дека по победата цела Македонија ќе влезе во нејзин состав. Бугарскиот државен врв се оглушил на нотата на Антантата од почетокот на септември 1915 г., со која на Бугарија ѝ биле ветени сите македонски краеви кои по Балканските војни ѝ припаднале на Србија. Бугарија веќе засилено преговарала со Централните сили и на 6 септември 1915 г., склучила таен договор со Германија, со која ѝ се гарантирало дека ќе ги добие, односно ќе ги анектира, двете зони – спорната и неспорната – во Македонија, како и делот источно од реката Вардар, што порано го запоседнала српската војска.

Независно од тоа што Бугарија, и по површината и по бројноста на населението, била најмалата членка на Сојузот, нејзиниот придонес имал големо значење. Наспроти протестите на опозицијата, владата на Радославов одлучила да се приклучи во војната на страната на Германија. Поради тоа, на 29 септември, била објавена општа мобилизација во Бугарија. На 14 октомври, со Манифест до бугарскиот народ на царот Фердинанд, Бугарија ѝ објавила војна на Србија. Во содржината на Манифестот се наведува: „Бугари, вие сите сте сведоци за моите вонредни залагања и напори што ги правев во изминатата една година, откако трае Европската војна, за да го одржиме

---

[217] R. C. Hall, „Bulgaria in the First World War“, *Historian*, vol. 73, no. 2 (Summer, 2011), 300–315.

мирот на Балканот и спокојството во државата. Јас и Владата се грижевме досега да ја одржиме неутралноста за да ги постигнеме идеалите на народот на Бугарија. И двете завојувани групи на воени сили ја признаа големата неправда која ни е направена со поделбата на Македонија. Тие се согласуваат дека најголемиот дел од Македонија требаше да ѝ припадне на Бугарија... само нашата подла сосетка остана упорна отфрлајќи ги советите на своите пријатели и сојузници... затоа заповедам на нашата храбра војска да го протера непријателот од пределите на Царството... ние ќе војуваме против Србија едновремено со храбрите војски на Централните сили“.[218]

Доследна на своите експанзионистички цели кон Македонија, откако Централните сили ѝ ветиле окупација на цела Македонија („Српска Македонија“) и на Југоисточна Србија, до каде што „допирале границите на Санстефанска Бугарија“,[219] бугарската држава со објавувањето на овој Манифест, односно со објавувањето војна на Србија, земала учество во Првата светска војна на страна на Централните сили (против Србија и силите на Антантата). Оттука, учеството на Бугарија во Првата светска војна ги вклучува воените дејствија од 14 октомври 1915 г., кога Царството Бугарија му објавило војна на Царството Србија, до 29 септември 1918 г., кога со Солунското примирје била потпишана капитулација.

Бугарскиот двор и Владата ја прогласиле оваа војна за „ослободителна“, т. е. за ослободување на „браќата Бугари од Македонија“ од српското владеење. Содејствувајќи со австро-германските војски, кои напаѓале од север, додека српската војска водела борби да ја запре нивната офанзива, бугарската војска нападнала на слабобранетите источни граници на Србија и Македонија, пресекувајќи ја отстапницата на српската војска по Вардар кон Солун и принудувајќи ја да се повлекува низ Албанија.

Со бугарско-германската окупација на Вардарска Македонија во 1915 г., престанала српскатата власт и се воспоставила бугарска окупациска власт, која траела сè до септември 1918 г.

### 4.2 Воено-политичкото дејствување на ВМОРО пред влегувањето на Бугарија во војна

Големата војна не претставувала само борба на војници, туку и на цивили вклучени во паравоени одреди, кои се ставиле на располагање и на обете војски.

По Букурешкиот мир, ескалацијата на теренот во Македонија продолжила. Таа дополнително била интензивирана и со дејствувањето на врховистичките групации на Александров и Протогеров, кои по налог на бугарската влада, уфрлиле комитски чети во пограничните области, со цел да вршат диверзии, одмазди, закани и да ја вознемируваат српската власт. Освен што дејствувале како орудија на бугарската завојувачка и реваншистичка политика за актуелизирање на македонското прашање во интерес на Бугарија, тие му нанеле огромни и директни штети и несреќи и на народот во овие краишта.

Како противмерка на овие провокации, српските воени и цивилни власти, а посебно нивните орудија – четничките одреди (Јован Бабунски), вовеле страотен терор и масовни одмазди врз недолжното македонско население.[220] Стотици луѓе биле

[218] *Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца*, књ. 10: 1915. година, Београд 1926.

[219] К. Битоски, „Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација 1915 – 1918“, *Гласник на ИНИ*, год. IV, бр. 1–2, Скопје 1960, 48.

[220] Со навлегувањето на француските војски на територијата на Србија, тамошните малубројни српски единици биле заменети, по што се упатиле кон Прилеп и Битола. Единствено неколку мали единици од Кавадарци, Гевгелија и Валандово, ставени под француска команда, останале активни во тој регион, како заштита на железничката линија и во операциите со бугарските војски. Како помош на француските војски, пристапиле и нерегуларните трупи, кои биле ставени под команда на Јован Бабунски. Имено, под заповед на командантот на српската дивизија од Битола, Бабунски, со околу 50 четници, кон средината на месец ноември, им бил ставен на располагање

убиени, претепани или затворени, многу куќи изгорени и разурнати. Практично, од 1912 до 1915 г., Брегалничката област се наоѓала во опсадна состојба. Завладеале страв, неизвесност и крајна несигурност на српската граница во овој сектор, кои уште повеќе се зголемиле по избувнувањето на Првата светска војна во 1914 г. Незадоволството од ваквата неподнослива положба, народот го изразувал преку пасивен отпор, бојкот и крајна недоверба во ваквиот режим.

Со почетокот на војната, српските воени власти започнале со мобилизирање на Македонци во српската армија. Меѓу 53 088 војници колку што биле опфатени со мобилизацијата во Вардарска Македонија, спаѓале и бројни младинци од Штип. Многумина од нив храбро се бореле или загинале во одбраната на Србија, но поради незадоволството од теророт и насилствата на српските власти, голем број ја одбегнувале мобилизацијата или дезертирале од воените единици.[221]

Од почетокот на Првата светска војна до вклучувањето на Бугарија во неа, бугарската дипломатија водела политички преговори со претставници на државите од двете страни – и на Антантата и на Централните сили. Важен фактор во тие преговори била вооружената борба на ВМОРО против српските сили. Австро-Унгарија по тие преговори ги ослободила сите Македонци кои дезертирале од српската армија и доброволно ѝ се предале. Исто така, Австро-Унгарија ја финансирала ВМОРО и ја помагала нејзината дејност. Така, по Валандовската акција, Австро-Унгарија дала предлог ВМОРО да добие 100 000 франка. Веднаш потоа добиле упатство да започнат со рушење на железничката пруга Солун – Ниш.

До влегувањето на Бугарија во војна, четите на ВМОРО извршиле мобилизација на сите кои биле способни за воена служба и создале полиција од месното население со улога на обезбедување. Тие воделе секојдневни борби со српската војска, жандармеријата и со четничките потери, а во 1915 г., извеле редица диверзантски акции против српската власт.[222] Една од поголемите акции била Валандовската, од 20 март 1915 г. Целта на нападите била да им се нанесе сериозен удар на српските војски во тој регион и да им се оневозможи контакт со Антантата по железничката линија Солун – Скопје. За исполнување на оваа задача биле вклучени 1500 учесници: војводи, четници и милиција, плус една турска чета. Српската војска поднела тешки загуби и се повлекла, а единствено мостот останал неоштетен.[223]

Во јануари 1915 г., група раководни дејци на ВМОРО разработиле план како со вооружени сили составени од Македонци, да се ослободи територијата на Вардарска Македонија, независно од тоа дали Бугарија ќе влезе во војна или не. Според тој план, ВМОРО требало со помош на Бугарија да вооружи околу 20 000 војници и да го мобилизира Македонско-одринското ополчение, кое организирано во чети би било префрлено во Вардарска Македонија. На тој начин, оваа бројка, заедно со постојните чети во Вардарска Македонија, требало да создаде војска од околу 50 000 војници, која би ѝ се спротивставила на српската војска во Вардарска Македонија, сметајќи притоа и на помош од месното население. Крајната цел на овој план било присоединување кон Бугарија, поради тоа што ВМОРО била најлут противник за создавање на некаква југословенска држава.

За исполнување на овој план, раководителите на ВМОРО, Тодор Александров и Александар Протогеров, во својство на раководители, му предложиле на воениот

---

на француските војски, кои дејствувале во регионот на Тиквеш. Главна задача на Бабунски и неговите четници била да дејствува како извидница на француските војски, но и во операциите на гонење на четниците на ВМОРО, кои исто така биле активни во регионот. Види: П. Тодоров, *Патот кон непознатото: воената мисија на генералот Морис Сарај во Македонија есента 1915 година*, Скопје 2016.

[221] А. Мартулков, *Моето учество во революционерните борби на Македонија*, Скопје 1954, 290–295.

[222] Д. Г. Гоцев, *Национално освободителната борба в Македония, 1912 – 1915*, София 1981, 145–146.

[223] Архивсхи дела на Австро-унгарското воено аташе в София, *Воено историческа библиотека*, III, 2235, 11.

министер, генералот-лејтенант Иван Фичев, да им помогне околу создавањето голема воена единица составена од војници родени во Македонија.[224]

Во почетокот на мај 1915 г., раководството на ВМОРО испратило до премиерот на Бугарија важен проект за ослободување на Вардарска Македонија. Предлогот бил да се мобилизира Македонско-одринското ополчение и во вид на чети да се префрли во Македонија, каде заедно со активните чети и месната полиција, ќе водат востание против Србите и ќе ја ослободат Македонија, без Бугарија да влегува во војна.

Поради тоа, на 25 септември 1915 г., ЦК на ВМОРО испратил заповед до сите революционерни комитети, војводи на чети, како и до месната вооружена милиција во Македонија, да кренат на нога сѐ што може да носи оружје и да ѝ дадат целосна поддршка на бугарската армија. Со брзи и ненадејни дејства требало да се внесе паника во задницата на српската војска. На 13 октомври 1915 г., сите телефонски и телеграфски линии биле исечени од четите на ВМОРО. Започнале нападите на четите и на милицијата на ВМОРО во грбот на српската армија, што многу го олеснило влегувањето на бугарската армија во Македонија. Кон бугарската армија се приклучиле повеќе од 30 чети од Македонија. Во Кратовско, четата на Дончо Ангелов се борела против Србите и ги изгонила оттаму еден ден порано пред влегувањето на бугарската војска. Во Штип, четата на Иван Јанев-Брло, исто така водела жестоки борби со Србите. Четите на ВМОРО први пристигнале во Радовиш, Битола, Прилеп и Крушево.

Една од главните задачи на дејците на ВМОРО во време на Првата светска војна, била разузнавачката дејност во истородните одреди на бугарската армија. Тие ја известувале бугарската армија за местоположбата на српската војска, нејзината бројност и како е вооружена. Во 1916 г., по Решение на Главната команда на војводите и четниците на ВМОРО, бил создаден разузнавачки одред со свој штаб. Тој се состоел од 26 партизански водови и 9 пунктови за собирање на податоци, со постојана бројка од 443 луѓе. Од нив, 37 работеле во штабот на одредот, 32 во пунктовите за собирање на информации и 374 во партизанските водови. Освен тоа, по целата фронтова линија, ВМОРО била постојаната разузнавачка служба во грбот на Антантата. Тие ги давале сите потребни информации на бугарската армија.

Главната команда на бугарската армија, на војводите и четите на ВМОРО им ја доверила борбата со четите на Коста Печанац и Коста Војновиќ. Тука треба да се посочи дека по договор на ЦК на ВМОРО и главната команда на бугарската армија, било договорено наместо реорганизација на Македонско-одринското ополчение да се создаде нова, поефективна воена единица, како дел од редовната бугарска армија, но со специјални задачи. Тоа била 11 Македонска дивизија, составена главно од дејци на ВМОРО, кои исполнувале специјални воени, разузнавачки, партизански и административни задачи.

И покрај големата лојалност на раководителите на ВМОРО (Тодор Александров и Александар Протогеров) кон бугарската држава, без оглед на активностите што ги преземале во Македонија, на штета на македонското население, а во интерес на Бугарија, тие сепак, без да знаат, биле следени од бугарската полиција.

Во извештајот од 13 мај 1916 г., испратен од инспекторот на полицијата, Л. Свинаров, до Министерот за внатрешни работи и народно здравје на Бугарија, добро е е опишана улогата на Тодор Александров и Александар Протогеров за управувањето во Македонија.[225] Извештајот фрла и малку поинаква светлина за состојбите на теренот, за разлика од информациите што официјално се соопштувале во јавноста. Накусо, од содржината на овој извештај се открива што било тоа што ја интересирало бугарската власт.

[224] Научен архив на Българската академия на науките, София, ф. 73, к. а. е 31 л . 5.
[225] Централен държавен архив (ЦДА), София, ф. 313, оп. 1, а. е. 2193, л. 10–11.

„Г-дине министре,

По Ваша усна наредба бев во Радовиш за разузнавање на самата вистина за телеграфската порака од струмичкиот околиски началник, дека во Струмица било одржано собрание, на кое се донело решение да се дејствува, од македонските земји да се создаде посебна држава со автономно управување. Имено струмичкиот околиски началник со телеграма бр. 1115 од 26. III 1916 г., нè известува дека собранието било свикано по иницијатива на радовишкиот околиски началник М. Маџаров. Вам ви е позната целата содржина на телеграмата, па излишно е да ја повторувам. ...Вистина е дека за автономна Македонија не се работи, но факт е дека се работи за формирање на посебна самостојна македонска партија. Кој разбира од герилски борби и од создавање на одделни политички партии, на секој чекор низ македонските земји може многу јасно да ја дознае вистината дека таму се дејствува за создавање одделна политичка партија. Тоа се забележуваше уште во 1915 година, кога беа обиколени некои места низ Македонија.

Местото каде Тодор Александров работел како деец и револуционер македонски, е Штипскиот округ. Од прогласувањето на војната тој раководи и со револуционерна дејност во градот Струмица. Негов заменик во овој град е Ципушев, претседател на струмичката Окружна постојана комисија. Тој е роден во Радовиш и е зет за сестра на Тодор Александров. Моментално местото од каде што се оркестрираат активностите на Тодор Александров е Радовиш и Струмица. Фактички управувањето на Штипскиот округ е во рацете на Тодор Александров. Тој има поставено за околиски началници интелигентни и агилни луѓе, негови доверливи лица, негови соборци. На секој околиски началник се дадени четници, побарувања од бригадата на потполковникот Протогеров. Тие вршат полициската должност. Тоа се предани и доверливи органи на Тодор Александров и Протогеров. Градоначалничките и секретарските места се зафатени пак од нивни луѓе. Преку така направената мрежа, овие двајца се полни господари на овој чисто бугарски крај и нивните органи фактички одговараат само пред нив. Велам фактички, бидејќи какви било злосторства да се извршени, истражувањето и изречувањето на казната, што е работа на државните и судско-полициските органи, е во рацете на околиските началници и влијанието на Александров и Протогеров пред воените власти е големо, за нив нивниот збор е закон. Имам полно докази за тоа и ако треба ќе Ви ги презентирам. Убиствата си продолжуваат. Во суштина, организацијата ги чисти оние луѓе со кои не се поднесува, но и за да го заплаши населението да не ѝ се спротивставува. Овде организацијата заплашува и ги прикрива кривичните дела. Најчесто за убиствата дава оправдание дека се србомани и сл.

Имам примери како околиските началници во Берово, Радовиш и Кочани, ги мразат и гледаат да се ослободат од оние службеници кои се од стара Бугарија и кои сами верувам дека ќе побараат да си заминат од Македонија. Време е г-дине Министре да се преземат сериозни мерки против ваквата злоупотреба и привилигиите на раководството на ВМОРО и луѓето блиски до нив.“

Целта на иницијативата на ВМОРО за решавање на прашањето за добивање на автономија, била многу јасна – Македонија целосно да ѝ биде дадена на Бугарија. За таа цел, ЦК на ВМОРО мобилизирал интелектуалци, на кои им била дадена задачата да најдат научна аргументација за тоа. Меѓу ангажираните биле проф. Љубомир Милетиќ, проф. Михаил Балабанов, проф. Иван Ѓеоргов, Симеон Радев, Кирил Прличев, Ангел Томов, д-р Д. Кушев, д-р Т. Точков, Т. Карајовов и многу други видни научници и публицисти, идејно поврзани со ВМОРО.[226]

Во јануари 1915 г., ВМОРО ја испратила оваа делегација во дипломатска мисија, со задача да го сондира мислењето на раководствата на двете воени групации (Антантата и Централните сили) и да дознае какви се нивните гледишта за разрешувањето на македонското прашање. Мотивот за оваа самостојна иницијатива бил дека Балканската војна била подготвена без учество на ВМОРО, како и тоа дека владата на Бугарија допуштила неповторливи грешки во врска со „спорната зона и невоедначената арбитража“. Дипломатската делегација на ВМОРО наишла на целосна поддршка во Виена и во Берлин. Таму им било кажано дека Бугарија може да ја добие Македонија единствено со помош на Централните сили.

По завршената мисија, проф. Милетиќ дал извештај до ЦК на ВМОРО со потписи на целата делегација, кој на 25 април 1915 г., бил прочитан пред 60 видни дејци на

[226] Д. Минчев, *Военнореволюционната дейност на Петър Дървингов (1898 – 1918)*, София 1990, 112–118.

ВМОРО. Во заклучокот на овој извештај, делегацијата образложила дека Бугарија треба да остане неутрална, но ако сепак одлучи да влезе во војна, тоа треба да биде на страната на Централните сили.

Легалните дејци на ВМОРО ја прифатиле идејата за неутралитет, но војводите на четите на ВМОРО се изјасниле за војна на страната на Централните сили.[227]

Четите на ВМОРО масовно се вклучиле во војната и се бореле на страната на Бугарија. Тие целосно биле вклопени во бугарскиот воен, полициски и административен апарат и интересите на македонскиот народ ги изедначувале со интересите на бугарската држава. Поради тоа, челниците Тодор Александров и Александар Протогеров, како и повеќе од 20 луѓе, дејци на ВМОРО, во 1916 г., биле одликувани од германскиот император Вилхем II. Тој лично им врачил високи германски ордени и им ветил дека по победата, раководителите на организацијата ќе ги цртаат границите на Бугарија во Македонија.[228]

На 27 декември 1917 г., ВМОРО подготвила протестен документ, познат како „Мемоар на Бугарите от Македонија“, кој го испратила до Холандско-Скандинавскиот комитет, организатор на Меѓународната социјалистичка конференција во Стокхолм посветена на балканското прашање, како и до американскиот претседател Вудро Вилсон, за неговите предлог принципи кои требало да бидат основа на мировниот договор за Првата светска војна. Во документот на Вудро Вилсон, наречен „Вилсоновите 14 точки“, во точката 11 се вели: „На Романија, Србија и Црна Гора треба да им се вратат окупираните земји. На Србија да ѝ се даде слободен излез на море и односите меѓу одделните балкански држави да се идентификуваат пријателски под влијание на силите, согласно утврдените меѓународни гаранции за политичка и економска независност и територијален интегритет“.[229]

Текстот на „Мемоарот“ бил напишан од Тодор Александров. Од Штип, на овој список, покрај Тодор Александров, се потпишале Ефрем Чучков, Арсо Лазаров и Арсениј Костенцев. Ракописниот оригинал на документот се чува во Централниот државен архив во Софија, во архивскиот фонд на ВМОРО (ф. 396к).[230]

Протестниот меморандум бил изработен во договор со премиерот Васил Радославов и со професорите во Комисијата за истражување на Бугарија: Љубомир Милетиќ, Никола Милев, Јордан Иванов, Атанас Иширков, Иван Снегаров и Стојан Романски, со Симеон Радев, Крсто Станчев и инженер Загорски, како и со дејци на Бугарската работничка социјалдемократска партија (БРСДП), кои исто така се залагале за пристапувањето на Македонија кон Бугарија.[231]

Во 1916/17 г., кога македонската кауза во Европа била тотално дискредитирана, ЦК на ВМОРО го испратил проф. Милетиќ во Женева, каде што студирале околу 30 студенти од Македонија. Тој ги организирал во три академски друштва, кои започнале да даваат отпор на српските и грчките написи против Бугарија. Подоцна, овие три друштва се обединиле во „Генерален совет“ на Македонските друштва, со седиште во Лозана.

Во 1918 и 1919 г., „Генералниот совет“ на Љубомир Милетиќ издавал списание „Македонска независност“. Во него се застапувала идејата Македонија да биде самостојна независна единица на Балканот, под покровителство на големите сили. Во Советот влегувале: д-р Петар Здравев од Тетово, д-р Ангел Коцарев од Охрид, д-р Димитар Несторов од Струга, д-р Благој Бојаџиев од Лерин, Спиро Китинчев од Скопје и други. Овој обид на студентите не дал резултати.[232]

[227] Исто.
[228] Исто.
[229] *Македония, Сборник от документи и материали*, София 1978, 603.
[230] Исто, 603–607.
[231] Исто.
[232] Исто.

### 4.3 Учеството на Македонците во бугарската армија

Во почетокот на Првата светска војна, Бугарија добила нова шанса да ја окупира Македонија. Тактизирајќи долго време на чија страна да застане, пазарејќи се за македонските територии и со Антантата и со Централните сили, на крајот одлучила да се определи за Централните сили и влегла во војна есента 1915 г.

Како и во Балканските војни, така и во Првата светска војна, била формирана посебна воена единица составена од Македонци, наречена 11. македонска пешадиска дивизија, која војувала на сите фронтови во првите борбени редови. Формирањето на оваа единица се вршело заедно со Македонското револуционерно движење (ВМОРО), кое било претворено во инструмент на бугарската политичка аспирација кон Македонија.

Во 11. македонска дивизија, по залагање на Тодор Александров, Александар Протогеров и пол. Петар Дрвингов, биле регрутирани голем број македонски бегалци од Вардарска Македонија. Во суштина, речиси целиот војнички состав бил пополнет од Македонци од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија.[233]

*Формирање на 11. македонска дивизија (Кадрова дивизија)*

Формирањето на Кадровата дивизија, подоцна наречена 11.македонска пешадиска дивизија, започнало непосредно по одлуката Бугарија да се стави на страната на Централните сили.

На 20 август 1915 г., генерал-лејтенант Климент Бојаџиев, испратил шифрирана телеграма до сите началници на дивизиските области, со која им заповедал на 4 септември 1915 г., да ги повикат на 45-дневна обука сите оние кои не служеле војска, на возраст 25-40 години, вклучувајќи ги и родените во Македонија и Одринско. Исто така, било заповедано на 21-дневна обука да бидат повикани бившите доброволци од Македонско-одринското ополчение. Според оваа заповед, на повикот биле подлежни не само запишаните, туку и сите оние кои по една или друга причина не биле воведени во книгите на воените окрузи и општини.

Според замислата, новата Македонско-одринска дивизија[234] требало да се изгради врз мобилизациони, а не врз доброволни начела. Еден голем дел од идната дивизија било предвидено да биде составен од бившите доброволци на Ополчението.

Организаторите на дивизијата сметале дека Македонско-одринските регрути ќе ја добијат неопходната воена подготовка, дивизијата ќе се формира и доколку во текот на обуката не се објави мобилизација, таа требало да биде распуштена, за да се мобилизира по однапред подготвен план, кога за тоа ќе се укаже потреба.[235]

---

[233] В. Стојчев, цит. дело, 603.

[234] На 16 септември 1915 г., Македонско-одринското ополчение се реорганизирало во 11. македонска доброволечка дивизија, активно потпомагана од четите на ВМОРО на чело со Тодор Александров, Петар Чаулев, Петко Пенчев. Раководниот кадар целосно бил составен од Македонци на чело со командирот ген. Крсто Златарев од Охрид. Според податоци од Военото министерство, бројот на лица кои служеле во разни дивизии бил околу 80 000 офицери и војници и 755 офицери. Во борбите на Криволак на 17, 21 и 23 октомври 1915 г., „1. македонска пехотна дивизия“ (Македонска пешадиска дивизија), имала 1229 убиени и ранети, од кои 40% офицери, 35% подофицери и 18% војници. Командирите оделе на чело на нападите.

[235] Спротивно на Хашките конвенции, со кои се забранувало регрутирањето на населението од окупираните области, македонското машко население се нашло на регрутните списоци. Во текот на воените акции, македонското население било најмногу мобилизирано во бугарската армија, на повеќе начини и во различни форми. Покрај веќе регрутираните 33 046 Македонци – емигранти во Бугарија, во 11. македонска дивизија и неколкуте илјади во останатите единици од бугарската армија, во 1914 и во 1915 г., со окупирањето на Вардарскиот дел од Македонија, се започнало и со регрутацијата на населението од Македонија. Точниот број на регрутираните и мобилизирани Македонци, Албанци, Турци и други, во редовите на бугарската војска и на т. н.

Задолжителното барање во шифрираната телеграма било, во основното јадро на дивизијата да влезат бившите ополченци од Македонско-одринското ополчение, кои до тој момент одбивале војничка служба. Исто така, се барало недостигот од војници да се пополнува првенствено со војници родени во Македонија. Активностите на ВМОРО се движеле во правец во кадровите дружини да влезат искусни војници од бугарската армија, родени во Македонија. Во составот на дивизијата биле вклучени претежно војници родени во Македонија и Одринско, или тесно сврзани со националноослободителното движење во тие области, што се однесувало не само за оние што не служеле воен рок, туку и за резервните офицери.

Со истата наредба било решено лицата постари од 45 години да се мобилизираат во вториот повик. Од нив бил формиран Дополнителниот полк.[236] За пополнување на оваа бригада било ангажирано раководството на ВМОРО.

ВМОРО, покрај извршувањето на посебни воени акции на територијата која била под српска управа (Вардарска Македонија), имало специјална задача да ги поттикнува македонските војници во српската армија да дезертираат во Бугарија или да се предадат на австроунгарската војска, од каде организирано биле префрлувани во Бугарија. Вооружувањето на дивизијата и обезбедувањето со воена опрема било со помош на австроунгарската влада. ВМОРО исто така учествувало во вооружувањето и опремувањето на оваа дивизија, со свои средства, добиени од австриската и од германската влада.

Формирањето на Кадровата дивизија започнало на 1 септември 1915 г., а веќе на 9 септември била објавена општа мобилизација. Штабот на дивизијата се наоѓал во Софија, додека штабовите на шесте полкови во различни места. За Командант на дивизијата бил назначен полковникот Крсто Златарев.[237]

На 12 септември 1915 г., началникот на штабот на Кадровата дивизија испратил известување до началникот на Генералниот штаб на бугарската армија, во кое се вели: „Ве известувам г-дине Генерале дека до денес (12. 09. 1915 г.), во дивизијата се јавија 33 745 војници и подофицери и 326 офицери“.[238] Во текстот е напишано Штаб на 11. македонска пешадиска дивизија. Тоа е прв документ во која Кадровата дивизија е преименувана во Македонска.

Дивизијата била составена од шест македонски пешадиски полкови и еден пешадиски полк од регуларната бугарска армија. Поради тоа што целиот војнички состав бил пополнет од Македонци од Вардарска Македонија, дивизијата била наречена Македонска.

По реорганизацијата на бугарската војска од 6 јуни 1917 г., пешадиските полкови биле преименувани. Првиот македонски пешадиски полк бил преименуван во 59. пешадиски полк, а 6. во 54. пешадиски полк на бугарската армија. Името на дивизијата, од политички причини, останало исто, бидејќи на јавноста ѝ било кажано дека Македонската дивизија ќе се бори за ослободувањето на Македонија. Тоа било причина што Македонците кои дезертирале од другите армии, масовно се приклучувале во бугарската армија. Дезертирањето на голем број Македонци од бугарската армија започнало тогаш, кога сфатиле дека повторно се измамени.

---

селска милиција во 1916, 1917 и 1918 г., не може да се утврди. Се смета дека околу 80 000 луѓе биле запишани во регрутните списоци. Види: П. Стојанов, *Македонија во времето на балканските и Првата светска војна*, Скопје 1969, 373.

[236] Д. Минчев, „Формиране на Кадрова дивизия през 1915 година“, *Военно истроически сборник*, бр. 5, 1984, 2–102.

[237] Кръстю Христов Златарев (1864 – 1925) од Охрид, (генерал-лејтенант), командир на 11 Македонска дивизија во Првата светска војна (1915 – 1918).

[238] В. Стојчев, цит. дело, 603.

*Формирање на Дополнителниот македонски полк*

Овој полк бил формиран како дополнителна единица на 11. македонска пешадиска дивизија. Во него влегле новите бегалци, дезертери од српската и од грчката армија, како и новомобилизирани Македонци. Во овој полк имало Турци, Албанци и бугарски дезертери од романската армија (Добруџа), но полкот го носел името Македонски, бидејќи најголемиот број војници биле од Македонија. Во почетокот бил составен од 2 баталјона, 9 пешадии и една инженерска чета, а подоцна од 5 баталјони и 13 опoлченски полка (4 баталјони). Партизанската чета била во Тетово. Покрај овие единици, на 16 август 1918 г., МВИО ја формирал и 5 коњичка бригада во состав на 2 коњички полк. Штабот бил во Куманово.[239]

*Формирање на Партизанскиот одред во Македонија во состав на бугарската армија*

Во време на Првата светска војна, четите на ВМОРО биле обединети во воена единица наречена Партизански одред. Партизанските водови, или како што во некои документи се споменуваат „чети", биле создадени како дел од бугарската армија, а вооружените сили на ВМОРО целосно се ставиле на располагање на истата. За реализирање на сите барања, во септември 1915 г., со објавувањето на мобилизацијата, ВМОРО, со сите органи и целиот четнички потенцијал, поминал под полна надлежност на бугарската армија. Од постоечките чети на ВМОРО бил формиран Партизански одред, на истиот начин како во почетокот на Балканските војни.

Според зборовите на Христо Матов, Организацијата во војната добила „воена форма".[240] Започнало помасовно зачленување на четниците и војводите во редовите на армијата, затоа што дејствувањето како самостојни чети не било поволно за нив. Во случај да бидат заробени, тие биле третирани како фракционери и осудувани на воен суд.[241] Освен тоа, четниците заробени од противникот, биле третирани како бунтовници, предавници и разбојници и се казнувале со смрт, а како членови – мобилизирани војници во бугарската армија, биле третирани како воени заробеници.

Создавањето на Партизанскиот одред и пристапувањето на четниците како војници на армијата започнало уште во првата половина на 1915 г., во времето кога започнале подготовките за формирање на Кадровата дивизија. Замислената идеја за овој одред била да се стави акцент на разузнавачките акции. За таа цел, кон крајот на април 1915 г., бил изготвен „Правилник за тајната разузнавачка служба".[242] Со поддршка на месното население, кое исто така се ставило на страната на Бугарија, се создале одлични услови за формирање на таква служба.

Партизанскиот одред бил формиран со заповед на Военото министерство бр. 421 од 22 август 1915 г. Истиот се состоел од Штаб на одредот, пунктови за собирање информации, одделна партизанска чета и партизански водови.[243]

Штабот на одредот се состоел од началник на Партизанскиот одред, командир на Третата бригада на 11. македонска пешадиска дивизија, полковник Александар Протогеров (назначен со Заповед бр. 6 од 3 септември 1915 г.), разузнавачка секција, со началник кап. Константин Панов и административна секција, со началник поручник Никола Лефтеров (назначен со Заповед на Партизанскиот одред бр. 1 од 12 септември 1915 г.). Во составот на Штабот влегувале вкупно 47 луѓе.[244] До мобилизацијата, разузнавачката секција раководела со сите партизански водови во Македонија.[245]

---

[239] Исто, 604–605.
[240] Български исторически архив (БИА), София, ф. 189, а. е 4, л. 111.
[241] Исто, ф. 317, оп. 7, а. е 289, л. 213.
[242] Исто, л. 24
[243] БИА, ф. 189, а. е 6, л. 56; ЦВА Велико Търново, ф. 1, оп. 5, а. е 434, л. 221.
[244] ЦВА Велико Търново, ф. 751, оп. 1, а. е 7, л. 8; а. е 11, л. 7.
[245] Исто, оп. 2, а. е 306.

Административната секција, составена од 20 чиновници, била создадена со цел да ја води административната управа на заземените територии во Македонија. Кадрите на оваа секција биле едни од најинтелигентните војници во дивизијата, родени во Македонија.[246]

Пунктовите за собирање информации (10 на број), биле секој со по еден началник и 6 курири. Но, во почетокот, функционирале само шест. На 12 септември 1915 г., состојбата изгледала вака: пункт бр. 1 во Ќустендил, со началник постар подофицер Петар Чаулев; пункт бр. 2 во Струмица, помлад подофицер Славчо Ефремов.

Особено внимание заслужуват партизанските водови кои биле 60 на број и имале постар подофицер; 4 одделенија со командири помлади подофицери; 30 војници; 5 курири и разузнавачи. За подобро исполнување на своите задачи, некои од овие водови времено се обединиле, во чети под општа команда. Штипскиот партизански вод на 12 септември броел 39 војници, а со него командувал постариот подофицер Иван Јован Брло.

Во табелата претежно се прикажани командирите на водовите. На 12 септември 1915 г., во бугарската армија биле вклучени 459 четници од партизанските водови.

Дел од партизанските водови во Македонија на 12 септември1915 г.:[247]

| Бр. | Име на водот | Командири на водовите | Звање | Каде е роден | Бројна состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Охридски | Стефан Атанасов-Алабако | помлад офицер | Струга | 10 |
| 2. | Гевгелиски 1. одд | Дејо Петров Трајков | помлад подофицер | Гевгелија | 29 |
| 3. | Радовишки | Петар Овчаров | постар подофицер | Мустафа паша | 31 |
| 4. | Кумановски | Крсто Лазаров | постар подофицер | Куманово | 40 |
| 5. | Малешевски | Гаве Стоилов | Војник | с. Смојмирово | 25 |
| 6. | Кратовски | Дончо Ангелов | постар подофицер | Кратовски | 39 |
| 7. | Свети Николски | Стојан Мишев | постар подофицер | Штип | 29 |
| | 2. одд. | Лазо Тодоров | Редник | Штип | 28 |
| | 2. одд | Иван Кљонков | Редник | Штип | 28 |
| 8. | Дојрански | Димитар Спиров Нетков | постар подофицер | Штип | 10 |

[246] Исто, ф. 317, оп. 7 а. е 279, л. 212.
[247] Д. Минчев, *Участието на населението от Македония в българската армия през Първата световна война 1914 – 1918,* София 1994, 53–57.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Демирхисарски | Георги Гочев | постар подофицер | Штип | 10 |
| 10. | Кочански | Стојан Георгиев | постар подофицер | | |

По потреба (во време за воени дејства), била мобилизирана и месната милиција.

Неколку дена пред почетокот на воените дејства, активноста на партизанските водови била насочена главно на уништување на телеграфските врски на противникот. На 30 септември 1915 г., војводите соопштиле дека на граничните пунктови сите телефонски и телеграфски линии се уништени, со што системот за комуникација на непријателот бил оневозможен. Кинењето на жиците било извршено со активна помош на населението. Во тој контекст, некои од војводите, по сопствена иницијатива, за да ѝ докажат на српската армија дека успешно ја завршиле својата задача, на граничните пунктови испраќале делови од телефонските и телеграфските кабли.[248]

Оценувајќи го правилно огромното значење на железничката линија Солун – Ниш, бугарската команда во соработка со Австро-Унгарија, изработила план за нејзино рушење и тоа на три пункта: Митровица, Удово и Врање. Акцијата во Удово била доверена на специјален одред од четири чети, батерија и 50 четници на ВМОРО под раководство на поручник Панов.[249] Таа акција, поради низа слабости во организацијата, завршила неуспешно.

*Формирање на Планинската дивизија (Протогеров одред)*

Формирањето на Планинската дивизија произлегло од соработката на четите на ВМОРО со малцинствата што живееле во Македонија. Тоа било идеја на раководителите на ВМОРО. За организирање на албанското население во редовите на бугарската армија, се интересирала и германската воена команда. Било договорено Германија да ги даде материјалите и средствата за да ѝ се даде воен карактер на оваа организација, а подоцна се родила идејата да се формира уште една нова дивизија составена од Македонци, како и дел од привлечените Албанци. Поради тоа што формирањето на оваа дивизија го започнал полковникот Протогеров, одредот во кој биле регрутирани луѓе од Охрид, Струга, Дебар, Подградец и Скопје, бил наречен Протогеров одред. Старешинскиот состав од 20 офицери главно бил земен од 11. македонска пешадиска дивизија.

Паралелно со формирањето на Протогеровиот одред“, командата на бугарската армија подоготвувала наредба за формирање на Планинската дивизија. Тоа било од причини што бугарската команда немала многу доверба во муслиманското население, особено кога било добро вооружено.

Планинската дивизија била составена од три пешадиски планински полка, три баталјона, еден планински артилериски полк, една инженерска чета и помошни служби. Дивизијата била потчинета на МВИО и била насочена кон дејства во планинските области во Македонија.[250]

[248] ЦВА Велико Търново, ф. 40, оп. 2, а. е 495, л. 21, 33; Д. Гоцев, *Национално освободителната борба...*, 15; К. Пърличев, *Сръбскят режимъ и революционната борба въ Македония (1912 – 1915 година)*, София 1917, 71.
[249] ЦВА Велико Търново, ф. 40, оп. 2, а. е 497.
[250] В. Стојчев, цит. дело, 605–608.

## 4.4 Главните фронтови за време на Првата светска војна

а. ЗАПАДЕН ФРОНТ
б. ИСТОЧЕН ФРОНТ
в. БАЛКАНСКИ ФРОНТ

### *Западен фронт*

На почетокот на Првата светска војна се воспоставуваат три главни фронта: Западен, Источен и Балкански, а од 1915 г. и Италијански.

На Западниот фронт се бореле Франција, Англија и Белгија против Германија. Германците, со пробивот низ Белгија, влегле во Франција и тргнале кон Париз, додека француската влада се преместила во Бордо. Со помошта што Французите ја добиле од Британците, бил запрен германскиот продор на реката Марна. Во 1914 г., Британците со огромни загуби ги присилиле Германците на повлекување, со што тие биле спречени во напредувањето.




Западниот фронт за време на Првата светска војна
(Извор: https://www.pinterest.com/pin/295196950568023738/)

Очекувајќи конфликт на два фронта, против Русија на исток и Франција на запад, германската команда се потпирала на стратегија смислена од германскиот генерал

Алфред фон Шлифен, уште пред 1905 г. Целта на планот била да се забави Русија на исток колку што е можно повеќе (а се потпирала на застареноста на руската армија), сè додека германските сили не ја поминат неутрална Белгија, со цел да ги разбијат Французите. Потоа германските војници би се свртеле кон неутрализирање на Русите. Англичаните, по ваквите настани, едноставно би побарале потпишување на мир, бидејќи повеќе би немале сојузник. Се разбира, во плановите сè функционирало совршено, но на терен сето ова било многу потешко да се направи. Така, иако планот на Шлифен во првите денови функционирал како часовник, проблемите настанале кога белгиските трупи пружиле отпор, што не се очекувало од неутрална земја.

Заради тоа биле направени одредени промени во првичниот план, па премалку дивизии отишле во Франција, кои дополнително го смениле планираниот правец на движење, што овозможило консолидација на Французите и пристигнување на британските трупи од островот. И покрај проблемите, Германците стигнале речиси до предградијата на Париз, а засилување на парискиот одбранбен фронт пристигнувало дури и со такси возила. Со помош на британските сили, Французите го запреле напредувањето на германските сили, со големата победа на реката Марна.

Западниот фронт станал машина за масакар каков што никогаш не бил виден во историјата на војувањето. Милиони луѓе се соочиле со живот во ровови, заедно со стаорците и вошките. Постојаното артилериско бомбардирање, кое еден германски писател подоцна ќе го нарече „ураган на челикот“ (Ернест Јингер, 1921), било со цел да се присили противникот да остане во рововите, зад мрежите и бодликавата жица, меѓу калта, уништените дрвја и трупови.

Обидот на Германците да се пробијат кај Верден во 1916 г. (февруари – јули), претставува фронт со 2 000 000 учесници и 1 000 000 жртви. Британската офанзива на реката Сома била планирана да ги присили Германците да ја запрат Верденската офанзива, која Британците ги чини 620 000 мртви, од кои 60 000 само во првиот ден од нападот. Оттука, не изненадува фактот што во сеќавањата на Британците и на Французите, кои во Првата светска војна во најголем дел војуваат на Западниот фронт, „Големата војна“ оставила страшни, травматични спомени сè до Втората светска војна.

Французите загубиле близу 20% од машката военоспособна популација, а ако на овие бројки се додадат и воените заробеници, ранетите и трајно онеспособените, се заокружува трагичната слика на оваа војна. Шансите на 500 000 британски војници да ја преживеат војната неповредни, биле сведени речиси на половина. Тие загубиле една цела генерација помлада од 30 години. Германците пак, иако нивниот број на жртви бил многу поголем од Французите, загубиле помал процент на мажи – воени обврзници. Убиствената природа на Западниот фронт ја покажува и бројот на жртвите: 1 600 000 Французи, 800 000 Британци и 1 800 000 Германци.


Британски војници во ровови за време на битката кај реката Сома
(Извор: https://www.history.com/topics/world-war-i/battle-of-the-somme)

***Источен фронт***

На Источниот фронт, Германија и Австро-Унгарија воделе војна против Русија. Фронтот бил ограничен на линијата Балтичко Море на север – Минск на исток – Санкт Петербург на запад – Црно Море на југ.

Во 1915 г., германската команда одлучила да направи многу повеќе на Источниот фронт, па затоа префрлила значајни воени сили таму. За да се елиминира руската закана, Централните сили започнале кампања во 1915 г., со успех во офанзивата Горлице – Тарн во Галиција, во мај 1915 г. По втората битка кај Мазурските Езера, германските и австроунгарските сили дејствувале под заедничка команда. Наскоро офанзивата се претворила во големо напредување и стратешко предавање на руските војски. Причините за неуспехот на руската армија биле недостигот од воена опрема, главно артилерија и муниција. Во 1916 г., руската воена индустрија го зголемила производството, со што ги подобрила залихите.

Во средината на 1915 г., Русите биле протерани од руска Полска и оттурнати стотици километри од границата со Централните сили, со што се елиминирала заканата за Германија и Австро-Унгарија. На крајот на 1915 г., германско-австроунгарското напредување било запрено на линијата Рига – Јекабпилс – Двинск – Барановичи – Пинск – Дубно – Тернопил. Оваа линија не претрпела големи промени до колапсот на Русија во 1917 г.

Русите успеале брзо да продрат кон Источна Прусија, што ги присилило Германците истовремено да војуваат на два фронта. Дел од воените сили ги преместиле од Западниот кон Источниот фронт. Германците, сепак, успеале да уништат добар дел од руските сили и со помош на австроунгарската војска да го запрат продорот

на Русија во Галиција и Буковина. Германците извојувале победа над Русите кај Таненберг и ја потиснале Русија од Полска. Карактеристика на овој фронт е што Германците и Австро-Унгарците, поради нивната воена надмоќ, ја принудиле Русија во дефанзива. За сметка на овие загуби, Русија напредувала во Романија.




Источниот фронт од 1914 до 1918 година
(Извор: https://www.britannica.com/event/Eastern-Front-World-War-I-history)

На исток, брзината на руската мобилизација ги изненадила Германија и Австро-Унгарија, особено воените лица и цивилите во Источна Прусија, кои се соочиле со непосредна инвазија. „Ставка“, односно Врховната команда на руската армија, решила да го зачува нејзиниот француски сојузник по секоја цена, со тоа што ја принудила Германија да ја брани нејзината источна граница. И покрај таквиот мотив вреден за пофалба, Ставка, под големиот војвода Николај, возвишен и импресивен лик, главно постоела за да комуницира со сојузниците. Конфликтот помеѓу Николај и министерот за војна, Сухомлинов, ги поделил руските генерали. Вистинската моќ се поставила со одвоените армиски групи или фронтови: северозападен, против Германија, и југозападен. Тие две одделни команди се бореле во две посебни војни. Конечно, од

првиот ден на војната, руската армија страдала од рестрикции на оружје и резерви, недостиг од моторизиран транспорт, старомодни комуникации, како и неадекватна обука на голем дел од нејзините трупи.[251]

На германскиот источен фронт (руски северозападен фронт), во август 1914 г., руските армии, забавени само од малата германска победа во Шталупенен на 17 август, напредувале во Источна Прусија покосувајќи ги пруските армии пред нив. Руските извештаи за фаќањето на пруските офицери облечени во женска облека, ја оспориле машкоста на нивниот противник и ја разбудиле радоста кај Русите. Тогаш руската армија ги победила Германците во битката кај Гумбинен на 20 август, каде што германскиот генерал фон Мекензен, на потешкиот начин научил дека фронталните напади против подготвените руски позиции, без претходно артилериско бомбардирање, едноставно ги уништило неговите луѓе. Германскиот фронтовски командант, генерал Макс фон Притвиц, по наредбите да ги сопрат Русите, се плашел дека тие би ја смачкале неговата помала армија. Испаничил и на Молтке му побарал дозвола за повлекување, што ја оставило Прусија на Русите. Молтке, кој никогаш не му верувал на Притвиц, инаку миленик на кајзерот, веднаш го сменил.

Рускиот успех бил со краток здив. Предноста на нивната бројност овозможила само иницијален успех.[252]

На Источниот фронт војната била многу помобилна, бидејќи теренот не бил погоден за рововско војување. Германската предност на Источниот фронт била остварена благодарение на генералите Хинденбург и Лудендорф, кои во 1914 г., ја поразиле руската армија во близина на Таненберг. Најголемиот проблем за Германците на Источниот фронт бил нејзиниот сојузник Австро-Унгарија, на кој не можеле да се потпрат и постојано морало да му пристигнуваат на помош. Изјавата на еден германски офицер најсликовито ја опишува состојбата на австроунгарската војска: „Се врзавме за труп“, алудирајќи на слабоста и застареноста на австроунгарската армија.

Во јуни 1916 г., имало 140 руски наспроти 105 австроунгарско-германски пешадиски девизии и 40 руски наспроти австроунгарско-германските коњички девизии. Мобилизацијата на индустријата и зголемувањето на увозот, ѝ овозможил на руската армија да започне офанзива. Големата офанзива на југозападниот фронт, под команда на генералот Алексеј Брусилов, започнала во јуни. Нападот на фронтот, кој го направила австроунгарската војска, започнал со голем успех. Руската војска напредувала 70 км, затрупувајки стотици илјади заробеници и неколку стотици артилерии. Меѓутоа, со доаѓањето на засилување од запад, поразот на Романија, науспехот на сојузниците на Западниот фронт, довело до прекин на рускиот напредок во септември.

На 14 август 1916 г., Романија се приклучила во војната на страната на сојузниците и имала успешни офанзиви до септември истата година. Но, набрзо, слабата романска војска претрпела значителни загуби од германско-австроунгарско-бугарско-османлиската воена сила. Без значајна поддршка и помош од сојузниците, романската војска не успеала да ги задржи линиите на фронтот, кои набрзо се распаднале. Романија во брзо време била освоена.

Во 1917 г., руската економија потпаднала под притисок на војната. Додека доставувањето на воениот материјал се подобрило, недостигот од храна во големите градови довело до граѓански немири, што ги предизвикало абдикцијата на царот и Февруарската револуција. Големите загуби од војните влијаеле и за пад на моралот, што дало можности на болшевичката агитаторска и новата либерална политика на руската привремена влада (укинување на смртната пресуда и организирање на воен комитет). Последната офанзива спроведена од руската војска, офанзивата на Керенски во јули 1917 г., била кратка и неуспешна.

На 29 ноември 1917 г., комунистичките болшевици ја преземале власта во Русија, на чело со Владимир Ленин. Новата болшевичка влада на Ленин се обидела да

---

[251] Џ. Џуниор, *Големата војна*, Скопје 2018, 49.
[252] Исто, 50.

стави крај на војната, но Германците барале огромни надоместоци. Конечно, во март 1918 г., со договорот во Брест-Литовск, Источниот фронт повеќе не претставувал воена зона. Со потпишувањето на Брест-Литовскиот мир и со излегувањето на Русија од војна, Антантата практично повеќе не постои. Со постигнатиот мир, болшевиците можеле да се свртат кон граѓанската војна за да ја преземат целосната власт, што овозможило формирање на Финска, Естонија, Литванија, Латвија и Украина.[253]

Германците сега имале можност да пренесат голем број дивизии на запад и да започнат офанзива во Франција во 1918 г. Меѓутоа, пристигнувањето на американската армија во Европа, им овозможило на сојузниците да ја запрат пенетрацијата на Германија. Дури и по распаѓањето на Русија, околу 1 000 000 германски војници останале на Источниот фронт до крајот на војната. На крајот, Германија и Австро-Унгарија ги загубиле своите новоокупирани територии, по капитулацијата на крајот од 1918 г.[254]

### ***Битките на море и влегувањето на САД во војната***

Британија имала две одлучувачки предности во однос на Германија во поморската војна: прво, големината на флотата (повеќе бродови од типот „dreadnought“); второ, британската стратешка предност, бидејќи германската флота можела да излезе на Атлантскиот Океан само со ризик да се врати отсечена. Во претходните војни, Британија ја користела својата надмоќ на море, а копнените сили на најслабите одбранбени точки на противничката страна. Кога започнала Првата светска војна, првенството на Западниот фронт ја принудил Британија да му даде предност на војувањето на копно. Единствениот голем десант за време на војната била експедицијата во Галиполи (Експедиција на Дарданелите) во 1915 г., во партнерство со Французите. Главната цел на десантот била окупација на Дарданелите и освојување на Галиполе и Константинопол, и повторно овозможување на снабдување на Русија, чиишто комуникации биле прекинати со влегувањето на Отоманската Империја во војната од страната на Централните сили. Десантот не бил успешен, а Винстон Черчил овој неуспех сликовито го опишал со зборовите: „...Секогаш испраќавме две третини од потребното, со задоцнување од еден месец на денот.“

Во Европа, главната задача на Кралската морнарица била да наметне поморска блокада на Германија и нејзините сојузници. Британците го блокирале секој брод на отворено море, доколку постоело сомневање дека неговата цел е да вплови во кое било германско пристаниште. Соединетите Држави протестирале до Велика Британија поради ограничувањата на слободата на пловидба, но уште пожестоко протестирале против германската контраблокада на Британија, користејќи мини и подморници. Во април 1915 г., една германска подморница го торпедирала британскиот брод „Луситанија“, на кој од околу 1200 загинати, околу стотина биле Американци. Силната реакција на американската јавност ги заплашила Германците, што резултирало со запирање на подморничките активности во следните две години.

Поморското ривалство се претворило во своевиден поморски армагедон. Тоа станало војна за уништување на националните економиии. Единствената голема поморска битка меѓу Британија и германската флота се одвила на 31 мај 1916 г., во Јиланд и Скагеррак. Двете страни по битката се сметале за победнички: Британците врз основа на германското бегство од бојното поле, додека Германците затоа што како послаба страна предизвикале поголеми британски загуби.

Германскиот Адмиралитет немал желба повторно да војува за Јиланд, па заклучил дека единственото решение за британската блокада на Германија е блокада на Британија. На 1 февруари 1917 г., Германија се одлучила за „неограничена подморничка војна“. Речиси секој четврти брод со муниција бил или потопен или

[253] N. Stone, *Eastern Front 1914 – 1917*, Penguin Global 2004, 131.
[254] М. Радојевиќ, Љ. Димиќ, *Србија во Големата војна 1914 – 1918*, Скопје 2017, 138.

оштетен. Набргу потоа германските подморници извршиле и серија потопувања на американски бродови. Влегувањето на САД во војната било неизбежно.

Меѓу другото, САД имале и економски причини за влегување во војната. Имено, Франција и Британија за две години (1915 – 1917 г.), четирикратно го зголемиле увозот од САД, за што морало да се потпрат на големи американски заеми (над 2 милијарди долари). На тој начин, во случај сојузниците да ја загубат војната, огромните инвестиции на Америка би биле доведени во прашање. Конечната причина за влегување во војната била „регулирана“ од германското Министерство за надворешни работи, во обидот да преговара со Мексико за создавање сојуз против Соединетите Држави, со кој на Мексико му биле понудени Тексас, Ново Мексико и Аризона, по победата над САД. Дешифрираната телеграма (т.н. Цимерманова телеграма), била објавена во американскиот печат, предизвикувајќи поголема вознемиреност во јавноста отколку потонувањето на бродот „Лузитанија“.

САД ѝ објавиле војна на Германија во април 1917 г.

### *Италијански фронт*

Овој фронт, и покрај тоа што во однос на должината на која се водел бил мал во споредба со останатите, не заостанувал во однос на бруталноста.

Кралството Италија, релативно млада држава, создадена од борбата за обединување во 1860-тите години, на меѓународната сцена настапило на преминот од 19 во 20 век, покажувајќи големи апетити за проширување на својата територија и влијание. Италијанскиот иредентизам („Italia Irredenta“), како движење што се појавило веднаш по обединувањето во 1871 г., имало за цел да ги припои кон татковината Италија сите историски италијански провинции, меѓу кои доминирал источниот брег на Јадранот, односно Далмација и нејзините острови, кои тогаш биле во рамките на Австро-Унгарија. Исто така, по обединувањето, Италија започнала да формира свои колонии во Африка, Сомалија и Еритреја, но сите овие иредентистички идеи биле попречени од лошата финансиска состојба во која се наоѓало Кралството во тие години. Секако, најголемата пречка за обединувањето на италијанските провинции, покрај незавидната финансиска и воена сила, била Австро-Унгарија. Сепак, и покрај тоа што оваа монархија владеела со толку многу територии на Италија, жедта за нови африкански пространства и нова колонијална поделба, ќе ги стави двете земји во ист табор, со приклучувањето на Италија кон пактот меѓу Германија и Австро-Унгарија во 1882 г., наречен Тројна Алијанса.

Меѓутоа, непосредно пред Првата светска војна, младиот и енергичен експанзионизам на Кралството Италија, сè повеќе ја покажувал својата неспособност да се натпреварува за колониите, дефинитивно свртувајќи се кон ширењето на Италија на исток, што довело до неопходна конфронтација со Австро-Унгарија.[255] Заради тоа дошло до заладување на односите меѓу двете земји, а капката што ја прелила чашата било запоставувањето на Италија од страна на Австро-Унгарија при консултациите со Германија за ултиматумот до Србија. Австроунгарската влада ги известила колегите од Италија за ултиматумот на денот на неговото предавање на Србија. Италијанската страна тврдела дека според членот 7 од Договорот за троен сојуз, Австро-Унгарија била обврзана да го информира својот сојузник за каква било дипломатска акција против спротивниот табор. Германската дипломатија се обидела да посредува меѓу Италија и Австро-Унгарија за да се зачува сојузот, сметајќи дека е важно Италија да се задржи во алијансата или барем како неутрална земја. Австроунгарската влада била на мислење дека Италија не е подготвена да води војна поради исцрпеноста во Либиската војна, одбивајќи да направи какви било отстапки на поранешниот сојузник.

---

[255] D. Hajdar, Italija u Prvom svetskom ratu, 2019. https://intelektualno.com.




Италијанскиот фронт
(Извор: https://tewkesburyhistory.org/1918-Italian-Front)

Падот на Германија под неутрална Белгија, довел до британската објава на војна на Централните сили. Велика Британија традиционално била прва европска поморска сила и од таа причина, а и заради нејзината отвореност и ранливост на море, на 3 август 1918 г., Италија одлучила да прогласи неутралност. Со овој чин, Антантата постигнала голема дипломатска победа, бидејќи го „осакатила“ сојузот на Централните сили за една стратешки многу важна држава. Токму заради својата позиција, Италија им била интересна на двата табора, кои ја започнале аукцијата за наклонетоста на Италија, од која ќе профитира.

### *Балкански фронт*

Балканскиот фронт започнал со нападот на Австро-Унгарија на Србија на 28 јуни 1914 г., што всушност се смета за почеток на Првата светска војна. Во официјалното соопштение на Австро-Унгарија било објавено дека целта на навлегувањето на австроунгарската војска во Србија била казнена експедиција и дека откако оваа цел ќе биде исполнета, војската ќе се повлече.

Првата битка од Балканскиот фронт е Церската битка, која се водела од 16 до 24 август 1914 г., на просторот на планините Цер и Иверка, како и во неколку помали градчиња и села кои гравитирале околу овие планини и во околината на градот Шабац.

За австроунгарската војска, преминувањето во Србија било најлесно преку реките Дрина и Сава, со оглед на тоа што во летниот период водостојот на овие две реки на одредени места е низок и лесен за преминување, за разлика од преминувањето преку реката Дунав, која би претставувала значително голема пречка, не само заради широчината, која наместа изнесува и до 800 м, туку и заради длабочината. Освен тоа, брегот на Дунав од српска страна е ридест и потежок за маневрирање, додека од спротивната страна, долж северниот брег на реката, се простира рамничарскиот Банат.

Од овие причини, австроунгарскиот Генералштаб ја донел следната логична одлука: војската да навлезе во Србија преку Дрина и Сава; да се напредува во правец на Ваљево; и понатаму во правец на Крагуевац, како срце на Србија, каде се наоѓала и голема фабрика за оружје, како и Врховната команда на српската војска. Тоа практично значело земјата да се „пресече“ на половина и да се навлезе во заднината на српската војска. За да го камуфлираат својот план, Австро-Унгарците, непосредно пред навлегувањето во Србија, неколкупати исцениралe преминување преку реката Дунав. Иако сите обиди за навлегување биле одбиени од страна на српската војска, Генералштабот сепак внимателно ја следел состојбата и не наседнал на провокациите, будно чекајќи го вистинскиот напад, кој се случил на 12 август.

Со оглед на големата должина на српско-австриската граница (околу 500 км), српската Врховна команда била свесна дека не може да го брани навлегувањето на австроунгарската армија од која било точка на границата, па затоа ја применила стратегијата на т. н непосредна одбрана – слаби одреди биле поставени по текот на реката, а главнината на армијата била распоредена на просторот јужно од Белград.

Посебна улога во битката на Цер одиграла Втората армија, најсилна српска оперативна и маневарска група, како и нејзиниот командант Степа Степановиќ, кој за големите заслуги во оваа битка тој го добил чинот „војвода“.

Во текот на 12-дневната борба во долината на реката Јадар и на планината Цер, српската војска ја поразила австроунгарската војска која навлегла од Босна и на тој начин ја спречила да се спои со оној дел од австроунгарската армија кој напредувал од правец на градот Шабац. Србите тогаш заробиле 4000 австриски војници, 46 топови и 30 митролези. Во редовите на Австро-Унгарците имало над 8000 загинати, и околу 30 000 ранети. Црногорската војска исто така успеала да го одбие нападот на австроунгарската војска, напредувајќи кон Сараево.

Војводата Радомир Путник, во својот извештај во врска со текот на воените дејствија, со гордост ја истакнал големата победа на Цер и Иверка, информирајќи притоа за големиот број загинати и повредени австроунгарски војници, како и за уништувањето на цели непријателски воени единици.

Воодушевувањето во Србија по оваа битка било огромно, меѓу другото, и заради фактот што Церската битка била прва сојузничка битка во војната, токму во моментите кога француската и англиската армија се повлекувале пред налетот на германските и австроунгарските трупи на францускиот, белгискиот и рускиот фронт. Оттука, овој голем успех на српската војска ќе го сврти вниманието не само на сојузниците туку и на целата светска јавност.




Распоредот на завојуваните војски во Церската битка
(Извор: https://www./c/drustvo/vesti/910361/prvi-trijumf-velikom-ratu)

На австроунгарската војска ѝ биле потребни три месеци да се стабилизира од поразот и да собере доволно сили за нова офанзива против Србија, за која овој пат била помогната и од своите сојузници – Германците. Австро-Унгарија, решена да се одмазди за поразот на планината Цер, го повикала сојузникот Германија да повлече некои од своите трупи од Западниот и Источниот фронт, а истите да се прегрупираат во Србија. Со ова прегрупирање, силите на Германија биле значајно ослабнати на Западниот фронт, поради што имала големи загуби.

Втората битка на Балканскиот фронт, која во воената историја е позната како Колубарска битка, се водела текот на ноември и декември 1914 г. Српската војска ја предводел генералот Живојин Мишиќ, а началник на Врховната команда бил генералот Путник.

Воениот план на Австро-Унгарија останал ист како и во првата офанзива, но сега со вклучување на значително поголем број војници. Нападот повторно почнал со преминувањето на австроунгарската војска преку реките Дрина и Сава, но овој пат таа продолжила кон устието на Сава во реката Дунав и кон српската престолнина Белград. Притиснати од повеќебројната непријателска војска, Србите примениле тактика на постепено повлекување. Верувајќи дека српската војска е поразена, австроунгарската војска, со оглед на лошите временски услови, одлучила да го промени правецот на движење. Овој маневар не останал незабележан од Врховната команда на српската војска. Таа веднаш одлучила да премине во контраофанзива, што и било направено на 9 декември 1914 г. Со неколку одлично изведени удари, српската војска удрила на австроунгарската, а потоа тргнала во напад. Австроунгарската војска почнала панично да отстапува. Паниката која најпрво се јавила во задннината на австроунгарската војска,

се проширила во редовите на целата армија. Комориte и артилеријата биле заглавени во кал и војниците започнале да се повлекуват кон Сава и Дунав.

Колубарската битка била една од најзначајните за Балканскиот фронт. За оваа нова и уште позначајна победа на српската војска, пристигнале бројни честики, како од сојузниците така и од други држави, а за неа пишувале и многу познати светски списанија.




Битките на Цер и на Колубара
(Извор: https://ww1live.wordpress.com/tag/battle-of-kolubara/)

Со победите над австроунгарската и германската војска во 1914 г., српската војска стекнала голем авторитет на Балканот и пошироко. Но, војската била преморена, исцрпена и проретчена заради големиот број жртви и војници исфрлени од строј. На 16 декември, Врховната команда на српската армија издала директива за ново прегрупирање на војската, во однос на разместувањето, одморот, исхранатa и снабдувањето со материјални потреби. Со други зборови, смирувањето на фронтот во почетокот на 1915 г., српската војска го искористила за стимулирање и подобар распоред на своите сили, како и за нивна подготовка за нови операции.

* * *

Уште во првата година од војувањето се покажало дека ниту војската на Централните сили, ниту на Антантата, не можеле да издвојуват решавачка победа. Затоа и двата завојувани табори настојувале да ги придобијат на своја страна оние држави кои сè уште биле неутрални. Бугарија долго време била убедувана од обете страни да се вклучи во војната, а со нејзиното пристапување кон Централните сили во 1915 г., Србите биле принудени да се повлечат. Не можејќи повеќе да се задржи на својата територија, а за да го избегне уништувањето и капитулацијата, српската влада се одлучила за повлекување на својата војска во повеќе правци, преку планините на Црна Гора и Албанија кон морето, со крајна цел островот Крф во Грција.

Во Македонија, со цел да ја штити Вардарската Долина, српската војска ангажирала две дивизии – Вардарската и Брегалничката. По нападот на бугарските војски и нивното заземање на Скопје на 20 октомври 1915 г., главните сили од овие српски единици – Вардарската и Брегалничката дивизија – се повлекле кон Косово, а долж реката Вардар и по железничката линија од Велес до Гевгелија, останале само неколку слаби српски единици со не повеќе од 10 000 војници. Станува збор за единици главно пополнети со постари луѓе и со послабо вооружување.[256]

За дејствување против Србите, сојузниците на Бугарија формирале две армии: 3. австроунгарска армија, составена од две австриски и три германски дивизии и 11. германска армија, составена од седум пешадиски дивизии, снабдени со тешка артилерија и одлично екипирани.[257] Овие две армиии: 3. австроунгарска и 11. германска, заедно со Првата бугарска, ја образувале групата армии доверени на командата на германскиот фелдмаршал фон Мекензен, со началник на Штабот фон Сект, исто така од германскиот Генералштаб.

Со отпочнувањето на војната, бугарската команда се стационирала во Ќустендил и се подготвувала да ги активира трите бугарски армии. Според оперативниот план за напад на Србија, изработен од фелдмаршалот Мекензен, и согласно склучената конвенција со Германија, Првата бугарска армија, на чело со генерал-лејтенант Бојаџиев, во состав од четири пешадиски дивизии, со вкупно 177 000 војници, била потчинета на германската врховна команда за воени дејствија против Србија.[258] Таа била концентрирана долж српската граница во правец Дунав – Трн и требало да ја нападне Србија од исток, во правец на Ниш, односно да се пробие во средното Поморавје.

Втората бугарска армија (3. и 7. пешадиска дивизија), заедно со Коњичката дивизија, била под раководство на бугарската Врховна команда, а нејзината задача, насочена кон Македонија, била двојна: таа требало да настапи во правец на централниот дел на Македонија, со цел да ја пресече врската Скопје – Солун и да го оневозможи спојувањето на српските сили со француско-англиските стационирани во Солун. Понатаму, напредувајќи, требало да ја заземе цела Македонија и да го заштити беломорскиот брег и границата со Грција. Всушност, Втората бугарска армија била насочена кон долината на реката Вардар, со задача што поскоро да го пресече патот по железницата кон Ниш, а така направениот план предвидувал целосен распад на српската армија.

Третата бугарска армија (4. и 5. пешадиска дивизија), била стационирана во Добруџа, со задача да ја обезбедува границата со Романија, додека 2. и 10. дивизија, со еден коњички полк, границата со Грција.

Во операциите за пресекување на комуникацијата помеѓу главнината на српските и француските војски, по заземањето на Скопје биле ангажирани и 7. рилска пешадиска дивизија, Коњичката дивизија, делови од 5. дунавска дивизија, Тракиската, како и 11. македонска дивизија. Четите на ВМОРО биле активно вклучени во сите предвидени воени дејствија на целата територија на „српска Македонија", а особено во регионот по течението на реката Вардар во правец од Велес кон Гевгелија. До нејзиното целосно формирање, 11 Македонска дивизија имала статус на општа резерва, а потоа земала активно учество во нападот на англо-француските позиции на реката Вардар и на Црна Река во 1915 г. на Криволак, на страна на бугарската армија.

За да ја обиколат српската војска на нејзината територија, германските и австроунгарските сили се упатиле кон југ, во правец кон Крагуевац. Од исток нападнала Првата бугарска армија во правец на Ниш. Иако временските прилики биле многу лоши, истовремено со Првата бугарска армија, започнале воените дејствија и на Втората армија, задолжена за навлегување и „ослободување" на Македонија. Таа настапила кон

---

[256] П. Тодоров, цит. дело.
[257] А. Ганчев, *Войните през Третото българско царство: 1877 – 1918*, том IV, София 1935, 61–63.
[258] Исто, 44–45.

долините на реките Јужна Морава и Вардар. Заради силниот отпор на српските сили и тешкиот терен, германските и австроунгарските сили настапувале многу споро. Бугарската Прва армија била запрена на границата, додека Втората армија рано изутрината на 14 октомври, навлегла во Македонија.

Втората бугарска армија настапувала во пет колони. Веднаш по преминувањето на српско-бугарската граница, нејзините единици се впуштиле во прогонување на српските војски, чиј отпор во Македонија бил многу слаб. Тие ја нападнале војската на Србија и преку Крива Паланка, Царево Село (Делчево) и Кочани настапиле кон Овче Поле.

Овчеполската операција траела од 14 октомври до 15 ноември 1915 г., а целта на нападот била да се разбие противникот во реонот и да се излезе на реката Вардар, за да се оневозможи обидот на српската армија да се соедини со сојузничките сили.[259]

На 15 октомври 1915 г., Втората бугарска армија го зазела Царево Село (Делчево), Пехчево, Берово, Крива Паланка и се приближила до Куманово. На 16 и 17 октомври, 7. рилска дивизија водела тешки борби на Калиманското Поле. Српската војска била разбиена и принудена на повлекување.[260] По таа победа, биле заземени Виница и Кочани, а потоа командата на бугарската армија била насочена кон Штип. На 16 октомври, Втората бугарска армија избила и на планината Власина и во долината на реката Јужна Морава, кај градот Врање, ја пресекла Моравско-Вардарската комуникација.

На 18 октомври започнала борбата на реката Брегалница и траела сè до 16 часот, кога српските сили, под силен притисок на бугарската армија, во тешки временски услови го започнале повлекувањето. Истиот ден коњичката дивизија на бугарската армија влегла во Штип, а потоа, наредниот ден, продолжила кон Велес. Другата бугарска колона се укрепила (зацврстила) во македонските планини од десната страна на Вардар – Бабуна, Клепа и Преслап, со цел да ги сопре англиските и француските трупи кои се обидувале да продрат од југ, во помош на загрозените српски трупи во Македонија.[261] Западно од Штип, Коњичката дивизија разбила еден српски пешадиски полк и истиот ден го зазела источниот дел на Велес. Десното крило на армијата (Трета балканска дивизија), водела дводневни тешки борби за заземање на силно утврдена Страцинска позиција, долга 12 км. На 19 октомври, позицијата била преземена од бугарската војска. Со влегувањето на војските во Куманово и Прешево, Втората бугарска армија ја исполнила својата задача.

На 20 октомври, откако го совладале слабиот отпор на српската армија, бугарските војници ги зазеле градовите Куманово и Велес. Единствено не успеала акцијата кај с. Удово, која била изведена со цел да се разурне железничката линија. Бидејќи наишла на силна француска војска, бугарската војска била принудена да отстапи.

На тој начин, настапувањето на бугарската армија било наполно успешно и покрај тоа што се одвивало во тешки временски услови на дожд, снег и магла, а калливите патишта го отежнувале движењето на воените коли. Од 18 до 22 октомври, биле заземени сите поголеми градови во централниот дел на Македонија – Штип, Велес, Куманово и Скопје.

Со оглед на тоа што српската војска со нападот на Бугарија била доведена во тешка ситуација, српската Врховна команда на 15 октомври наредила да се запре продирањето на непријателските сили или во краен случај да се задржи, со цел да се добие на време. Причината била едноставна – на Србија итно ѝ требала помош од страна на сојузниците.

Во овие критични денови за српската војска, кога таа незапирливо се повлекувала пред своите противници во Македонија, Антантата со своите трупи се

---

[259] *Българската армия в Първата световна война*, Том 1 (септември 1915 – август 1916), София 2005, 104.
[260] Исто, 10.
[261] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна*, 297.

обидувала да ѝ помогне. Меѓутоа, во моментот на влегувањето на Бугарија во војна против Србија, француските и англиските единици во Солунскиот мостобран, не претставувале значајна воена сила и како такви не можело да им дадат посериозна поддршка на српските војски.

Пренесените и дебаркираните во Солун околу 65 000 француски и 14 000 англиски војници, под команда на генералот Сарај,[262] со задача да навлезат во Македонија, прв пат стапиле во воено дејство во почетокот на октомври 1915 г. Француските војски ги замениле седумте српски баталјони, обезбедувајќи ја железничката линија по долината на реката Вардар, што било и нивна основна цел, со која би се овозможила врската помеѓу српската армија и сојузничките сили.

Распределени во две колони, англо-француските сили тргнале од Солун кон Битола и Скопје. Првата колона, низ Мегленско и Леринско, се пробила кон долината на Црна Река, односно кон нејзиното устие во Вардар, со намера да се поврзат со српските сили. Втората колона навлегла по долината на реката Вардар до Криволак и на потегот Радовиш – Струмица, како и Струма – Петрич, пробивајќи се на 15 км јужно од Велес, со концентрација на главнината на линијата Гевгелија – Криволак.[263]

Првите судири помеѓу француската и бугарската војска се случиле помеѓу 22-23 октомври, при нападот на 14. пешадиски македонски полк, над железничката линија кај с. Удово. Акцијата на Македонскиот полк била неуспешна. Во таа борба загубите на македонскиот полк биле 43 мртви, 123 ранети и 16 исчезнати. Загубите на француската страна биле 23 мртви и 165 ранети.[264]

Согледувајќи ја опасноста од југ, бугарската главна команда презела итни мерки за да го спречи соединувањето на сојузниците со српската армија. На 21 и 22 октомври, ја засилила Втората армија со 11. македонска и 5. дунавска дивизија. Оваа мерка се покажала навремена, затоа што на 23 октомври, француската команда му наредила на генералот Сарај да се движи на север по реката Вардар, за да воспостави контакт со српската армија, без да ја загуби врската со Солун.

Генералот Сарај ја испратил 57 дивизија на генералот Пол Леблоа по реката Вардар, од Демир Капија до Криволак, каде железничката линија била оштетена уште од времето на меѓусојузничката војна. Првите воени единици започнале да се окопуваат на височините источно од реката.[265]

Истиот ден, 23 октомври Втората бугарска армија била поделена на две групи: северна и јужна. Северната група (Трета балканска дивизија), добила задача да ѝ помогне на Првата бугарска армија во борбите со српската војска, а јужната група, во која останале сите други воени единици, имала задача да го блокира настапувањето на сојузничките војски по долината на реката Вардар. На јужната група ѝ било заповедано да ја заземе линијата за одбрана на преминот Соничка Глава – Серта Планина – Плачковица. И покрај силните бугарски напади, Србите го задржале клучниот премин Соничка Глава, по патот од Велес за Прилеп.[266]

Новите обиди на бугарската војска, со диверзантски дејства да ја разрушат железничката линија Гевгелија – Градско на 25 октомври 1915 г., и да го оневозможат превозот на француските војски, биле неуспешни. Обидувајќи се да ги запрат

---

[262] Морис Пол Емануел Сарај (Maurice Paul Emmanuel Sarrail, 1856 – 1929), бил француски генерал, учесник во Првата светска војна, командант на Третата француска армија. На 3 октомври 1915 г., бил назначен за командант на сојузничките војски на Солунскиот фронт, кои имале ефективна сила од 150 000 војници. Под негово раководство, војските на Антантата на Балканскиот Полуостров воделе операции против германско-бугарските војски, во 1915 – 1916 г. Кон крајот на 1917 г., ген. Сарај бил сменет од должноста командант на сојузничките армии и отповикан во Франција. Види: M. Sarrail, *Mon commandement en Orient, 1916 – 1918*, Paris 1920.

[263] Исто, 298.

[264] *Българската армия в Световната война 1915 – 1918*, Том III, София 1938, 288.

[265] J. K. Tanenbaum, *General Maurice Sarrail 1856 – 1929 – The French Army and Left-Wing Politics*, Chapel Hill 1974, 76.

[266] Г. Марков, *Голямата война и българскят ключ за европейския погреб 1914 – 1918*, София 1995, 203.

бугарските војски и да ја обезбедат железничката линија од исток, на 25 и 26 октомври сојузничките војски воделе тешки борби со бугарската војска јужно од Струмица. Откако претрпеле пораз, побрзале да се повлечат кон логорот во Солун.[267] На тој начин, англо-францускиот обид да се запрат бугарските војски и да им се помогне на српските единици, завршил со неуспех.

На 30 октомври, 7. рилска дивизија го зазела Велес. Со тоа практично била прекината врската помеѓу српската армија и сојузничките армии кои доаѓале од југ, и истиот ден започнала битката на Криволак кој се наоѓа на 20-тина км од Штип.

*Битката на Криволак*

Борбите кои започнале во есента 1915 г., се само едни од низата вооружени конфликти и инциденти. Од втората половина на месец октомври, па сè до 13 декември 1915 г., француските и делумно англиските војски, обидувајќи се да им помогнат на своите српски сојузници, воделе жестоки борби против бугарската војска во Тиквешкиот и Гевгелиско-Валандовскиот регион. Тоа предизвикало овој релативно мал терен да се претвори во крвава арена на безмилосно и брутално убивање меѓу англо-француската, од една и бугарската војска, од друга страна, за што сведочат илјадниците гробови на војниците од разни националности, кои тука ги положиле своите животи. Особено трагична била судбината на македонските војници, кои биле ставени во првите редови на фронтовата линија.

Овие борби, кои се воделе во многу тешки и специфични услови во Македонија, во историјата се познати како Битката на Криволак, која била една од најкрвавите на Македонскиот (Солунскиот фронт) во текот на Првата светска војна.

Уште на самиот почеток станало јасно дека воената голгота нема да заврши брзо, што го констатирале и двете завојувани страни, и Централните сили и Антантата.

Генералот Сарај добил задача од француската влада да обезбеди сообраќај на железничката линија Скопје – Солун, како и да стапи во контакт со српските сили во потегот кон Велес. Во обидот да се исполни зададената цел, дошло до крвави судири со бугарските војски, а главниот се одвивал кај с. Криволак, сместено во источниот дел на Тиквешката Котлина, од обете страни од реката Вардар, односно на Карлов Рид, што непосредно се издигнувал на левиот брег на реката Вардар, северно од Криволак.

Околу 17 октомври, во близина на Криволак биле стационирани две бригади. Во реонот Гевгелија – Валандово – Удово – Градец, биле дислоцирани 156., а во реонот Градец – Криволак, на устието на Црна Река, 57. француска дивизија. Малку подоцна, од 21 октомври, започнале да пристигнуваат првите единици од француската 122. дивизија во Криволак, која била концентрирана покрај Црна Река, додека еден полк и една полска батерија ги обезбедувале железничките и патните мостови кон устието на Црна Река во реката Вардар.

Французите утврдиле дека спроти нив дејствувале повеќе полкови од 5., 7. и 11. бугарска дивизија. Бугарите ги имале следниве позиции: 54 полк, митролеска чета, јужно од селото Шеоба, левата колона, во чиј состав имало 12 чети и една планинска полубатерија, источно од селото Караоџали и третата дружина, 45 полк и две чети, северно од селата Пепелиште и Пиперово. 11. дивизија, со 3. македонска бригада, била стационирана источно од селото Караоџали, додека останатите сè уште биле во Штип.[268]

Првиот напад од страна на Бугарите започнал на 30 октомври 1915 г. Тогаш Французите отвориле силен артилериски оган, по што бугарската војска не можела да напредува, а движењето од лево кон десно, било речиси невозможно, заради исклучително непристапниот и тежок терен. Во следните десет дена, од Солун во реонот на Црна Река – Криволак – с. Костурино, пристигнувале по неколку возови

[267] П. Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна*.
[268] *Българската армия в Световната война 1915 – 1918*, Том III, София 1938.

дневно. Французите имале намера просторот кај Криволак да го претворат во база од каде полесно ќе напредуваат кон Штип и понатаму кон Кочани.

На 5 ноември, Французите со две непотполни дивизии извршиле напад во правец на Велес и планината Бабуна. Тие воспоставиле врска со српските војници од Вардарскиот одред кај селото Фариш, каде заедно дејствувале. На 6 ноември, француските војници по кратки борби ги зазеле позициите на линијата Фариш – Мрзен – Ораовец – Чичово, а на 7 ноември ги одбиле нападите кај селата Фариш и Чичево.[269]

Вториот напад од страна на бугарските војници бил од 17 до 20 ноември. Во него, како и во првиот напад, учествувале истите полкови. Обете завојувани страни располагале со исти сили. Во овој период Англичаните изградиле два висечки моста на Вардар, еден кај Демир Капија и еден понтонски мост кај с. Криволак, за да можат заедно со Французите да го форсират левиот брег на реката Вардар.

Третиот напад од страна на бугарските сили бил извршен два дена подоцна, со засилување на дополнителни делови од 3. балканска пешадиска дивизија. Француските сили во меѓувреме добро се утврдиле и донеле засилување. И третиот напад на криволачката позиција завршил со неуспех и не ги дал очекуваните резултати за бугарската команда. Французите не биле потиснати од Карлов Рид и од десната страна на реката Вардар.

Сепак, и покрај неуспешните напади кај Криволак, бугарската војска успеала да ги блокира обидите на француските сили за пробив на тој дел од фронтовата линија. Од 18 ноември, и двете завојувани страни во Струмичкиот регион преминале во дефанзива. Таквата состојба на теренот се задржала сѐ до почетокот на декември, кога сојузниците започнале општо повлекување. Активните воени дејствија биле запрени поради неповолните временски услови. Заради снегот и студеното време, по целата линија настапило затишје, никакви воени операции не биле возможни. Студот силно го почувствувала бугарската армија. Многу од војниците немале топла облека, а имало и војници без шинели. Во 11. македонска пешадиска дивизија, која била најлошо екипирана, многу од војниците биле по домашна облека. За заштита од студот биле ископани земјанки, а се преземале и мерки за доставување на дрва за огрев. Но, и покрај тоа, во секој полк секојдневно имало по 10-20 премрзнати војници. Сојузничките војски, Французите и Англичаните, исто така настрадале од студот. Во периодот од 26 до 30 ноември, во англиската армија премрзнале 23 офицери и 1663 војници.[270]

Од средината на декември 1915 г., француските и англиските војници започнале да се повлекуват во правец кон Гевгелија. При повлекувањето биле уништени сите мостови и железничкиот тунел кај Демир Капија. Бугарските единици започнале со силен напад кон Валандово и Дојран, со цел да ги заобиколат и да ги уништат силите на Антантата. При крајот на декември, сите англиски и француски војници ја напуштиле територијата на Македонија под српска власт. По два месеца војна, бугарската војска ја зазела територијата на Македонија.

Првите месеци од 1916 г., биле особено неповолни, со силен снег, виулици и густа магла, што било причина во овој период речиси и да нема никакви воени активности. Тие биле обновени на лето, кога повторно бил разгорен Македонскиот фронт.

---

[269] *Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца*, књ. 11: 1915. Година, Београд 1927.

[270] A. Wakelfield, *Under the Devil' Eye: The Britain's Forgotten Army at Salonika 1915 – 1918*, London 2004.



Митралезот „Максим“ (Хајрам Максим), оружје со голема убиствена моќ, кое со испукување на 100 куршуми во минута, сеел страв и смрт во непријателските редови (Извор: dogedaos.com)

Загубите од овие борби биле поразителни. Според извештаите на француската и англиската армија во Солун, сојузничките војски во оваа операција загубиле 6174 луѓе, од кои француската 4965 војници, или околу 10% од вкупно ангажираните трупи во воените дејствија, а 10 ирска дивизија имала 1209 убиени, ранети и исчезнати офицери и подофицери. Од вкупниот број на загуби на британските и француските војски, речиси 2000 биле убиени или исчезнати, а останатите биле ранети. Загубите на бугарската страна не може да се утврдат со сигурност, но сосема е веројатно дека биле многу поголеми. Некои бугарски историчари наведуваат податоци за 33 700 жртви во операциите во Србија и Македонија против српските, француските и англиските војски.[271]

Во суштина, битката на Криволак ја покажала сета апсурдност на војната, во која најмногу страдало цивилното население. Ужасите од оваа битка најмногу ги почувствувале населените места во непосредна близина на Штипскиот регион, а особено во Лакавичкиот, како, на пример, селата Лакавица, Лесковица, Пиперово, Едеклерци, Гарван, Патрик и други. Во Лакавичкиот дел била сместена и позадинската единица, интендантската и санитетска служба и сè друго што било потребно за учесниците на 11. македонска дивизија.

Локалното население безмилосно било искористувано на различни начини. Мажите биле користени од страна на војската како бесплатна работна сила, најчесто како чувари и известувачи, кои требало будно да следат сè што се случува во околината на нивните села и веднаш да информираат за секоја промена. Методот што најтешко му

[271] П. Тодоров, цит. дело.

паѓал на локалното население била реквизицијата, односно конфискувањето на сè она што можело да ѝ послужи на војската за нејзините потреби. Се одземале основните прехранбени продукти, како и добитокот. И без тоа сиромашно, едвај обезбедувајќи елементарни услови за живеење, населението сега во буквална смисла било оставено без ништо. Со тоа, и онака неподносливата состојба само кулминирала. Единствениот начин кој можел да го спаси населението било иселувањето, па затоа многу од селаните, исплашени за своите животи, масовно ги напуштале своите живеалишта.

Дополнително, сите места кои гравитирале околу Криволак, не биле поштедени ниту од разни болести, од кои убедливо најтежок ефект имала епидемијата на тифус. Импровизираните шаторски амбуланти биле единствените места каде што болните можеле да добијат каква-таква помош. Недостигот на санитарен материјал, соодветни лекови, но и медицински кадар, само дополнително ја влошувало состојбата. Од таа причина, тешко болните и ранетите биле префрлувани во болницата во Штип.

Во текот на воените дејствија, некои населени места до темел биле разурнати, а некои засекогаш опустошиле, како, на пример, јуручките селски населби на планината Конче. Неколку мостови на Црна Река и на реката Вардар биле урнати. Црквите, џамиите, дуќаните, установите, училиштата и приватните куќи во повеќе тиквешки населби, биле претворени во воени или прехрамбени магацини.[272]

Во богатата историја на македонскиот народ, Криволачката битка има посебно значење. Во неа учествувале многу Македонци, од кои голем број Штипјани. За оваа голгота на македонскиот народ и пример на човековата трагедија, постојат многубројни сведоштва од учесниците, свидетели на овие настани, од кои ќе изделиме неколку најпознати примери, како оние на Сане Анев и Владимир Петров. Од нивните сеќавања, запишани од нивните блиски, дознаваме за ужасите со кои се соочувале – гладот, долготрајниот и исцрпувачки престој во рововите, есенските дождови. Особено тешко било и постојаното размислување за најблиските, за кои немале никакви информации. Со ова се соочувале сите војници кои учествувале во оваа битка. Според кажувањата на Сане Анев, најтежок момент во неговиот живот бил оној кога во еден од многуте напади се соочил со војник од француската војска. Иако не зборувале на ист јазик и не можеле да се разберат, „гледајќи се в очи, тој пукаше во мојата десна рака, а јас во неговата нога“, кажува Сане. Потоа бил заробен од француските сили. Нивната санитетска служба помогнала последиците од куршумот во неговата рака да бидат санирани, а Сане нагласува дека односот кон него бил исклучително коректен. Сведоштвата на Владимир Петров, пак, содржат сеќавања на блискиот контакт со француските војници, а особено на глетката на борбата гради в гради со бајонетите, во која буквално во секој миг очекувал непријателскиот бајонет да заврши во неговото тело. Смртта била насекаде околу него. „За тоа дали ќе останеш жив, одлучува брзината на реакција и фокусираноста на тоа дека ако јас не го убијам непријателот, самиот ќе бидам убиен“, заклучува Владимир. Од овие двајца учесници во битката на Криволак ја дознаваме и поговорката за омилениот офицер, полковникот Дрангов, кој бил командант на 9. пешадиски полк на 11. македонска дивизија, која гласела: „Има Дранго има леб, нема Дранго нема леб“.

### *Македонски фронт*

Најголемите политички и воени активности на Балканот во текот на Првата светска војна се воделе повторно на територијата на Македонија. Со влегувањето на војските на Централните сили (Бугарија, Германија и Австро-Унгарија), како и на војските на силите на Антантата (Англија, Франција и Србија), во 1915 г. во Македонија, нејзината територија се претворила во крваво боиште со огромен број човечки жртви и

[272] П. Дървинговъ, *Действията на 11-пехотна Македонска дивизия отъ Криволакъ до Богданци, 1915 г.*, София 1920.

материјални штети предизвикани од ужасите низ кои поминувале војниците од обете завојувани страни, кои концентрирале огромна воена сила на фронтовата линија.

Од борбите кои се обновиле во летото 1916 г., на територијата на Македонија бил формиран Македонскиот, односно Солунскиот фронт (во некоја литература се среќава и како Јужен). Македонскиот фронт претставувал една од главните борбени линии во Големата војна, а тоа го потврдил и Лојд Џорџ, премиерот на Обединетото Кралство, кој забележал дека од сите споредни фронтови, Македонскиот се покажал како најважен.

Фронтот започнал со концентрирање на силите на Антантата во околината на Солун. Непосредна причина за формирањето на Македонскиот фронт бил неуспехот на Дарданелската операција, кога трупите од Галиполе (Турција) биле префрлени во Солун. Воениот началник на Париз, генералот Галиени, во февруари 1915 г., без да ја информира грчката влада, одобрил проект како база на Антантата за воени дејствија против Османлиската Империја.

Вниманието на Велика Британија целосно било насочено кон Галиполската операција. Таа операција, која ќе влезе во историјата како една од најскапо платените грешки на Антантата, била преземена со цел да се освојат Дарданелскиот и Босфорскиот Теснец и Цариград. Според тогашниот план, тоа би отворило премин кон Егејското Море, а Турција би била исфрлена од војната, со што на Германија би ѝ бил оневозможен пристап до Блискиот Исток. Нападот започнал на 25 април 1915 г., со пробив на британските и француските бродови во Дарданелскиот Теснец, а завршил на 9 јануари 1916 г. Како последица на овој пораз на Антантата, кога турските војници на чело со Мустафа Кемал Ататурк, командант на Галиполе, заедно со германските воени сили го одбраниле Галиполе, биле поставени темелите на идната модерна Турција.[273]

Уште во времето додека се водела жестока војна кај Дарданелите, воениот врв на Велика Британија и на Франција ја разгледувале можноста да ги упатат своите трупи на Балканот. Поради тоа, на 28 септември 1915 г., француската влада донела одлука да ги демаркира своите трупи во Солун и да ѝ даде поддршка на Србија. Од средината на октомври па до 10 ноември 1915 г., од Галиполе во Солун биле упатени 57., 122. и 156. француска дивизија, како и 10., 22. и 27. британска дивизија, или вкупно 65 000 француски и 85 000 британски војници. Тие сили биле наречени Источна војска, а за нивен командант бил назначен францускиот генерал Морис Сарај.

Планот за истоварување во Солун наишол на најприфатливо одобрување од следниве причини:

1. таму имало добро пристаниште;
2. железницата која водела кон внатрешноста на територијата;
3. градот располагал со одреден број модерни ресурси;
4. експедицираната сила лоцирана во Солун би можела да се употреби како замена или пак да ги надополни операциите кај Дарданелите;
5. во тоа време (летото, 1915 г.), грчката влада под водство на Венизиелос во целост била просојузничка и (доколку кралот подоцна не постапел незаконски да го симне од власта), постоела добра шанса грчката војска да се стави на нивна страна.

Меѓутоа, пред да биде проучен предлогот што генералот Сарај го доставил до француската влада, брзиот развој на настаните на Балканот наметнал брза одлука. На 29 септември 1915 г., Бугарите, без да објават војна, ја нападнале српската војска кај Кадибогаз.[274] Во средината на октомври 1915 г., генералот Сарај, добил задача да го обезбеди сообраќајот по должината на железничката пруга Солун – Скопје и да стапи во врска со српската Врховна команда и да го помогне извлекувањето на српските трупи кон Велес и Грција.[275]

Во јануари 1916 г., сојузниците, на конференција во Лондон, разгледувајќи ги соодносите на силите на Балаканот, дефинитивно решиле војната да се води на

[273] P. Mansfild, *A History of a Middle East*, London 1991, 51.
[274] В. Прајс, *Сказната за солунската армија*, Скопје 2010, 35.
[275] В. Стојчев, цит. дело.

Балканот. Во тоа време Франција со своите единици веќе го зазела островот Крф, а на 21 јануари 1916 г., го окупирала и Солун, што било неопходен услов да се отвори Македонскиот, односно Солунскиот фронт.

На истата конференција било донесено и решение Француската воена комисија, на чело со генералот Монтензир, да формира српска армија од деловите кои биле префрлени на островот Крф.[276] Оттука, освен англо-француската, како сојузничка војска во Македонија била испратена веќе закрепнатата и добро организирана српска војска од Крф. Бил доведен и корпусот на југословенските доброволци, составен од југословенски и воени заробеници во Русија, и од југословенските иселеници. Српската армија била реорганизирана по француски образец и со француско оружје. Војниците изгледале потполно различно. Врз себе имале целосно нови, француски униформи. Никој не носел опинци, сите имале војнички цокули. Наместо шајкачи, имале шлемови. Оштетеното и неупотребливо оружје било заменето со нови француски пушки, „лебел М1907“. Со новите пушки следувал и бајонет, кој бил тенок, за една употреба, па затоа војниците со себе носеле нож и кама, оружје погодно за употреба во блиска борба. Моралот бил на високо ниво.[277]

Македонскиот фронт бил единствениот сојузнички фронт каде за цело време од неговото постоење дејствувала единствена команда. На почетокот, главната команда ја имал генералот Морис Сарај. Формирањето на овој фронт било во функција на конкретен притисок врз неутралните балкански земји, Романија и Грција. Тој се протегал од Егејско Море, по течението на реката Струма, покрај Дојранското Езеро, продолжувал северно од Битола и западно од Охридското Езеро до реката Војуша, во должина од околу 400 км.

За тоа како постепено се градел скелетот на армиите од обете страни учеснички во Македонскиот фронт, најавтентично може да се сублимира од неколку воени извештаи.

Српската воена команда тогашната состојба ја опишала во извештајот од 10 март 1916 г., во кој пишува: „Реорганизацијата и подготовката на нашата војска секојдневно напредува и се наближува времето кога ќе треба и правно да се регулира нашата улога во претстојните операции. Во тек е формирање на три српски армии со по 6 дивизии. Бугарите сè уште се пречка за нашето враќање во татковината. Поголемиот дел од германските трупи веќе се префрлени на другите фронтови, додека учеството на Австрија на Солунскиот фронт сè уште е скромно.“[278]

За тоа како германската страна информирала за распоредот на сојузничките сили на фронтот во јужна Македонија, дознаваме од телеграмата бр. 3517, испратена од германското воено аташе, мајорот Фредеричи, од Софија до Врховната команда на армијата во Виена, на 20 јули 1916 г.: „На просторот северно од Корча, Биклишта и Екши-су е собрана една српска дивизија, една друга е во собирање. Северно од Воден околу Драгоманци, Суботско и на север, се наоѓа еден француски пешадиски полк артилерија и црногорски пешадиски полк. Овие вести изгледаат прилично сигурно, не се очекуват поголеми дејства ниту меѓу Струма и Вардар ниту помеѓу Вардар и Островско Езеро, како и западно од Островското Езеро во правец на Битола. Посебно не треба да се очекува дека Антантата ќе се обиде да изврши удар само со српски трупи западно од Островското Езеро врз Битола.“[279]

Распоредот на Централните сили на Македонскиот фронт е опишан и во дописот бр. 4071 од 5 септември 1916 г., на военото аташе, полковникот Новак, до Врховната команда на Армијата во Виена, во кој пишува: „Првата армија, 8. дивизија се зацврстува на пристигнатите позиции и тоа: Првата бригада и полкот бр. 12 на височинките на мало Ниџе од двете страни на Горничево. Третата коњичка бригада го обезбедува левото

---

[276] Ч. Антић, „Судњи рат“, *Политика*, 14.09.2008.
[277] А. Стевановић, *Јунаци солунског фронта*, Београд 2018.
[278] D. MacKenzie, *Apis: čovek koji je izazvao Prvi svetski rat*, Zagreb 2014.
[279] *Македонија во австриските документи во Првата светска војна 1914 – 1918 година*, Скопје 2019, 151.

крило на армијата јужно од Екши-су заедно со 5. пешадиска единица и го затвара патот од Невеска до патот Охридско Езеро – Корча. Како резерва стои на располагање полкот бр. 15 (4 баталјони) кај Неокази, еден баталјон бр. 10 кај Ресен, 2,5 баталјони од полкот 23 кај Арменохор. Тоа заедно 7,5 баталјони. 11-та Армија е распоредена од Мала Рупа до Вардар. Кај Дојранско Езеро се поставени две бригади. Дваесетата армија поставена на планината Беласица, додека 10-та е поставена како резерва источно од Серес“.[280]

Македонскиот фронт за време на Првата светска војна бил простор на долготрајна позиција, поточно на рововска војна. Тоа подразбира фронт помеѓу артилерија како носител на офанзивите и утврдување во ровови обиколени со пречки и бодликави жици. Составен дел на позициите на фронтот била изградбата на набљудувачки пунктови од бетон, за да можат да го издржат артилерискиот оган, потоа скривници, бетонски магацини за муниција и експлозив, инфраструктура и сите други потребни објекти за долготрајна војна – болници, лазарети, привијалишта и сл.

Македонското население било поделно на два дела - еден јужно од сојузничката линија и друг северно од војските на Централните сили. Војските и од двата блока безмилосно ја користеле работната рака на населението, кое најчесто било искористувано за изградба на стратешки патишта кои воделе кон фронтовата линија. Покрај машката работна сила, била искористувана и запрежна стока, дрвени коли и сето тоа без никаков надоместок, освен за потребите на француската војска, која плаќала извесна сума на македонското население. Освен тоа, населението било изложено и на реквизиции, односно насилно одземање на добиток и храна за издржувањето на илјадниците војници од обете страни на фронтот. На сила биле т. н. „нарјади“, со што секое семејство било принудувано да даде определено количество производи за исхрана и предмети за реквизиција.

### 4.5 Пробивот на Македонскиот фронт и крајот на Првата светска војна

Пробивот на Македонскиот фронт од 15 до 18 септември 1918 г., и поразот на војските на Централните сили, го означил крајот на Првата светска војна. Познатиот воен историчар Петар Кирх, оценува дека од спорно борбено место на почетокот на војната, овој фронт добил одлучувачки карактер на војната. Бројот на војските кои биле стационирани од двете завојувани страни на фронтовата линија, изнесувал преку 1 200 000 војници.

Во 1915 г., планот на Мекензен да ја уништи српската армија на нејзината територија, завршил со неуспех. Во моментот додека траел нападот во Криволак, главните борби во Србија се воделе на југ и на Косово. На 26 октомври 1915 г., Бугарија, со делови од својата армија, го зазела Качаник. Српската војска била доведена во незавидна ситуација, бидејќи била одвоена од сојузничките сили во долината на реката Вардар. Војводата Путник се откажал од намерата за противнапад и презел мерки за пробив од реонот на Качаник и по долината на Вардар. Со ова, тој имал за цел да се соедини со сојузничката војска која од Солун стигнала до Криволак.

На 26 октомври, српската Врховна команда наредила повлекување кон Јужна Морава на оние единици кои од Власина до Тимок ја задржувале бугарската Прва армија. Моравската 2. дивизија била упатена преку Лесковац и Приштина, во клисурата кај Качаник. Главниот Штаб на српската војска, на 29 октомври му укажал на генералот Сарај дека на српската војска ѝ се заканува опасност да биде опколена и отсечена од Битола и Драч. Единствениот спас го гледале во сојузничката офанзива во правец Велес – Овче Поле – Скопје. Целта била истовремено да дејствува и српската војска која била стационирана на Косово, во правец на Косово. Но, на овој повик не добиле одговор.

Состојбата на српските војски во оваа ситуација била многу тешка, особено по губењето на северна Србија и по расцепувањето од Солунскиот фронт. По избивањето

[280] Исто, 152.

на српската војска на Косово, фелдмаршалот Мекензен ги прекинал сите операции, мислејќи дека српската војска ќе се упати кон црногорските и албанските планини.

Не можејќи повеќе да се задржи на својата територија, а за да го избегне уништувањето, српската војска започнала да се повлекува. Единствено место за повлекување бил патот помеѓу Шар Планина и планинскиот масив Проклетие, кон Албанија. За српската војска најтешко било повлекувањето преку Албанија. Пред влегувањето во Албанија, бил уништен целиот воен материјал кој не можел да се пренесува по тешкиот и непристапен планински терен. При преминувањето на тешко проодните и со снег покриени албански планини, војската била десеткувана од глад и силниот студ. Во декември 1915 г., војската се стационирала во околината на Скадар, од каде се упатила кон Драч и Валона, а оттаму со сојузничките бродови била префрлена на островот Крф.

Солунскиот фронт ѝ дал можност на српската војска по претрпената катастрофа во октомври и ноември 1915 г., да се рехабилитира, реорганизира и пополни со свежи сили и материјална опрема. За кратко време, српската војска била реорганизирана по француски модел и потоа префрлена на Солунскиот фронт, каде влегла во состав на војските на Сојузниците како силна вооружена сила.Токму на оваа војска ќе ѝ падне главната тежина во изведувањето на битолските операции во 1916 г.



Општ преглед на Македонскиот фронт непосредно пред пробивот
(Извор: https://miro.medium.com/max/2400)

Во пролетта 1916 г., Бугарија, потпомогната од своите германски и австроунгарски сојузници, ја освоила Рупелската Теснина, навлегувајќи во источниот дел на Македонија и заземајќи ги градовите Сер, Драма и Кавала. Кон средината на август истата година, бугарските сили, предводени од генерал Климент Бојаџиев, ги разбиле трупите на Антантата на просторот Добро Поле – с. Баница – Лерин и продирајќи кон Костур, го заземале Лерин со околните населби.

Во мај 1916 г., Македонскиот фронт се стабилизирал на достигнатата линија, со тоа што војските на двете страни постојано се засилувале со нови единици.

Битките кои се воделе главно имале ист тек: започнувале со артилериски оган кој траел по неколку часа. Гранатите кои летале на сите страни имале огромна разурнувачка моќ, поради што многу често во целост ја менувале природната средина. Цели предели останувале без дрвја, а земјата била потполно разорена, со ископани кратери од силните експлозии. По молкот на артилеријата, на јуриш тргнувала пешадијата, која обично ја запирал митралески оган. За напредување од неколку стотини метри, гинеле голем број војници. Во текот на 1916 г., на фронтот биле водени неколку битки кои не дале резултат, а однеле голем број човечки животи. Такви се Леринската операција, Горничевската битка, Битката на Кајмакчалан, Битолската операција, Битката на свиокот на Црна Река и Дојранската битка.

Првата етапа кон пробивот на Македонскиот фронт се поврзува со битката на Кајмакчалан,[281] која се водела од 12 до 30 септември 1916 г., помеѓу српската војска од една страна, и бугарско-австроунгарската, од друга.

Врвот Кајмакчалан, кој се наоѓа на само неколку километри југоисточно од Битола, во 1915 г. бил заземен од бугарските сили, а во 1916 г. од силите на Антантата, по што бил поделен на неколку сектори: француски, руски, италијански и српски, под команда на францускиот генерал Морис Сарај.

Сојузничкиот противнапад започнал на 14 септември, а главниот удар го извеле српските војници. Српската Прва армија, по тридневна борба, најчесто гради в гради, ја разбила бугарската војска кај Горничево. Бугарската војска морала да отстапи. Интензивни борби биле водени повеќе од два месеца. Најтешките воени операции ги поднела Дринската дивизија, околу врвот Кајмакчалан, кој откако неколкупати бил освојуван и од едните и од другите, на 30 септември конечно бил завладеан од српската војска. Со големи загуби, српската Прва армија го зазела врвот Св. Илија со височина од 2524 м, потиснувајќи ја бугарската војска кон Мариово,[282] каде веднаш била поставена нова линија на одбрана. Српската војска тука поминала полни две години без смена.

Кајмакчаланската битка во историјата останала забележана по големиот број загинати и ранети, како и по надморската височина на којашто се водела. Никогаш и никаде во историјата на човештвото не била водена битка на толкава надморска височина (2525 м). По битката, во предвечерието на 30 септември 1916 г., врвот Кајмакчалан бил разорен од гранати и прекриен со трупови од обете војски. Според некои автори, неговата височина изнесувала 2525 м, а по пробивот и завршувањето на воените дејствија, се намалила на 2521 м. Четири метри од врвот биле разнесени од секојдневните дејствија на артилериските орудија.

Во однос на жртвите, само во оваа битка, освојувајќи го Кајмакчалан, загинале повеќе од 6000 српски војници, додека бугарската армија имала загуби од 1876 војници, 51 офицер, 5941 ранети војници и 126 офицер.[283] Само Дринската дивизија загубила 3320 војници, а вкупната загуба на српски војници изнесувала 4643 војници.[284]

---

[281] Кајмакчалан е врв на планината Ниџе (распространета на јужната граница на Република Македонија), со височина од 2521 метри.

[282] Мариово е планинска област на југот на Македонија, во масивот на Мариовско-Мегленските планини, помеѓу битолските полиња и Тиквешијата.

[283] A. Mitrović, *Serbia's Great War, 1914 – 1918*, London 2007.

[284] А. Митровић, *Србија у Првом светску рату*, Београд 2019, 269.



Поглед на планината Ниџе
(Извор: mapio.net)

Преживеаните, инаку искусни војници, тврделе дека никогаш не виделе толку многу жртви на толку малку простор. Во своите сеќавања, Милиќ Милошевиќ, борец на Дринската дивизија, борбата на Кајмакчалан ја опишува вака: „Мојата радост ја смени тага, тага за изгубените другари чии тела ги покрија падините и врвот Кајмакчалан. Само од мојот вод, од 60 луѓе, ноќта на 30 септември вечераа само 17 души.“[285] Ѓ. Лазаревиќ, исто така учесник во борбите на Кајмакчалан, го дал следниов опис: „Толкав број трупови на толку мал простор јас не сум видел. Гледав на Космај собрани наши и австриски трупови заради погребување. Видов на патот Новаци – Битола на мал простор трупови на нашите војници од седмиот полк, 1912 г. Го посматрав кумановското боиште по завршувањето на битката. Но, сето тоа не беше ни приближна слика на она што го видов на платото на Кајмакчалан. Просторот целосно беше покриен со трупови.“[286]

Ребека Вест (1892 –1983), англиски патописец, која меѓу двете светски војни дошла во Македонија и ги посетила позициите на фронтот, во еден од своите патописи наведува дека, поради природните услови, кај Кајмакчалан не е можно да се пробијат позициите на непријателот доколку војниците што војувале не се познавале меѓу себе. „Мора тие што се бранеле да не употребувале оган за напаѓачите да ја преминат

[285] П. Опачић, *Солунски фронт*, Београд 1974.
[286] Исто таму.

линијата“, тврди таа. На Кајмакчалан има така стрмни ридови што не било можно противниците да се искачат на нив ако другата страна не сакала да им го дозволи тоа.[287]

Во 1917 г., на Македонскиот фронт се чувствувала потреба од засилување кое требало да пристигне од другите фронтови, но поради тоа што истото изостанало, долготрајното позициско војување продолжило. Сè она што се случувало во 1917 г., не било предвидено на почетокот и во првите години од војната. Тоа подеднакво се однесувало и за силите на Антантата и за државите кои биле во состав на Централните сили. Позициите и на едните и на другите биле сосема неизвесни. Во 1917 г., најмалку се војувало, а најмногу се очекувало.

Пробивот на Македонскиот фронт сојузниците започнале темелно да го подготвуват во јуни 1918 г. На овој начин, конфронтираните војски на Антантата и на Централните сили, во летото се подготвувале за решавачка битка. Првите борбени линии ги држеле српските и бугарските војници. Утврдените линии на Македонскиот фронт, што биле создадени во 1916 г., останале исти сè до пробивот во 1918 г.

На 14 септември 1918 г., на висорамнината Добро Поле,[288] започнала решавачката битка на фронтот. На страната на сојузниците, во првите редови, била 122. француска пешадиска дивизија, српската Шумадиска дивизија и Југословенската дивизија. Бугарите го издржале артилериското бомбардирање. Францускиот капетан Деига запишал: „Сокол се покажа како голема пречка за освојување. Таа скала има еден врв (Орел) до кој може да се стигне по две стрмни патеки. Скалата е толку стрмна што мора да употребуваме и скали за да се искачиме. Артилеријата не може да ги уништи одлично утврдените бугарски позиции.“[289]

Добро Поле морало да биде освоено со пешадија, што значело ново крвопролевање. По уништувањето на митролеските гнезда, линијата на одбраната била пробиена. Тука се одиграла последната драма од бугарското учество во Првата светска војна, претварајќи се во голгота на измачената, гладна и лишена од муниција бугарска војска. Бугарските војници биле принудени на грб да ги носат не само пушките и митролезите туку и муницијата, која можеле да ја носат со себе низ стрмнините и шумите.[290]

Со победата на Антантата во оваа битка, Македонскиот фронт престанал да постои. Три години рововите на Македонскиот фронт биле единствениот дом на над 1 000 000 војници. И лете и зиме, длабоко вкопани, пукале едни во други. Рововите биле сцена на која се одвивале многу човечки драми. Неподносливата беда на фронтот, неизвесноста од исходот на војната, суровата дисциплина и специфичната психичка состојба што неминовно се појавувала од долготрајниот престој во рововите, предизвикало бројни дезертирања и предавање на војните. За ужасите што ги доживувале на Македонскиот фронт, има многу сеќавања од војници кои биле непосредни свидетели на ова трагедија.

Ужасите што ги доживувале на Македонскиот фронт, кој траел четири години, можеби најдобро може да ги доловат кажувањата на Македонецот Васил Танев, кој служел во 11. македонска дивизија и се борел на Кајмакчалан: „Гладот и недостигот од покрив над главата ни беа најголеми непријатели. Војуваш во ров, седиш и стоиш, јадеш и спиеш во ров, полн со кал, вода и снег. Едно време заврши храната. Поручникот Златев, родум од Стара Загора, Бугарија, ни рече: ’Излегувајте од ровот и собирајте лисја, киселец, див лук и корења, инаку сите ќе испоумреме‘. Без никаков страв ги напуштивме проклетите дупки и јадевме сè што ќе ни излезеше пред очи. Се вративме во рововите и го замоливме поручникот да издаде заповед за атак, не толку за да победиме колку за да им ја одземеме храната на Французите и на Арапите (војници од

[287] В. Цветановски, „Балканските и Првата светска војна, најтрагично минато на македонскиот народ“ (14), *Утрински весник*, (12.08.2007).
[288] На исток од Кајмакчалан, со средна надморска височина од 1600 м и со должина од 16 км, се протега верига од неколку врвови. Во средината има висорамнина наречена Добро Поле.
[289] Г. Кременаров, *България в Първата световна война*, София 2020.
[290] Исто, 137.

францускиte колонии во Африка). Тој нѐ послуша, но притоа ни рече: ’Може да атакуваат само доброволци‘. Се пријавивме 150 души, а бевме вооружени со по една карабина со штик и со по 30-50 бомби. На дадениот знак за напад излеговме од ровот и со извикување ’ура‘ се фрливме врз ровот во кој се наоѓаа војници-црнци. Тие ни отворија оган од сите страни. Од 150 лица што нападнавме, преживеавме само единаесет души“.[291]

Пробивот на Македонскиот фронт од 1916 г. до септември 1918 г. и поразот на германските и бугарските војски, го означи крајот на една од дотогаш најкрвавите војни во историјата на човештвото.




Вагонот во кој е официјализиран крајот на Првата светска војна
(Извор: https://www.history.com/news/world-war-i-armistice-germany-allies)

За официјален крај на Првата светска војна се смета 11 ноември 1918 г., кога силите на Антантата потпишале примирје со Германија. На овој чин му претходеле низа настани и околности за Германија и Австро-Унгарија. Полека станувало јасно дека

291 В. Цветановски, „Македонско-бугарски историски контроверзии“ (3), *Утрински весник*, 11. 10. 2010.

војната влегува во последната фаза. На 4 ноември 1918 г., Австро-Унгарија потпишала примирје во близина на Падова (североисточна Италија). Иако договорот главно се однесувал на Италијанскиот фронт, сепак некои негови одредби имале многу пошироко влијание и биле важни за генералниот крах на силите на Тројниот сојуз. Неколку дена претходно, на 30 октомври, во пристаништето на островот Лемнос, Османлиската Империја потпишала примирје со Антантата, со што прекинале воените дејствија на Блискиот Исток.

Иако примирјето од 11 ноември 1918 г., ги прекинало воените операции, преговорите и склучувањето на конечниот мировен договор сепак биле оставени за наредната година. Многубројни претставници од завојуваните страни учествувале во работата на огромната Париска мировна конференција во 1919 г. Конечниот мир бил ратификуван на 10 јануари 1920 г. Денес, 11 ноември во многу држави се празнува како ден на примирјето и крај на Првата светска војна.[292]

### 4.6 Последиците од Првата светска војна

Канадскиот војник Џорџ Лоренс Прајс, погоден од германски снајперист во градот Вила Сурен во Белгија, се смета за последната жртва на Првата светска војна. Тој починал во 10:58 часот, додека мирот бил потпишан во 11:00 часот, на 11 ноември 1918 година.



Опустошени предели по завршувањето на Првата светска војна
(Извор: https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/world-war-i-and-its-aftermath-key-dates)

Највпечатливата последица од Првата светска војна била новата територијална поделба на Европа, каде се случиле значајни промени, најмногу во Источна и во Централна Европа. Сите членки на Централните сили загубиле територии, а четири империи сосема исчезнале: Германија, Австро-Унгарија, Отоманската Империја и Русија. По војната, исто така, паднале од власт и четири династии со нивната аристократија: Хоенцолерните, Хабсбурзите, Отоманите (Османлиите) и Романовите. Се создале нови држави, а некои помали народи, кои со векови биле задушени од Русија, Германија и Австро-Унгарија, добиле свои држави.

292 https://www.frontorient14-18.org/mk-mk/

Германската Империја ги загубила своите колонии, а со оглед на тоа што била прогласена за одговорна за војната, била принудена да плати голема отштета. Австроунгарската Империја била распуштена, а од нејзините територии биле создадени Австрија, Унгарија и сосема новите држави Чехословачка и Кралството СХС. Отоманската Империја била укината, а нејзините територии надвор од Анадолија (од кои подоцна се формирале нови држави на Блискиот Исток), биле доделени како протекторати на силите на Антантата. Јадрото на Империјата било реорганизирано во Република Турција. Исто така, биле создадени државите Ерменија и Грузија.

Руската Империја, која произлегла од војната по Октомвриската револуција, загубила голем дел од териториите на запад, каде биле создадени новите држави Финска, Естонија, Латвија, Литванија и Полска (која по повеќе од еден век, повторно била воспоставена како независна држава). Русија станала дел од Советскиот Сојуз.

Германскиот командант Ерих Лудендорф, претрпел ментален колапс пред да повика на примирје за завршување на војната. Кога закрепнал и ги открил условите што ги потпишал, инсистирал Германија да ги одбие, тврдејќи дека армијата може да се бори. Но, новата цивилна влада не се согласила, бидејќи веќе некое време бил воспоставен мир. Цивилните водачи кои го отфрлиле Лудендорф станале жртвено јагне и за војската и за самиот Лудендорф. Така, по завршувањето на војната, Лудендорф го создал митот за непобедената германска армија, како и за стратегијата „нож во грб“ од страна на либералите, социјалистите и Евреите, кои ја оштетиле Вајмарската Република и го поттикнале растот на Хитлер.

Италија не добила онолку земја колку што ѝ било ветувано во тајните договори, што италијанските десничари ќе го искористат за да се жалат на „осиромашен мир“. Во Британија, од друга страна, успесите од 1918 г., кои делумно ги постигнале нивните трупи, сè повеќе се игнорирале, во корист на гледиштето дека оваа војна, како и сите војни воопшто, се крвави катастрофи. Тоа имало големо влијание за британскиот одговор на меѓународните настани во 1920-тите и 1930-тите години, па, веројатно, политиката на смиреност произлегла од пепелта на Првата светска војна.

„Големата војна“ премногу ги чинела нејзините учесници и неповратно ја разделила глобалната економија. Таа уништила 10 департмани во североисточна Франција и ја ослабнала економски од кредиторска во должничка нација. Велика Британија, од водечка светска економија, финансиски и трговски центар чијашто стабилна валута, фунтата, суштински била изедначена со златниот стандард, била намалена на уште една нација должник на Соединетите Американски Држави. Ниту златниот стандард, ниту фунтата, нема повторно глобално да се воспостават, а наместо еден интернационален економски центар – Лондон, светот сега имал најмалку три – Њујорк, Лондон и Париз, од кои ниту еден не се усогласил со другите. Војната ги уништила и германските финансии, иако ја оставила недопрена германската индустриска инфраструктура. Таа го раздвоила природниот економски сојуз со Австро-Унгарија, оставајќи хаос зад себе и ја уништила руската економија. Само САД и Јапонија имале придобивки од конфликтот, иако во помала мера.

Колапсот на Русија, под притисок војната, им овозможил на социјалистичките револуционери да ја преземат власта и да го претворат комунизмот, една од растечките идеологии во светот, во голема европска сила. Иако глобалната социјалистичка револуција, како што верувал Владимир Ленин, никогаш не се случила, присуството на една огромна и потенцијално моќна комунистичка нација во Европа и Азија, го променила балансот во светската политика. Германската политика првично се придвижила во насока на приклучување кон Русија, но на крајот се повлекла од остварувањето на целосна ленинистичка преобразба и формирала нова социјалдемократија. Сето ова се случувало под голем притисок и најпосле пропаднало поради предизвикот од германската десница, додека рускиот авторитарен режим траел со децении по царевите.

Статистичките податоци за жртвите варираат во зависност од изворот, но сепак од нив може да се добие илустративна графичка слика за високата стапка на смртност. Според Холгер Хервик, во војната умреле 9,3 милиони луѓе: 3,6 милиони од

Централните сили и 5,7 милиони од Анатантата и Сојузничките сили, вклучувајќи и 2,3 милиони Руси, 2 милиони Германци, 1,9 милиони Французи, 1 милион Австро-Унгарци, 800 000 Британци, 450 000 Италијанци и 126 000 Американци. Србија претрпела најсразмерни загуби, бидејќи умреле 125 000 војници и 650 000 цивили или вкупно 15% од предвоената популација, во споредба со 2-3% од британското, француското и германското население. Претпоставките за отоманските жртви се дека од 2,8 милиони мобилизирани мажи, околу 700 000 умреле или исчезнале, од кои половината од болести. Дополнителни 300 000 луѓе претрпеле трајни повреди.

Сите општества тагувале, бидејќи во најголемите завојувани држави војната ги допрела сите. Една третина од мртвите во војната оставиле вдовици зад себе: 525 000 во Германија, 200 000 во Италија, 600 000 во Франција и 240 000 во Британија. Бројот на воени сираци достигнал до над 1 000 000 во Германија и 760 000 во Франција.

По војната дошло до голема дислокација на народите, бидејќи таа принудила цели народи да се движат како бегалци. Окупациските сили систематски запленувале и ограбувале цели држави. Следувало уништување на големи области за кои се бореле завојуваните страни, уривање на домови, погони, фарми, бунари итн. Војната направила пуста земја од овие области, а боиштата наликувале на опасни, калливи, месечеви пејсажи, преполнети со човечки и материјални остатоци. Смртта, дислокацијата и уништувањето се случувале глобално – и во Африка и во Азија и на Средниот Исток.

Како надополнување на катастрофата од Првата светска војна, била и епидемијата на инфлуенца (шпански грип) во 1918 – 1919 г., која предизвикала 21,5 милиони жртви во светот, од кои најмногу во Азија, а особено во Индија. Големата војна завршила среде оваа епидемија која имала катастрофални размери.[293]

Јапонија ја добила провиницијата Шантунг и контролата врз поранешните германски колонии во Јужниот Пацифик. Но, објавите за демократија и против империјализмот на Вудро Вилсон, им се заканиле на олигаршките и империјалистички владетели на Јапонија. Тие стравувале од растечкиот наплив на демократија и идните британски и американски напори да го прошират своето влијание во Кина. Признавањето на правата на работничките движења да се организираат од Версајскиот договор, ја охрабриле јапонската работничка сила да се соочи со управата, а нејзиното прогласување на правата за национално самоопределување поттикнало демонстрации во Кореја и Кина. Војната ѝ дала можност на Јапонија да го продолжи своето влијание во Источна Азија и на Пацификот, но, исто така, предизвикала внатрешна, домашна борба, меѓу застапниците на парламентарната влада по британски стил и оние од авторитативната империјална Германија. Исходот од војната и мирот се заканувал да ги поништи милитаристите кои веќе предвиделе расна војна со Западот и држеле до својата империјалистичка и милитаристичка судбина, незадоволни од нивните придобивки.

Јапонското одбивање да соработува со барањата на нејзиниот британски сојузник и да ги депортира индиските револуционери кои пребегале во Јапонија, уште повеќе ги разлутило Американците. Од друга страна, склоноста на западните сили да ги игнорираат Јапонците во Версај и нивното одбивање за недискриминирачки сојуз, ја покажале нивната продолжена перцепција на Јапонците како второстепени и инфериорни луѓе и сила, што ги разлутило Јапонците.

Како резултат од војната, белите доминиони (колонии), Австралија и Нов Зеланд, Канада и Јужна Африка, станале суверени држави и добиле автономија во Британската Империја. Овие држави се одделиле од Европа и до некој степен од Британија, иако во случајот на Австралија, искористувањето на војниците АНЗАК им докажало на австралиските политички лидери, како премиерот Вилијам Хјуз, дека биле вредни да се нарекуваат Британци.

Канада се држела на дистанца од Лигата на нациите и од британскиот повик за воена помош против заживеаната Турција во 1922 г. Во ноември 1922 г., владата на

[293] Џ. Џуниор, цит. дело, 320.

Кемал Ататурк го соборила султанот од власт, а Османлиската Империја, како Германската и Австро-Унгарската, заминала во историјата. Во 1923 г., договорот во Лозана со Антантата го ратификувал постоењето на Турција. Кемал Ататурк станал претседател на еднопартиска држава, создавајќи модерна држава базирана врз швајцарскиот правен модел, со голема еднаквост на жените во општеството. Ататурк ќе владее со Турција до неговата смрт во 1938 година.[294] Во Британија, Дејвид Лојд Џорџ паднал од власт во ноември 1922 г., бидејќи победничките конзервативци го отфрлиле по нападите од печатот за неговата политика кон Средниот Исток. Колонискиот секретар Черчил го загубил неговото место во Парламентот.

* * *

Последиците од воените дејствија по должината на фронтот во Македонија во текот на Првата светска војна, имале карактер на катастрофа. Македонските градови и села биле изложени на постојано бомбардирање и од Антантата и од Централните сили, во зависност од тоа која војска се наоѓала во нив. За да се заштити од бомбите, населението се засолнувало по подрумите на куќите, каде било принудено да престојува долго време. Животот во темница и влага, оставил тешки и трајни последици по здравјето на луѓето.

Секојдневните артилериски и авионски бомбардирања предизвикале разурнување и опустошување на многу од населените места. Особено трагична била судбината на градот Битола, кој се наоѓал на првата линија на Македонскиот фронт, позиција на која ќе остане сè до неговиот пробив во септември 1918 г. Како важен комуникациски пункт, градот бил бомбардиран во континуитет, најпрво од француската, а потоа и од германската артилерија и авијација.[295]

До 19 ноември 1916 г., Битола била под власта на Централните сили (бугарската и германска војска), а оттогаш под власт на сојузниците. На 19 ноември 1916 г., бугарските и германските војски биле принудени да го напуштат градот во кој дотогаш биле стационирани и да ги постават своите топови на височините околу Битола. За одмазда кон силите на Антантата, тие го продолжиле секојдневното бомбардирање на градот. Всушност, и двете страни, сакајќи да го освојат конзулскиот град, немилосрдно го бомбардирале, така што Битола не само што претрпела огромни материјални штети туку имало и стотици убиени. Градот бил претворен во голем војнички центар и бил еден од најпогодените на Балканот, заради што во западната историографија често се именува како „балкански Верден“.[296] Андреј Дикас, кој бил командир на вод во Битола, по освојувањето на градот од страна на сојузниците, запишал: „Откако се зближи населението ни дозволи да фотографираме шармантни момчиња, млади девојки, мајки, старци распарталени и исцрпени. Генерал Сарај беше пречекан со цвеќиња и знаменца.“[297]

Според досега познатите нецелосни податоци, од 19 ноември 1916 г., до 31 декември 1917 г., Битола била бомбардирана со 13 415 разурнувачки запалливи и гасоотровни проектили. Биле убиени 508 лица, главно жени, деца и старци, 753 биле ранети, додека 3198 згради делумно или наполно биле уништени или изгорени. Градот, кој во почетокот на војната имал 28 000 жители, до крајот на војната сосема опустел, а населението се свело на неколку илјади.[298] Многу од околните села исчезнале засекогаш.

---

[294] Исто, 330.

[295] Љ. Лапе, *Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ*, Скопје 1959.

[296] Верден, град во североисточна Франција, кој во Првата светска војна бил уништен од германските артилериски гранати.

[297] В. Алексоски, *Вистината за Македонија низ француската историографија*, Скопје 1993, 34.

[298] Според П. Стојанов, „Во зимата 1915/16 г., бугарската воена команда издаде наредба населението од селата Градешница, Старавина, Будимерци, Груниште и Зовиќ да се исели кон северно Мариово и Тиквешко, бидејќи на просторот на споменатите села ќе има војна. ... По тригодишното прогонство и Градевци во есента 1918 г. почнале да се враќаат на своите родни

Во белградскиот весник „Радничке новине“, дадена е мошне пластична слика за состојбата во Битола веднаш по завршувањето на војната: „Битола е речиси срамнета со земјата од страотното бомбардирање, бидејќи цели две години беше на линијата на самиот фронт. Градот во тие крвави борби беше безмилосно бомбардиран и од ʼпријателитеʻ и од непријателите, како кога! Запаливите гранати предизвикуваа пожари, а разурнувачките го оневозможуваа нивното гаснење. Бедното и пролетерско население во Битола поднесуваше пеколни маки. Од опасностите од гранатите, од сиромаштијата и гладот и животот во подрумите и разурнатите куќи, многумина ги загубија животите. Тоа беше причина за незапаметена беда на битолското население во која се создаде армија питачи кои на секој чекор молат за милост. Цутеа проституцијата и кражбите, кои, се разбира, не можеа да се спречат.“[299]

Овој опис на Битола, како да ја опишува трагичната судбина на целиот македонски народ во Првата светска војна.

Тригодишните авионски и артилериски бомбардирања (од 1916 до 1918 г.), од страна на Антантата и на Централните сили, оставиле пустош и во Дојран, Кукуш, Гевгелија и во многу други македонски градови, кои веќе биле разурнати во претходните две Балкански војни, а сега само доуништени.

Во виорот на Првата светска војна, крајезерскиот легендарен град Дојран и неговата околина, наоѓајќи се во центарот на демаркационата (фронтовата) линија, бил целосно разурнат. Борбените позиции на силите на Антантата се наоѓале јужно од Дојранското Езеро, а на Централните западно и северозападно од Дојран. Некои од германските и бугарските војници биле стационирани во градот и во ридските месности, како и северно и северозападно од нив. До утврдените места бил изграден војнички пат, многу бункери, ровови и други одбранбени воени објекти и складишта, а пред нив била поставена триредна бодликава мрежа. Бидејќи борбените позиции и утврдувањата на двете завојувани страни биле мошне близу, на растојание од 300-600 м, на одделни места се водела пешадиска борба од непосредна близина, до т. н. „борба на нож – гради в гради“. Англиските авиони одвреме на време вршеле бомбардирање.[300]

Жителите на Дојран, по сила на состојбите, пред самиот почеток на „Дојранскиот фронт“, по наредба на Централните сили кои биле стационирани во градот, поточно на бугарската воена команда, ги напуштиле своите домови и заминале во другите македонски места, но и во Србија и Бугарија.

На Илинден 1916 г., пред самиот почеток на крвавите судири, силното биење на камбаните од црквата Св. Илија алармирало за бегање на населението. Иселувањето траело неколку дена. Со воени коњски коли на Централните сили, целото население од овој крај било иселено. Според одредени податоци, во тоа време од Дојран биле иселени 580 семејства, од кои 155 останале да живеат надвор од Македонија.[301] Штабот на дивизијата на Централните сили бил сместен во с. Фурка, близу Дојран, каде постоел пункт за набљудување и станица за поштенски гулаби. Во с. Дедели постоела полска болница и пошта, а во с. Калуцково, Валандовско, германска воена болница.[302]

Бугарскиот писател Димо Сјаров, кој бил поручник на воена единица со позиција западно од градот, сведочи дека „летото 1916 г., во испразнетиот град Дојран се населија привремени жители – бугарските војници, кои ги пребаруваа куќите барајќи во нив скапоцени предмети. Не беше поштедена ниту црквата Св. Илија, па наместо да ги чуваат, ги земаа најубавите и најскапоцени предмети“.[303] И друг очевидец, бугарскиот скулптор Петар Рамаданов, тогашен студент на Уметничката академија и војник во

---

огништа. Но освен голи ѕидови од своите куќи друго ништо не можеле да најдат“. Види: *Делбите на Македонија 1912 – 1918*, Скопје 1972, 54–56.

[299] *Радничке новине*, бр. 152, Београд 1919.

[300] Б. Делийски, *Дойранската епопея – забравена и незабравима*, София, 1993.

[301] М. Теменугов, *Дојран и Дојранско во минатото и денес*, Скопје 1972.

[302] F. Doflein, *Macedonien: erlebnisse und beobachtungen eines naturforschers im gefolge des deutcschen* heeres, Jena 1921.

[303] Б. Делийски, цит. дело.

бугарската армија во т.н. Тројански полк, сведочи: „...Не знам кога градот беше напуштен од неговите жители, но отворените куќи, неспуштените ќепенци на дуќаните, недигнатите трпези и несредените легла, како и разотворените долапи и сандаци, полни со покуќнина, јасно говореа дека преселбата била со голема брзина, со збунетост на граѓаните. ...во таа слика на насилно прекинат живот, во тресокот на експлозиите и пожарот, беше страшно како во ужасен кошмар, земјата татнеше клокотеше и бучеше. Дојран гореше.“

Очевидецот Рамаданов, опишувајќи го големиот пожар кон крајот на 1916 г., меѓу другото кажува: „...Имаше бурен ветер и огнената стихија беснееше цели 4 дена. ...куќите изгореа до темел. Целиот град беше претворен во едно огромно пепелиште, изгоре и покривот на големата соборна црква „Св. Илија“, од која останаа само голи ѕидови. ...суровата слика се дополнуваше и со искршените стебла и гранки на бадемите, калинките и смоквите надвор од градот, кои пред војната беа вистински рајски градини. На крајот од 1916 г., Дојран беше мртов град, а многумина го нарекуваа ’македонски Верден‘“.

Во првата офанзива на 2 и 3 август 1916 г., во незапирливиот оган на артилеријата на Антантата загинале околу 1500 бугарски војници, а во втората околу 2300 англиски војници. Во последната, трета офанзива на Антантата, на 14 септември 1916 г., имало илјадници жртви од двете завојувани страни, со многу гробови во околината на Дојран. Само на гробиштата јужно од Дојранското Езеро почиваат над 12 679 англиски и ирски војници, чии имиња не се познати. Од нив 418 биле офицери, а 10 282 подофицери и војници од 22 Англиска дивизија.[304]

Сведоци на крвавите настани на Македонскиот фронт станале и француските и српските и германските војници, но и многу цивилни лица кои во тоа време престојувале или работеле во Македонија.[305] За историската наука, нивните сеќавања претставуваат драгоцен извор за откривање на состојбите на боиштата, за страдањето на населението во текот на војната и за уништувањето на градовите кои се нашле на првата борбена линија. Истовремено, тие ја откриваат и човечката димензија на сите војни воопшто, преку соопштувањето на нивните лични приказни, индивидуалните стравови и копнежи.

Она што може да се определи како заедничко за сите сведоштва од очевидците на крвавите настани во текот на Првата светска војна, е силниот протест и јасната порака против војната, која пред нивните очи уништувала цели предели и во која најмногу настрадало недолжното македонско цивилно население, со огромен број жртви и разурнати градови и села. Во безумните, одмазднички борби, загинале голем број луѓе, меѓу нив многумина сосема млади, кои и денес почиваат на гробиштата ширум Македонија.

---

[304] Х. Бръзицов, *Бащин край*, Варна 1968, 244.

[305] Меѓу очевидиците кои тоа и писмено го соопштиле, се вредува и Е. П. Стебинг, автор на делото „На фронтот во Македонија“, кој дошол во Македонија како доброволец, во својство на офицер за транспорт и поставување на Болницата на шкотските жени, во подножјето на Кајмакчалан. Инаку, медицински екипи за помош имало не само од Шкотска туку и од Велс и од Англија, па дури и од Австралија и Нов Зеланд. Помош испратил и Британскиот црвен крст, како и Фондот за помош на Србија на чело со Леди Пеџет од Англија. Стебинг дава опис на Болницата на шкотските жени, чијшто директор била д-р Агнес Бенет од Австралија, а со осумчлената екипа и комплетна единица со моторни возила за транспорт на болни и ранети, раководела д-р Мери Харли и нејзината ќерка Едит. Мери Харли е жената која за време на бомбардирањето на Битола останала во градот да му помага на населението, но и самата станала жртва на шрапнел во 1917 г. Во оваа болница работела и истакнатата австралиска писателка Мајлс Франклин, која оставила значајни записи инспирирани од Битолската операција и битката на Кајмакчалан. Своите доживувања ги опишала во делото „Не пречи ништо“, каде, меѓу другото, се дадени значајни опсервации за чудесната убавина на Кајмакчалан, за спецификите на македонското село, етно-културата, верските обичаи, но и тешката положба на македонското население.

# ЛИТЕРАТУРА

*Архивски документи*

Български исторически архив (БИА), София.
- ф. 189, а. е 4, л. 111.
- ф. 317, оп. 7, а. е 289, л. 213.
- л. 24
- ф. 189, а. е 6, л. 56

Научен архив на Българската академия на науките, София.
- ф. 73, к. а. е 31 л . 5.

Централен държавен архив (ЦДА), София.
- ф. 313, оп. 1, а. е. 2193, л. 10–11.
- ф. 335, оп. 1, а. е. 135, l. 117–121.

ЦВА, Велико Търново.
- ф. 1, оп. 5, а. е 434, л. 221.
- ф. 751, оп. 1, а. е 7, л. 8; а. е 11, л. 7.
- оп. 2, а. е 306.
- ф. 317, оп. 7 а. е 279, л. 212.
- ф. 40, оп. 2, а. е 495, л. 21, 33.
- ф. 40, оп. 2, а. е 497.

Political archive XII, Turkey 1902 – 1909.
- sig. LXXXV/1014, 1877 – 1880.
- sig. LXXXV/1016, 1877 – 1880.

*На кирилица*

Абаџиев, Ѓорѓи (1959). „За односот на Македонската колонија во Петроград кон македонското прашање“. Гласник на ИНИ, год. III, бр. 1, 107-111.
Абаџиев, Ѓорѓи (1972). *Балканските војни и Македонија*. Скопје: Институт за национална истоија.
Алексоски, Веле (1993). *Вистината за Македонија низ француската историографија*. Скопје: Матица македонска.
Андонов Полјански, Христо (1955). „Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштешките реформи“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје*, 5–58.
Андонов Полјански, Христо (1960). „Некои прашања од воената организација на македонското национално-револуционерно движење во предилинденскиот период“. *Гласник на ИНИ*, год. IV, бр. 1–2, 83–112.
Андонов Полјански, Христо (1990). *Македонското прашање*. Скопје: Култура.
Андонов Полјански, Христо. *Одзивот на Илинденското востание во светот*, 3–5.
Андонов, Киро; Емишов, Пане (1999). „Неготино во пламен (1912 – 1913)“. Во: *Тиквешкото востание во 1913 година*. Кавадарци: Музеј–Галерија.
Антић, Чедомир (2008 год., септембар 14). Судњи рат. *Политика (дневник)*.
Арнаудовь, М. (1941). *Константинь Стоиловь и Българската Егзархия вя 1882 година*. Sofiя.
Архивсхи дела на Австро-унгарското воено аташе в София, *Воено историческа библиотека*, III 2235.
Битоски, Крсте (1960). Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација 1915–1918. *Гласник на ИНИ*, год. IV, бр. 1–2, Скопје 1960, 47–81.
Битоски, Крсте (1968). Дејноста на Пелагонискaта митрополија (1878- 1912). Скопје.
*Британските конзули во Македонија 1797 – 1915 година: документи* (2002). Избор и превод: Драги Ѓоргиев и Зорица Божиновска. Скопје: Државен архив на Република Македонија.
Бързицов, Христо (1968). *Бащин край*. Варна: Държавно издателство.
Българската армия в Първата световна война (2005). Том 1: Септември 1915 – август 1916. София: Военно издателство.

Българската армия в Световната война 1915 – 1918 (1938). Том III. София: Държавна печатница.
Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца (1926). Књ. 10: 1915. година. Београд: Главни ђенералштаб.
Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца (1927). Књ. 11: 1915. година. Београд: Главни ђенералштаб.
Веселиновић, Милојко. В. (1906). *Брсјачка буна 1880. у Битољском вилајету и војвода Мицко*. Београд.
*Војни лексикон* (1981). Београд: Војноиздавачки завод.
Галев, Димитар (1991). *Белиот терор во Југоисточна Македонија 1910 – 1941*, кн. 1. Штип: Друштво за наука и уметност.
Ганчев, Александър (1935). *Войните през Третото българско царство: 1877 – 1918*. Том IV. София: Армейски военно-издателски фонд.
Гоцев, Димитър Г. (1981). *Национално освободителната борба в Македония, 1912 – 1915*. София: БАН.
Делийски, Божан (1993). *Дойранската епопея – забравена и незабравима*. София: БолТенИнКо.
Димевски, Славко (1968). *Туѓите пропаганди во Македонија*. Скопје: Радио-телевизија.
Дойнов, Д. (1973). „Нови документи за Кресненско-разлошкото востание“. *Известия на Националния военно-исторически музей*, т. 1, София, 174–178.
Донев, Јован (1988). *Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна*. Скопје: Институт за национална историја.
Дървинговъ, Петъръ (1920). *Действията на 11-пехотна Македонска дивизия отъ Криволакъ до Богданци, 1915 г*. София.
*Енциклопедија на Југославија* (1985), кн. 2. Zagreb: Jugoslovenski leksikografski zavod.
Иваноски, Орде (1976). „Раднички покрет Македоније према македонском ослободилачком покрету 1893 – 1918“. *Ослободилачки покрет југословенских народа од XVI века до почетка Првог светског рата*, књ. 1, 333–345. Београд.
Илиев, Андреј (2010). *Воените операции на Османлиската војска во Македонија (1876 – 1909)*. Скопје: Соларис принт.
*Историја на македонскиот народ* (1972). Скопје: Институт за национална историја.
Јелавич Барбара (1999). *Историја на Балканот – 20-ти век*, Скопје: Ник лист.
Јелачич А. (1940). „Младотурците до почетокот на Првата светска војна, Русија и Балканот“, Белград.
Јосимовски, Јосип; Јосимовска, Верица (2001). „Колерата во 1913 година во Брегалничкиот регион“. *Зборник на трудови од прв македонски конгрес за историја на медицината (МАИМ)*. Штип: 91–96.
Камчевски, Петре (1999). „Причините за Тиквешкото востание“. *Тиквешкото востание во 1913 година*. Кавадарци: Музеј–Галерија.
Катарџиев, Иван (1968). *Создавање и активноста на ВМРО до Илинденското востание*. Скопје: Радио-телевизија.
Катарџиев, Иван (1996). *Македонија и Македонците во светот*. Скопје: Матица македонска.
Киров Мајски, Никола (2003). *Крушево и Крушевската република*. Крушево: Историски музеј.
Кочан, Исмет (2010). *Битка за Македонија*. Скопје: Ситипринт.
Кременаров, Георги (2020). *България в Първата световна война*. София: Изток-Запад.
Лазаревић, Милутин (2019). *Српско-бугарски рат 1913 године*, књ. 4. Београд: Порта Либрас.
Лапе, Љубен (1959). *Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ*. Скопје: Просветно дело.
Македонија во австриските документи во Првата светска војна 1914 – 1918 година (2019). Редакција: д-р Ѓорѓи Стојчевски. Скопје: Државен архив на Република Македонија.
*Македонија во источната криза 1875 – 1881* (зборник на трудови, 1978). Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.
Македония (1978). Сборник от документи и материали. София: БАН.
*Македонски историски речник* (2000). Скопје: Институт за национална историја.
Марков, Георги (1995). *Голямата война и българскят ключ за европейския погреб 1914 – 1916*. София: Проф. Марин Дринов.
Маролов, Дејан (2012). „Балканските војни низ призмата на пошироката теоретска рамка на концептот на ’безбедносна дилема’“. Во: *Сто години од Балканските војни*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Мартулков, Александар (1954). *Моето учество во револуционерните борби на Македонија*. Скопје: Институт за национална историја.
Миноски, Михајло (2009). „Балкански сојуз (1912)”. Во: *Македонска енциклопедија*, том 1. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.
Минчев, Димитър (1984). Формиране на Кадрова дивизия през 1915 година. *Военно истроически сборник*, бр. 5.
Минчев, Димитър (1990). *Военнореволюционната дейност на Петър Дървингов (1898 – 1918)*. София: Военно издателство.
Минчев, Димитър (1994). *Участието на населението от Македония в българската армия през Първата световна война 1914 – 1918*. София: Военно издателство.
Мисирков, Крсте Петков (2007). *За македонските работи* (реиздание), Скопје.
Митровић, Андреј (2019). *Србија у Првом светску рату*. Београд: Службени гласник.
Мишић, Живојин Војвода (1985). *Моје успомене*. Београд: БИГЗ.
Младеновски, Симо (2009). „Прва балканска војна“. Во: *Македонска енциклопедија*, кн. 2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.
Опачић, Петар (1974). *Солунски фронт*. Београд.
Пандевска, Марија (1993). *Присилни миграции во Македонија 1875 – 1881*, Скопје: Институт за национална историја; Мисла.
Пандевски, Манол (1968). *Јане Сандански*. Скопје.
Пандевски, Манол (1968). *Младотурската револуција и Македонија*. Скопје.
Пандевски, Манол (1978). „Кресненското востание од 1878 – 1879 година“. *Гласник на ИНИ*, год. XXII, бр. 1–2, 41–70.
Пандевски, Манол (1978). *Илинденското востание во Македонија 1903*. Скопје: Институт за национална историја.
Пандевски, Манол (1985). „Јане Сандански – политички стратег и организатор на македонското револуционерно ослободително движење“. *Историја*, год. XXI, бр. 1, 39–51.
Пандевски, Манол (1993). „Македонската револуционерна организација меѓу 1893 и 1918 година: формирање и развој”. *Прилози на МАНУ* (Одделение за општествени науки), XXIV/2, 5-15.
Перовић, Бранко и др. (1959). *Први балкански рат 1912 – 1913* (*операције српске војске)*. Београд.
*Политика* (од 23 мај до 7 јули 1933 г.).
*Поранешните балкански војни (1912 – 1913)* (2000). Превеле: Свето Серафимов и Христо Ивановски. Скопје: Култура.
Прајс, Џорџ Вард (2010). *Сказната за солунската армија*. Скопје: Селектор.
Пърличев, Кирил (1917). *Сръбскятъ режимъ и революционната борба въ Македония (1912 – 1915 година)*. София: Книгоиздателство Ал. Паскалевъ.
*Радничке новине (дневник)*,(1919). бр. 152, Београд.
Радојевиќ, Мира, Димиќ, Љубодраг (2017). *Србија во Големата војна 1914 – 1918* (македонско издание). Скопје: Слово љубве – Буквибукс.
Ратковић, Борислав (1975). *Први балкански рат 1912 – 1913*, књ. 2. Београд: Војноисторијски музеј.
Ратковић, Борислав; Ђуришић, Митар и Скоко, Саво (1972). *Србија и Црна Гора у Балканским ратовима 1912 – 1913*. Београд: БИГЗ.
Република Германија, Фонд: Турција 156; Акти кои се однесуваат на ситуацијата во Македонија /1878 – 1942/, сигнатура: LXXXVII/1043, 10. 1908.
Ристовски, Блаже (2009). „Македонската колонија во Петроград (1912 – 1917)“. Во: *Македонска енциклопедија*, кн. 2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.
Скоко, Саво (1968). *Други балкански рат 1913*, књига прва. Београд: Војноисторијски институт.
Станојевић, Владимир (1925). *Колера у Балканском рату 1912 – 1913*. Београд.
Стевановић, Александар (2018). *Јунаци солунског фронта*. Београд: Балканија.
Стојанов, Петар (1969). *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918)*. Скопје: Институт за национална историја.
Стојанов, Петар (1969). *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна*. Скопје: Институт за национална историја.
Стојанов, Петар (1972). *Делбите на Македонија 1912 – 1918*. Скопје: Институт за национална историја.
Стојанов, Петар (1979). *Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912 – 1913*. Скопје: Институт за национална историја.
Стојчев, Ванче (2000). *Воена историја на Македонија*. Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на РМ и *Воената* академија „Генерал Михајло Апостолски“.

Стојчев, Ванче (2000). *Воена историја на Македонија*. Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на РМ и Воената академија ,,Генерал Михајло Апостолски“.
Стојчев, Ванче (2009). „Балкански војни“. Во: *Македонска енциклопедија*, кн. 1. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.
Теменугов, Мито (1972). *Дојран и Дојранско во минатото и денес*. Скопје: Собрание на општина Гевгелија.
Тодоров, Петар (2016). *Патот кон непознатото: воената мисија на генералот Морис Сарај во Македонија есента 1915 година*. Скопје: Франкофонски круг.
Тодоровски, Гане (1968). *Даме Груев*. Скопје: Радио-телевизија.
Тодоровски, Зоран (1999). „Тиквешкото востание во 1913 година“. Во: *Тиквешкото востание во 1913 година*. Кавадарци: Музеј–Галерија.
Томић, Јаша (1914). *Рат у Маћедонији и Старој Србији 1913. године*, Нови Сад.
Трајановски, Александар (1990). *Димитар Поп Георгиев Беровски, 1840–1907*. Штип: Друштво за наука и уметност.
Трајановски, Александар (2005). *Историја на Македонија: краток преглед на историјата на Македонија и на македонскиот народ од антиката до денес*. Скопје: Менора.
Треневски, Мартин (1998). *Илинден 1903 во австралискиот печат*. Скопје: Матица македонска.
Цветановски, Виктор (2007 год., август 12). Балканските и Првата светска војна, најтрагично минато на македонскиот народ (14). *Утрински весник (дневник)*.
Цветановски, Виктор (2010 год., октомври 11). Македонско-бугарски историски контроверзии (3). *Утрински весник (дневник)*.
Џуниор, Џон (2018). *Големата војна*, Скопје: Нампрес.
Штепан, Ханс-Лотар (2005 год., април 29). Македонскиот јазол, Идентитетот на Македонците прикажан на примерите на Балканскиот сојуз. *Утрински весник* (дневник).

*На латиница*

Ahmad, Feroz (1969). The Young Turks: The Committee of Union and Progress in Turkish Politics, 1908 – 1914. Oxford: Clarendon Press.
Bozić, Ivan; Ćirković, Sima; Ekmečić, Milorad; Dedijer, Vladimir (1973). *Istorija Jugoslavije*. Beograd: Prosveta.
Brailsford, Henry N. (1906). *Macedonia: Its Races and Their Future*. London: Methuen.
Choueiri, Youssef M. (2005). „Nationalisms in the Middle East: The Case of Pan-Arabism”. In: *A Companion to the History of the Middle East*. Ed. Youssef M. Choueiri, 291–312. Oxford: Blackwell Publishing.
Davison, Roderic H. (1963). *Reform in the Ottoman Empire 1856 – 1876*. Princeton: Princeton University Press.
Debord, Guy (1977). *Society of the Spectacle*. Detroit: Black & Red.
Doflein, Franz (1921). *Macedonien: erlebnisse und beobachtungen eines naturforschers im gefolge des deutcschen* heeres, Jena: Gustav Fischer.
Dyer, Gwynne (1973). „The Origins of the ’Nationalist‘ group of officers in Turkey 1908–1918”. *Journal of Contemporary History*, no. 8, 121–164.
Hall, Richard C. (2011). Bulgaria in the First World War. *Historian*, vol. 73, no. 2, 300–315.
Hanioğlu, Şükrü M. (1995). *The Young Turks in Opposition*. New York: Oxford University Press.
Hanioğlu, Şükrü M. (2008). *A Brief History of the Late Ottoman Empire*. Princeton: Princeton University Press, 2008.
MacKenzie, David (2014). *Apis: čovek koji je izazvao Prvi svetski rat*. Zagreb: Profil International.
Mansfild, Petar (1991). *A History of a Middle East*. London: Penguin.
Mazower, Mark (2000). *The Balkans: A Short History*. New York: Modern Library.
*Military* Balance, Vol. 98 (1998); Vol. 104 (2004).
Miljanić, Gojko; Colić, Mladenko; Subotić, Vojislav; Pavlović, Predrag; Bjelica, Obrad i Medić, Mirko (1980). *Vojna istorija – udžbenik za vojne akademije*, knj. I. Beograd: Vojnoizdavački zavod.
Mitrović, Andrej (2007). *Serbia’s Great War, 1914 – 1918*. London: Hurst & Company.
Patočka, Jan (1976-77). Wars of the 20th century and 20th Century as War. *Telos*, no. 30, 116–126.
Perry, Duncan M. (1988). *The Politics of Terror: The Macedonian Liberation Movements, 1893 – 1903.* Durham and London: Duke University Press.
Ravindranathan, Tachat Ramavarma (1965). „The Young Turk Revolution – July 1908 to April 1909: Its Immediate Effects“ (MA thesis). Utah State University.

Richard C. Hall (2000). *The Balkan Wars 1912 – 1913: Prelude to the First World War*. London and New York: Routledge.
Sarrail, Maurice (1920). *Mon commandement en Orient, 1916 – 1918*. Paris: Ernest Flammarion Éditeur.
Stone, Norman (2004). *Eastern Front 1914 – 1917*. Penguin Global.
Tanenbaum, Jan Karl (1974). *General Maurice Sarrail 1856 – 1929 – The French Army and Left-Wing Politics*. Chapel Hill: The University of North Carolina Press.
Tokay, Gül (1996). *Makedonya sorunu. Jön Türk Ihtilalinin Kökenleri (1903 – 1908)*. Istanbul: AFA – Türkiye üzerine araştırmalar.
Valiani, Leo (1973). *The End of Austria-Hungary*. New York: Alfred A. Knopf.
*Vojna enciklopedija* (1972). Knj. IV. Beograd: Redakcija vojne enciklopedije.
Wakelfield, Alan (2004). *Under the Devil' Eye: The Britain's Forgotten Army at Salonika 1915 – 1918*. London:The History Press.
Zeman, Z. A. B. (1971). *The Gentleman Negotiators: A Diplomatic History of the First World War*. New York: Macmillan Company.

*Интернет*

Hajdar, Dino. Italija u Prvom svetskom ratu, 2019. https://intelektualno.com.
https://www.frontorient14-18.org/mk-mk/

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА АВТОРИТЕ

Простор за фотографија
3x 2, 5 cm
во боја
150 dpi

Вон. проф. д-р Оливер Цацков

Простор за фотографија
3x 2, 5 cm
во боја
150 dpi

Доц. д-р Анита Илиева Николовска

